# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 октомври 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Втората седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници,

Почитувани гости,

На седницата поканети се претседтелот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија , мандаторот и предложените кандидати за состав на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, претседателот на Државната изборна комисија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” во Скопје и на Универзитетот “Свети Климент Охридски” во Битола, Поглаварот на Македонската православна црква, претседателот

на Исламската верска заедница во Република Македонија, Бискупот на Скопско призренската бискупија, проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија Михаил Цеков, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија, претставници на меѓународни организации во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Записникот од Првата конститутивна седница на Собранието Ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот? (нема).

Констатирам дека записникот од Правата конститутивна седница на Собранието на Република Македонија е усвоен без забелешки.

Почитувани пратеници,

Пратеникот Арбен Џафери поднесе оставка на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на пратеникот Арбен Џафери му престанува мандатот.

Бидејќи пратеникот Арбен Џафери беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието закандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Абдурахман Алити поднесе оставка на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на пратеникот Абдурахман Алити му престанува мандатот.

Бидејќи пратеникот Абдурахман Алити беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието закандидатот од оваа листа на кој треба да му се

верифицира мандатот за пратеник согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Ве известувам дека г. Љупчо Јакимовски поднесе оставка на функцијата генерален директор на Македонската Радио Телевизија.

Согласно член 111 од Деловникот на Собранието на Република Македонија секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието на Република Македонија може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Господинот Љупчо Јакимовски не е присутен, а е уредно поканет да присуствува на седницата.

Бидејќи господинот Љупчо Јакимовски не е присутен на седницата, констатирам дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Констатирам дека на господинот Љупчо Јакимовски му престанува функцијата генерален директор на Македонската Радио Телевизија.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Избор на Влада на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема).

Пред да го ставам на гласање предложениот дневен ред, дозволете да Ве известам дека поради тоа што дел од пратениците седат на места каде што нема гласачка единица односно нема електронски систем за гласање, гласањето на оваа согласно член 93 од Деловникот на Собранието ќе го вршиме со кревање на рака, за да не

правиме двапати гласање оние кои имаат електронски систем и оние кои немаат, па да ги собираме резултатите.

Преминуваме на гласање по предложениот дневен ред.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

За дневниот ред гласаа 100 пратеници.

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Почитувани пратеници,

Со оглед на карактерот на седницата предлагам пред точката избор на Влада на Република Македонија да расправаме по предлогот на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија и по Предлогот на одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (пет).

За гласаа 100 пратеници, воздржани 5 пратеници, против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**Преминуваме на точка 1 - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;**

Извештајот на Верификационата комисија Ви е доставен.

Отворам претрес по Извештајот на верификационата комисија.

Има збор претседателот на Верификационата комисија, господинот Славко Петров.

**СЛАВКО ПЕТРОВ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници,

Верификационата комисија на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 23 октомври 2002 година го разгледа дополнителниот извештај за спроведените избори за пратеници за избор на еден пратеник во Собранието на Република Македонија во 2002 година, во Изборната единица број 6 - Тетово, број 07-730 изведено на 4 октомври 2002 година и до Вас го поднесува следниот извештај.

Согласно решението на Државната изборна комисија за поништувањето на гласањето на гласачките места број 496 и број 2009 во Изборната единица број 6 за листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, изборите за пратеници ги спроведоа Државната изборна комисија, Изборната комисија на Изборната единица, општинските изборни комисии и избирачките одбори.

Второ, Верификационата комисија констатира дека се исполнети условите за примена на член 2 став 1 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и согласно членот 12 од Деловникот на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го верифицира мандатот на избраниот пратеник по пропорционалниот систем Тасим Сулејмановски од Социјал Демократскиот Сојуз на Македонија, Либерално Демократска Партија, Демократска лига на Бошњаците во Република Македонија, Обединета партија на Ромите од Македонија, Демократска Партија на Србите во Македонија, Демократска Партија на Турците во Македонија, Демократски Сојуз на Власите од Македонија, Работничко - Земјоделска Партија на Македонија, Социјалистичка Христијанска Партија на Македонија и Зелената Партија на Македонија.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на претседателот на Верификацоната комисија.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија.

Кој е за Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? ( нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (4).

За Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија гласаа 110 пратеници, против никој не гласаше, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Тасим Сулејмановски.

На господинот Тасим Сулејмановски му честитам за верификација на мандатот.

**Применуваме на точка 3 - Предлог на одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (17).

За предлогот на одлуката гласаа 82 пратеници, против не гласаше никој, а од гласањето се воздржаа 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија.

**Преминуваме на точка 4 - Предлог на Одлука за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Новиот текст на Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

За Предлогот на одлуката гласаа 89 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласање се воздржаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

**Преминуваме на точка 2 - Избор на Влада на Република Македонија.**

Предлогот за состав на Владата и Програмата Ви се доставени.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на Програмата на Владата, ќе поднесе мандаторот, господинот Бранко Црвенковски.

Има збор господинот Бранко Црвенковски.

Повелете.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван Претседателе на Собранието,

Почитуван Претседателе на Републиката,

Почитувани пратеници,

Ценети присутни гости,

На почетокот дозволете да ја искористам оваа прва прилика кога се обраќам пред новиот состав на Собранието и на сите Вас, почитувани пратеници, да Ви го честитам изборот и да Ви посакам успешна работа.

Не се сомневам дека сите сме свесни за огромните проблеми и предизвици пред кои сме исправени и за тешката и одговорна задача која ни претстои.

Довербата која граѓаните ни ја укажаа на неодамна одржаните парламентарни избори не обврзува сите, без разлика дали припаѓаме на позицијата или опозицијата.

Почитувани пратеници,

Заедно со предлогот за состав на новата Влада, до Вас беше доставен и текст на програма за работа на Владата во периодот 2002 - 2006. Се работи за текст во кој повеќе таксативно се наброени приоритетите, принципите и начелните заложби на идната Влада.

Истовремено сакам да Ве информирам дека веднаш по конституирањето, ќе се пристапи кон изработка, на во конкретности разработена Владина програма, со рокови за реализација на одделни законски и други проекти, која ќе биде ставена на увид на парламентот и целокупната јавност.

Од тие причини, почитувани пратеници, овој мој настап пред Вас би сакал да го искористам да проговорам за некои ненапишани, но по мое мислење исклучително значајни, концепциски, клучни прашања, не само за функционирањето на Владата, туку и на државата во целина.

Во изминативе триесетина дена, при разговорите со странски новинари, но и претставници на други држави и меѓународни организации, во неколку наврати дојдов во идентична ситуација да ми биде поставено можеби најкраткото и наједноставно прашање, а на кое имав огромна дилема како да одговорам. Прашањето гласи: “Можете ли да го издвоите најголемиот проблем со кој се соочува Македонија денес?”

Навистина, кој е нашиот најголем проблем во овој момент? Кој е нашиот приоритет над приоритетите? Нешто од каде мора да се тргне и без чие надминување нема напред, нема иднина.

Дали е тоа можеби огромната сиромаштија, беда, невработеност (само два официјални податока се доволни да кажат се: 500.000 луѓе живеат под прагот на сиромаштијата, 374.000 се невработени). Дури и да не и веруваме на статистиката, доволно е да

погледнеме што е наше секојдневие - штрајкови по претпријатијата, протести на улиците, блокади на патиштата.

И навистина, ќе ја имаме ли неопходната стабилност, неопходниот елементарен амбиент за спроведување на, на пример, нужните реформи во образованието, здравството, државната администрација, или пак успешно спроведување на тешкиот процес на евро-атланското интегрирање, ако постојано сме како држава соочени со таков огромен број наши граѓани кои неможат да обезбедат гола егзистенција за себе и своите семејства.

Од друга страна, има ли значаен исчекор на тој план без отварање на нови и рестартирање на старите капацитети? Нешто за што се потребни свежи, без разлика, домашни или странски инвестиции. А кој е тој што ќе инвестира, што ќе гради, што ќе вработува во земја во која секој ден и насекаде се пука. Во која на една третина од територијата не е препорачливо да се патува по првиот мрак. Во земја каде децата гинат играјќи баскет и каде други деца наместо да бидат на училиште, одат по улици и тепаат старци.

Има ли некој илузија дека е можен економски напредок и просперитет во држава каде мирот е на стаклени нозе, каде владее нестабилност и несигурност. Таков пример Европа досега не познава.

Почитувани пратеници,

Во последниве две години, на најсуров начин бевме потсетени колку скапоцена работа се мирот и безбедноста. Изгубените човечки животи, илјадниците раселени и протерани, разрушените и опожарени домови се страотната цена која ја плативме и која за жал се уште ја плаќаме. Уште еднаш се покажа дека многу е полесно да се подметне отколку да се угаси пожар, да се отпочне отколку да се запре една војна.

Но, исто така, се уверивме и дека немаме ли мир и стабилност, немаме ништо - ниту демократија, ниту правна држава ниту успешна економија.

Значи ли тоа дека можеме да речеме - враќањето на мирот, безбедноста и сигурноста е нашиот најголем приоритет, прва работа и задача на новата влада? Дали е тоа одговорот на прашањето - Кој е

најголемиот проблем на Македонија денес? Веројатно да, но за жал, со тоа не сме кажале многу. Затоа што неминовно се наметнува едно ново прашање: А кој е патот не до привремен туку до траен, не до привиден туку до вистински мир и стабилност?

Тука можеби доаѓаме до сржтта на проблемот, до вистинскиот одговор - меѓуетничките односи. Тоа го потврдува и нашето сопствено горко искуство, но и сите оние трагедии што се случуваа на просторите на поранешна Југославија во последниве десетина години. Ја најдеме ли формулата за меѓуетничка толеранција и доверба, за вистински и траен соживот сме го нашле и клучот за траен мир и политичка стабилност како неопходни предуслови за решавање на сите други проблеми и тешкотии во нашата држава. Не ли успееме на тој план - не сме успеале ништо. Тогаш повторно го оставаме просторот на екстремистите и милитантите, на прекројувачите на граници, заговорниците на поделби и преселби на населението.

За да комплицираноста во одговарањето на она кратко и едноставно прашање од почетокот се доведе до апсурд, може да се погрижи некој дежурен адвокат на ѓаволот кој ќе се појави од некаде и со право ќе праша: А како ќе градите мир и соживот ако прво не го победите криминалот и корупцијата? Зарем сте толку наивни да сметате дека подземјето, без разлика на етничките бои ќе ви дозволи така лесно да им го одземете ова што чесните граѓани го нарекуваат хаос, а за нив претставува ветена земја, држава без ред и поредок, без закон и систем на морални норми? Зарем не гледате дека сите криминалци во оваа држава, почнувајќи од дилери на дрога, макроа и улични силеџии, па се до мајсторите на криминални приватизации, господарите на шверцерските канали и корумпираните политичари во овие две години се самопрогласија за национални херои и патриоти, ослободители и бранители, без разлика дали се повикуваат на македонската или албанската национална кауза?

Почитувани пратеници,

Да и погледнеме на вистината во очи. Македонија денес е држава не со еден, туку со многу тешки проблеми. Тие се меѓусебно поврзани и условени. Испреплетени се и причински и последично. Тука

сегментарен пристап не помага, не дава резултати. Нема успешно решение за ниту еден од нив, ако не ги решаваме сите и во исто време. Задачите на новата Влада, Програмата за нејзината работа не произлегува ниту од она што сум го напишал во текстот кој ви беше доставен, ниту од било каков список на желби кој би го ставил на хартија.

Програмата за работа на идната Влада, па ќе дозволите и на овој Парламент, на Претседателот на државата е дефинирана и издиктирана, точно и безмилосно прецизно од суровата реалност во која денес живеат два милиони и сто илјади граѓани на оваа држава.

Нивните барања и очекувања не се ниту нескромни, не се ниту неприродни... Тие едноставно бараат: мир, правда и достоинствен живот!

Почитувани пратеници,

Минатата година ни се случи најлошото што може да ја снајде една држава и еден народ - ни се случи војна. Трагедијата беше огромна. Многу изгубени животи; многу унесреќени семејства, страв и несигурност, јад, омраза, недоверба. Но, да не заборавиме: трагедијата можеше да биде уште поголема. Да ни се повтори сценариото од Босна со сите последици. Да ни се случи целосна национална, државна и човечка деструкција.

Мене ми е јасно, и тоа е од демократски аспект сосема легитимно, дека и денес има опречни ставови и размислувања околу Охридските преговори и Рамковниот договор.

Јас учествував во тие преговори, го ставив својот потпис на тој договор и тврдам и убеден сум дека тоа беше најдоброто можно решение во дадената ситуација.

Во една прилика една личност чие мислење многу ми значи ми рече: “Презеде преголема одговорност потпишувајќи го тој документ”. Знам, но мојата одговорност, и не само мојата туку и на останатите учесници ќе беше уште поголема ако не постигневме политички договор и ако дозволевме военото лудило да ги диктира работите и да не втурне во провалијата пред која се наоѓавме. Провалија од која враќање назад нема .

Јасно е дека после Рамковниот договор Македонија во уставно-правна смисла не е истата држава како онаа од пред тоа. Но, и со и по овој договор Македонија е сепак унитарна држава, со сочуван територијален интегритет и што е најважно - држава со иднина.

Дали Рамковниот договор е гаранција за траен мир и стабилност? Не! Тој не е гаранција, но тој претставува една голема шанса. А, дали таа шанса ќе ја искористиме зависи пред се и над се од самите нас!

Тврдам дека вистински национален македонски интерес е не напуштање, не ревидирање, не опструкција туку напротив, целосно и навремено имплементирање на Рамковниот договор. Тоа е пристапот кој ќе ја одземе енергијата и ќе го стесни просторот за делување на било какви албански или било чии други екстремни групации и поединци кои сметаат дека Охридскиот договор не е ништо, неприфатлив компромис кој не соодветствува на нивните амбиции за менување на граници и создавање на етнички чисти територии.

Притоа, да немаме илузии! Такви екстремни структури постојат и денес, по потпишување на договорот, а за жал ќе постојат и во иднина. Но, со нив државата ќе се бори и ќе се справува. За иднината на Македонија клучно прашање е дали наште сограѓани Албанци ќе бидат заедно со нас во единствен фронт во таа битка за одбрана на заедничките вредности и заедничката држава или ќе бидат од другата страна солидарни со таквите радикални структури, како што тоа се случи минатата година.

Значи, уште еднаш да потенцирам: спроведувањето во целост и навреме на обврските од Рамковниот договор за оваа Влада ќе биде еден од највисоките приоритети. Стоиме зад секој збор и зад секоја запирка. Ќе спроведеме се како што е договорено. Ништо повеќе и ништо помалку.

Она што ние македонците мора да го разбереме, без разлика дали тоа некому му се допаѓало или не, е дека Македонија не е држава само на Македонскиот народ, а сите останати тука се како нужно зло, божја лоша судбина, која мора да се прифати од немајкаде. Треба и

да разбереме и да прифатиме дека Македонија ни припаѓа на сите подеднакво и дека никој нема ексклузивно право на нејзина сопственост.

Исто така, треба да се соочиме со реалноста дека структура на население од 23% не може да се подведе под стандарди од други држави каде малцинствата се застапени со 5; 7, или 9%.

Од друга страна, нашите сограѓани албанци треба да разберат и прифатат дека лојалноста кон сопствената држава, кон сопствената татковина е секогаш на повисоко ниво од лојалноста кон сопствениот етникум во други држави. Да прифатат дека правата и обврските одат заедно. Дека ова што е содржина на новиот Устав и Охридскиот договор не е само прва или некоја по ред етапа, туку дефинитивна и трајна основа, темел на кој ќе ја градиме заедничката куќа, заедничкиот дом - Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Едно од прашањата кое предизвика многу контроверзи во изминатиов период е нашата идна коалициона сорабока со ДУИ. Сметам дека сум должен пред целокупната јавност да дадам одговор на тоа прашање.

- Факт е дека минатата година Македонските безбедносни сили војуваа против ОНА.

- Факт е дека ДУИ е политичка партија која произлезе од структурите на поранешна ОНА.

И исто така, факт е дека на чело на ДУИ се наоѓа лидерот на поранешната ОНА - Али Ахмети.

Зошто правиме владина коалиција токму со ДУИ?

Заради власт? Не. Да ве потсетам, коалицијата “За Македонија-заедно” самата освои 60 пратенички места. Претпоставувам дека секому е јасно дека не е никаков проблем да дојдеме до неопходната бројка од 61 и целата власт (ако ни е до власта) да ја имаме за себе без да ја делиме со некој друг.

Дали тоа го правиме заради меѓународниот притисок? Претпоставувам дека никој нема да ми верува ако кажам дека таков притисок не постоеше. А и ако постоел, зошто би попуштиле пред него? Веројатно одговорот повторно би бил - заради власт. Ама, власта веќе

ја освоивме и ако еден ден ја изгубиме тоа нема да биде затоа што така некој однадвор решил, туку затоа што така ќе одлучат граѓаните на Република Македонија. (Оние што не помнат, нека се потсетат кој ја донесе промената на власта и во 1998-та и на 15-ти септември 2002-та година. Никој друг освен граѓаните на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Наш политички став, а не математичка потреба, е дека токму во името на стабилноста, соживотот, интегрираноста и заедничката иднина, во извршната власт на Македонија треба да партиципира и политичка партија на албанците со силен изборен легитимитет. Со можност да влијае во одлучувањето, но и да ја дели одговорноста за состојбите во државата.

Кој ќе биде тој наш коалиционен партнер не одлучив ниту јас, ниту коалицијата ЗА. Таа одлука ја донесоа 140.000 наши граѓани албанци кои ја дадоа својата доверба токму на Демократската унија за интеграција.

Минатото е тешко, жолчно и горко, него треба да го паметиме и од него треба да учиме. Меѓутоа, ние минатото не можеме да го промениме. Она што можеме да го промениме, да го направиме подобро е нашата иднина. И тоа е задачата на оваа влада.

Ние во соработката со ДУИ влегуваме отворено и искрено. Тоа што го договоривме во Охрид - да го спроведеме. Тоа што јавно го декларираме - да го направиме. Знам дека овој наш чекор од одредени структури ќе биде жестоко критикуван. Ќе не потсетуваат на минатогодишните жртви и несреќи. Јас би одговорил - токму во името на тие жртви, токму во името на тоа да не бидат залудни, а нема да бидат залудни ако бидат последни, ако направиме се да не ни се случат нови, можеби повеќекратно поголеми трагедии, свесно и одговорно го преземаме овој ризик.

Што ќе биде различно во функционирањето во однос на досегашното искуство на коалицирање на македонски и албански политички партии?

За разлика од досега, оваа коалиција нема да функционира по принципот на поделба на сфери на влијание и одговорност, туку на принципот на поделба на одговорност во сите сфери на одлучување.

Со други зборови нема ДУИ да биде гарантот за мирот или за спроведување на законот во Тетово, а СДСМ или ЛДП во Скопје или во Делчево.

Тешко на таа држава каде поединци или партии ги супституираат државните институции.

За мирот, почитување на Уставот и спроведување на Законот и во Тетово и во Делчево, одговорност ќе носат за тоа задолжените институции на државата.

Одговорноста на политичките партии, на коалицијата ЗА и ДУИ ќе биде како тие институции ќе функционираат. Дали тие ќе функционираат ефикасно, одговорно, компетентно, политички неутрално и во согласност со правните норми на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Денес Македонија е криминализирана и корумпирана држава. И секој обид за релативизирање на овој факт, значи бегање од вистината и оневозможување на вистинска битка против ова огромно зло.

Тоа е канцер кој систематски не разјадува одвнатре. Го руши системот на правда и правичност, го уништува економскиот потенцијал ги одвраќа вистинските инвеститори, создава енормни социјални разлики.

Македонија по ова прашање веќе се наоѓа на црните листи на меѓународната заедница и тоа не заради политички мотиви туку затоа што голем дел од дестинациите на нашите балкански, а соодветно на тоа и македонски шверцерски канали се токму во западните земји. Впрочем, не треба некој од надвор да ни го кажува она што му е добро познато на секој наш граѓанин.

Луѓето губат верба во државата, во институциите и правниот поредок, а со тоа ја губат и волјата за нивно чување, заштита и одбрана.

Денес во Македонија постепено, но сигурно се уништува вредносниот систем - системот на морални норми.

Секојдневно, со показни примери се брише линијата меѓу законито и криминално, морално и неморално, правилно и погрешно.

И што е најлошо луѓето, (се разбира не сите - дел од нив) почнаа да се навикнуваат дека тоа е нормално. Дека е нормално, за да се запише детето, за да се положи испит, за да се оперира човек, за да се вработи да се плати. Дека е нормално, за да се добие документ или потврда, за да се обезбеди дозвола или контигент - да се подмачка. Дека е нормално, исходите на конкурсите, тендерите и јавните повици - да бидат познати уште пред да се распишат.

Нормално е и за оној што дава и за оној што зема. Дури, станува нормално и за некои што гледаат одстрана, што во тоа не учествуваат, а кои се помалку осудуваат, а се повеќе завидуваат.

Почитувани пратеници,

Македонија е мала земја и во неа се се знае. Точно се знае кој што работи и колку може да заработи. Се знае и што му биле родителите и колкаво наследство му оставиле. А исто така, се знае и кој, што и колку има.

Јасно е каде завршува способноста и штедливоста, а каде почнува криминалот, злоупотребата и корупцијата.

Дури и идеално да ги поставиме меѓуетничките односи, дури и да го најдеме клучот за сите други тешки проблеми во државата, ако не ги ставиме криминалот и корупцијата под контрола, ако не ги сведеме во подносливи рамки - од Македонија држава не бидува.

Затоа, ја користам оваа прилика да им одговорам на сите скептици околу курсот на новата влада по ова прашање.

Или правото и законот ќе завладеат во оваа држава или оваа влада ќе си оди!

Се што е противзаконито направено - ќе се преиспита!

Секој што противзаконито постапил - ќе одговара!

Она што како иден премиер го гарантирам е дека ниедна постапка, ниеден процес нема да биде политички мотивиран. На овој план нема да

има селективен пристап. Законот мора да важи и ќе важи за сите подеднакво без разлика на политичката или етничка припадност.

Значи, политички реваншизам нема да има - санкционирање на криминалот ќе има.

Почитувани кандидати за министри,

Македонија преку ноќ неможеме да ја направиме богата држава, држава без социјални проблеми. За тоа ќе биде потребно и време и многу предуслови. Некои ќе зависат од нас, некои не.

Исто така, преку ноќ не ќе можеме да го искорениме насилството, криминалот и корупцијата. Тоа ќе биде тешка битка со многу ризици и се надевам дека сите вие сте свесни во што влегувате, прифаќајќи ја кандидатурата за членови на новата влада на Република Македонија.

Но, она што можеме да го направиме сега, веднаш, тоа е Македонија да добие чесна, скромна и одговорна влада. Тоа зависи од нас, 18 луѓе и од никој друг.

Многупати сум изјавувал, дека свеста на нашите граѓани, на нашиот народ е на многу повисоко ниво од онаа на политичките елити и партиските лидерства. И бидете убедени, граѓаните ќе не разберат кога не ќе можеме да решиме некои проблеми што објективно не можат да се решат. Но, само под еден услов, ако се убедени дека работиме чесно, совесно и за доброто на сите.

Да се биде премиер, или министер во било која држава е најголема чест, нешто, што со пари не се плаќа, нешто што се памети со генерации. Но, да се заврши срамно на овие функции е срам што уште подолго не се заборава.

Се надевам дека ова што го говорам денес, кога од овој парламент ја очекуваме и бараме поддршката за нашиот избор, ќе биде постојано присутно и во нашите глави и во нашето однесување.

Истовремено, ја повикувам јавноста, медиумите и невладиниот сектор да продолжат да бидат дежурната совест на општеството и на работењето на државните институции. Откривањето и обелоденувањето на аномалиите, се разбира кога тоа се прави на одговорен начин врз основа на факти, не само што не е на штета, туку ќе

биде од огромна помош на Владата во процесот на совладување на ова зло што не загрозува и како народ и како држава.

Почитувани пратеници,

Во текстот кој ви беше доставен за оваа седница, посочени се целите и задачите на новата Влада во сферата на економскиот систем, социјалната политика и општествените дејности како и мерките и активностите за нивното остварување.

Со цел да го избегнам непотребното повторување во оваа прилика би сакал да потенцирам само неколку генерални заложби:

- Владата на Република Македонија веќе во првите сто дена од своето формирање, во соработка со домашни и меѓународни експерти ќе изработи Национална стратегија за совладување на невработеноста и намалување на сиромаштијата.

Главните лостови на таа стратегија ќе бидат:

- зголемување на обемот и ефикасноста на инвестициите;
- промовирање на Македонија во привлечна дестинација за странските директни инвестиции и за користење на концесионото право преку нејзина безбедносна стабилизација, преку мерките на тековната економска политика и спречување на корупцијата;
- кредитна, даночна и надворешно-трговска политика во функција на поддршка на инвестициите во трудоинтензивните, но современи сектори кои се пропулзивни и извозно ориентирани;
- обезбедување на соодветни даночни олеснувања на работодавците кои вработуваат нови лица над постојниот обем;
- Започнатите реформи, приватизацијата и доизградбата на механизмите на пазарната економија кои ќе ја спречуваат нелојалната конкуренција и ќе го оневозможуваат монополското однесување на пазарот, мора да продолжат и целосно да бидат заокружени.
- Владата ќе ја продолжи политиката на макроекномска стабилност.
- Ќе се води буџетска политика во функција на развојот, а не во функција на исцрпување на стопанството. Имено, ќе се промени досегашната логика која преку фискалната политика зафаќа се

поголем процент од домашниот производ, а потоа во вид на јавна потрошувачка, се троши тој дел од приходите по сопствено наоѓање, без поголем ефект за општеството.

- Ќе се води даночна политика која ќе се темели врз принципите на неутралност, правичност и едноставност при што ќе се залагаме за:
- намалување на индиректните даноци во вкупното даночно оптеретување;
- намалување на даночните ослободувања и олеснувања преку проширување на даночната основа;
- укинување на данокот на финансиски трансакции, односно т.н. воен данок;

Мора да обезбедиме еднакви услови за сите субјекти на пазарот. Не смее да има привилегирани наспроти други - дискриминирани фирми и претпријатија.

- Владата на Република Македонија ќе изготви стратегија за оптимизација на јавниот сектор. Јавниот сектор ќе биде димензиониран во согласност со степенот на развиеност на Република Македонија, со економските и социјални потреби на нејзините граѓани како и во согласност со стратегиските интереси на Република Македонија.

Владата ќе води политика на социјално партнерство со синдикатите за остварување и заштита на правата на работниците.

Дел од причините за високиот степен на корумпираност во државната администрација меѓу другото се наоѓаат и во законските решенија кои дефинираат голем број на дискрециони права.

Од тие причини, ќе се преиспита целокупната законска регулатива и дискреционите права ќе се сведат на минимум, со тенденција во одредени сектори каде тоа е можно, и целосно да се елиминираат.

Владата на Република Македонија ќе ги обнови прекинатите преговори и ќе склучи аранжман со ММФ и Светската банка како клучни меѓународни финансиски институции, за да се обезбеди неопходната платно-билансна и друга финансиска поддршка на земјата. Сакам да

најавам дека мисијата на ММФ ќе дојде во Македонија веќе при крајот на идниот месец.

Токму тие аранжмани, како и расправата околу буџетот за наредната година, што наскоро следи, ќе бидат повод, во ова Собрание да се отвори една посеопфатна дебата околу економската политика на новата влада и мерките и активностите за нејзиното остварување.

Почитувани пратеници,

Дозволете во кратки црти да се задржам на приоритетите на новата влада во сферата на надворешната политика.

Од самото конституирање на Република Македонија како самостојна и суверена држава, па се до денес кај нас постои партиски, етнички и социјален консензус околу долгорочните стратешки определби на Македонија - полноправно членство во ЕУ и НАТО алијансата.

Тоа станува недвојбено јасно ако се направи преглед на изборните програми на сите политички партии, ако се погледнат декларациите и документите на сите досегашни Влади. По тоа прашање не само што нема разлики, туку напротив, постојат во целост идентични ставови.

Она што можеби внесува извесна дилема и во Македонија и во структурите на ЕУ и НАТО е: дали тие определби се суштински или само декларативни; дали е тоа свесен и рационален избор или само помодарско следење на трендот кој ги зафати сите источно и централно европски држави кои произлегоа од социјализмот и еднопартизмот.

Ова го споменувам, затоа што во изминатиот период често се случуваше едно да се говори, друго да се прави, а понекогаш и она што официјално се говори да биде во директна спротивност со нашите стратешки определби.

Македонија е европска држава и нејзиното место е во заедничкиот европски дом и заедничките системи за безбедност. Тоа е иднината, тоа е перспективата на нашите млади, на нашите деца. Се друго е историски ќорсокак.

Притоа, новата влада го отпочнува својот мандат со едно силно убедување дека битката за остварување на нашите стратешки аспирации не се добива во Брисел, туку тука, во Македонија.

Од тоа во која мера Македонија ќе ја направиме стабилна, ќе ги јакнеме и развиваме демократските процеси, цивилното општество, правната држава, слободниот пазар, меѓуетничката и меѓуконфесионална толеранција, слободата на медиумите ќе зависи дали патот кон целосното интегрирање ќе биде пократок или подолг, успешен или не.

На меѓународната сцена постојат правила на игра. Понекогаш тие се праведни, понекогаш не. Често интересите се посилни од принципите. Но, задача на оваа Влада не е да исправа светски неправди. Ние не сме антиглобалистичко невладино здружение на граѓани. Задача на оваа Влада ќе биде, имајќи ги во предвид глобалните меѓународни односи, да извлече и постигне максимум за својата држава и своите граѓани.

Да резимирам:

Определбата на идната Влада за интегрирање на Република Македонија во ЕУ и НАТО алијансата е суштинска, а работењето на тој процес е од највисок приоритет.

Односите и соработката со двете асоцијации ќе бидат искрени, отворени и партнерски.

Добрите односи и активната соработка со нашите соседи, со земјите во регионот и со Европската унија, со Вашингтон, Москва и Пекинг ќе бидат приоритет во нашата надворешна политика.

Почитувани пратеници, ценети присутни,

Оваа Влада треба да ја превземе одговорноста за состојбите во државата во едно исклучително тешко време. Свесни сме што стои пред нас и што н# чека.

Оптимистите велат - на овие избори Македонија ја доби својата шанса.

Песимистите велат на овие избори Македонија ја доби својата последна шанса.

Добро е што и едните и другите веруваат дека и покрај планината од тешкотии што н# очекува - имаме шанса.

Ајде, сите заедно да ја искористиме.

Ајде, сите заедно, да ја разбудиме надежта кај нашите граѓани, да ја поттикнеме самодовербата на нашиот народ, да го мотивираме целокупниот интелектуален потенцијал во нашава држава, да се обединиме околу стратешките национални и државни интереси и силно да веруваме дека ова е патот по кој треба да се оди.

Да не дозволиме ништо да н# поколеба, ништо да н# запре: Ниту тешкотиите, ниту препреките, ниту инцидентите. Јас сум длабоко убеден дека Македонија уште еднаш ќе покаже дека има силен државотворен капацитет.

Јас силно верувам дека Македонија има своја иднина. И вие почитувани пратеници, и вие почитувани граѓани, бидете убедени, бидете сигурни, ќе биде тешко, ќе биде ужасно тешко, меѓутоа на крајот - ќе успееме !!!

Македонија ќе победи !!!

Благодарам.

(Аплауз)

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинот Црвенковски.

Отворам претрес по предлогот за состав на Влада и Програмата што се доставени.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитуван господине претседателе,

Затоа што стенограмот од експозето на мандаторот на новата Влада господинот Бранко Црвенковски ни беше поделен само пред неколку минути, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ бара два часа пауза за да може да се подготви за дискусијата.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Морам да ве известам дека, согласно Деловникот максимум паузата е 60 минути, по тие правила работиме.За тоа одлучува Собранието на Република Македонија.

Сега е 12,05 часот и јас му предлагам на Собранието да дадеме пауза, со оглед дека експозето е поделено претходно до 13,30 часот па после да продолжиме со дебата.

Дали Собранието се согласува?

Ве молам, кој е за, нека крене рака?

(Пратениците креваат рака).

Добро, нема потреба од броење, очигледно е мнозинството во Собранието.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Објавувам пауза до 13,30 часот, после продолжуваме со работа.

(Пауза од 12,05 до 13.35 часот).

Ве молам да продолжиме со работа.

Отворам претрес по Предлогот за состав на Влада и Програмата на

Владата од точката што ја разгледуваме.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави Трендафилов Ѓорѓи.

Би сакал само пред да ви дадам збор господине Трендафилов, да ве замолам сите, со оглед дека е воспоставена пракса во Собранието, ако некој од координаторите или некој во име на праттеничките групи кои се формирани во Собранието побара збор, тогаш тоа барање на збор да го дадеме како приоритетно, без разлика на пријавените, бидејќи секогаш во вакви случаеви координаторите имаат можностс да настапат во име на групата.

Ако некој се пријави за збор, а е подолу на списокот, а се изјасни дека настапува воо име на пратеничката група, по еден од секоја, ќе му дадам предност и после продолжуваме, но молам за тоа да ме известите ако е таков случајот.

Дали ќе се согласите со ваков пристап?

(негодување од страна на пратениците).

Тогаш, за оние кои ќе настапат во име на групата, јас ќе им дадам приоритет.

Господине Трендафилов, повелете.

**ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:**

Ваше Блаженстсво, почитувани пратеници,

Во однос на обврските поради кои што сите ние сме тука и по однос на експозето што беше прочитано пред овој Дом, дозволете ми да кажам неколку работи што мислам дека се битни за Република Македонија, особено во поглед на националната безбедност на Република Македонија, обврска што мислам дека стои на врвот на пирамидата на обврските на секоја институција во Република Македонија. Тоа е обврска која тие исти институции сметам дека во иднина ќе ја остваруваат со едно значително позабавено темпо, нешто на што бевме сведоци особено во годините по стекнувањето на независност на Република Македонија.

Јас би можел да ви набројам доколку никому овде нема да му пречи 32 причини со име и презиме од Министерството за внатрешни работи и 45 причини од Армијата на Република Македонија исто така со име и презиме, тоа се припадници на македонските вооружени сили кои загинаа во текот на минатата година. Би можел да ви ги прочитам и 177 припадници на Министерството за внатрешни работи и 211 припадници на македонската војска кои беа повредени во текот на минатата војна, војна за која што Владата на господинот Георгиевски, од почетокот на нејзината
ескалација тврди дека таа војна и инспираторите на истата војна се наоѓаат надвор од границите на Република Македонија, дека таа војна претставува отворена агресија од еден меѓународен протекторат врз Република Македонија која е независна држава и која е членка на Светската организација.

Факт е дека Владата на господинот Георгиевски стори се во анимирањето на сите институции во Република Македонија, пред се од

Армијата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи стори се да заживеат вооружените сили, на начун пропишан според Уставот на Република Македонија и интерните прописи и обврски на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи , но исто така е факт дека за тој период постоеја силни обиди во старт или во самиот зачеток на тие иницијативи да се уништат таквите обиди, па така ние, после повеќе од една година, сеуште оперираме и го користиме терминот "безбедносни сили" термин што беше за жал воведен во секојдневната употреба во Република Македонија и термин врз кој инсистираше да се воведе во Република Македонија токму од институцијата што ја има највисоката извршна улога во рамките на системот на вооружените сили на Република Македонија.

Значи, ќе повторам уште еднаш дека има 32 причини во сина униформа од Министерството за внатрешни работи и 45 причини од редовите на Македонската војска, луѓе кои излегоа дел од нив во рамките на нивните професионални обврски, значи како професионални војници и полицајци, дел од нив како доброволци и дел од нив како луѓе кои се отповикаа на повикот за мобилизација и пристапување во македонские вооружени сили. Значи недвосмислено е дека и во иднина, на врвот на пирамидата стои националната безбедност, нешто што не слушнавме во експозето што беше пред овој Дом презентирано и нешто што впрочем не го слушнавме во рамките на предизборната кампања , кога сите политички чинители се натпреваруваа пред македонските граѓани со своите програмски определби со она што се направило во минатото и со она што имаме намера да го правиме во иднина.

Факт е дека Република Македонија беше нападната и факт е дека истовремено во Република Македонија преку не мал дел средства за јавно информирање, со поддршка на одредени претставници на одредени меѓународни институции присутни на територијата на Република Македонија, постоеја обиди да се прикаже војната во Република Македонија како, ќе го употребам терминот кој во неколку неделници блиски до левата ориентација во Република Македонија постојано се употребуваше, тоа е дека станува збор за некаков фингиран судир. Мислам дека почнувам и јас да верувам во тоа дека стануваше

збор навистина за фингиран судир. Мислам дека сега појасно ги гледам луѓето кои го договарале тој судир и мислам дека и македонската јавност веќе се прашува дали навистина тоа се случуваше во текот на минатата година, дали постоеше во Република Македонија македонски политички фактор кој се согласил на еден таков договор, практично да се изврши одреден вид револуција против легитимни избраната влада од 1998 година.

Би сакал да истакнам дека освен овие 45 припадници на Армијата на РМ во деновите кога Северно-Атланската алијанса започнуваше односно ги завршуваше своите подготовки за кампањата во Косово и СР Југославија и кога македонските институции на големо работеа за да го дочекаат широкиот бран на бегалци од Косово , при извршување на своите редовни задачи во околината на караулата “Долно Блаце” беше застрелан со автоматско оружје првиот македонски војник кој загина во одбрана на македонската граница во околината на караулата “Долно Блаце” припадникот на Првата пешадиска бригада Благојче Крстаноски. И тогаш и сега на нашите институции им беше јасно кој е инволвиран во неговото убиство, затоа што нивната задача беше јасна да спречат нелегални минувачи. Но ова го истакнувам од едноставна причина што сакам да го подвлечам следново, истите тие луѓе кои војникуваа заедно со Благојче Крстаноски, после неколку дена беа првите луѓе кои на жените и децата од Косово им даваа вода, млеко и заштита. Но, еден од родителите на тие деца или сопрузите на некои од тие жени беше човекот кој го застрела македонскиот војник во околината на времената караула Долно Блаце, караула на која во годината што следеше изгубивме уште неколку припадници на Армијата на Република Македонија

Каква беше тогаш состојбата со нашите вооружени сили, мислам дека повеќе или помалку на сите нам ни е јасно. Имавме исклучително мал степен на професионалниот состав во поглед на техничките средства со кои ние располагавме можевме слободно да кажеме дека не располагаме со ништо повеќе освен со лесно пешадиско вооружување или со едноставно лично вооружување. На големо беше почната трансформацијата на Армијата на Република Македонија во

рамките на обврските и партнерските цели што Република Македонија ги подготвува во рамките на националниот документ за зачленување во НАТО.

Да ве потсетам дека во тоа време имавме 40 илјади војници на НАТО, присутни на Косово. Да Ве потсетам дека во времето кога започнаа немирите во и околу караулата Танушевци и набљудувачкиот пункт Кодра Фура, македонската Влада, Македонското Министерство за одбрана, македонското Министерство за внатрешни работи повеќе без малку од месец, се обидуваше да се договори со претставниците на КФОР од другата страна на границата за да преземат мерки да се спречи еден очигледен факт, кој се гледаше со голо око на самото место, значи долж нашата северна граница во појасот околу караулата Танушевци и набљудувачкиот пункт Кодра Фура, а тоа е со една едноставна операција да го пресечат логистичкиот пат кој водеше од селото Мијак, Дебалве, преку кои албанските милитанти се снабдуваа и со оружје и со луѓе.

И тогаш, и сега, тврдиме дека однесувањето на одредени претставници од другата страна на границата беше во најмала рака неодговорно бавно. Неодговорно бавно од проста причина што имавме постигнато комуникација и соработка на највисоко ниво, значи на ниво на Генералштаб. Имавме постигнато комуникација на ниво на размена на информации, имавме постигнато комуникација на секој дневна соработка во оперативниот центар при Армијата на Република Македонија. Но сепак, многу работи војниците кои беа од другата страна на границата задолжени да го контролираат граничниот појас меѓу Република Македонија и покраината Косово едноставно, не сакаа, не можеа да забележат. Така на пример, во повеќе наврати во околината не под караулата Танушевци, значи во месноста рамно нашите армиски полициски возила налетуваа на мински експлозивни направи на само неколку стотини метри од пунктот во кои тогаш беа сместени војници од составот на белгискиот контингент.

Значи, несомнено е дека националната безбедност и понатаму треба да биде и мора да биде приоритет. Исто така, несомнено е дека ниту во минатиотчетиригодиќен период како Влада имавме намера да се занимаваме со глобалните текови на меѓународната политика.

Единствената намера и единствената работа со која се занимававме тоа беше се во рамките на границите на Република Македонија. Границите н и се познати, опишани се во многу воени карти, ви се познати и вам.

Би сакал да го истакнам и фактот дека додека ние се занимававме со границите на Република Македонија и се што се подразбира во рамките на тој термин, одредени политички структури во РМ, ги поттикнуваа т.н. невладини организации, ги поттикнуваа мајќите на луѓето кои се отповикаа на повикот на македонските вооружени сили и излегоа да ја бранат сопствената земја и сопствената слобода да организираат некакви хипимаршеви, 35 години после војната од почетокот на војната во Виетнам, не баре нашите војници одат по северен виетнам и бранат некакви туѓи интереси, а не си ја бранат сопствената земја.

Морате да признаете дека во една таква атмосвера, сега е многу појасно или треба барем да ни биде појасно дека беше практично невозможно да  успееме да го подигнеме степенот на политичката критична маса во РМ,  барем во тогашниот состав на Собранието на РМ, да се пронајде политичка доблест  и да се излезе во пресрет на обидот и иницијативата, произлезена од Владата на РМ, да се воспостави воена состојба во РМ, како последен обид вооружените сили да почнат да фуниционираат на начин како што треба да почнат да функционираат, а не и понатаму да ги затскриваме за терминот безбедносни сили на РМ.

Исто така, факт е дека тогашни политички фактори во РМ, остро се спротивставија на оваа иницијатива со некакво образложение дека тоа ќе значи започнување на демократскит епроцеси во Република Македонија, дека Владата на РМ, се обидува на тој начин да го отстрани редовниот правен поредок во РМ, не баре оние кои кренаа оружје против РМ, имаа намера да го зацврстат уставниот поредок во нашата земја.

Би Ве потсетил или би обрнал внимание на неколку примери, како тоа се прави во земјите во кои, без оглед на позицијата во која политичките  чинители ја имаат во институциите во општеството, во такви критични моменти за опстанокот на нацијата и на државата реагираа.

Сетете се дека после 11-ти септември во САД, на пример Советот, нешто што би личело на Совет  на радиодифузерите ги забрани сите изданија на Боб Биланс. Ова за оние што тогаш марширaa по улиците на Скопје, Свети Николе и други градови во земјава. Ги забранија половина песни од Битилси, само затоа што таму се спомнуваат зборови кој ете тој совет заклучил дека се политички некоректни во дадениот миг. Додека, истовремено, во РМ, особено во поглед на медиумската покриеност. Владата направи се што можеше да направи во тој момент, да им излезе во пресрет пред се, на домашните, а потоа и на странските претставници на големите би рекол агенции и телевизиски мрежи, кои известуваат на начин како што известуваат. На пример, би ви посочил еден пример, нема да ја именувам телевизиската куќа на една голема Европска телевизиска мрежа,. човекот едноставно известуваше неколку месеци за настаните во Косово и  секоја вежер го гледавме  во 18,30 часот како се јавува де од Приштина, де од Косово, де од Скопје, а човекот не отуде подалеку од Карпош - 4. Воопшто не ја напушти територијата на РМ.

Кога овие работи излегуваа од институциите на РМ, Кога за вас зборуваа претставници од војската, претставници од полицијата, претставници од Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, тоа отсуство на политичка критична маса во РМ, попрво личеше на забележително присуство на политичка немоќ, да се преземе одговорноста и да и се погледна на реалноста во очи. А таа е дека ние бевме нападнати. Ние имамем право да се браниме. Ние имамем право да купуваме оружје, од секаде каде што можеме да го купиме по цена која е прифатлива за нас, затоа што нашата земја не е под никакво ембарго и само сетете се наизјавите, на пример на шефот на Македонската дипломатија во времето на широката коалиција во Владата на г-динот Љубчо Георгиевски. Дозволете да ја цитирам: “Јасно е дека целата на овие терористички напади во нашата земја  е да се дестабилизира Македонија и поширокиот регион и да се зачуваат нејасните и несигурните и нестабилните услови на Балканот. Постојат закани за уништување на се она што ние и во другите држави во регионот на југоисточна Евроа се трудевме да го постигнеме со нашите европски и евроатлантски партнери. Терористичките активности, нивната

суровост, и бескруполозност да  се користи цивилното население како жив штит ја открија нивната вистинска природа. Тие немаат ништо заедничко со промовирањето на човековите и етничките права, туку напротив, со тероризмот, екстремизмот и територијалните барања. Потребно е да ја зајакнеме контролата на северната и западната граница на Македонија, како и да го пресечеме коридоротн по кој се пренесува оружјето и од каде што доаѓа логистичката поддршка”.  - Илинка Митрева, министер за надворешни работи. Обраќање на состанокот на Северно Атлантскиот Совет, 18 мај 2001 година. Значи тогашнит наш шеф на дипломатијата јасно посочува од каде доаѓа логистичката поддршка и каде се наоѓа логистичката база и за што всушност станува збор во Репбулика Македонија. Значи, не станува збор за криза, нестанува збор за конфликт, не станува зобр за војна во која е инволвирана и територија која се наоѓа вон границите на Република Македонија.

Понатаму, таа манифестација на политичка немоќ на Македонската политичка сцена, мислам дека н и е јансо, беше максимално искористена од сите оние фактори, поединци или институции, без оглед дали се во рамките на системот, или се во невладиниот сектор кои промовираат не други вредности, кои промовираат никакви вредности, кои промовираат во Република Македонија вредности на луѓе со “измиени мозоци”, кои промовираат униформност во однесувањето. Кои се обидуваат и успеваат во голема мера да сатанизираат се она што од Репбулика Македонија им било квалификувано како автохтоно, како изворно, како национално и или со еден збор како македонско.

Конечно, во Рамките на предизборните активности во кои како претставници на политичкли партии сме учествувале, можевме јасно да ја уочивме разликата помеѓу коалициите кои глано ја водеа политичката борба по одос на тоа што понатаму во РМ, што по изборите,. што по 15 септември. Видете што се служува по 15 септември во војската на РМ. Прашајте ги офицерите не штабните офицери, прашајте ги теренските, крупните старешини каде контролираат, колку патролираат и дали војниците го гледаат повеќе својот старешина, или гледаат возила со

дипломатски џипови, теренски возила, ги гледаат тие претставници кои постојано се в ртат околу нив, затоа што некој претставник на локалното население, на месното население се јавил по телефон и рекол дека се ;увствува забгрозен и репресирен од самото присуство на униформата на македонскикот војник. вие знаете дека постојат правила каде војската патролирара, каде не патролира, каде тоа го преземаат другите институции. Но би било интересно да го слушнете одговорот, доколку бидат во состојба, доколку најдат начин крупните старешини да ви објаснат со што тие се занимаваат и нивните војници, особено во периодот по 15 септември. Прашајте ги офицерите кои се во касарните, дали повеќе гледаат надзорни органи, нивни претпоставени кои доаѓаат во инспекција како се извршуваат задачите поставени според плановите, или гледаат претставници на некои други војски, инструктори како што имавме и во минатото, кои доаѓаат со една единствена цел и кои ни кажуваат дека за нашите војници е доволно да имаат лично вооружување, да бидат пристојни и да внимаваат да не го нарушат комодитетот на местото кадде што се наоѓаат.

Сега се прашуваме што по 15 септември, ќе се прашуваме кои се нашите приоритети, а нашите приоритети од 2001 година, откако нашата земја беше нападната се тие истите.Ние треба да ја одбраниме нашата земја,. треба да ја одбраниме нашата слобода и затоа ни се потребни дела, а не зборови. За тоа ни е потребна војска, за тоа ни се потребни луѓе, за тоа ни е потребно оружје. Сетпо тоа го имавме, тој процес започна, процентот на професионалниот состав, особено во редовите на македонската војска е исклучителнло повисок отколку што беше во периодот 1996 - 1998, некаде од 2000 година тој процент почна да се зголемува и конечно со нападот врз нашата земја 2001 година, процентот почна со поголема стапка на застапеност на професионалниот состав во редовите на македонската војска. Значи, нам ни се потребни конкретни показатели, не ни се потребни зборови колку ние сакаме да се интегрираме во оваа или во онаа меѓународна организација, затоа што и на тоа поле докажавме дека можеме да се носиме со настаните кои се случуваат, сум го искористил како пример, ќе го користам уште еднаш во овој дом се донесе закоот за одбрана и

Законот за служба во АРМ и се сеќаваме дека Законот за одбрана, иако ги прифативме тогаш сите над 90 и незнам колку беа амандмани, сепак не помина затоа што СДСМ не даде поддршка на Законот за одбрана, но само по месец и половина кога СДСМ стана дел од широката Владина коалиција, тој законски текст помина во Собранието на РМ, без никаква забелешка, без никаква измена.

Мислам дека во голема мера  ги објаснува позициите врз кои почиваат принципите и на владата на господинот Георгиевски и на Владата за која се очекува денеска да го добие мандатот во Собранието на РМ. тоа се значи две различни  работи: Едната се потпира на дела, другата се потпира на зборови. Едната во рамките на предизборните активности јасно и децидно кажа: “ги повикуваме македонските политички партии, кои се најсериозни претенденти да ја освојат власта, или да бидат фактор во формирањето на идната владина коалиција, да дадат изјава дека нема да коалицираат со милитантите и терористите, со луѓето кои  стрелаа и кои убија 32 претставници на МВР и 45 припадници на македонската војска”. Да биде уште пострашно,  од оваа бројка 32 во полицијата и 45 во војската, најголемите жртви, најголемите загуби се претрпеа токму во времето на широката  коалиција и токму во моментот кога вооружените сили на Република Македонија прогласија едностран прекин на огнот. Се сеќаваме што тоа беше се во соработка и тесна кординација со одредени претставници на одредени меѓународни институции присутни во РМ. Тогаш беше и Карпалак, тогаш беше и Љуботен, тогаш беше уништувањето на Лешочкиот манастир и конечно, не би требало да ја заборавиме и последната жртва Ванчио Јосифовски, кој имаше единствена вина што како македонец се осмелил да игра кошарка среде Тетово, особено, веднаш после би ја нарекол оптимистичката проценка за безбедносната и политичката состојба во РМ, прво дадена од Генералштабот на РМ, потоа потврдена и елаборирана од Кабинетот на претседателот на РМ, и мислам дека тоа беше навистина добра проценка, доста оптимистичка поддршка. Ние се произнесовме и како Влада и како политичка партија дека таа проценка не се базиора баш на никакви анализи, ниту се потпира на некакви чинители информации кои доаѓаат од теренот. Таа беше едноставно по

сугестија на дадена политичка проценка, која нема врска со реалноста. Ќе потсетам, особено по 15-ти септември да ги прашаме крупните с таресшини од македонската војска, каде се патролира, особено во областа на Танушевци - 2, и на Кодра Фура, особено во областа каде што се вее знаме на дрдуга држава и знаме на една политичка партија, која ете, поради тоа што, како што ни беше соопштено 140 илјади државјани на РМ, и дале глас, треба да биде повикана во Владата на РМ, затоа што тоа е јасно изразување на волјата на тие 140 илјади граѓани и тоа така тие 140 илјади граѓани го дале гласот за таа партија која го дале гласот, цврсто верувајќи дека Република Македонија е унитарна држава, цврсто верувајќи дека знамето на РМ е неприкосновено знаме на РМ, најверојатно навиваат за националната фудбалска репрезентација и се радувале за успехот во Британија и дека во иднина се ќе сторат РМ да го најде патот до прогресот просперитетот и интеграцијата во сите Евроатлантски цивилни и граѓански владини воени и незнам секакви организации.

Од друга страна освен оние 140 илјади граѓани, мислам дека другите не го делат тоа мислење. Тие се прашуваат за кого и за што всушност ние гласаме, дали станува збор за еден веќе политички маневар вор амките на предизборнит еактивности, или станува збор, да употребам и погруб збор, за измама. Ако некој овде од политичките фактори кои тврдат дека тие 140 илјади граѓани до започнување на изборниот процес 2002 година се чувствувале репресирани, работеле и се обидувале да заработат во средина која била исклучително непријателски настроена кон нив, тогаш што требаше да очекуваме да го направат луѓето кои живеат на Косово, кои , евидентно беа подложени на еден режим кој максимално беше тотаитарен и кој максимално покажуваше во најотворена форма дека едноставно не ги сака на територијата на Косово. Требаше сеуште да се гасне пожарот на Косово и требаше да гори една третина од Балканскито Полуостров. Тоа не се случи на Косово, а го слушнавме образложението повеќе пати во оваа година зошто тоа се случи во Република Македонија. Како паралела воопшто не доаѓа предвид да се споредува. Јасно е дека инспираторите, креаторите на војната во РМ се наоѓаат надвор од Републиката, тие

повеќе или помалку и се познати на макеоднската јавност, познати им се на македонските безбедносни служби, нивната непријателска активност во Македонија, во непосредното соседство, или во Европа, или во САД, веќе не е некаква тајна за поголемиот дел од македонската јавност . Тие се познати како непријатели на македонската држава, со години наназад, особено она што се правело во емиграција. Да ве потсетам дека дел од тие луѓе, токму по прогласувањето на прекинот на огнот од страна на макеоднските вооружени сили дел од нив тогаш и влегоа на територијата на РМ и тогаш почнавме да зборуваме за конструктивен фактор, додека се случуваше етничкото чистење на макеоднците од границата , од Тетово до Јажинце, дека истиот тој конструктивен фактор кој најверојатно ќе биде дел од македонската влада и дел од макеоднската иднина, сеуште не им дозволув ана макеоднците и на другите неалбанци да се вратат во Матејче. На нив можеби ќе им се дозволи да се вратат, но никако нема да им се дозволи на луѓето кои облекле македонск ауниформа во текот на минатата година, да се вратат. Можеби е најреално да очекуваме дека во едно догледнов реме пред овој дом можеби ќе се појави документ со кој припадниците на макеоднските вооружени сили исто така ќе бидат опфатени со еден закон за амнестија. Се надеваме дека ќе имаме поддршка од меѓународната јавност, конечно и макеоднците кои служат војска и полиција, треба да бидат амнестирани, па можеби некаде до година ќе успееме да ги вратиме луѓето дома, доколку пред тоа , а веќе во голема мера се збришани домовите и дворовите на макеоднците и на неалбанците во Матејче, до колку воопшто остане тоа , каде тие да се вратат. Но, што е тоа е . Ние ги определуваме само нашите приоритети, но се покажува дека нашите приоритети не секогаш се поклопуваат со приоритетите на другите, а јас особено не сум убеден дека се поклопуваат со приоритетите на 140 илјади македонски граѓани кои , како штони беше кажано го дале гласот, најверојатно за РМ како унитарна држава, РМ како независна држава и РМ како држава во која, ако некаде се направи иницијатива да се постави крст, нема да слушнеме дека за тоа расправал било кој амбасадорски совет, министерски совет и дека тоа нема да го иритира никого, исто како што се надеваме дека во иднина макеоднската

униформа нема да го иритира никој, на територијата на РМ, затоа што тоа е приоритетот , особено на , како што беше искажано, треба да се почитува волјата на 140.000 макеоднски граѓани кој го дале својот глас.

Јас ова мое излагање го започав со тоа штокажав дека само од полицијата има 32 причини зошто оваа Влада не треба да се подржи, во војската има 45 причини, а да не зборувам за цивилите кои загинаа во овој период, значи за текто на минатата година. Би сакал да потсетам дека луѓето кои загинаа во униформата на макеоднските вооружени сили, по правило не секогаш се македонци. Значи има загинато и луѓе кои во минатото се изјаснувале поинаку по нивната национална или по нивната верска припадност. Значи за мирот и за безбедноста треба да се работи со дела , а не со зборови. За мирот и за безбедноста е потребна силна , опремена и процесионална армија. За мирот и за безбедноста потребно е да се инвестира во макеоднските вооружени сили, во АРМ, каде што единствениот принцип за напредување во службата, за подофицирскиот и за офицерскиот кадар, треба да биде нивната стручност испособност, а не како се викаат, и какво е нивното презиме. За жал практиката покажуваше дека секогаш кога се правеле обиди за некаков клуч, тие обиди по правило не успеваат. Така што ако на еден македонец му се потребни 95 поени за да се запише на Воената академија на РМ, не гледам причина зошто на некој кој што се изјаснува како не македонец, доволни му се 35 поени за да биде запишан во истата таа академија и по правило голем број од тие д аги напуштат студиите во средината на втората година од учењето затоа што едноставно не се способни да го следат темпото на наставата. Верувам дека во скора иднина во вооі законодавен дом ќе се најде некаков предлог кој во голема мера ќе го подобри начинот на студирање за немакедонците во Воената Академија на РМ, со цел да го постигнеме оној , повеќе или помалку, процент кој треба да се постигне за да бидеме задоволни од националниот состав на луѓето кои се подофицери или старешини во АРМ. Таа што тие би можеле да станат, да се стекнат со чин поручник со асамо две години учење исто како што повеќе апти полагаа испити за да бидат некои од нив полицајци и тоа под силен професионален надзор на некои меѓународни организации кои, дури и

тие со сиот нивни ангажман не успејаа да ги научат луѓето дека тоа што им е обврска, тоа што го земале за обврска треба да го научат. Но после три четири пати и од нив, еве се случи, научија, па сега имаме полициски состав кој , верувам дека во поголема или во помала мера ги задоволува потребите на оние 140.000 граѓани кои гласале за еден од коалиционите апртнери на коалицијата За Македонија. Значи националната безбедност беше и останува приоритет на РМ. Националната безбедност се обврски, се дела , не се зборови. Националната безбедност ќе остане уште долго време да не преокупира и нас и нашата јавност, затоа што ниту мирот е целосно вратен во РМ, ниту ние, особено по 15 септември не што не се покажуваме ревносни во обезбедување на граничната линија, особено кон северната граница ниту пак има некаква најава дека нелегалнит еминувања во правец Македонија-Косово и Косово-Макеоднија е нешто подзасилен . Би потенцирал или една друга паралела.

Дури и во самото Косово, оние кои произлегоа од поранешнит емилитантни или вооружени формации на Косово, лошо поминуваат на самите избори во Косово. Таму веќе подолг период е присутна една тенденција , во принцип населението да ја поддржува политичката определба промовирана во текто на последните десетина, петнаесет години, која секогаш инсистираше на дипломатски решенија, која секогаш инсистираше на неупотреба на сила, со цел да се заштити населението во Косово, да не биде изложено на дополнителни тортури од тогашниот режим на СРЈ, кој веќе не постои. Значи дури и таму населението во принцип на овие два изборни циклуси на Косово не го даваат својот глас за подршка на политичките опции кои произлегуваат од поранешните милитантни кругови. Ова во контекст на она што шред малку го говорев дека, додека во РМ ни од далеку не постоеја услови за такво нешто. Спомнав дека, можеби еден од луѓето кој го застрелал Благоја Крстановски, припадник на Првата пешадиска бригада, подоцна го испратил своето семејство, својата жена и своите деца, во РМ и можеби токму луѓето кои војикувале со Благоја Крстановски на Долно Блаце, биле првите луѓе што им укажале помош, што им дале вода, храна, засолниште.

Денес во РМ завршува една трагична атмосфера, трагична епизода. Денес во РМ мислам дека доминира принципот кој се промовира насекаде во светот, но кој единствено во РМ не функционира, без оглед колку Владата на г-динот Георгиевски, илинекои други политички фактори, особенов о текот на минатата година се повикувале , а тоа е дека со луѓето кои насилно се обидуваат да го уништат или да го променат уставно-правниот поредок, едноставно не може да се разговара, особено кога се знае дека многумина од тие воопшто не се државјани на РМ, ког ана секого му е потполно јасно, на секого во оваа сала дека длабоко беше инволвиран Косовскиот заштитен корпус, длабоко беа инволвирани луѓе кои имаат одредени позиции во рамкит ена системот кој се обидува да го воспостави администрацијата на УМНИК на Косово, кој во голема мера ја злоупотребија довербата која им е дадена од меѓународната заедница, да градат граѓанско општество ид а промовираат сожителство, токму во една средина која се одликува со својата национална шареноликост, а тоа е Косово. Но, денес свесни сме дека Косово е еднобојно, во поголед на националната застапеност и секаде тој принцип се почитува , овде во РМ каде што во РМ гласно се вели - доколку земете оружје во рака и почнете д апукате макеоднскит еполицајци и војници, имате шанса да стигнете до преговарачка маса, имате шанса да влезете дирекно во Влада на РМ и можете потоа на останатите граѓани на РМ да им објасните дека Вие многу ја сакате РМ, дека ја сакате фудбалската репрезентација и дека дури некој од вас можеби навиваат и за Вардар. Но, за жал, реалноста во РМ е таква , се промовир атој принцип дека со оружје и со насилство може да се стигне до целта, без оглед која и да е.

Во оваа прилика би потсетил на едн аизјава дадена од г-динот Робертсон, мислам беше дадена во Брисел, во која тој вели , што мислите, ако овде на улиците на Брисел се јави некаква група и почне да пука по белгиските војници и себеси се нарече ослободителна војска на Белгија, треба ли да седнеме и да зборуваме со тие луѓе. Но, гледате дека работите се изменија во голема мера, иако работите почнаа да се предочуваат уште во текот на војната, во периодот март-мај, кога неколку документи започнаа да кружат и во РМ и во рамките на некакви

формални или неформални средби, во рамките на редовните состаноци на некои меѓународни организации, или делови на меѓународни организации. Тоа се неповеќе од 4 документи Ако ги собереме тие 4 документи на  едно место, тогаш ќе ја видиме, во крајно вулгаризирана форма, материјата која ние денес ја нарекуваме Охридски Рамковен договор и договор кој сега единствено ќе почива врз одговорноста само на г-динот Црвенковски, како што и тој самиот истакна, затоа што освен енго , повеќе или помалку, останатите потписници на тој договор, едноставно немаат механизам да влијаат на настаните кои ќе се случуваат, затоа што пвоеќе не се дел од системот на институции во РМ кој ја има моќта на извршна или некаква друга конкретна обврска.

Значи во голема мера, она што РМ треба во иднина да го очекува и она што РМ, можеби ќе најде сили да го направи , тоа е да се осврне, пред се на макеоднските вооружени сили, затоа што влада во состав, каков што е денес предложен пред нас, само уште повеќе ќе ја засили исклучително слабата позиција на најодговорната и најповиканата институција во РМ, тоа е Врховниот командант, да воведе контрола, или конечно да дознаеме каква е намерата и што се сака да се направи со нашиот комплекс, во рамкит ена одбраната, затоа што не очекувам дека од таа страна ќе има било каква сериозна проценка, особено што треба да се очекува во полето на одбраната, кога пред нас се наоѓа состав на Влада  за која  денес ние треба да се изнасниме. Мислам дека слабоста на таа институција ќе биде уште повеќе истакната и исфрлена на преден план, се со една цел да ни биде докажано дека слободата и независноста на РМ се бранат со некаква активна дипломатија. Таква активна дипломатија практично во минатото не остави без било какво посериозно оружје. Таква активна дипломатија која почиваше на претпоставката дека други ќе не бранат, истот така се покажа како крајно погрешна во минатите години. Затоа во сферата на вооружените сили состојбата е таква каква што е. И конечно таа активна дипломатија секогаш, во минатото кога беше политичка определба број еден на РМ, таа активна дипломатија секогаш се потпираше на моќта и одговорноста на некој друг, аниту во еден момент не помисли дека за сопствената држава треба нешто и ние самите да направиме, а тоа е да имаме јасен

концепт дека нам ни е потребна силна војска, дек ание сакам еда се интегрираме во Северноатланската алијанса и дек аимаме обврски тоа да го . Но исто така треба да ни биде јасно дека, ако односите кои ги имаме , се заснивaат врз некаква партнерска рамноправност, мислам дека , кога е во прашање националната безбедност, приоритет број 1 секогаш ќе биде националната безбедност, без оглед кој ни се лутел, или кој ни велел, па можеби ова што сега го правите и ќе го забави вашиот о'д.

Затоа што особено во текот на минатата година, а тоа кулминираше во рамките на предизборните активности, се изнаслушавме многу, многу работи зошто ние нема да бидеме во Прага, дека е тоа затоа што сме имале тенкови произведени овде, или хелихоптери купени, а веднаш потоа да се каже дека влезот во НАТО алијансата е политичка определба без оглед на воената моќ. Тогаш зошто е прашањето да зборуваме ние за тоа какво оружје, или каква техника набавуваме. И јас би сакал ТПС- 5 тенковите да ги замениме со Т-72, но ние немаме толку пари. Кога ќе имаме пари верувам дека можеби ќе купиме и помодерни и посовремени тенкови. Но, ние можевме да ги донесеме и да ги оспособиме овие ТПС -5 со кои сега располагаме. Значи треба да ни биде јасно, а верувам дека ни е јасно, затоа што сите за тоа зборуваат, членувањето е чисто политичка одлука, значи никому не пречи тоа што македонската војска се вооружува, никому не треба да пречи тоа што македонската Влада влегуваше во преговори да се снабдиме со потребната техника. И конечно барем сега военото воздухопловство кое и во минатото се нарекуваше воено воздухопловство, сега и по содржина може да се нарекува воено воздухопловство. И што е најбитно военото воздухопловство има извршено со сухоите повеќе оперативно тактички летови. И колку што мене ми е познато, а верувам дека и вам ви е познато дека тие во ниту еден момент не повредиле нечиј воздушен простор. Тоа беше еден од аргументите зошто нам не ни се потребни авиони од било каков вид борбени авиони, затоа што ние ќе го повредиме воздушниот простор на оваа, или на онаа земја. Но, за среќа тоа не се случи. Дури во повеќе наврати имаме четири СУ-25, сите четири биле во воздух. Значи, ако

одевме по таа логика ние сме можеле со тие авиони да влеземе во воздушниот простор на сите наши соседи.

Уште еднаш ќе повторам, и со тоа би сакал да завршам дека имам 32 причини со име и презиме и 45 причини исто така со име и презиме и сега би сакал да ви ги прочитам.

Список на загинати припадници на Министерството за внатрешни работи.

1. Кирил Петрушевски, 23 години, неоженет;
2. Ерол Готак, 27 години, неоженет;
3. Ацо Ангеловски, 26 години,неоженет;
4. Момир Стојановски, 31 година, оженет;
5. Горан Стојановски, 28 години, оженет, татко на две деца;
6. Јане Јакимовски, 35 години, оженет, татко на две деца;
7. Марјан Божиновски, 26 години, неоженет;
8. Кире Костадиновски, 24 години, оженет, неговото дете се роди по неговото загинување;
9. Бошко Најдовски, 25 години, оженет;
10. Илче Стојаноски, 24 години, неоженет;
11. Атанас Јанев, 25 години, оженет, очекувал дете;
12. Никола Петчески, 25 години;
13. Александар Стојчев, 30 години, оженет, татко на 2 деца;
14. Коста Вулкановски, 40 години, оженет, татко на 2 деца;
15. Оливер Китановски, 21 година, неоженет;
16. Ѓоко Лазаревски, 29 години, неоженет но и неговата свршеница очекувала дете, значи тоа дете е родено по неговото загинување;
17. Таки Стојановски, 28 години, оженет татко на 2 деца;
18. Сашо Соколов, 27 години, неоженет;
19. Александар Серафимовски, неоженет;
20. Драго Маневски, 35 години, оженет, татко на 2 деца;
21. Оливер Петрушевски, 23 години, неоженет;
22. Трајче Стојковски, 21 година, неоженет;
23. Чедо Додевски, оженет, татко на 2 деца;
24. Коце Крстев, 40 години, татко на 2 деца;

25. Србољуб Спасовски, 24 години, оженет, татко на едно дете;
26. Сашко Манасков, 34 години, неоженет;
27. Петре Кадровски, неоженет;
28. Даил Јанковски, 47 годишен, оженет, татко на 2 деца;
29. Александар Николиќ, 39 години, неоженет;
30. Фикри Елмази, 35 години, оженет, татко на 4 деца;

Загинати припадници на Армијата на Република Македонија.

1. Љупчо Мирчевски, татко на 2 деца;
2. Кире Димитров, татко на 2 деца;
3. Зоран Бубевски, 24 години;
4. Драганчо Илиевски, оженет, татко на 2 деца;
5. Дејан Јакимовски, 26 години, оженет, татко на 2 деца;
6. Теодор Стојановски, оженет, татко на 1 дете;
7. Дејанчо Богданов;
8. Роберт Петковски, татко на 1 дете;
9. Бобан Трајковски;
10. Миле Јаневски, татко на 1 дете;
11. Игор Костески, неоженет;
12. Влатко Петров;
13. Игор Николовски, 27 години, татко на 1 дете;
14. Дејан Денковски, неоженет;
15. Исак Руфати, 42 години, оженет татко на 2 деца;
16. Кољо Китанов, 20 години;
17. Благојче Силјанов, оженет, татко на 1 дете;
18. Влатко Миленковски;
19. Пеце Матичевски;
20. Синиша Стоилов, оженет, татко на 2 деца;
21. Блашко Толев, 20 години;
22. Фејзо Џеладиновски, 20 години;
23. Миле Гиновски, татко на 2 деца;
24. Бранко Секуловски, 43 години, татко на 2 деца;
25. Сашо Китановски, татко на 2 деца;

26. Дарко Велјановски;
27. Горан Миновски, татко на 2 деца;
28. Пецо Секуловски;
29. Нане Наумовски, татко на 2 деца;
30. Веби Рушидовски, татко на 2 деца;
31. Љубе Грујовски;
32. Ердован Шабаноски, татко на 2 деца;
33. Марко Деспотовски;
34. Томе Бадаровски, татко на 2 деца;
35. Гоце Чункуловски;
36. Бранко Јанев, оженет, татко на 2 деца;
37. Томислав Настевски;
38. Раде Јанковски, татко на 2 деца;
39. Ивица Златевски;
40. Марјанчо Бошковски;
41. Томе Димовски, оженет, татко на 1 дете;
42. Димитар Двојаковски, оженет, татко на 1 дете;
43. Ќамуран Шаќиров, татко на 3 деца;

И конечно Ванчо Јосифовски, не беше во униформа, но имаше погрешна национална припадност, беше македонец.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За збор се јави Илија Китаноски.

**ИЛИЈА КИТАНОСКИ:**

Ваше блаженство, почитувани пратеници,

Дозволете ми и јас во неколку точки да го образложам својот став во однос на експозете на мандатарот на новата Влада и во однос на персоналниот состав и начинот на нејзиното составување.

Прво, она што од експозето за ова кратко време успеав да го забележам, ми се виде нешто познато и така веќе видено, доста сличности со она негово историско повраќање од оваа говорница кога го најави ловот на октоподот и ловот заврши уште пред да се отвори. Од целокупниот текст што успеав да го прочитам само една теза и тоа како

контра теза е сигурна, тоа сите добро го знаеме и пратениците од СДСМ и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека ќе има политижки реваншизам, тоа и го очекуваме, дека тоа е стилот на владеење на СДСМ, тоа го видовме, мислам ништо ново. Ароганцијата е стилот на делување и на живеење, така што и тоа ни е без сомнение она што ќе не очекува во иднина. Како еден мал пример за однесувањето уште на почеток, уште неформирана новата влада, во мое Кичево веќе СДСМ се спрема да ја преземе и локалната власт, иако локалните избори се 2004 година, иако во 2000 година на локалните избори претрпе убедлив пораз како што и на овие парламентарни исто така. Меѓутоа, веќе најавуваат дека и комуналните претпријатија ќе ги преземале, имаат веќе и кадровски решенија и мислам дека е само еден мал пример на начинот и на стилот што не очекува во владеењето на оваа влада и во иднина.

За составот на владата навистина имам еден впечаток дека присуствувам на некој театар на апсурдот, или јас не можам да го разберам, произлегува дека мандаторот на оние што ги избрал како кандидати за да водат одредени ресори им поделил бинго бројчиња па во извлекувањето на адвокатот му паднал ресорот за земјоделие, на банкарот му се паднало да биде полицаец, на лекарот да биде министер за образование, а исто така на уште еден лекар стажист да го води министерството за здравство. Она што сметам дека е сериозна грешка во чекори од страна на СДСМ како водечка партија во идната влада е распределбата на ресорите, посебно ресорите во кои што е сконцентрирана 80% од државната администрација и преку кои што практично пулсира целокупниот општествен и економски живот во државата, а тоа се образование, здравство, правда. Покрај тоа што е концентрирана 80% од државната администрација, мислам дека со тие ресори практично се одвива целокупниот живот, а не само тоа, туку тоа се ресори кои што во иднина и досега, а во иднина треба да живеат и да бидеме сведоци на нивна трансформација преку која што Република Македонија брзо ќе се приближи до европските стандарди, или нема брзо да се приближи, зависно од тоа со која динамика, со кое темпо и со каква желба ќе се прават тие реформи кои што се неопходни. Се плашам дека со испуштањето на овие ресори од директна контрола на СДСМ, па

и на ЛДП сака да се постигне некоја друга цел. Меѓутоа, за тоа потоа кога ќе имаме на повидок некои посигурни и поконкретни податоци. Сега не би сакал да зборувам на памет и да прогнозирам.

Она што е најбитно и заради што најмногу сакав да се обратам од оваа говорница е да го пренесам ставот на моите кичевчани за разочарувањето што го имаат симпатизерите па и некои членови на СДСМ во Кичево. А ако не ми верувате можеме тоа и во ситуација еден спрема еден, или во помали групи да ви ги кажам кои се, а тоа можете и сами да си го проверите на терен. Како и да е брзо ќе го осетите тоа, велам разочарувањето, во овој момент се тешко разочарани затоа што прво чувство е тоа, после доаѓа револтот од она што се чувствуваат измамени, затоа што долго време и пред самата изборна кампања и во кампањата им се тврдеше дека СДСМ нема никако да коалицира со терористите, а факт е дека тоа се случува и ова денес го имаме како предлог состав на новата влада е уште еден доказ за тоа.

Она што најмногу ме плаши во иднина, без разлика дали СДСМ ќе го дотурка овој мандат, дали ќе истурка уште еден мандат е она што ќе се воведат некои стандарди во меѓуетничките односи кои што многу тешко понатаму на штета на македонскиот народ кои што многу тешко понатаму било која гарнитура на власт да дојде ќе може да ги промени во корист  на македонскиот народ. И тезата која што може да произлезе и која што произлегува од коалицирањето со ДУИ кое што произлегува од ОНА, а ОНА и од СДСМ и од ЛДП беше прогласена за терористичка организација, тезата дека секоја група незадоволни граѓани во Република Македонија може да земе пушка да се одметне во планина и после тоа да бара не само амнестија, туку и учество во власта, или како што ми рече еден мој стар пријател, човек во години дека имавме во нашава Македонија 2 години експертска влада, 6 години СДСМ -овска влада, 4 години ВМРО-вска, а сега изгледа ќе добиеме нова терористичка влада.

На крајот покрај сите овие образложенија, би сакал да нагласам дека не можам да гласам прво како човек за оваа влада и за овој предлог. Мислам дека и многу, многу македонци не би можеле тоа да го сторат најмногу заради Миле Гиновски, Богдан од Кичево кој што

загина како припадник на резервниот состав на Армијата на Република Македонија и сите негови 76 соборци кои што исто така ги дадоа своите животи во таа татковинска војна и исто така и заради над илјада кичевчани кои што како припадници на резервниот состав дали на полицијата или на армијата со месеци се бореа против терористите, а сега треба да гласаме влада во која што ќе бидат нивните водачи, нивните претставници, оние кои што им ги издаваа тие наредби. Тоа навистина како човек можеби ќе ви звучи демагошки, меѓутоа, најискрено ви тврдам, а верувам дека и пола од вас така се чувствувате, барем половина, дека навистина со тешко срце, тешко некој македонец би можел што носи душа во себе да гласа за таков состав на влада.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За збор се јави господин Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Другарки и другари, дами и господа тоа кои сте, почитувани гости,

Гледам тука многу луѓе за прв пат се во Парламентот, не сум ги сретнал, не се познаваме, па да се претставам. Јас сум пратеник од Социјалистичката партија, се викам Љубисав Иванов Ѕинго, тоа е оној пратеник околу кој имаше доста проблеми, беше кажано дека нема место за него во Парламентот. Јас на Првата седница право да ви кажам си донесов едно столче на расклапање, имав проблеми со обезбедување. А еден мој довчерашен пријател кога бевме заедно во Коалицијата за Македонија па рече: не може Ѕинго да седи на два стола во Парламентот, ама тој никој пат досега не бил во Парламентот, па не знае дека е таква конструкцијата на седиштата да практично и не можеш да седиш на два стола. Еве, и тоа да ви кажам дека јас сум пратеник од посебен вид, шест совета го поддржаа во Врховниот суд.

Значи, фундиран пратеник, со основа, армиран, па ќе го молам претседателот да го има тоа во предвид. Кај нас тоа сеедно се одвива како процес, дали е процес на голема правна држава или на примитивизам, сами оценете, чудна работа е Германците 80 милиони луѓе за 12 саати проглсија победа на една партија и никој не се жалеше. Или нешто недостасува, или не се умни како нас.

Инаку, седам таму позади и сакам да играм улога на конструктивна опозиција не на онаа што викаат непринципиелна.

Сега, кога се претставив и кога се издиференцирав сакам да кажам за она за што дојдов тука.

Прво, разумот ми зборуваше да не зборувам денеска за тоа што с# што имав да кажам кажав еве 35 - 36 години зборувам за тоа. Кажав и за овие 60 дена додека траеја овие митинзи, предизборни активности, избори ама сега слушајќи го почитуваниот Црвенковски седејќи таму позади чувствата, срцето, емоциите ми зборуваа да се јавам на оваа говорница и да кажам некои работи за кои тој не зборуваше, а и некои за кои зборуваше, па да му помогнам, ако може, ако ме почитува како тој еве како прв човек во државата, практично првиот човек во државата кај нас е премиерот на Владата, а не Претседателот на државата, затоа што нема ни еден владетел во Европа со толкава власт, а со толкав дефицит на демократијата. Моите настојувања не се во правец да ја критикувам Владата и да зборувам за Владата, јас ги почитувам 100-те дена дека треба Владата да се поштеди, туку во правец да помогнам нешто колку може мојата маленкост во тој правец да помогне.

Би почнал од констатацијата на господинот Црвенковски дека му поставуваат многу прашања разни новинари, разни делегации, владини, невладини и други институции во светот, кој е најголемиот проблем во државата. Да не се мачи па да објаснува и да вложува многу енергија, напор, труд, секогаш би го советувал, нормално ако го прифати тој совет, дека најголемиот проблем е бедата. Со еден збор, најкратко, бедата 12 години се создаваше. Таа растеше, бујаше, се развиваше. Во создавањето на таа беда не може да се каже дека не учествуваме сите, но најголема одговорност имаат оние кои практично ја водеа државата. Дека е тоа најголемото зло кое практично се создаде во државата и најголемата вина наша тука во Македонија некој има поголема, некој помала, меѓутоа, во создавањето на таа беда не може да се изземе меѓународната заедница. Тоа што овој пат

меѓународната заедница не се мешала во составувањето на Владата јас & изразувам голема доверба, но не им верувам.

Спрема тоа, ако е основата на сето бедата, тогаш таму треба да се насочат сите напори на разрешување на тој проблем, а тој проблем практично ја разори државата. Не можеме ние тој проблем да го решиме само еднострано, само политички, тој проблем е многу широк, тој проблем е многу голем. Мислам дека многу нешто Црвенковски рече дека ќе се изгради стратегија за решавање на тие проблеми. Ние имаме стратегија. Неколку стратегии правевме, па во едната учествуваше и МАНУ. Нам не ни недостасува стратегија, нам ни недостасува волја за разрешување на тие проблеми.

Мислам дека јасно и отворено треба да кажеме кои се проблемите и како треба да ги разрешуваме. Веднаш да кажам на кој начин, кои форми, кои методи, кои средства ќе употребиме. Јас сум сериозно загрижен за состојбите во државата, за моето семејство и за самиот себеси, за моите луѓе и моите гласачи. Тие состојби се длабоки, широки и тешки. Ако е тој проблем сиромаштијата и бедата, јас се согласувам дека е така што е следено со голема корупција, со сите негативни и други појави, тогаш ние состојбите не ги решаваме што ќе вовлечеме во Владата овој или оној субјект, овој или оној што добил некаква квази поддршка од електоратот, туку со елиминирање на таа појава. До сега имавме, а и сега албанскиот чинител и албанските партии непрекинато беа присутни во Владата и во онаа од 1994 и онаа од 1998 и во онаа од 1992 година, а ние и понатаму имавме голем проблем на планот на стабилноста на државата. Со тоа што сега имаме нов субјект во Владата кој беше носител на една воена акција во Македонија, тоа не значи дека проблемите ќе ги решиме на политички, безбедносен и на било кој план. Ако и понатаму остане присутна бедата и сиромаштијата во Македонија, ќе се јават нови момчиња, нови дечки кои Ќе кажат кај кој народ кој живее бедно од било која националност ќе каже дека за нивните тешки состојби причина е македонскиот народ, македонската Влада, македонскиот фактор и дека тие се обесправени, дека немаат права, слободи, а тие тоа ќе го кажат за да утре тие дојдат на власта и тие учествуваат во поделбата на власта. Затоа што власта носи големи привилегии, затоа што власта е примамлива, затоа што низ власта се создава голема материјална корист. Спрема тоа, ние на тој начин што ќе внесеме оваа, онаа партија во коалиција, не го решаваме проблемот, туку проблемот се решава со отстранувањето на таа беда и со подигање на стандардот и животот во државата.

Како може тоа да се направи? Може да се направи само врз економскиот развој на државата. Тој економски развој заостанува 12 години. Ние имаме непрекината стагнација по сите елементи на економијата во државата и инвестиционата политика и продуктивноста и економичноста и веќе дојдовме до крај. Ако сака светот, Европа, меѓународната заедница и ние да излеземе од овој кошмар, тоа не прв пат го зборувам, тоа можеме да го направиме само низ еден широк, јасен, снажен инвестиционен циклус во државата.

Целокупната економска стабилност до сега особено по стабилниот курс на денарот само го остварувавме низ една рестриктивно кредитно - монетарна политика која ги даде ефектите во еден временски период, меѓутоа, таа практично ја уништи економијата без присуство на една поснажна развојна инвестициона политика.

Ако е тоа главнио проблем, а тоа е главниот проблем постојат и други проблеми за кои сакам да зборувам, тогаш ударната игла и ударниот елемент треба да биде во тој правец и во тој правец, јас уште во 1996 година барав да постигнеме консензус, договор по кои битни прашања треба да се договориме и на што практично треба да постигнеме договор да не се менува било која Влада да дојде и било кој да управува со државата. Тоа мое барање и тие мои настојувања инститирам и денеска да ги договориме позицијата и опозицијата тоа е крвотокот, тоа е животот во државата.

Ние сите правевме програми, предизборни програми, сега одеднаш тие програми како да ги заборавамe и зборуваме за едни нови стратегии. Ако останеме само на тоа да правиме стратегии, а да не ги спроведуваме и тие што сме ги правеле, практично остануваме да живееме во кошмарот, а во кошмарот живееме веќе 12 години, сега повеќе не може ни во него да се живее. Состојбите се драматични и тешки, спремас тоа, мора да имаме одговор како ќе ја рестартираме постојната индустрија, таков одговор немаме. Како ќе ја обновиме уништената индустрија, нема таков одговор. Како ќе го решиме прашањето на вработувањето врз која врста на развој, во кои правци, немаме таков одговор.

Овде беше кажано дека ќе се напушти концептот на трудово интензивната индустрија, ќе се помине на пропулзивна, високо рентабилна индустрија на која, како, на кој начин, со кои вредности и средства. Мислам дека ние сеуште живееме во илузии, сеуште немаме концепти, сеуште градиме стратегија, а времето лета, времето тече, ние заостануваме зад времето.

Втора работа на која сакам да укажам, а не беше спомната во експозето, тоа е како да го вратиме легитимитетот на институциите во државата. ако институциите во државата и понатаму се партицизираат, ако државата и понатаму се прави партиска, тогаш во државата ќе има големи поделби како и сега што има. На кој начин тоа треба да се направи е прашање кое требаше овде да се каже. Тие институции мора да бидат непартиски, тоа е војската, тоа е полицијата, партијата завршува со министерот, со заменикот и понатаму доаѓа професионализмот потполно до израз. Како тој дел ќе го заштитиме, како тој дел ќе го исчистиме од огромното влијание на партијата. Тука нема одговор. Дали е доволно само декларативно околу тоа да се изјасниме, а да си продолжиме со старата практика или практично сакаме тоа да се спроведе во животот. Јас мислам дека повторно остануваме на декларативни определби. Нема практични решенија, не се нудат практични решенија.

Во една таква ситуација еден дел од граѓаните не им веруваат на институциите. Јас спомнав две, ќе спомнам уште една трета, тоа е третата власт, судската институција. Непрекинато таа се партицизира и во она друго време и во ова време. Тука не видов и не слушнав, а Владата е таа која треба тоа да го предложи како таа институција да биде потполно самостојна, како да обезбедиме судови, судии, судство кое ќе суди и работи по Уставот, законите и тн. Како судиите да ги ослободиме од страв дека ќе бидат менувани, шиканирани и тн.

Низ кои форми, низ кои методи, низ кои средства едно од битните средства е судовите да се финансираат од посебен буџет кој ќе се полни по посебна методологија.

Втора работа е што судиите мора да бидат наградени и да имаат такви лични примања кои им обезбедуваат нормален живот да не бидат подвргнувани на поткуп, корупција и тн.

Трета работа е како ќе ги бираме судиите, кој ќе ги предлага судиите. Кога може еден судија да се разреши. Има решенија, светот го има направено тоа и во тој дел треба светот да го копираме. Таа институција да израсне во институција на сите граѓани, а не во институција на партии кои се на власт или во институција само на една националност или нација. Тогаш можеме да зборуваме за правна држава, тогаш можеме да зборуваме дека имаме три власти во државата. Но кога зборуваме за три власти, тука мораме да се сместиме и ние како Парламент. Дали и на кој начин овде ќе се размислува слободно, па и тој што е во опозицијата, и таа партија и тие пратеници да можат да станат овде и отворено да се спротивставаат на

законите и предлозите кои не се од интерес за државата. Од деведесеттите години наваму тоа не го имаме. Имавме тук таму некои слободни стрелци, меѓу кои бев и јас, кои го искажуваа своето мислење и не се држеа до строга партиска дисциплина. Ако овој Парламент практично работи под диктат на Владата, практично и не треба Парламент. Според тоа, мора и тој проблем да се има предвид, а очекував во експозето тука да се каже како да се оспособи овој Парламент да функционира како другите парламенти во светот.

Трета работа, ја прифаќам најавената борба против корупцијата и организираниот криминал, шверцот на дрога и на оружје и др, и борба против мафиите во Македонија, и македонска и албанска, ама за тоа не треба стратегија. За тоа треба да се направи независна институција во државата. Тоа може ако се сака да се направи за месец дена и таа институција да се направи од независни личности, непроменливи личности, што нема да одговара ни на Владата, ни на Парламентот, туку која ќе одговара на невладини институции кои ќе бидат пополнети со независни личности и тогаш сите поддеднакво сме изложени на борбата против криминалот, и пратениците тука и министрите, и замениците министри и помошниците и сите други.

Според тоа, ако сакаме дами и господа, ај да не ве викам другари и другарки, гледам се муртите, ако сакаме ние да ставиме крај на тоа зло а тоа е огромно зло, кое практично ја руши државата, тоа можеме да го направиме многу брзо. Многу јасно треба да биде определбата во тој поглед.

Тука денес прочитав изјава од еден еминентен економист дека 10% корупцијата и криминалот го намалува бруто домашниот производ но јас мислам многу повеќе. Зошто е сега борбата да се дојде на власт, зошто е борбата да се земат министерства.Зошто е борбата сега некој да контролира комплетно едно министерство? Борбата е пак да може да се организира тој криминал на тие нивоа. Тука ништо не може да направи премиерот, ако тој се декларира така. Неможе сам затоа што ќе биде уценуван, затоа што веќе е во таквите раце. А таа битка не произлегува од некои идеолошки потреби, туку произлегува од големите привилегии и можности за лично богатење. Никој не се бори на пример со Министерството за наука и култура или за екологија, а тоа се многу важни министерства. Па гледате вие науката колку е исполнета со мистерии што треба да се разобличуваат и откриваат. Еве двајца научници, еден американец и еден јапонец се прославија, зошто да не е тоа некој македонец и открија дека оваа светлина од сонцето не е таква каква што ние ја замислувавме, туку таму практично се ослободуваат некои неутронини, со

милијарди честици  тие доаѓаат и ја носат таа светлина. Тоа е најпримамливо, зошто не се бори тука некој тоа министерство да го лапне, или она за еклологија. Зошто толку го потценуваат, а се заканува опасност на земјата, воопшто Земјата како Земја и гледате какви дупки се појавија тука над Антартикот. Тука може да се прослави и министер и секој, нема камен таму, нема пари. Зошто бегаме од тоа работите да ги кажеме со вистинското име и презиме. Не може и овој  човек (покажува на господинот  Бранко Црвенковски) и кој друг да дојде, без да се формираат независни институции, не може крај да се стави на ова. Тука се решенијата на сите проблеми во тој правец.

Друга една работа, која не беше кажана тука, а за која јас мислам дека требаше да се каже затоа што ние поминавме низ тој процес, тоа е денацификацијата. Сега ќе речете што е тоа. Тоа е оној процес низ кој поминува Германија веќе 50 години. Од оној господин Аденауер, кој три-четири пати беше премиер, потоа Ерхард, па Вили Брант кој клекна во Варшава и варшавското гето и се извини  на полјаците, евреите и на целиот свет за злосторствата кои ги направија поединци од германската нација, па подоцна  Шмит, Кол, Шредер и тн. Јас очекував тоа да го направи денес и другарот Бранко Црвенковски, од причини да не се прикриваат луѓето зад колективната одговорност, туку да се лоцираат тие што се одговорни за безбедносните состојби во Македонија за големите злосторства, за егзодусот, за големите жртви, материјални загуби и тн. Ако тоа може да го прави 50 години германската нација и германскиот народ и нивните премиери, ние тоа мораме да го направиме овде во името на цивилизацијата, опстанокот на човештвото, културата и нашиот живот, безбедноста и сигурноста во иднина. Ако тоа денес не се направи на оваа говорница, треба набрзо да се направи и на оваа говроница и  во разни интервјуа и ние да не бегаме од тоа да зборуваме отворено за проблемите било каде и било од кого да потекнуваат. Само со расчистувањето на тие проблеми и со моралната и духовната сатисфакција, само на тој начин можеме да дојдеме до вистинската состојба не со тоа што ќе правиме вакви или онакви здружувања, спојувања, туку низ една ваква диференцијација, како што порано ги викаа нашите комунисти на кои и јас едно време им припаѓав да се издиференцираме кој за што сме, и каде сме и како сме.

Месиќ пред повеќе години изјави: јас дојдов во Претседателството  на Југославија  за да ја растурам Југославија, својата задача јас ја направив.Ние мораме да имаме морални чистини кога се здружуваме, ние мораме сами себе да се очистиме од работите и проблемите што ги правевме. Бегањето од тоа за тоа да

зборуваме отворено од сите, без оглед кој каде се наоѓа, ние практично ги задскриваме работите и создаваме можности тие повторно да се раѓаат. Инаку, испаѓа дека ние зад светот, зад Европа, зад развиениот свет доцниме само на економски план на развојот на демократските процеси. Еве, каскаме и во клонирање на овци, кози, свињи и тн., на тој научен план, а дека страотно сме отишле напред, дека сме ние влезени во постмодерно политичко доба, до таа мерка сме отидени напред што практично ги заораваме сите наши меѓусебни појави, негативности, злосторства, непријателства и тн. А тоа е политика на многу кратки стази, многу кратки патишта. Не е тука некој да го навредуваме или некој да го ставаме на пиедесталот на срамот, ама тука поимот е многу поширок и многу подлабок. И тој не зафаќа само една етничка заедница. Според тоа, ние мораме да имаме храброст за тоа отворено да зборуваме тука. Не можеме да изнаоѓаме форми и методи да ги оправдуваме работите. Тоа секој пат може да се прави, ама не може да се прикрие вистината и злосторствата, и резулатите од тие злосторства. Колку и да се настојува да се изнајде форма, метод и начин, тоа може само тој што го прави тоа да мисли дека нашол. Инаку, овој народ не е малоумен. На него му се јасни работите и тешко некој да го доведе во таква состојба да верува.

Од тие причини мислам дека таа дерацификација мора да биде присутна не само тука во Парламентот, туку и во медиумите, во средствата за јавно информирање,ние самите себе да се очистуваме и да не бегаме од тоа, да не додаваме ништо повеќе и да не одземаме ништо помалку, туку право, јасно и конкретно работите да ги поставиме.

Добро е тоа што се прави обид тука да се каже дека ќе се решаваат економските проблеми. Ама за тоа зборуваме 12 години. Овде треба конкретно да се каже како ние ќе ги решиме проблемите во земјоделството, овде недостасуваше тоа во експозето, со какви средства, што ќе развиваме во тој дел, кои се нашите приоритети таму, во кој правец ќе ги вложуваме средствата, од каде ќе обезбедиме средства, од домашна акумулација, дополнителна странска акумулација, како и на кој начин ќе се обезбеди таа дополнителна акумулација.

Во спрега со тоа очекував лично од идниот премиер, да не кажам премиер бидејќи сеуште не е избран, да каже што мисли со јавните претпријатија. Ќе ги приватизира, нема да ги приватизира, ако ги прватизира, зошто, ако не ги приватизира, тогаш да каже зошто не ги приватизира. Јас сум поборник да не се приватизираат, дека тоа е национално богатство и тоа треба да остане во државата. Тоа национално богатство да може да биде гарант утре за наши задолжувања

надвор, ама тоа треба да се каже јасно и отворено. Јас знам дека во коалицијата "За Македонија заедно" има луѓе кои беа за приватизација на јавните претпријатија и ние заеднички ги спречивме тие луѓе.

. Морам да кажам дека заеднички дејствувавме дека тоа не е добро. Меѓутоа, нас ни треба сега јасна определба на Владата и политиката на Владата во тој поглед. Инаку, вака, ако се продолжи, па ние се ќе продадеме на странците и еден ден ќе треба да го продаваме и воздухот. Тие ќе го загадат до таа мера што ќе ни даваат воздух низ боци, за да преживуваме. Што мислите нема да се случи тоа? Ако вака продолжиме, на тој пат сме. Еве, има еден мој пријател кој слатко се смее. На тој пат сме. Што ќе задржиме ние како национално богатство. Што ќе имаме ние утре сопственост како на државата. Тоа, се надевам, во некоја друга прилика господинот Црвенковски ќе се изјасни. Мојот став е тој, националните добра да не се приватизираат.

Бидејќи, доста зборував, сакам да завршам со следното. Ние и досега имавме убави реферати, убави експозеа. Се сеќавам во 1998 година станав на оваа говорница кога поднесе Љубчо Георгиевски експозе, тогаш му реков дека исто вакво експозе Бранко поднесуваше. Па, тој ми се налути. И, неговото беше прекрасно експозе во 1998 година. Сега, и ова е прекрасно експозе од 2002 година. Дали се слагаш, нели? ( му се обраќа на г-динот Црвенковски). Меѓутоа, проблемот е што ќе се спроведе од тоа, што практично ќе се реализира. Ние имаме извонренди документи. Дали има сили оваа Влада , вака шаролика, ваков конгломерат, дали има сили тоа да се спроведе. Дали има во Владата квалитет штпо тоа ќе го спроведе. Дали можеше Бранко да избере тим или тој тим му се наметна. Сега, пак ќе повторам, ми ја олесни работата и право да ви кажам се чувствувам среќен кога рече дека Меѓународната заедница не се мешала. Тогаш, практично, одговорноста паѓа на премиерот, тој тоа си го одбрал. (Реакција од пратениците говорникот да зборува погласно). Не можам погласно, потребно е да се зајакне звукот на микрофоните. и јас сум удавен веќе и неможам да викам, од сите страни се претиска. Сега, ние сме тука сите професионализирани. И, со тоа ќе завршам, јас после 40 години сум професионален политичар.Како и секој, научен сум така еве близу 40 години на дисциплина и тоа работна. Седум часа на работа, а во 14 часот фајрон. Се зачленив во синдикатите, ама сега се покајав. Синдикатите станале еднопартиски. Па, ве повикувам да направиме синдикат на пратеници. Како што не стегна претседателот, ние мораме да ги штитиме и своите права. Јас верувам дека оваа идеја ќе ја прифатите и не ви се нудам за претседател на синдикат, ама

бидејќи сме испрофесионализирани и професионално да се однесуваме. А, еве, колку е време веќе ние работиме прекувремено. Благодарам. Во секоја шала има голема вистина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г-дине Иванов. Што се однесува укажувањето до мене немојте да се грижите ќе имамм предвид на армираниот ст атус на вашиот ....парламент од 4 години/

Сега, за збор се јави Бонева Силвана.

Повелете, само пред да ви дадам збор известен сум, а и веќе гледам на бисплејот голем број на пратеници се пријавени , а има пријавено и координатори и аменици координатори и ако некој од нив сака да настапи во името на пратеничката група, Ве молам затоа да не известите.

Значи од координаторите се јавија г-динот Спасов и г-динот Буџаку.

Добро, тогаш само Бонева, бидејќи ја прозвавме да земе збор и потоа ќе одам по редот на пријавените координатори по оној договор по кој го утврдивме. Повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам.

Ваше блаженство, екселенции, дами и господа пратеници,

неодамна со внимание ги слушав изјавите на г-динот Црвенковски во кој што тој ветува чесност и одговорност дека ќе бидат добри, дека нема да крадат, нема да бидат насилници, ниту пак узурпатори од аспект на компетенции и професионализам, а исто така, и ветување дека нема да злоупотребуваат, па дури и дека нема да јадат на државна сметка.

Лошото владеење на Црвенкмовски до 1998 година, било резултат на виртуалниот свет креиран од 30 луѓе околу него, кои го хранеле со информации, при што тој изгубил контакт со реалноста и дека сега нема да дозволи да се случи тоа. Овие изјави мене ми наликуваат на римејк, на старт пожолтен црнобел филм што одамна го имаме гледано со наслов Тито е добар, но нечинат титовчињата. Не се битни ниту Тито, ниту титовчињата, туку како заврши овој црнобел филм. Сите добро знаеме каква беше разврската, крвава за државата.

Понатаму, не е прв пат од г-динот Црвенковски да слушаме дека нема да се соблазнуваат од власта и дека ќе се борат против криминалот и корупцијата, кои во нивно време се втемелија и доживееја процвет. Сите се сеќаваме на неговото експозе овде кога кажа дека во борбата со октоподот нема ниту СДСМ, ниту свети

СДСМ. Оваа антикорупциска платформа започна и заврши на самата седница. Дали само затоа што продавање на тоа чиста демагогија или пак ако била чесна намерата, тогаш не биле способни да се справат со тоа. Тогаш, како да веруваме дека сега ќе се справат со корупцијата. Белким г-дин Црвенковски, вистински Ќе се зафати со борба против криминалот и корупцијата втемелени во неговите мандати. Белким, немам повторно да живее во толку виртуален свет, да гледа во оображени народни непријатели во лицето на своите неистомисленици. Белким, нема повеќе да се плаши од спроведување на реформи и влез на странски капитал во Македонија, за да не загуби Македонија драгоцени години додека е тој на власт. Белки, немам да продолжи со политиката која ја практикуваше кон соседите, а која беше продолжение од времето на титоизмот постојано да имате д ежурерн непријател, надворешен непријател, правејќи од пријателите непријатели, наместо постепено да се враќа довербата на соседите.

Не можам да в ерувам дека Владата на г-динот Црвенковски ќе придонесе да се развие демократиката во Македонија, за што сеуште ни се свежи сеќавањата за спроведување на пендрек демократијата во Куклиш, Радовиш, Ѓорче Петров, измислувањето на домашни народни непријатели во лицето на македонските автори со демократски вистинољубив светоглед, кои само мислеа поинаку од нив.

А,најсвежо за сите нас е сеќавањето на савењето на победата на коалицијата За, кога буквално се спроведуваше терор по улиците. Тоа ми дава за право да се сомневам во нивните демократски методи на спроведување на власта.

Не можам да верувам дека Владата на г-динот Црвенковски ќе ја развива културата и ќе го заштитува културното наследство, како што стои во програмата, бидејќи за време на нивното владеење Македонија беше затворена земја, во која што не беше направено речиси ништо за афирмација на македонската култура. Со истиот однос тие продолжија и кога беа опозиција, дури и на народните собири на кои народот го славеше подигањето на споменици, цркви или ги одбележуваше славните денови од минатото, г-динот Црвенковски, неговата партија искажуваа тотален бојкот. Како може тогаш да веруваме дека од сега ќе мислат и ќе прават поинаку.

Коалилцијата за Македонија заедно за време на изборната кампања, кога беше во фазата на ветување, меѓу другото ветуваа и подобар живот на земјоделците, подобри услови за работа, помош од државата и грижа за државниот неприватизиран капитал.

Во програмата која ни ја нуди новата коалициона Влада нема ниту збор за земјоделието и за надминување на последиците од неповолните временски неприлики во земјоделското производство. Ако оваа власт не интервенира навреме, само во струмичко ќе пропаднат 8500 декари лозови насади, а пак да не зборуваме за другите култури. Значи, под итно треба да интервенира новата Влада.Бидејќи сега е последен момент да се извршат агротехничките мерки за следниот вегетациски период. Освен, ако новата Влада намерно не сака да и помогне на земјоделците, за да си немаат проблем со хиперпродукцијата и големото производство со барање на пазари, како што тоа го имаше претходната власт.

Преку драматизирањето на проблемите со загубарите за време на изборите, коалицијата за остави впечаток дека тоа за нив е најприоритетен проблем, а сега не се споменува ништо во програмата за загубарите. Само од печатот можевме да прочитаме дека премиерот после три месеци ќе се занимава со овој проблем. Таквото поведение е еднакво исто како на давеник што се дави дека ќе му подадеш рака после три месеци.

А, пак, за тоа колку господинот Црвенковски и неговата партија се доследни и истрајни во реализација на кажаното, ќе кажам само неколку примери.

Господинот Црвенковски беше најголем противник за давање на поголеми права на албанците и на заложбата на претходната власт за воведување трет канал на МТВ, за Универзитетот во Тетово, за законот за Локална самоуправа. А, сега, пак е најголем поборник за правата на албанците во Македонија. Тој ја обвинуваше претходната власт, а всушност тој со таквите постапки помагаше во креирањето на таа војна и сега се јавува како божемен спасител од последиците на таа војна.

Повторно за доследноста. За време на изборите одрекуваа коалилција со Алија ахмети, за да само неколку дена по изборите ја направат коалицијата. Господинот Бучковски за Македонија денес од 26 08. изјави дека нема да има коалиција со Ахмети. Истото го направи и г-динот Трифун Костовски. Во функицја на измама и манипулација со сопственото гласачко тело и со македонскиот народ, го вклучија и г-динот Киро Глигоров, кој за интервјуто во Утрински весник од 11 септември на прашањето за коалицирањето на СДСМ со Ахмети вели дека тоа е измислица на ВМРО-ДПМНЕ и дека Црвенковски повеќе пати кажа дека нема да коалицира со Ахмети. Факт е дека во СДСМ нема расположение за некаков Сојуз или коалиција со Ахмети. Знаат тие како народот гледа на тоа по сите убиства, грабежи и палжи и покрај амнестијата нашите луѓе не можат да прифатат дека по 70-мината

убиени, повеќето киднапирани, нештата треба да се одвиваат како ништо да не било. Тоа е цитатот од Утрински весник.

Токму тоа денес се случува почитувани пратенкици. Во Македонија денес нема терористи но затоа пак деца ни гинат на кошаркарски игралишта, а не е безбедно од куршуми ни одењето по улиците.

Згрозувачко е тоа што никој од политичкото крило на ДУИ не го осуди јавно злостсорството, злосторничкото убиство на Ванчо Јосифовски, туку прекутно го оправда и поддржа овој подмолен, кукавички чин, кој не е ништо друго туку колективна крвна одмазда од страна на припадници на една етничка заедница кон било кого од другата етничка заедница. Бидејќи станува збор за колективна крвна одмазда, припадниците на таа заедница, во случајпов албанската, имаат должност да учествуваат во откривањето на зџлосторниците. Секоја етничка заедница сноси одговорност за злосторствата направени под нивни поединци во името на заедницата и треба јавно да се оградат од тоа.

Прв гест на добра волја и израз на желбса на заедничко живеење на новата Влада, посебно од членовите на Владата од ДУИ, треба да биде пронаоѓањето на злосторниците и во најскоро време нивно судење, согласно законите на РМ.

Тоа е гест без политичкик ризик, не подразбира голема политичка волја.

Со решавањето на ова злосторство ќе се делува и превентивно во иднина да не се штитат злосторници, а најважно од се во моментот е тоа што ќе се прекине спиралата на злото што незнаеме каде ќе заврши. На самоит крај од ова м ое излагање ќе кажам. На Македонија и е потребна Влада од реални политичари со разу,мни начела, кои ќе продолжат да ги спроведуваат реформите во севкупниот општствено економски и политички систем и ќе придонесат Македонија да се доизгради како демократска земја која ќе стане дел од европската заедница и Евроатлантскиот систем на безбедност. На Македонија и треба политичко единство кое ќе оствари преку силно изразена волја за совладување со реалните конфликти произлезени од историските конфликти.

Поранешниот германски канцелар г-динот Конрад Аденхауер: “политиката е следење на цели што човек си ги поставил пред себе си врз основа на погледот на светот кој го носи во себе”.

Понудената Влада од господинот Црвенковски е владата на амнестирани. Амнестирани од мнозинството гласачи на изборите и амнестирани од минатогодишната војна. Целите на Владините коалиционерни партнери треба да бидат подобрата иднина и просперитетот на сите граѓани во Репбулика Македонија.

Манифестацијата на насилна демократија во Македонија треба да престане. Меѓутоа, си го задржувам правото да бидам скептична во тоа, затоа што сум убедена дека оваа Влада повторно е во демагошки поход и не може да обезбеди подобра иднина за македонските граѓани и македонската држава. Дајбоже да грешам за доброто на Македонија и ви посакувам многу успех. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ за збор се јави Ѓорѓи Спасов. Повелете.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани гости.

Дозволете ми, најпрво, во име на пратеничката група на СДСМ да ја изразам целосно нашата подршка за програмата на новата Влада, за составот на новата Влада и за политиката изнесена во експозето на мандаторот Бранко Црвенковски. Но, пред да ги изнесам во куси црти зошто и даваме поддршка на оваа Влада и на нејзината програма, затоа што сметам дека секој кој што има што да каже, она што може да го каже во 5 до 10 минути е доволно, наместо да троши многу часови за образложение. Дозволете ми само да ја разбијам траурната атмосвера на оваа седница која што сакаат да ја создадат пратениците на пратеничката група од ВМРО ДПМНЕ и од другите политички партии, кои што ги изгубија изборите. Нашиот народ вели тој што губи има право да се лути. Е, ние тоа целосно го разбирме. Целосно разбирме зошто пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ денеска не може ниту да го признае поразот, ниту да и даде поддршка на оваа Влада, ниту да се согласи со нејзиниот состав, ниту пак да ги поддржи ставовите од експозето на мандаторот Бранко Црвенковски.

Меѓутоа, она што дополнително не може да се разбере, тоа е несомнено манифестирањето на еден вид амнезија и едно убедување речиси, кои што се обидуваат сега да го манифестираат нон стоп на оваа седница, што говори за тоа дека тие всушност не сакаат дури ни да се сетат дека тие беа власт во Македонија во изминатите четири години и дека жртвите чии што имиња сега овде ги читаат, се случија во времето на власта на ВМРО ДПМНЕ, кога Љубчо Георгиевски беше премиер на Владата на РМ. Кога тој ја имаше целосната одговорност и сите инструменти за сето тоа да не се случи на ВМРО-ДПМНЕ. Не само што заборавaат дека беа на власт 4 години, туку истовремено сега во овој момент со помош на таа

амнезија сакаат да кажат дека всушност тие и не го потпишале можеби Рамковниот договор. Дека тие додека беа на власт можеби не го потпишаа ниту Законот за амнестија. Дека тие додека беа на власт, всушност, не беа тие што дозволија да се регистрира најлегално според законите на оваа држава партијата Демократска партија за интеграција на Албанците во Македонија. Дека токму тие беа тие што не се обидеа ниту да се бунат ниту да спречат, таквата политичка партија со таквата политичка програма  да учествува легално на изборите и да ја добие поддршката од граѓанитем во РМ. Сега, одеднаш нешто ним им пречи. Што им пречи? По се изгледа дека им пречи резултатот. Им пречи резултатот, затоа што можеби тие не очекуваа дека тн., нивни албанци, да простете, ќе ја добијат изборната битка и дека всушност ќе можат во Македонија да воведуваат режим кој што потсетува на оние режими во кој што беа добредојдени во власта само тн., чесни албанци од типот на Сејдо Варамовиќ, Рахман Морина и која што политика доведе до онаа трагедија што ја гледавме на Косово.

Почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ дозволете денеска кога го бираме новиот состав на Владата и кога разговараме за програмата на таа влада само да ве потсетам на некои работи кои вие не треба да ги заборавите, дека бевте 4 години на валст во Македонија и дека за сето она што се случуваше во Македонија токму вие сносите најголем дел од вината и дека не е потребно сега да правите траумна атмосфера во која што сите нас не обвинувате за сите непријатни работи и за сите трагедии што и се случија на Македонија во периодот додека вие бевте на власт.

Една многу интересна теза денеска слушнавме од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, која што е всушност сосема компатабилна со сите конспиративни теории кои што сите овие денови ни ги пласираше од премиерот па да бившиот министер на полицијата, Бошковски. Од тоа дека целата Меѓународна заедница работи против Македонија и сите работат на разбитувањето на Македонија денеска всушност слушнавме една теза дека ВМРО-ДПМНЕ ја изгуби власта затоа што била организирана револуција, тенгирана војна за соборување на власта која што ја воделе СДСМ и претпоставувам партијата за Демократска интеграција. Тоа е последната теза и да не била таа тенгирана војна и револуција против легалната власт на ВМРО-ДПМНЕ тие ќе си останеа на власт следните 100 години. За жал почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ морам да ви кажам дека вие може и понатаму да живеете во илузија. Илузија со која што самите себе ќе се убедувате. Дека вие всушност ја изгубиврте власта затоа што бевте многу добри, затоа што бевте многу големи патриоти, затоа што бевте многу мирожубиви, затоа што бевте големи

реформатори, затоа што бевте носители на реформите, затоа што бевте многу чесни и затоа што таквите поволни реформи, и таквото реформаторство и таквиот патриотизам не знаеле доволно да ги ценат избирачите во РМ. Тие всушност биле заведени од опозицијата и на терани да гласаат така како што гласаа на овие избори.

За жал вистината е многу поедноставна. Некогаш некој од вас,како што гледам деновиве по весниците ќе се сетат дека изборите не се изгубија ниту заради нереализираните ветувања од ваша страна и милијардите долари кои што заедно со вашиот коалиционен партнер ги предлагавте на минатите избори , туку ги изгубивте затоа што луѓето видоа дека постои аздисаност на власт. Дека постои еден лажен патриотизам . Дека постојат каубојски методи на луѓе кои што првпат се нашле во некаква полициска реформа. Дека постои една неумереност и една аздисаност која што доведе до тоа да дури партиските амблеми ги лепите на специјалнит единици во Македонија. Дека постоеше невидена корупција во Македонија и дека народот виде дека на една страна додека вие  ги фалсификувавте изборите и сето тоа го прогласувате за успех на ВМРО-ДПМНЕ дека постојано опаѓа вашата популарност во народ. И на крајот додека на една страна народот осиромаштуваШе вие на другата страна организиравте скапи балови со бесни гардероби и бесни шапки. Сето она што народот го виде, виде дека всушност вие не заслужувате повеќе да бидете на власт во Македонија. Не ве собори вас ниту некаква револуција, револуција против власта во Македонија. Ниту ја изгубивте власта заради тоа што бевте големи реформатори и големи патриоти. Народот е сепак најнепоткупливата категорија во сите земји во светот и тој знае точно да процени и што да процени.

Меѓутоа, она што сега нам ни се случува, тоа е што ВМРО-ДПМНЕ преку неговите пароли заедно со неговите коалициони партнери јавно излегува и вели дека тие всушност немаат никаква забелешка ниту на Бранко Црвенковски, ниту на СДСМ, ниту на програмата за Владата која што е дадена на денешната седница, туку единствената нивна забелешка заради која што тие нема да гласаат за оваа влада е тоа што коалиционионен партнер на новата влада е Демократската унија за интеграција. Односно дека доколку ДУИ не би била коалиционен партнер на Владата тогаш тие се подготвени да подржат се во оваа Влада и

друго дека три години, најмалку три години тие намало да и пречат во функционирањето на оваа власт. Поинаку, како што денеска имаме слушнато тие всушност веќе чувствуваат дека имаат некакви инструменти за тоа што се еден од потписниците на Рамковниот договор, понатаму да учествуваат во неговото

подржување и најверојатно ќе размислат како ќе се однесуваат во врска со градењето на мирот и во врска со градењето на институциите во земјата.

Ете тука ние многу се разликуваме. За разлика од вашата политика која што всушност е политика н аполитичка изолација, ние сакаме да направиме влада која ќе биде влада на политичка интеграција, за разлика од вашата политика која што е политика да се создаде политика на влада за војна ние сакаме да направиме влада за траен мир во Македонија. За разлика од вашата политика која што сака да создаде влада која што всушност ќе ја поништи волјата на избирачите ние сакаме во Македонија да имаме влада која што ќе ја почитува волјата на избирачите во РМ.

Вие имавте доволно можност во време на изборната кампања да говорите што се им замерувате на политичките партии што се натпреваруваат во избирачката битка. Можевте да ги употребувате вашите закани, можевте да ги употребувате вашите лаги преку телевизиите што ви стоеја на распоалгање, можевте д аги употребувате сите трикови за да ви се поверува во она што вие сакавте и она што го манифестиравте како лажен патриотизам и квази патриотизам. За жал изборните резултати токму во изборната единица 6 покажаа дека од 20 можни места народот ви дозволи да имате само едно единствено место, а тоа се резултатите. Таа политика на квазипатриотизам , таа политика на закани и таа политика на поттикнување на нерпијателството и ширење на омраза во Македонија е поразена. Оттаму таа политика нема шанса да ни се наметне сега низ нудењето на некакви други решенија и некаков краен мир во Македонија само со почитувањето на некои принципи.

Јас сакам да ви кажам дека Македонија навистина има потреба од национално помирување и национално единство. Има потреба од помирување меѓу макеоднците и македонците. Има потреба од помирување меѓу албанците и албанците. Има потреба од помирување меѓу албанците и македонците. Политиката за национално помирување не бар аод никого да го заборави минатото, ниту пак подразбира изедначување на жртвите и на злочинците. Но, подразбира ког аоколу тоа постојат недоразбирања правдата да им биде препуштена на институциите за кои сите граѓани на РМ, па и пошироко ќе ги сметаат за политички и етнички непристрасни. Таа политика подразбира вложување на постојани обиди за градење на национално единство врз здрави темели и заради остварување на јасни цели.

Програмата на оваа влада е поставена на такви темели и во неја се зацртани такви цели. Парламентарната група на СДСМ ќе ја подржи оваа влада затоа што

верува дека ќе биде способна да ги оствари трите национални стратегии за кои говоревме за време на изборната кампања.

Националната стратегија за враќање на мирот во земјата и за безбедноста на секој граѓанин на територијата на РМ.

Националната стратегија за спречување на корупцијата и оргаизираниот криминал во оваа земја и

националната стратегија за зголемување на вработеноста и за радикално намалување на сиромаштијата.

Ова ќе го направиме на многу поразлични начини од оние кои што се обидуваше да го прави владата на Љубчо Георгиевски.

Дозволете ми, независно од тоа што на вас ви е поделен текстот од таа Програма за оние кои што не слушаат и гледаат на телевизиските екрани само да потсетам во што се состои разликата во тие национални стратегии.

Прво, ние велиме дека ќе обезбедиме долготраен мир во Македонија. Безбедност за секој граѓанин на секој дел од територијата на Макеоднија преку пред се градење на меѓуетничка доверба врз основа на почитување на јавно дадениот збор и почитување на потпишаните договори, принципите и вредностите на меѓународното право.

Донесување на преостанатите закони од Рамковниот договор во предвидените рокови.

Градење на атмосфера на взаемна солидарност и упатност во решавањето на заедничките проблеми на граѓаните и оставање на историските атавизми, конфликти и поделби и нетрпеливости за нас.

Спречување на секој вид насилство или притисок за етничко чистење и на поедини населби или делови на територијата на Македонија.

Создавање на услови за враќање на насилно раселените лица од нивните семејни огништа преку итна обнова на нивните домови и на економските капацитети уништени за време на минатогодишниот конфликт. Но, и преку изградба на нови економски капацитети и можности за вработување во етнички мешаните средини како услов за опстанок на луѓето во тие краишта и за спречување на иселувањето под притисок и на отсуство на надеж и на перспектива.

Разјаснување на судбината на киднапираните лица и на одговорноста за извршените киднапирања како и судбината на исчезнатите лица.

Спроведување на закон за одземање на оружјето кое илегално се поседува и водење на перманентна битка против нелегално поседување и против шверцот на оружје во земјата.

Доследно почитување на Законот за амнестија и законско регулирање на соработката на Македонија со Хашкиот трибунал.

Создавање на способни и професионално добро обучени и добро опремени безбедносни сили на Македонија кои ќе го одразуваат етничкиот состав на населението чија единствена цел ќе биде безбедноста на граѓаните на одбраната на земјата.

Водење на политика на сообразувања кон стандардите на опременост и оспособеност на безбедносните и обрамбените сили кон НАТО со подготвување на Македонија за полноправно членство во НАТО и во останатите системи на колективна безбедност.

Обезбедување на цивилна контрола на полициските и на одбрамбените сили и создавање на добри услови за живот, работ аи обука на полицајците и на припадниците на Армијата и градење и почитување на јасни критериуми за влегување, останување и унапредување во нивниот состав.

Градење на сојузништво со антитерористичката коалиција во светот и давање ефикасен придонес во борбата против глобалниот тероризам.

Само ќе ве потсетам, затоа што нашите граѓани особено ги интересира дека стратегијата за која што говоревме во време на изборната кампања за борба против корупцијата ќе се засновува на следното:

Градење на силна политичка волја и манифестирање посебно да се справиме со ова големо зло во државата чие што сузбивање е еден од основните предуслови за враќање на довербата на граѓаните во институциите на политичкиот систем. За привлеквуање на странски инвестиции, зголемвуање на стопанскиот раст и за намалување на вработеноста и сиромаштијата и т.н.

Но оваа политика на владата нема да се темели самов рз силата на политичките апртии штоја создаваат владината коалиција. Напротив ние гарантираме дека опозицијата нема никогаш повеќе во земјата да биде третирана како непријател кој треба да биде прислушкуван или треба да биде уништен. Таа ќе биде почитуван партнер во остварувањето на националнит еинтереси и наш осигурувач на грешки. Кога тој ќе избива заради краткиот спој или преоптовареноста на системот ќе погледнеме што се случува за да не изгори целата инсталација. Опозиционите партии ќе бидат нашиот партнер како што ќе бидат и синдикатите во

партнерството за одбрана на работничките права, како што ќе бидат невладините организации и медиумите во одбраната на граѓансата демократија и како што ќе бидат владините коалициони партии во одбрана на владината програма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Спасов.

Во име на Пратеничката група на ДУИ има збор координаторот Буџаку Агрон .

АГРОН БУЏАКУ:

Дозволете ми на почетокот да ве поздравам присутните во Парламентот, гостите и пратениците.

Сакам да кажам дека ДУИ е една партија која според сите работи денеска или подоцна ќе влезе во Владата, ќе коалицира со коалицијата За Македонија заедно. ДУИ се наоѓа тука, во овој Парламент бидејки ја доби довербата од албанскито електорат на РМ со мнозинство така како што победи коалицијата За Македонија заедно. Како што е редот во една демократска држава или подобро речено и една држава која навистина оди кон демокрацијата и која ги спроведува некои работи добри таа партија што го победи мнозинството ќе влезе во коалиција и со коалицијата која навистина ја победи мнозинството од макеоднското население тука во РМ. Тоа е еден природен процес. Со самиот број од пратениците коалицијата за макеоднија заедно ќе соработува би било добро да прави коалиција со една друга партија, како што беше и порано вообичаено со една албанска партија која има еден или седум пратеници. Меѓутоа јасно дека во овој момент, историски момент со потпишувањето на Рамковниот Охридски договор и кризата од минатата година само коалицијата која ќе ја вклучеше ДУИ ќе беше гаранција за стабилизација, мир и развој во оваа држава. Тоа го велам бидејки секогаш е веќе слушано дека во макеоднската територија дека секогаш е манипулирано со национализам и квазипатриотизам бидејки цело време е зборувано дека албанците бараат и т.н. Албанците нема ниту да бараат ниту да земаат нешто туку ќе имаат нешто во оваа држава и затоа токму е гаранција ДУИ и гаранција Охридскиот Рамковен договор. Охридскиот рамковен договор создава основа за една нова демократска држава, за една вистинска демократизација на Република Македонија почитувајки како прво демократските реформи , демократските стандарди каде што ги има еден цивилизиран свет. Меѓу овие норми се и правата на , човековите права правата на различните етнички групи што живеат во оваа држава.

Со интеграција на албанците во Македонија кои што ќе биде во иднина и затоа почитувајки го Рамковниот Охридски договор ќе се создаваат можности дека и

Македонија да се демократизира и да се интегрира во семејството на цивилизираните држави.

Сакам да кажам дека Охридскиот договор е навистина еден историски момент од друг аспект бидејки беше гарантирано од Меѓународната заедница и потпишан од 4 големи партии што беа во тој момент во РМ. Но овој договор колку и да е оспорен од двете страни тој е една единствена можност за развојот и напредокот и стабилноста на оваа држава. Во овој момент бидејки навистина жал ми е , не би било тоа културна каде шо ние пратениците од ВМРО значи излегоа надвор, можеби утре во весникот или во радио ќе слушаат мојот говор, сакам да кажам дека не е тоа тоа што некој не сака било подобро јас мислам да учествува ДУИ во преговори или во коалиција без ДУИ што значи дека приближно 70% од гласовите на албанците , тоа навистина се знае дека не може да има стабилност во Мкедонија. Не стои во тоа дека албанскиот електорат ќе го сакани на демократијата во РМ, меѓутоа без ДУИ, без учеството на 70% од албанците во Македонија не може да има едн апотполна стабилност и потполна рамноправност и не може данапредува оваа држава и некогаш да биде прифатена и примена во Евроатланските структури. Јасен е моментот дека наместо предлогот за исклучување на ДУИ некои кругови уште пишуваат или циркулираат во картата на национализмот и квазипатриотизмот и сакаат да ги исклучуваат и албанците од Македонија, да ги истераат без да ветат некоја друга опција, меѓутоа за среќа македонскито народ и албанците и македонците навистина покажаа една висока зрелост, политичка зрелост и ги разбраа историските текови за разлика од некои политичари кои или не сакаат да го разберат ова или не беа во состојба да го разберат тоа.

Народот му го даде мандатот, сакам да кажам албанската популација во Македонија и македонскиот народ убедливо го даде мандатот на “Коалицијата за Македонија заедно”, како една голема одговорност, а никако привилегија, како што сметаше владата до сега, како што сметаше досегашната власт. Мислиме дека треба да решаваме многу големи проблеми во оваа држава, проблеми што навистина се акумулирани не со години, туку со децении и токму затоа ќе пресуди народот.

Сакам да кажам дека ние излегуваме како една нова политижка опција во Република Македонија, опција што по дефиниција навистина не е копумпирана, туку е решена, храбро да ги спроведе програмските определби што навистина се програмски определби и на ДУИ. Главна определба е потполна имплементација на Рамковниот договор од Охрид што претставува основ за потполна рамноправност на

албанците во Република Македонија и тие да бидат вклучени во сите структури и да се најдат слободни во една држава каде ќе функционира законот. Тогаш ќе се чувствуваат како достоинствени граѓани на оваа држава, како и другите. Токму за ова, за среќа, наидовме во еден добар момент, на една добра политичка волја и во еден политички реализам кај “Колацијата за Македонија заедно”, што значи дека нашите партнери од коалицијата се решени и одлучни дека единствен пат за стабилизација на Македонија е создавање добри услови за економски развој и европска интеграција што ќе биде патот по кој ќе се коалицира со ДУИ, подобро да кажам со нашата партија во идната влада.

Со минување на времето нашите определби ќе ги спроведеме во пракса. Треба да се залагаме за борба против корупцијата и организираниот криминал за да се врати безбедноста во земјата, мирот на сите граѓани. Ова се нашите определби, основни определби и според нив се определуваме за една држава, што навистина ја почитуваме, нејзиниот територијален интегритет. Се слушаат разновидни обвинувања и навистина оваа говорница е употребена за историски лекции. Меѓутоа, треба да знаеме дека ние навистина сме ДУИ што од самиот наслов се подразбира дека ќе се соединат сите сили во Република Македонија, со кое, навистина, ги вклучува раководните структури на бившото УЧК кои беа за почитување на суверенитетот и интегритетот на оваа држава, сувереноста. ДУИ ги вклучува и добрите интелектуалци, жените и младите и силите на цивилното општество. Транзицијата од едно општество во друго е навистина болна, меѓутоа не стигнавме тука Македонија да ја вклучиме во демократските процеси.

Свесни сме за големата одговорност што ја имаме, за водење на оваа држава. Бараме помош од нашите гласачи да н# поддржуваат и понатаму, поддршка што навистина ќе се базира во нашите успеси натаму и се надевам дека ќе постигнеме и ќе побараме цивилното, граѓанското општество да се ангажира во борбата против корупцијата која ги опфаќа сите слоеви на општеството и мислам дека ќе се создадат услови за вклучување на граѓанското општество. Но, најважно е во текот на нашата кампања, предизборната кампања и пред тоа и после изборите никогаш не сме ветиле, како што е вообичаено да ветуваат политичарите дека ќе градиме и изградиме толку и толку куќи, ќе отвориме толку работни места.

Ветивме и ветуваме дека ќе работиме со голема ангажираност, како парламентарна група на ДУИ како и Парламентот во целина што навистина прв ќе денунцира било која корупција, во врска со некои сомневања каде што навистина ќе

се посомнева во тоа, било од страна на министрите, секогаш ќе реагираме со сите наши политички ветувања. Можеме да ветиме дека ќе можеме да ја вратиме сигурноста, безбедноста и мирот, за што ни е дадена и довербата од народот. Еден човек не смее и не може тоа да го направи, да ја врати сигурноста и безбедноста доколку ја нема поддршката од народот. Затоа, нашето залагање е заеднички да ги реализираме нашите определби во една заедничка држава каде што албанците ќе бидат рамноправни и каде што сите заедно, другите ентитети со македонскиот народ, ќе изградиме една добра иднина, подобра иднина за младите генерации. Тоа е навистина напорна работа, па затоа на почетокот ние бараме во овој момент од гласачите и од народот трпение и да имаат доверба во нас. Но бескрајна доверба и бескрајно трпение, како што беше пракса во другите демократски држави, ќе бидеме во еден тест од 100 денови, со денови да докажуваме дека сме за едно мултичко заедништво и ќе работиме на враќаме на довербата меѓу народите, дека навистина ќе градиме и ќе изградиме, ќе го зајакнеме граѓанското општество со што се пропагираат навистина демократски вредности, цивилизирани, западни. Не случајно со нашите определби, во ова ветување што го давам, се чувствуваме силни бидејќи ја имаме поддршката на населението што ние го претставуваме тука.

За тоа го имаме и политичкиот момент од коалицијата, дека, навистина само на овој начин може да се развива општеството или да се вклужи во европските интеграции. Со нашето целосно досегашно дејствување можам да кажам дека навистина бевме единствен инволвиран фактор во последните настани кои што се навистина, секој збор што се даваше тоа го одржуваше, значи знае да работи и токму заради ова, не само што н# поддржуваат туку н# оценуваат како добри. Навистина се свесни дека само со интеграција на албанците во оваа држава може да се стабилизира, што се знае и од теоријата и од практиката, навистина од етнижката група има 20%, а друга група која навистина е носител на сувереноста, но не може да има сувереност и уште помалку во една држава која поради разновидни околности беше во една сложена ситуација каде се ангажираше да се бори за сувереноста и кога беше опкружена со војни во бивша Југославија, но доколку ние дејствуваме заедно токму со овие принципи тогаш ќе бидеме посилни и како држава и ќе се соочиме со сите предизвици што навистина н# очекуваат во иднина.

Доколку не ги реализираме нашите определби се знае дека навистина ќе има една друга криза. Не велам друга криза, тоа е социјална криза, меѓутоа знаеме дека ОНА го предаде оружјето еднаш за секогаш, но ние имаме проблеми со сиромаштијата, невработеноста, инвестициите. Безпомош на меѓународниот фактор

не можеме никогаш да ги решиме овие проблеми. Доколку зборуваме, ветуваме со владина програма а тоа не го спроведеме, само ќе биде полошо и Македонија нема на која страна да оди. Неопходно мора да се интегрира во евроатланските структури. Доколку се враќаме во некој национализам или некој квази патриотизам романтичен, а добро е што народот сфати дека е тоа лага, доколку одиме во некои други поделби ќе одиме назад и ќе бидеме подалеку од интеграциите и економскиот развој.

Токму заради тоа младите идни генерации нема да ни простат. ДУИ и нашата пратеничка група ќе ја поддржи оваа програма и сите заедно ќе се ангажираме. Апелираме опозицијата да биде што поконструктивна, да го промени ставот бидејќи не се добива, туку само се влошува ситуацијата со квази патриотски и националистички изјави.

Уште еднаш изјавувам дека нашата пратеничка група ќе ја поддржи оваа владина коалиција со што ќе се почитуваат институциите на државата. А, првило е Парламентот да ја контролира Владата, а не Владата Парламентот. Јас верувам дека нема друг пат, нема друг излез, верувам дека ќе бидеме оптимисти и треба да ја изгласаме довербата на оваа влада и да одиме сите напред заедно во една заедничка држава.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ви благодарам.

Господине Жерновски се јавувате во име на групата?

Повелете, во име на групата ЛДП има збор господинот Андреј Жерновски.

**АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани присутни гости,

Почитувајќи ја волјата на мнозинството граѓани во Република Македонија пратеничката група на Либерално демократската партија безрезервно и целосно ќе ја поддржи новата влада предложена од мандаторот господинот Бранко Црвенковски. Либерално демократската партија всушност и нема друг избор освен да ги поддржи они кои ќе водат беспоштедна битка за да се реализираат нашите основни заложби. Морам веднаш на почетокот да ве потсетам кои се тие:

- совладување на огромната невработеност и галопирачката сиромаштија;

- обезбедување на интегрална безбедност на државата но и враќање на општата и лична сигурност на граѓаните на Република Македонија и

- се разбира третата и мошне битна цврста и одлучно борба против корупцијата и организираниот криминал.

Ние, либерал демократите во оваа влада влегуваме без опашки. Влегуваме со кредибилитет, со компетентност, одговорност и пред се задача да ги оправдаме и исполниме очекувањата на граѓаните. А, тие се сосема јасни, државата да се води обратно од начинот на кој што се водеше досега. Со еден збор, сосема спротивно од она што го гледавме изминатите 4 години, чесно, одговорно, скромно, компетентно.

Предложената влада не смее и нема да прави имитации и да ја фалсификува оригиналната платформа врз чија основа и ја добивме довербата на граѓаните. Видовме фалсификатот на понудената платформа во 1998 година, н# доведе и до војна.

Новата влада нуди изградба на здрави, компетентни и демократски институции без кои држава не може да функционира. Уште помалку ефикасна држава.

Да се оствари сето тоа, сигурно нема да биде лесно. Ќе мора да се наметне пеколно темпо со што паралелно ќе се работи и на преиспитување на сите злодела што власта која заминува ги создаде на сопствениот народ. Ако сакаме да бидеме чесни, а се разбира дека сакаме и ќе бидеме, тогаш ќе мора да го санкционираме криминалот што го видовме и доживеавме изминативе 4 години.

Вистинските патриоти ја сакаат татковината богата со луѓе над земјата, а не под земјата. Минатата година беа поразени и македонците и албанците. Зарем за тоа не говорат жртвите, зарем за тоа не говорат изгорените куќи, зарем за тоа не говорат раселените? Мораме да разбереме, еднаш за секогаш дека никогаш Македонија нема да преживее ако мислиме дека македонците и албанците успесите ќе ги темелат на сметка на другиот. Само заеднички можеме да успееме. Не едни покрај други, туку едни со други заедно.

Политиката, се разбира, е прагматична. Ставени сме пред избор војна или мир, постојаното подгревање на тензии и омраза или пак доверба и соработка, меѓусебно истребување или пак разговор за сите отворени прашања, криза или стабилност.

Ние се одлучивме или ако поточно сакате народот, граѓаните се одлучија за ова второто, за мир, доверба, соработка, стабилност и разговор за сите отворени прашања. Ние се решивме за разум. Ако Охридската спогодба е гаранција за овие нешта, тогаш сме го направиле вистинскиот и би рекол единствениот избор.

Сонувачите на другите сонови, кошмарџиите и политичките интриганти мора да бидат оставени зад нас. Време е отворениот дијалог да го вратиме онаму каде што му е местото во институциите, а не во партиските канцеларии на етничките поглавари. Токму и тука беше основниот проблем што институциите беа блокирани и што моравме да разговараме исклучиво преку меѓународни посредници. Нема повеќе причина за тоа.

Еве, токму од овде, од оваа пратеничка говорница можеме и мора да ги решаваме меѓусебните отворени прашања и меѓусебните неразјаснети причини. Ако има страни на судир, тогаш мора да има и страни на помирување. Друг избор, верувајте немаме. Време е конечно да ја затвориме нашата сметка во зачадената балканска крчма и да погледнеме надвор од неа во европските хоризонти.

Зад овој концепт на оваа нова влада застанаа половина милион македонци и над 140 илјади македонски албанци. Сосема е јасно, нели, дека сега веќе поранешните ќе градат страшни тези за овој владин кабинет, за оваа коалиција. Но, тоа нема да помине. Нема страшни тези, има само страшни луѓе. Ние не се плашиме. Одговорноста, јасно и гласно ја преземаме. Таа е наша. Свесни сме за сопственото знаење, за сопствениот квалитет и способноста да ја извлечеме државата на вистинскиот пат. Тоа е нашиот одговор на сите тези, дилеми, искривоколчени конструкции.

За Либерално демократската партија и за нејзината пратеничка група оваа коалиција е, верувајте, единствената шанса на Република Македонија. Нема враќање назад. Назад ја гледаме Македонија вклештена во канџите на сиромаштијата, корупцијата, криминалот и војната.

Беа спомнати 77 жртви. За сето тоа што се случи за тие жртви има 15 причини. Една причина со 14 причини. Еден премиер со 14 негови министри. Владата, во која ќе партиципира и ЛДП има задача морално, духовно и економски и политички да ја реконструира македонската држава. Во Европа, не се влегува со раскошни балови и аристократски журки, туку со работа, со докажување, со стабилен економски амбиент и функционална политичка клима. Ако ЕУ и НАТО се нашите генерални стратегиски цели, ако приклучувањето кон големите економски и безбедносни асоцијации е наш интерес, тогаш наместо да ги обвинуваме дека

наводно се режисери на сите наши маки, треба да им се приклучиме. Таму е нашето место. Ги спомнав баловите, а го спомнав и моралот. Токму моралот е оската по која ќе се врти оваа Влада. Нема повеќе криминал, нема повеќе корупција, мора да има чесност и одговорност. Мора енергично да застанеме против корупцијата, зашто токму таа, ќе не доведе на врвот за жал, во светот на земји каде што владее корупцијата и токму таа не доведе до оваа состојба моментално. Оваа Влада ќе му служи на сопствениот народ, работејќи на остварувањето на неговите потреби и желби.

Пратеничката група на ЛДП ќе гласа за предложените министри, бидејќи тие ќе водат неуморна борба за обновување на девалвираните и партизирани институции. За изградба на цврста и ефикасна администрација која ќе биде столб на општеството, столб на државата. Исто така, судиите, обвинителите мора да бидат ослободени од политичките притисоци. ЛДП заедно со нејзината пратеничка група ќе гласа за новата влада, затоа што таа ќе ја стабилизира опустошената економија. Токму економијата како и корупцијата сигурно се едни од гласните генератори на кризата. Се разбира, ЛДП ќе подлежи за не само рамноправност на правата, туку и рамноправност на обврските. Секој граѓанин на РМ, без разлика за местото на живеење, мора да ги плаќа давачките кон државата. Значи, воспоставување на фискалниот суверенитет на државата. И, ако сакате, фискалната рамноправност е мошне битен фактор за ревиталилизирање на економијата. Пратеничката група на ЛДП ќе гласа и ќе биде во новата влада, затоа што таа ќе го врати угледот и легимитетот на МПЦ. МПЦ не може да биде партиски орган. Нашата пратеничка група ќе гласа и ќе биде во новата влада со своите министри, бидејќи првата, со што сме сосема сигурни, наместо партиска вредност ќе го инсталира мислењето. Полтронството ќе го заменат со храброст, лажното братство ќе го замени со вистински патриоти. За влада, која нема РМ да ја дели до Групчин и од Групчин.

Почитувани, нека оваа влада биде основа и мир за РМ како стабилна, како унитарна, како демократска држава.

Од име на пратеничката група на ЛДП посакувам успех во идниот четиригодишен мандат на господинот Црвенковски, се разбира посакувам да има и континуирана подршка од граѓаните на РМ, затоа што ве уверувам со подршка на народот, дека само со почитување на волјата и мислењето на народот можеме да ја доживееме подршка во идниот четиригодишен мандат.

Сакам да ги уверам граѓаните дека идните четири години ќе бидат тешки и макотрпни, бидејќи само со напорна работа може се разбира, да се

постигне саканата цел. Кога ќе бидете загрижени како граѓани на РМ, во најмала рака таа загриженост исто колку и вас ќе ја делат министрите и пратениците на коалицијата За Македонија заедно. Ве уверувам дека ќе работиме не во спротивна страна, не едни против други, не власт на една страна, народ на друга страна, туку заедно. Дека ќе бидеме заедно и во доброто и во лошото.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Жерновски.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе зборува господинот Љубчо Георгиевски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, Ваши екселенции, почитувани пратеници, дозволете ми во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да ги кажам причините зошто нема да ја подржиме оваа влада.

Оваа влада е резултат на изборите од 15 септември, а после 15 септември успеавме да го видиме задоволството на сите оние кои учествуваа во ангажманот оваа влада да се направи на ваков начин каков што денеска го имаме во Парламентот.

По 15 септември и објавувањето на резултатите многу фактори беа задоволни. Меѓународните медиуми кои цело време подржуваа тероризам во РМ беа презадоволни со општи коментари практично во сите западни демократии дека добро е што во РМ паднале радикалните и националистичките сили, а дошле силите на мирот во РМ.

Тоа беше општа констатација што можеме да се види во сите меѓународни медиуми кои претходно известуваа за тортурите на македонските словени врз невините албански екстремисти.

Дипломатите, односно еден дел од дипломатите исто така беа пресреќни, затоа што успешно ја завршија работата, невладините организации 115 на број, финансирани и ден денеска од непознати финансиски средства, исто така

беа пресреќни затоа што си ја завршија задачата, ОНА беше пресреќна од резултатот, затоа што & се оствари претходно ветеното од истите тие меѓународни структури дека ќе добие политички легитимитет и од групација на терористи и екстремисти ќе се претвори во политичка партија во нашиот Парламент. СДСМ кој едноставно играше на комплетно непринципиелна политика, една непатриотска политика, исто така беше пресреќна од резултатот и да не ги броиме сите оние кои го најдоа алибито од резултатот, односно денеска веќе од формализирањето на оваа влада.

Во криминалните филови постојат два типа на сценарија. Едно е холиводски тип на сценарио, каде што филмот секогаш завршува формално правно завршен, затоа што во амеркиканското општество не може да има формално правно отворен случај и таму ако треба невиниот ќе биде обвинет, меѓутоа, формално правно мора да заврши филмот, затоа што тоа го посакуваат и нивните граѓани. Додека европскиот филм е малку поинтересен, тој е подинамичен и во езвропскиот криминален филм обично криминалецот на крајот не се ни фаќа, обично може да стане и симпатичен, а случајот да остане не отворен. Овие два типа на сценарија не ги спомнувам за да направам поделба во политиката, затоа што и холивудското сценарио и европското сценарио на филмовите во РМ направија едниствена политика за да го гледаме филмот, односно денеска да го видиме последниот чин од филмот перфектно злосторство извршено врз една мала земја, врз една мала демократија, земја која беше пример пред две години за целиот Балкан и за цела Европа. Значи, премногу се луѓето кои сакаат да имаат алиби во денешниот ден во изборот на оваа влада со оваа сцена на она што јас го нарекувам перфектно злосторство на телото на РМ.

Меѓутоа, денеска кога ги слушаме сите оние претставници на власта како ни зборуваат, што е нивната цел во идниот мандат, не можам а да не се воодушевам како и претставниците и на СДСМ и на ОНА зборуваат како нивната политика ќе биде политика на мир, ќе биде политика на мултиетнички соживот, ќе биде политика на економски просперитет, борба против корупцијата и сите оние нивни приказни што веќе го слушнавме.

Почитувани пратеници, ќе ми дозволите да ве потсетам на првиот чин од овој филм перфектно злосторство да ве вратам еден месец пред Танушевци. Каква земја беше Македонија еден месец пред Танушевци. Дали во Македонија немаше мир, дали во Македонија немаше мултиетнички соживот, дали во Македонија немаше европски просперитет. Само ќе ве потсетам. С# она што

денеска го имате во Охридскиот договор, кој го повторуваме постојано, освен правото на зборување во Македонскиот парламент албански јазик, веќе го имаше тоа по еволутивен пат. Дали треба да зборуваме за правото на консензус што е внесено сега во Охридскиот договор и во Уставот. Кога во овие 10 години се гласале закони против малцинствата во РМ. Дали треба да ве потсетуваме на Законот за локална самоуправа за децентрализација. Министер Албанец го правеше тој закон. Тој закон комплетно беше направен и пуштен во владина процедура. Војната само го одложи неговото спроведување две години. Се фалиме со третиот етнички канал кој го пишува во Охридскиот договор. Одлуката беше донесена по половина година од Танушевци. Сите одлуки беа донесени војната само за две години го одложи пуштањето на каналот на мултиетничките заедници во РМ. Треба ли да се потсетиме за програмата за 500 полицајци албанци која беше потврдена заедно со меѓународната заедница сега во Охридскиот договор после сета крв, после сите жртви нема 500, добивката е 1000 албанци нови полицајци. Дали треба да се потсетуваме на Вандер Штуловиот колеџ, единствена и легална институција, која може да се погордее не само секој албанец во РМ, туку и секој граѓанин на РМ, гледајќи еден простор кој денеска е изграден и функционира веќе. Сите тие резултати, почитувани граѓани, не ни требаше ни Охридскиот договор, не ни требаше ни промени на Уставот, тие работи постоеја благодарејќи на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА.

Сега, кога слушаме и кога ги гледаме меѓународните новинари како со задоволство кажуваат дека една радикална влада е сменета во РМ и националистичка влада и на нејзино место доаѓа една влада за мир и просперитет на нашата земја, не можеме а да не ги запрашаме сите нив толку ли брзо заборавија сите тие дека сите меѓународни организации, сите дипломати и сите меѓународни медиуми еден месец пред Танушевци како папагали повторуваа во цел свет примерот на мултиетничката заедница на РМ. За кои беа сите тие комплименти давани во тоа време, за да потоа, еден месец после тоа РМ ја претвараат во земја на теророт. Треба ли да се потсетуваме дека денеска се случува една парадоксална ситуација, што едноставно не постои никаде и не можеме да ја спoредиме во Европа. Во Европа еден Хајдер за две реченици го прогласуваат за националист и екстремист. Еден Берускони за две реченици добива епитет дека е исто така десничар. Во РМ ние исто така имаме една парадоксална ситуација. Тие што пукаа, тие што прогласуваа смртни пресуди , тие што даваа коминикеа дека преземаат одговорност за 10 полицајци, за 9 војници или за незнам колку пати по тројца или по

двајца, тие денеска од страна на меѓународната дипломатија се прогласени за фактор на мирот и стабилноста во РМ. Треба да се потсетиме за политиката на СДСМ две години од 1998 година до 2000 година, тие како политичари и сите оние подржувачи околу нив, новинари, форуми, вакви, онакви, зборуваа две години против една коалиција меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА и напаѓаа с# и сешто. Вандрштуловиот колеџ беше прогласен за најголемо предавство во историјата на македонската историја, а денеска после тоа направивме 100 пати по 100 пати поголеми отстапки и едноставно, сите тие молчат. И интелектуалците молчат и медиумите молчат, и академиците молчат и разните форуми молчат, денес кога ја промовираме владата на теророт во РМ. Треба ли да ве потсетуваме на тоа време еден месец пред Танушевци дека РМ по бројот на реформи беше прогласена на прво место во 24 земји во Европа, според извештај на Еврпската банка за обнова и развој. Треба ли да се потсетуваме дека по финансиски и макрофинансиски резултати бевме прогласени на прво место 24 земји во земјите на транзиција во Источна Европа. Треба ли да се потсетуваме дека “Финаншенон тајм” два месеци пред изборите објави дека РМ после Словенија е земја со најорганизирана и најголема борба против корупцијата и организираниот криминал. Треба ли да се потсетуваме за сите тие епитети која ги имаше РМ. И не само епитети, туку само ќе потсетам дека тогаш ние дојдовме во ситуација да објавиме дека идната година веќе нема да ни треба аранжман со ММФ, затоа што ние сме веќе финансиски доволно моќни сами да продолжиме на економска и финансиска зависност. Можеби тоа беше една од грешките што ги објавивме тогаш во Парламентот, затоа што очигледно ниту ММФ, ниту одредени меѓународни организации, најмалку што сакаа независни финансиски држави. Треба ли да потсетиме дека тоа беше времето кога го потпишавме договорот за европска асоцијација. Денеска, сите тие медиуми и дипломати кои прават имиџ на оваа Влада како недемократска и тоталитарна, ги прашувам отворено зошто во тоа време и тоа неколку месеци после Танушевци тие го потпишаа договорот за асоцијација со нашата земја, токму затоа што сите тие многу добро знаеја која политика овде се овде, кои се резултатите на оваа влада, какви се економските ефекти на оваа влада. Тогаш кога пред нас имавме 400 милиони марки суфицит од Буџетот и 700 милиони марки дадени за проекции од Телеком, на нас ни се случи Танушевци. Еден огромен дел од тие проекти 400 милиони марки суфицит и 700 милиони марки од Телекомот беа програмирани за конкретни проекти: патишта, водоводи, канализации, пошти, телефонски централи, токму за албанското население. Овде, сакам најодговорно да ви кажам. Сите оние

донации кои меѓународната заедница ги дава на албанците во Албанија, на албанците во Косово можат по малку да ви покажат конкретни проекти направени, отколку што оваа влада ги има направено за албанското население во времето на коалицијата пред Танушевци и она што ни се случуваше во тоа време.

Во таа насока, почитувани граѓани јас само можам да кажам тогаш кога РМ беше со сите тие резултати како меѓународни оценки, како меѓународни резултати, тогаш кога фативме зарез од 5% пораст на националниот доход на нашата економија, што 20 - 30 години се немаше случено наназад, тогаш ни се случи војната и почна сето она што подоцна го гледавте.

Меѓутоа, кога сме кај економијата, ќе спомнам само уште нешто. Оваа влада ни кажува многу приказни за корупцијата и борбата против организираниот криминал. Тоа е многу убава приказна и нормално сите сакаме да ја чуеме. Таа приказна најверојатно ќе продолжи да се врти одредено време во нашите медиуми. Меѓутоа, јас само ќе спомнам неколку работи. Приказните се приказни, а бројките се бројки. И вие, почитувани пратеници, не можете да избегнете од бројките. Не можете да избегнете од бројките кои ги оставивте во владеењето на СДСМ во 6-те години пред 1998 година. Ќе ве потсетам дека ние кога дојдовме затекнавме влада која земаше на два пати во месецот плата, затекнавме влада која крадеше 8% од пензионерите за да и дава плата на администрацијата, затекнавме влада која изеде 30% од буџетот за 1999 година. Значи, не можете да избегнете од тие бројки, а уште помалку ќе избегнете од бројките кои доаѓаат од утре натаму за вашиот период, затоа што ниту тие бројки за 1998 година, ниту тие од 1998 до 2002 година нема да се избришат, а уште помалку ќе се избришат бројките од утре па натаму во наредниот период додека постои оваа влада. А бројките се оние што морате да им ги објаснувате на граѓаните. Ние велиме, ние сме горди со нашите бројки, затоа што во овие четири години, со две војни, со една косовска, со една македонска, успеавме на македонскиот народ и на идните генерации да им отпишеме, односно да им вратиме 620 милиони долари долг странски, успеавме ниту еден долар по номинала да не ја задолжиме РМ и генерациите кои доаѓаат. Ќе ве потсетам дека оваа влада само во 1998 година ги задолжи своите деца 280 милиони долари и секоја година понатаму ќе ве прашуваме каков ви е билансот на сметката на надворешниот долг, на враќањето на надворешните долгови.

Приказните што ги слушаме секоја вечер се убави, меѓутоа бројките од друга страна се немилосрдни. Нашите бројки на собирање на буџетот се јасни а ќе ве прашуваме секоја година колку пари се собрани од даноците, колку пари се собрани

од профитите, колку пари се собрани од царините. Тоа кај нас е евидентирано. И борбата дали ќе има корупција  или нема да има корупција на државата нема да ја гледаме преку приказните, преку вашите медиуми, туку ќе ја гледаме преку бројките, бројќите ја имаат најасната математика.

Ако вие почнете да покажувате послаби приходи и за даноци и за царини, сите приказни што ќе ги слушаме и со кои ќе ги занимавате граѓаните од сега натаму, пагаат во вода, затоа што приходот е јасна работа каде може да се види, сепак, до кој степен има евазија на даноците во една држава, до кој степен има борба против организираниот криминал и корупцијата. Тоа е првиот елемент, бројќите на приходите ќе бидат она што постојано ќе го контролираме, а од приходите  ќе ги видиме пак делата од другата страна. Нашите дела со нашите приходи се видливи.

Во овие четири години успеавме да вратиме старо девизно шртедење, успеавме да вратиме пари од пирамидалните штедилници, успеавме да направиме денационализација, успеавме да покачиме плата  со историско зголемување на државната администрација, успеавме да направиме историско зголемување на пензиите, успеавме да направиме  историски проекти во културата, успеавме да обновиме  200 училишта во нашата држава, направивме патишта и водоводи за 250 милиони евра, на земјоделците им дадовме над 250 милиони ГМ субвенции и да не ги бројам сите други работи. Значи многу е јасна тука политиката. Секоја година кога ќе доаѓа Буџетот ние ќе можеме да се соочуваме со новата влада и тогаш да правиме конкретен муабет, колкава била битката  против корупцијата, а од собраните пари какви дела се оставени  пред македонскиот граѓанин и пред македонскиот човек. Во тој правец, почитувани граѓани, кога зборуваме за економијата, јас само ќе ја искористам оваа парламентарна седница  да им упатам апел на сите структури во РМ  нека добро си го запаметат денешниот ден. Трговците нека добро си го запаметат  денешниот ден каков обрт имаа досега. Земјоделците нека нека добро си го запаметат денешниот ден какви се субвенции примаа до денешниот ден, од оваа Влада, корумпирана и криминална. Ќе ја повикам администрацијата и пензионерите исто така да си го запаметат денешниот ден, ке ги повикам градежните работници, сите оние кои работат во градежните фирми, не само овие пет-шест големи, кои беа катастрофа кога дојдовме во 1998 година. Секој што има некоја градежна фирма нека си го запамети обртот на денешниот ден. Културните работници,исто така нека си ги запаметат проектите до денешниот ден. Така што во сите сфери, секој оној со што се занимава нека си стави добра пресметка, си стават оние работници и социјални случаи во фабриките загубри кои

ги наследивме во 1998 година, исто така нека се потсетат по колку пари добиле од буџетот на РМ, да не ги набројувам “Саса” 16 милиони марки, Пробиштип 14 милиони марки за плата, Југохром 12-13 милиони марки за плата, ФАС “11 Октомври” и тн. Значи сите оние што ги наследивме во 1998 година нека си направат есап колку пари добиле од оваа Влада, до овој период, заклучно со денешниот ден и од сега натаму, нека си ги мерат, исто така сметките, приходите, расходите и она што се нарекува еден комплетен економски пораст на нашата држава.

Да се вратиме на оној месец пред Танушевци, тогаш кога Република Македонија беше во нејзиниот најголем залет, тогаш кога РМ ги добиваше сите комплименти за мултиетнички соживот, тогаш кога РМ ги добиваше сите комплименти за нејзините макро финансиски резултати, тогаш кога РМ беше прогласена за прва земја по бројот на реформи во Источна Европа и во земјите на транзиција. Значи тогаш ни почна крвавата војна. Почна крвавата војна која ја донесоа луѓето кои седат денес од мојата лева страна, ако добро гледам, луѓето кои почнаа класичен тероризам против нашата земја и можеби тука, после цело ова време едно е јасно, а едно е јасно кој оваа војна не ја донесе, тоа што нашиот политички противник постојано оди на таа карта дека оваа Влада ја донела војната, денешниов ден ни е најдобар пример во доказот кој ни ја донесе војната, а кој ја донесе војната, најверојатно прашањето сите ќе си го одговараме во наредниот период затоа штоова ќе биде голема мистерија не само за македонската иднина, туку тоа ќе биде и за меѓународната иднина. Значи почна војната за која до ден денес немаме одговори.

Денес е многу интересно како одеднаш можела меѓународната заедница да интервенира, може меѓународната заедница да ги блокира патиштата од Косово, може меѓународната заедница да врши притисок на албанските политичари во Албанија, во Косово, овде во Македонија, а пред две години истата таа меѓународна заедница немаше моќ било што да направи во нашата земја, при што, кога говорам за меѓународната заедница да не бидам лошо разбран па потоа во стилот на злопамтилата да ми го памтат тоа цело време. Кога зборувам за меѓународна заедница да не се погрешно сватам, не мислам на Северна Кореја, Ирак, Иран.

Значи таа меѓународна заедница дозволи цели корпуси на КЗК да дојдат во РМ. Таа меѓународна заедница дозволи целиот КЗК да се бори по пат на агресија во нашата земја. Таа меѓународна заедница, можам слободно да кажам соработуваше, во крвавите сценарија, против нашата земја. Таа меѓународна заедница ги кажуваше нашите пунктови, ги кажуваше нашите места, им даваше позиции на нашите сили, на

истите тие терористи кои доаѓаа од Косово. Таа меѓународна заедница не направи ниту еден чекор што денес го прави во нејзината принципиелна глобална битка против тероризмот во светот. Сите принципи на борбата против меѓунродниот тероризам денес односно во изминтите две години беа прекршени на прмерот на нашата земја. Истата таа меѓународна заеднида како никогаш порано учествуваше во крвавото сценарио на рушење на една млада демократија, на една млада земја која го зема својот полет и во демократијата и во услови на мултиетниото заедништво и најмногу во услови на економски просперитет. Во таа насока гледавме разни сценарија, од големата приказна на Килибарните лисици, со кои прогласија собирање на оружјето во РМ, па до најновите сценарија кои ги гледаме во нашата земја каде постојано гледаме дека работите се упрвуваат од страна. Во таа насока дојдоа и парламентарните избори во РМ. Јас слободно можам да кажам, ретко паметиме земја денес во Европа каде што по пат на интервенционизам од различен вид, од аспект на 115 невладини организации, купени медиуми, купени невладини организации, ние имавме една офанзивна акција против рушење на една влада во РМ. Таков тип на безобразно и дрско мешање во внатрешните работи на една земја, ретко можеме да запаметиме во модерната современа историја на политичката слика на европската демократија. Зошто беше потребен тој чин. Меѓутоа јас тука не би ги ставал само чиновите на медиумската кампања, не би ги ставал само чиновите на политичката интервенција. Јас овде ќе го спомнам и она, за жал крваво сценарио кое го видовме некаде месец дена пред изборите,двете, или трите убиства во Гостивар и киднапирањето на цивилите, случај кој беше повеќе од јасен дека е диктиран и темпиран од страна на истите тие организатори на тоа меѓународно сценарио, кога видоа дека кампањата во РМ оди преубаво, не им беа доволни само медиумите, туку беше потребно повторно команда  за убиства, повторно негативни работи на сметка на Владата на РМ, повторно уништување на волјата на македонскиот граѓанин, дека со оваа влада може да се стабилизира РМ. Токму ваквите нам наредби за кој јас многу пати јавно сум кажувал кој ги дава наредбите и сакам денес уште еднаш да повторам дека сите тие изјави што сум ги давал, и ден денес стојам зад тоа дека командите за убиствата и злосторствата доаѓаат точно по нарачка од одредеени центри, од меѓународната заедница, како што реков  пред малку, објаснив на кои мислам во таа меѓународна задница. Во тој правец почиувани граѓани ние денес дојдовме до последната сцена од филмот - перфектно злосторство. Како ретко дотогаш во историјата на европската демократија, во историјата на  современата демократија во светот, меѓународната заедница си зема

храброст, толку брутално и толку со крваво сценарио да настапи против една млада земја, против една млада демократија, за уништување и дотолчување и на сувереноста и на територијалниот интегритет меѓутоа и на она што се нарекува желба за самостојна и независна Макдонија. Токму затоа велам дека денес има многу среќни луѓе во РМ, меѓутоа надвор од РМ, затоа што со оваа промена на власта, сите тие имаат алиби за своето однесување. Меѓународната заедница има алиби затоа што еве, била корумпирана, била тоталитарна, недемократска, а знаеме дека таа иста меѓународна заедница како никогаш досега ги прекрши сите принципи на борба против глобалниот тероризам, токму на примерот на Макдонија.Таа исто така има алиби во ова перфектно сценарио, затоа што од банда на терористи, од група која јавно од група која јавно и без срам презенма одговорност за убиства. Единаесет коминикеа постојат од она каде што има преземено убиства на тројца, на петмина, на десет или на шесмина полицајци или војници. Сите тие коминикеа, ние ли ги правевме во нејзино име? Сите тие коминикеа сами си ги пишуваа и се фалеа со нив. Со крвта на нашите луѓе тие отворено и бесрамно ги праќаа низ цел свет и кажуваа ние стоиме зад масакарот во Вејце, зад масакарот ваму, онаму или незнам каде.

Денес во мегународните извештаи, во извештаите на НАТО, никаде веќе не постојат нашите жртви, никаде не постои првата битка од Танушевци која беше на самата гранична линија, никаде не постои извештајот за последната битка во Радуша која траеше три дена и беше исто на самата граница со Косово. Три дена се водеше војна на самата граница, како најдобар доказ против кого се боревме и со што се боревме. Денес не постои меѓународен извештај каде што битката во Радуша постои или е евидентирана. Затоа овој ден е алиби и за нив, затоа што ОНА е една група на криминалци.

Денес слушаме дека многу сакате да се борите против шверцот и организираниот криминал. Незнам цигарите беа спомнувани многу пати како мана на оваа Влада. Многу е доро тоа, почитувани парламентарци од Коалицијата “ЗА” затоа што имате прекрасна можност да ги исфрлите шверцерите на цигари во РМ. Меѓутоа не можам да сватам како за партнери ги земавте организаторите на каналите на дрога, не само за Македонија туку за цела Европа. Не можам да сватам како ги земавте за коалициони партнери организаторите на шверц со оружје и тоа не само за Македонија туку за целиот Балкан. Не можам да сватам како до вас седат и ги земавте во вашата коалиција организаторите на трговија со бело робје.. Затоа ве уверувам дека вашата битка против организираниот криминал и шверц навистина ќе

ме импресионира. Вие денес имате од Липково па до косовската граница, целата албанска граница една сива зона која треба да се решиза да можеме да имаме нормална економија во нашата држава. Во тој правец кога зборуваме за алиби, во овој ден на изорот на оваа Влада има и СДСМ, опозицијата во РМ до денес, партијата која претходно беше 6 години на власт, партијата која 4 години беше во опозиција, која во тие 4 години не знаеше да повтори ниту еден друг збор, освен зборот предвремени избори и се направи за да дојде до тие предвремени избори. Можев да разберам многу од тие работи, меѓутоа, да се влезе во власта, да се направи Охридскиот договор така како што се направи, без никаков интерес, да се инсистира се и сешто да се прифати, до таа мера да се падне, да се биде полтрон на меѓународната заедница против сопствните  национални интереси, само како награда  да се добие власта во РМ, Ве уверувам дека не само во македонската историја, туку во светската историја на војни, тешко ќе  најдете национална опозиција каде што е извршено такво предавство на нациоаналните интереси. Тогаш кога на државата им е најтешко, тогаш да го зариете ножото во  грб на истата таа држава. Безброј примери имаме и во историјата и денес. Погледнете ја Америка. Извршен беше нападот на кулите во Америка и никој од опозицијата не го прашас Буш  зошто го дозволил тоа, сите застанаа зад него. Една година кога помина почнаа првите критики да ги спомнуваат на негова сметка, а тогаш беа едно со едно. Погледнете го Израел, и  власта и опозицијата на ист начин дејствуваа. Погледнете ја Русија. Денес кога се случуваат терористички акции на такви моќни држави никој од опозицијата не зборува ништо. Само македонската опозиција е таа што ќе остане запишана и во македонскиот народ, меѓутоа и на широката европска демократија каде што агресијата  доживеана од соседно Косово го искористија само за сопствни и партиски интереси само за да може да се смени власта. Во тој правец сакам да спомнам дека во ова алиби  на денешниот ден, не само што наоѓа и меѓународната заедница, НАТО, СДСМ, ОНА, морам да спомнам дека едно големо алиби наоѓа и претседателот на Републиката господинот Борис Трајковски, човекот кој што е пресреќен што ова се завршува на ваков начин затоа што тогаш кога требаше да ја брани Македонија согласно со неговата заклетва и Уставот на РМ, тој не само што не ги презема неопходните мерки, за што е и одговорен според Уставот на оваа држава, туку исто така се однесуваше како полтрон на одредени меѓународни структури. На тој начин дозволете ми во мое име пред граѓаните на РМ да се извинам што 1999 година застанавме зад неговата кандидатура претседател на РМ

и со тоа не само што ја девалвиравме безбедноста на РМ, туку и културно и цивилизациски ја девалвиравме институцијата претседател на РМ.

Конечно почитувани пратеници, денес, реков , ја гледаме завршната сцена од филмот - перфектно злосторство. Меѓутоа мислам дека нашиот македонски филм не е завршен овде, мислам дека денес продолжува третиот чин односно чинот кој доаѓа после самиот филм. Тука со задоволство му го препуштам на СДСМ, ЛДП и нивните коалициони партнери,да го одработат она што треба да го одработат како задача од меѓународната заедница. Во тој правец пред малку имаше една контрадикторна изјава од страна на идниот премиер дека тие застанале зад Охридскиот договор заради тоа што Охридскиот договор го гарантирал сочувањето на териториојалниот интегриртет и суверенитет на РМ. Истиот тој господин до пред еден месец зборуваше дека една третина од нашата територија не е под контрола на нашите суверени сили. Задачата да се биде под контрола нашата територија не е ниту на власта, не е ниту на опозицијата, ниту на македонците, ниту на албанците, туку на сите оние што учествуваа на еден или друг начин во градењето и одбраната на нашата земја.

Зошто велам дека сценариото за РМ не е завршено? Затоа што ги гледаме дневните сценарија. Пред мене е јасна визијата, јасна е сликата, што е тоа што треба да го одработи оваа нова коалиција пред меѓународната јавност и пред нашата македонска јавност.

Повеќе од јасно е дека Охридскиот договор е еден договор со кој вазната наречена Македонија еднаш засекогаш е скршена. Отсега натаму ние ќе учествуваме на вториот дел како едно парче од таа вазна треба под покровителство на Меѓународната заедница да се припои спрема големо Косово. Ние можеби нема во наредниот период барем блиску да гледаме некои крвави тешки сценарија со големи битки и фатални завршетоци. Дури сум изненаден што многу албанци се нервозни па секој ден со нивниот екстремизам гледаме дивеат по северозападна Македонија. Ние повеќе од јасно ја гледаме сликата онаа иста слика што беше и во Босна и во Косово. После потпишувањето на Меѓународните договори под покровителство на Меѓународната заедница почнуваше етничкото чистење. Денес во трите дела на Босна немате поетнички чисти територии одколку што таму постојат. Денес на Косово под покровителство на Меѓународната заедница нема поетничка чиста територија во целиот свет отколку онаа што се нарекува Косово. Таа слика почитувани граѓани со Охридскиот договор ја гледаме и во Македонија. Под власта на Република Македонија пред една коалиција кој а доаѓа во Република

Македонија воопшто не ни се потребни веќе големи битки. На дневна основа, на дневна база ќе го гледаме насилството и иселувањето и етничкото чистење на сите оние територии кои беа загрозени во Репбулика Македонија. Влегувањето на терористите влегувањето на ОНА во рамките на институциите на системот ќе биде искористено само за две работи, комплетно финансиско и економско слабеење на македонската држава и од друга страна на дневна база етничко чистење на сите етнички чисти територии. Денеска сум воодушевен од убавите зборови кои ги слушав од многу претставници на ОНА меѓутоа, реалноста е таква. За жал тие не се сами во таа политика. Меѓународната заедница ги стопира сите изгради на куќи на македонците иселени од загрозените територии, меѓународната заедница не презема ништо за жртвите македонци и нивното враќање назад во таа територија. Значи, ние имаме денеска идеален спој, една идеална сцена која ја гледаме во Босна, која ја гледаме во Косово, која веќе ја гледаме во Македонија. Мене ќе ми биде задоволство СДСМ да ја одигра таа улога во Република Македонија и покрај тоа што морам да кажам дека многу тешко ми паѓа за Република Македонија заради тоа што сите заедно тогаш кога можевме да направиме национално единство и да ја одбраниме РМ, да се спротивставиме на тероризмот, ние ги гледавме личните, или партиските  интереси. ВМрО-ДПМНЕ како партија која заминува од власта ја гледа таа визија на идна Македонија, не можеме да ви дадеме прогноза дали ќе трее година, три или  четири, меѓутоа, јасно е дека новата влада ќе го промовира комплетното етничко чистење на РМ, и ќе ја подготви РМ до денот д, односно тогаш кога меѓународната заедница ќе оцени дека Косово треба да стане независно, делови од тн. скршена вазна Македонија, делови од Охридскиот договор едноставно да бидат припоени кон таа голема Албанија, или поточно големо Косово. За жал во таа насока ние како опозиција не можеме многу да помогнеме затоа што гледаме дека новата Влада е пресреќна што ја прави оваа коалиција со ОНА, новата влада е пресреќна затоа што има поддршка од меѓународната заедница, меѓутоа, верувам дека сметките многу брзо ќе им бидат испоставени за својата позиција на власта. Во таа насока почитувани граѓани ние ќе слушаме уште многу приказни за балови, ќе слушаме уште многу приказни за корупции, ќе слушаме уште многу приказни за организиран криминал затоа што под велот на тие приказни треба етничкото чистење да се дозаврши, затоа што под велот на тие приказни треба да се расформираат лавовите на дневна основа. Се срамам што припаѓам на оваа нација кога гледам дека на дневна основа интелектуалци, политичари, новинари, дневно ги напаѓаат лавовите на РМ, тигрите, силите кои имаа храброст да седат со месеци во

рововите додека опвие тука што стојат пред мене бегаа во Грција, во Европа, затоа што не сакаа да ја извршат својата патриотска улога за одбрана на татковината на РМ. Ќе слушаме многу приказни по нивните медиуми затоа што треба да се расформираат цели корпуси во македонската армија, затоа што треба да се растурат авионите, може би и хеликоптерите, затоа што треба да се растурат тенковски единици, затоа што треба да се врати Македонија таму каде што ја најдовме во 1998 година, кога го затекнавме МПР-тимот кој исто така до 1998 растураше се што значи безбедност на РМ. Токму заради тие сценарија почитувани граѓани ние ќе слушаме многу приказни, меѓутоа, делата ќе ги сметаме и ќе ги гледаме на дневна основа.

На крајот почитувани граѓани сакам да кажам уште една работа дека со сето ова што го кажав најмалку сакам да кажам дека оваа Влада е без легитимитет. Напротив, можам слободно да кажам дека во Република Македонија одамна немало полегитимна влада избрана од народот на РМ. Ние сме горди со нашите освоени триста илјади гласови како опозиција, меѓутоа, исто така, не сакаме ниту да ги потцениме, ниту да ги оспориме 500 илјади гласови која ги доби новата владеачка гарнитура во РМ. Македонскиот граѓанин сакаше силно да ја види вистината дали оваа Влада имашењ организирана војна, дали оваа Влада ја донесе војната. Денес на денешниот ден кога ја гледате коалицијата за нова Влада меѓу СДСМ и ОНА односно политичкото крило на ОНА, не можам да бројам колку команданти има што биле во војната меѓу пратениците, или директорите и оние што ќе бидат министри. Едно е јасно. Тоа е ОНА што ја знаеме. Значи, денес кога ја гледаме оваа коалиција која стои за новата Влада на РМ, македонскиот гра ѓанин и оние 500 илјади, мислам дека барем ја дознаа основната вистина. Денес тие знаат кој не ја донесе војната во Македонија, денес тие знаат кој не ја организираше војната во Македонија. А на прашањето кој ја донесе војната и кој ја организираше војната многу ќе ни треба време сите ние да си одговориме заедно. Затоа јас велам дека оваа Влада е легитимна, ние ја почитуваме оваа влада како легитимна, ние го почитуваме гласот на граѓанинот на сите оние 500 илјади граѓани кои гласаа за оваа владина коалиција и ние го повторуваме она што е дослендо за секоја демократија. Народот никогаш не греши. Ние знаеме дека македонскиот народ со своите 500 илјади гласови бил во право кога гласал за оваа Влада и ние ја почитуваме таа волја на народот на РМ. Затоа, во таа насока ние ќе се однесуваме како конструктивна опозиција и ќе покажеме што значи да се има однос спрема сопствената држава. Не посакувам вашите колеги кои седат тука лево од нас да Ве запукаат и вас и нас и сите

повторно во РМ, за да ви покажеме што значи да се биде лојална опозиција во РМ. Уште сега ви кажуваме нема да ви бараме ништо, одсега ви даваме бланко поддршка за да бидете сигурни и да не бидете уценувани. Во таа насока почитувани граѓани мислам дека кажав доволно аргументи зошто и лично и нашата политичка партија ВМрО-дПМНЕ нема да ја подржи оваа влада во РМ, затоа што навистина сметаме дека во минатите две години македонија беше многу пати понижена, беше понижена и поради поразите и поради нејзиниот однос и поради меѓународната заедница. Меѓутоа, изборот на денешната Влада каде што СДСМ му дава алиби на ОНА како политичка партија, како политичка власт, како луѓе за креирање на новиот мандат во Република Македонија сметам е денот на најголемото понижување на македонскиот граѓанин, на македонскиот народ. За овој чин ќе пишува повеќе иднината отколку што можеме сами ние да бидеме свесни. Среќен сум што не учествувам во ова сценарио и навистина можам да ви кажам дека денеска е големо задоволство да се биде опозиција. Токму заради тоа сметам дека во предизборната кампања може би случајно избравме еден слоган кој денеска е многу посилен од време и на самата кампања. Секој оној што ја подржа идната опозиција денеска може да стои со слоганот “ Главата Горе”. И токму заради тоа почитувани граѓани сметам дека денешниот ден ми прави посебно задоволство затоа што сите ние можеме да застанеме со главата горе и да го гледаме овој чин кој денеска се случува пред очите на македонската јавност и на македонските граѓани.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Барам реплика.

ќе почнам процедурално согласно член 87 став 1јасно се кажува: Говорникот може да говори само по прашањето што е на дневниот ред. Од она што сега го слушнав од претходниот дискутант јас не чув ништо посебно освен еден предизборен говор и најжесток досега невиден напад на меѓународната заедница. Го користам своето право на реплика во рок од три минути, бидјеки беа споменати овде некои цифри. Па доаѓам од Тетово, сакам и јас некои цифри директно да кажам. Во ноември 1998 година во бирото за вработување во Тетово имаше 14 илјади невработени лица. Денеска сме 31 октомври има 31 илјада невработени лица. Тоа ли е периодот, тоа ли е мандатот што го одработи Владата на ВМРО-ДПМНЕ и ништо повеќе не сакам да кажам, се ќе му простам на господинот Георгиевски, ќе му простам и за она што кажуваше дека на тетовското Кале се диви копачи на злато, а не се копаат ровови, ќе му простам и за сите оние неправилности

и оние недостатоци што неговата Влада на полето на безбедноста ги направи во овој период. Само нека ми донесе еден конкретен пример. Го повикувам јавно и пред вас парламентарци почитувани, но и пред сите граѓани нека повели тој денеска и да му поверувам во зборовите на патриотизмот да се пресели во Тетово да живее. Засега толку, а ќе го задржам своето право на збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпо дине Томиќ, процедуралната забелешка не ви ја уважувам. Јас одлучѕвам дали некој се држи на дневниот ред, или не. Правото на реплика е ваше право.

Господине Георгиевски имате право на една минута реплика доколку сакате.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да му дадам збор на г-динот Жарко Караџоски, дозволете Собранието да го известам за следново.

Ссгласно член 64 став 4: седница на Собрание се одржува во времето од 10 до 17 часот, ако Собранието за одделни сендици поинаку не одлучи.

Со оглед на важноста на седницата како претседател на Собрание го ставам на изјаснувње предлогот Собранието да продолжи сс работа со оглед дека е сега веќе 17 часот и 15 минути до завршување на точката на дневен ред која денес ја разгледуваме. За овој предлог се гласа без расправа.

Кој е за молам да крене рака?

За предлогот се изјасниле 76 пратеници, 28 гласале против, воздржан не бил никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен и ќе продолжиме со работа до завршување на точката на дневен ред.

Има збор г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани гости, колеги пратеници, навистина после едно вакво искажување на премиерот е тешко да се зборува, но сепак ќе го задржам моето право, бидејќи бев пријавен претходно, да кажам нешто по однос на оваа точка на дневен ред.

Инаку на сите ни е јасно дека денеска треба да избереме Влада предложена од мандаторот значи, треба да дискутираме и да изгласаме влада предложена од мандаторот г-динот Бранко Црвенковкси. Ме зачудува фактот што токму мандатарот

не го гледам во салата и тоа подолго време како да овој избор најмалку се однесува на него, но не е проблем,навикнати сме на г-динот Црвенковски со вакви присуства на седниците обично да ги игнорира. па можеше барем да не удостои со присуството, да ги слушне и нашите коментари независно дали ги прифаќа или не. Без разлика на сето тоа ние ќе се надоврземе еве јас лично ќе се надоврзам и на неговото експозе, неговата програма која ни ја достави. Меѓу другото во експозето г-динот Црвенковски кажа еден збор дека ќе се најдат адвокати, државни адвокати кои што ќе го минимизираат она што оваа Влада треба да го направи итн. Очигледно таков адвокат токму во овој момент се роди и тоа веднаш на оваа седница тоа е токмуу г-динот Ѓорѓи Спасов кој очигледно од сите распределба на министерски места и слични функции, најверојатно ја доби функцијата адвокат на пратеничката група на СДСМ и тој прв да го одбрани сето она што некои од нашите говорници го кажаа. И токму тука употреби термин дека ние пратениците на ВМРО ДПМНЕ сме боледувале, да не речам така и сме имале комплетна амнезија и се сме заборавиле што се случувало и сме заборавиле дека токму во овие четири години на власт бил ВМРО ДПМНЕ итн и меѓудругото спомна дека во наше време е потпишан рамковниот договор, Законот за амнестија, регистраицјата на ДУИ, итн., зошто сме ја одобриле? Господине Спасов, вие сте дипломиран по политички науки, бевте едно време министер за правда, сметам дека добро го познавате правото, па за волја на вистината и за јавноста треба точно да се каже дека ниту ВМРО ДПМНЕ ниту Владата, па ниту парламентот ја регистрирал политичката партија ДУИ, туку тоа го сторил судот како единствен надлежен орган кој регистрира политички партии. Моите забелешки по однос на тоа дали требало да се регистрира ДУИ или не, треба да ги упатите на таа адреса, а не на адресата на ВМРО ДПМНЕ и најмалку на владата, затоа што во Уставот јасно се кажува дека судската власт е неспоива, односно е трета власт во оваа држава издвоена од рамките на извршната власт. Така што за тоа не треба да го обвинувате ВМРО-ДПМНЕ, ниту тогашната Влада.

По однос на Рамковниот договор, Законот за амнестија исто така г-динот Спасов само да Ве потсетам дека и вие бевте учесници во таа работа и гласавте и за Законот за амнестија и за Рамковниот договорт и за сите оние промени и закони што следеа во контекст на тоа. Така што да се обвинува Владата а да се заборави за сопствената одговорност, значи тоа не е својствена работа. Но, загрижувачка е една работа г-дине Спасов да ве уверам дека ние не патиме од амнезија и добро памтиме, а не пати ниту народот од амнезија навистина и тој добро памти. Каде е проблемот со амнезијата треба да побарате пред се во вашите редови. Еве неколку

конкретни показатели цитирам за да се види навистина кој пати од амнезија. ќе ви цитирам неколку изјави на денеска пратеници, претходно функционери, портпароли итн. На пример што изјавува г-динот Андреј Жерновски, портпарол на ЛДП на 27 март 2001 година кажува: Либерално демократската партија смета дека во уништувањето на терористите треба да се спроведе до крај за да се отстрани можноста од рецидиви за што ЛДП ќе даде полн придонес во справување со оваа криза. Денеска истиот господин на големо ја фалеше оваа Влада, кажа дека ќе ја поддржи. така што сите овие работи кои претходно ги изјавил, ги заборавил. Најверојатно кај него е амнезијата. Или да потсетиме што зборувал г-динот Бранко Црвенковски денешниот мандатор, вели: на 30 март 2001 година претседателот на владата на РМ, Љубчо Георгиевски не треба да прифаќа некакви преговори и обврски чија цена ќе ја плаќа народот. СДСМ нема намера да гледа како се распаѓа државата и атоа ќе ги преземе сите активности не само во Собранието на РМ, туку и со протести доколку се укаже потреба за тоа. Истиот тој господин мислеше на ОНА значи да не се преговара со терористите итн. Денеска ги инволвира во сопствената Влада. Исто така, уште неколку изјави, повторно Бранко Црвенковски на 29 април 2001 година: никој не може да ме убеди дека некој ќе посегне по оружје за остварување на човекови права. Одговорот на тоа треба да биде единствен и без компромисен, никој во Македонија повеќе не треба да ја искривува вистината, туку да се соочи со неа, бидејќи се работи за обид да се освои дел од територијата на РМ. На РМ во овој момент и е потребна реална контрола на теренот, а нам ни е потребна цврста и единствена политика за да се справиме со овој голем предизвик.

Интересна изјава од г-динот Владо Бучковски, тој беше тука, поранешен минситер за одбрана, сегашен министер за одбрана кој ќе биде изгласан кој дава една изјава на 24 мај 2001 година и тоа на состанокот на македонскито државен врв. Вели:

“Неприфатливо е терористите на мала врата да се промовираат како политички фактор. Крајно неприфатливо е содржината на документот, тоа е една работа, а друга е што се крши принципот што веќе го промовираше Меѓународната заедница дека со терористи ниту се разговара ниту се преговара т.н. ОНА и политичките претставници од типот на Али Ахмети мора да бидат вон игра. Политичките лидери мора да се дистанцираат од Ахмети, албанците од терористите”.

Е, г-дине Бучковски инаку доста познат колумист проба преку колумните во Дневник да не убеди во спротивното од она што го кажуваше, проба да не убеди

дека сегашната опозиција ќе биде деструктивна значи нема да биде конструктивна и дека целта на оваа опозициа е токму национална нетрпеливост. Ме чуди само како вакви ставови кои ги изнесе не многу одамна значи пред една година така брзо ротираат.

Уште една изјава од г-динот Владо Бучковски . "Никој од државниот врв и од реалтивните политички субјекти нема да седне на преговарачка маса со самопрогласениот водач на т.н. ОНА Али Ахмети. Се што е правено претходно било со намера да му се избрише од глава помислата дека може да биде политички фактор во РМ, а работите со Меѓународата заедница во тој поглед се одвиваат добро". Изјава пред состанокот на државен и воен врв на 26 мај 2001 година.

Сега, г-дине Спасов би Ве прашал кој пати од амнезија, дали вашите сопартијци , колеги пратеници или министри или токму од позицијата на која цело време се повикувате. Едни такви изјави, еве ќе се држам само до последната значи не треба да се седне да се преговара со самопрогласениот водач на т.н. ОНА и т.н. денеска ја имаме во Парламентот честа првиот преговарач таа улога ја имаше претседателот на Собранието односно СДСМ и денеска ни е доставен тој предлог за кој тогаш ништо не сме смееле да направиме.

Да Ви прочитам и една изјава од министерката за надворешни работи поранешна и сегашна госпоѓа Илинка Митрева, доста интересна, дадена на состанокот на Северoатланскиот совет на 18 мај 2001 година. Се вели:

"Јасно е дека целта на овие терористички напади во наШата земја е да се дестабилизира Макеоднија и поширокиот регион, да се зачуваат нејасните , несигурните и нестабилните услови на Балканот. Постојат закани за уништување на се она што ние и другите држави во регионот од Југоисточна Европа се трудиме да го постигнеме со нашите европски и Евроатлански партнери. Терористичките активности, нивната суровост и бескрупулозности да се користи цивилното население како жив штит ја открива нивната вистинска природа. Тие немаат ништо заедничко со промовирањето на човековите и етничките права, туку напротив со тероризмот, екстремизмот и територијалните барања". Не треба повеќе да читам доволно е и ова.

Значи г-дине Спасов навистина некој пати од амнезија, но тоа побарајте го пред се во сопствените редови.

Инаку, исто така од ваша уста слушнавме дека ВМРО-ДПМНЕ се она што ќе го каже денеска од оваа говорница по повод овој состав на владата е единствената забелешка зошто ДУИ влегува во власт и се друго е прифатливо значи целата

стратегија и платформа која ја слушнавме и прочитавме освен да не е ДУИ во власта. Тоа е едно кое сме го кажале и кое го кажа претходниот говорник ние не се согласуваме со тоа , јасно сме го кажале, причините сме ги повториле повеќе пати. Меутоа, тука се работи за една друга работа, за една друга димензија коај треба да се размисли.

Интересен е патот како ДУИ како политичка партија влегува во власта односно на кој начин дојде до легитимитетот и кредибилитетот од избирачите. Тоа е многу битно и суштинско прашање. Значи, албанските граѓани во РМ во нејзината самостојност 12 години учествуваат во парламентарната демократија. Имале цело време легитимни претставници олицетворени во партиите ПДП. ДПА, НДП и т.н. и никогаш не биле отргнати ниту од составот на Парламентот ниту од составот на Владата. Тој камен или тој костен прво го скрши сегашниот мандатор во оној состав на Владата со ПДП, па потоа продолживме во континуитет. Тоа не беше никаков проблем затоа што сето тоа беше легитимно на начин како што треба да биде. Но, овде се промовира еден сосема друг метод. Кој до лани го знаеше ДУИ и кој до лани знаеше во сите овие 12 години дека во политичката гарнитура од албански граѓани постои некоја друга партија некој анонимус освен во оној момент кога почнаа дејствијата во Танушевци и кога тогаш со разни коминикеја ни се обратија тогашните водачи денените претставници на ДУИ со коменике дека преземаат разни одговорности за разни терористички напади. Значи фактот да се дојде до власт, да се дојде во извршна власт, во Парламент на принцип да се земе оружје под разни методи:

Прво, со тоа што се напаѓа суверенитетот на државата, се напаѓаат институциите во државата, некој кажа во излагањето дека не беа цел невините односно цивилите, туку беа униформираните лица , па токму преку тоа се кажува ставот кон оваа држава. Сега тој метод прокламиран од стран ана ДУИ односно ОНА денеска ги донесе во законодавниот дом и од овој ден и во извршната власт. Тоа е една состојба за која се плашам да не се случува и понатаму во пракса. Замислете што може да се случи ако ова што сега го правиме ни се повторува во пракса. Утре може некоја друга партија под друго име незадоволна од некои работи да земе оружје повторно во раце , па ќе побараме некои други права кои ги немаме и тоа да ни се врти во недоглед, а ние заради соживот и мир мораме таквите терористи и команданти да ги вклучуваме во извршната власт. Тоа е доста дискутабилно прашање и навистина вредно за размислување.

Инаку, навистина е импозантно експозето на мандаторот , човек би рекол да го слуша прв пат ќе каже дека навистина добро звучи. Има луѓе кои го слушаат повеќе пати, па пак добро им звучи, добро е за уво, меѓутоа факт е дека вакви експозеа и вакви говори сме слушале многу пати и јас лично како пратеник и кога не сум бил пратеник од телевизијата кога ги следев преносите од Собранието имаше слично експозе кога се одушеви народот односно граѓаните на РМ во оној момент кога од негова уста излезе дека токму корупцијата и криминалот е во редовите на СДСМ со кој тој решително ќе се справи на начин со тоа што во таа партија во тие редови се создал октопод кој тој зеде задача дека ќе го отстрани. До ден денеска тој октопод не е отстранет ниту најден ниту откриен , заврши како што заврши, значи експозето тогашно и сегашно јас не глдам разлика освен што не е спомнат октоподот и нормално што е спомнат новиот коалиционен партнер кој навистина е новина во Македонија што досега ја немало и не само во Македонија ми се чини дека и во поширокиот регион.

Во целото експозе г-динот мандатор се повикув аи кажува примери како е во Европа како странските инвестиции не доаѓаат кај нас заради криминалот, корупцијата и т.н. и дека сме единствено таква земја во која не доаѓаат инвестициите заради таквиот однос на власта и т.н.

Епа г-дине мандатор ние сме единствената земја во светот односно во Европа која прв пат го пробушува балонот едни терористи да ни седнат во Владата или да кажеме поинаку луѓето, организацијата која ги создаде немирите , организацијата коај предизвика жртви , донесе војна и до ден денес во тој регион постојат немири, убиства и слично, која е логиката од нив да бараме да го спроведат мирот. Навистина дискутабилно прашање како може д аповерува еден пратеник дали е од позиција или опозиција токму од такви структури се бара тие да воспостават мир нормално на чело со вас.

Јас искрено се надевам, убеден сум и верувам дека нема да ви биде лесно во никој случај дури сум уверен дека немавте избор , не се водевте од математиката не заради тоа што не ви требаше бројка од 61, но не се водевте од математиката затоа што коалицијата ви беше наметната многу порано уште пред да почнат изборите.

Зачудува една друга работа г-дине Црвенковски, ви се обраќам како на мандатор. Ве слушав и следев вас и вашите кандидати за пратеници во предизборната кампања вие упорно се трудевте да не кажете со кого ќе коалицирате иао ви беа наметнувани такви прашања, но за жал вашите кандидати притиснати од интересот на граѓаните толку јавно кажуваа , постојат снимки, записи дека никогаш

нема да направите коалиција со терористичката ОНА односно со Али Ахмети. Некој тогаш ви го постави прашањето дали СДСМ избегнува да каже нема со Али Ахмети, но со ДУИ тоа е веќе друга приказна и т.н. Затоа навистина останув аона што го кажавте дека бројката не ве ентересира затоа што оваа коалиција ви е наметната од претходно.

Понатаму, единствеанта причина на која се повикувате дека оваа влада морала односно коалицијата "За Македонија" морала да коалицира со ДУИ е токму легитимитетот што ви го даваат граѓаните односно 140.000 гласа кои ги добила таа партија. Тоа е единствениот аргумент кој го посочивте овде за да ја вклучите таа партија во владината коалиција.

Токму тоа е г-дине Црвенковски жално за РМ ако се погледне од другата димензија, се поставува прашањето, треба сите добро да размислиме, зошто токму 140.000 граѓани албанци гласале за ДУИ кога знаат која е ДУИ, кои се нејзините лидери, кои се нејзините идни министри и луѓе кои седат овде. Токму тоа е дискутибилното прашање.

Ако го споредиме со Косово на пример и таму се формираа партии од тогашните водачи на УЧК како Хашим Тачи и д ане ги редам сите, ког аво едно Косово преовлада свеста на тој народ да се даде доверба на многу по умерената партија на Ругова отколку на водачите на УЧК. Загрижувачки е фактот токму тоа и треба добро да се размисли дали е случајно или не. Би сакал да поверувам дека токму ДУИ е  факторот на стабилност во РМ доколку тие не се вклучат на Македонија црно и се пишува. За жал, јас мислам обратно дека токму нивното вклучување ќе доведе до она црно и се пишува на Македонија.

Г-дине Црвенковски не би сакал да ви читам изјави кои ги кажувале на многу наврати неколку прочитав неколку кажав не само вие туку и вашите сегашни и идни министри каде кажувавте , па и од овде од оваа парламентарна говорница се сеќавам еднаш кога беа уставните амандмани кога јасно кажавте дека војната во РМ е предводена од терористичката ОНА произлезе со никави барања за човекови права , апсолутно добро се сеќавам како зборувавте дека апсолутно тоа не стои за позадина , туку е јасна интенцијата дека се работи за поделба на РМ и дека нивното основно барање е токму поделбата на РМ односно војна за територија.

Сега да се прашаме. Што се случи со ОНА. Ајде со вас можам да разберам да речеме се случи изгубивте 1998 година, поминаа 4 години во опозиција, до 1998 година разумот не знам кај ви беше сега разумот ви дојде нели слоганот "со разум за Македонија" и логично е човек да рече дека е така ајде созреавте со годините,

меѓутоа што се случи со ДУИ односно со ОНА. Од една терористичка организација така преку ноќ глатко да стане една демократска партија, да стане заговорник за мирот во РМ и да се откаже од првата амбиција која ја имаше поточно за освојување на територија на РМ. Тоа го кажа и г-ѓата Илинка Митрева , она што го прочитав, вие кажувавте дека е јасен ставот дека се работи токму за тоа. Ме ентересира токму тоа кој ги превоспита или кој ги убеди за толку краток период можеби вашиот авторитет, би се радувал да е така. Еве г-динот Љубчо Георгиевски не успеа, не можеше , застана на браникот како премиер на државата алал да ви е ако вие успеавте со вашиот авторитет на начин како што кажувате да ги убедите и во РМ да процути мирот. Тогаш алал да ви е ако е така, лично не сум убеден, но времето ќе покаже.

Тоа е кога зборуваме за оној дел за кој ние јасно кажавме дека нема да ја подржиме владата. Јас сум должен и би сакал исто така ми е дискутабилно и интересно , ми се наметнува прашањето и одговорот еве јавно би го прашал г-динот Трифун Костовски, не го гледам овде, навистина јавно би го прашал како тој ќе гласа сега за овој состав на владата. Добро, ќе видам, меѓутоа би сакал да го слушнам затоа што г-динот Трифун Костовски настапува како самостоен пратеник инаку носител на листа на СДСМ и во многу наврати во свои изјави што ги давал и кажувал цело време кажуваше дека тој нема да подржи никаква влада во која ќе влезат терористи. затоа го поставувам тоа прашање и ќе го прашам него лично, а ќе се види по гласањето како навистина денеска ќе гласа.

Исто така ми е интересно како ќе гласаат моите колеги прилепчани Тале Гарамитчиоски и Роза Кареска баш ме интересира како ќе гласаат макар да знам како ќе гласаат затоа што , да не заборавиме па и битолчани г-дине Црвенковски и за нив, да не заборавиме денеска или вчера беше пратен прогласот од родителите на загинатите бранители со јасна порака. Десет такви загинаа г-динот Тале Герамитчиоски беше претседател на Советот на Општината и тој ја водеше комеморацијата. Мислам навистина е одговорно како сега пред тие луѓе со кое лице ќе излеземе. Еднаш ги осудувавме денеска ги имплементираме во владата и со нив ќе ни дојде мирот. тешко е тие родители , тие роднини да го сватат. Вие можеби лесно го сваќате , тоа не е проблем, но за нив сигурно е дека тешко ќе го сватат и тешко ќе го подржат во секој случај.

Инаку г-дине Бучковски да ве демантирам и последната колумна која денеска ја читав не е така како што тврдите.

Ниту има интерес ВМРО-ДПМНЕ да ја дестабилизира Република Македонија, ниту пак ВМРО-ДПМНЕ сака да наметне национално нетрпение. Меѓуота, зборуваме за факти кои ни се случуваат.

Господине Бучковски, вие бевте министер за одбрана, со ваша лична наредба како министер дејствувавте против тогашните терористи, сегашните политичари, се со цел да ја одбраните државата. Како тоа го работевте и колку успешно голем дел знае, голем дел не знае. За вас е интересна само една работа, барем за прилепчани а тоа е Карпалак, тоа се нашите 10 жртви, за кои е дискутабилно прашањето како дојде до тоа, како можело да се транспортираат резервистите во камион со експлозив итн, за кое што сметам дека министерот за одбрана, во секој случај, сноси најголема одговорност, ако ништо друго, да го објасни тој факт. Јас само го кажувам она што народот го знае. Денес сте повторно предложен за министер за одбрана. Ме зачудува тонот, ме зачудува стилот со кој што се обраќате во Колумната со толкава омраза кон ВМРО-ДПМНЕ, како да сме ние најголемите непријатели на Македонија и буквално чувствувам дека така и го сфаќате. Добро е тоа затоа што терористите ви станаа пријатели, македонскиот блок кој не мисли како вас ви стана непријател, и тоа е во подолг период. Лошо е за македонскиот народ затоа што и минатото и иднината ќе покаже дека тоа е сопката на развојот и тоа е проблемот со кој цело време се расправаме, а некој трет користи.

Малку да се осврнам и на предложениот состав на владата. Јас би ја нарекол старо - нова Влада, имаме старо - нов премиер.  Сега, еве како се поставува прашањето: кој Бранко е овој, истиот ли е или различен. Тој е истиот, само има една разлика, човекот е само постар 4 години од оној Бранко кога мандатот му прекина и разликата е нормално што после 4 години човек острува, побелува итн., што е предуслов дека и созрева. И добро е, господине Црвенковски, вие ги признавте вашите грешки 1998 година, кажавте во експозето, имавте храброст да кажете дека нема да ги повторувате, дека нема да правите реваншизми, но ќе видиме, времето ќе покаже.

Исто така, интересен е и персоналниот состав. Не би сакал за членовите на ОНА да коментирам, за нив кажав, но има неколку што сепак би ги спомнал. И во оној период додека го составувавте составот на Владата, цело време тврдевте дека за терористи нема место во Владата. Меѓутоа, господине Црвенковски, нели ви значат ништо имињата Реџеп Селмани и Муса Џафери. Не се ли тие терористи?! Или немаат никаква врска со ОНА, или зависи што се подразбира под теризам, или прашањето на одговорноста, кој е повеќе а кој помалку

одговорен, дали оној што наредува или оној што извршува. За професорот по Римско право мислам дека е многу јасно. Или пак друга работа, за Муса Џафери, човекот кој е координатор на Комитетот на ОНА за Западна Европа каде што се собираше материјалната помош. Тој беше на чело на фондот за национална слобода и шеф на фондовите на ОНА. Тие фондови знаеме какви се, со каква цел беа.

Сега на широко зборувавте за корупцијата како најголемо зло и ветивте јавно пред сите, пред целата македонска јавност дека за вас и оваа влада приоритет ќе биде справување со корупцијата. Човек кој ги раководел ваквите илегални фондови - што е тоа ако не корупција, што е ако не криминал, вие ќе спроведете антикорупциска програма. Ајдете ви се молам. Пак ќе прашам што се случи со ОНА, дали луѓето толку брзо се превоспитаа или пак може чуда се случуваат, ќе видиме. И доста е дискутабилно како ќе се разбирате, господине Црвенковски со Муса Џафери кој според моите сознанија македонскиот јазик слабо го знае. Ќе го практикуваме принципот на слушалки и така ќе се разбираме. За Реџеп Селмани, министерот за здравство во оваа Влада, исто така тој не е терорист на ОНА, тоа е според вашите искажувања, но тој е човекот кој го напушти Клиничкиот центар, замина во тие редови на ОНА, ги лечеше сите ранети итн. Сега тој не е терорист според вас и тeриристи во вашата Влада нема.

Во однос на другиот состав, за г. Бучковски кажавме, познат ние е, го знаеме, докажан и проверен со многу факти и многу аргументи. Секоја чест, човекот имаше храброст за 2 или 3 месеци 700 решенија да подели, да смени 700 вмровчиња, на нивно место да донесе сдсовчиња итн. Човек кој преместуваше началници од Битола во Штип, од Штип во Ресен, а не водеше политика на реваншизам и уште помалку се осветуваше на ВМРО-ДПМНЕ или водеше кадровска политика.

Да не зборуваме како ги вршеше набавките да речеме во Министерството за одбрана од позиција на министер, па предноста ја даваше на фирмите од Република Србија, а нашите фирми како “Еврокомпозит” и други паднаа малку во заборав, а од друга страна се бориме за процут на нашата економија. Добро, тоа има економско оправдување, секогаш ќе се праша, поефтини се цените, но колку се поевтини ќе каже некој друг. Моите информации кажуваат дека тоа не е така, но тоа ќе оставам еден ден да го објасните.

Исто така, господинот Бучковски ни е познат и како добар комунист, познат ни е како потпретседател на СДСМ, така што човекот заслужува да си го

добие ресорот кој докажа дека успешно го води, но само да молиме бога да не повторат дејствијата кои ни се случија, за да не чекаме токму господинот Бучковски да не брани.

Интересно име е и господинот Хари Костов. Никој досега не го спомна Хари Костов, еве јас тоа го правам. Не го познавам човекот, го знам само како директор на Комерцијална банка, меѓутоа, читајќи ја неговата биографија ми се поставува едно прашање. Експерт за економија, советник за стопански систем и тековна економска политика во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, заменик на министерот за финансии во 1994 -1995 година, од 1995 до 1996 година помошник на извршниот директор на Светската банка и од 1996 година до сега директор на Комерцијална банка. Сите показатели зборуваат дека човекот е идеален за министер за внатрешни работи! Значи стручноста е идеална за министер за внатрешни работи! Која е врската? Навистина не ја гледам, но мандаторот ја знае и не навлегувам во тоа.

Илинка Митрева ја знаеме, позната ни е од Владата на широка коалиција, ја знае и Хавиер Солана, добро соработуваа, се надевам дека и понатаму добро ќе соработуваат. Инаку, позната е под прекарот “тигрица” во допломатијата. Се надевам дека така и ќе продолжи, ако ништо друго барем во дипломатијата да имаме некое подобро претставување.

Господинот Илија Филиповски, исто така е познат потпретседател на Влада, сегашен министер за економија. Тука, господине мандатар, сте ја погодиле, затоа што конечно еден економиста за економија во Влада.

Славко Петров: долгогодишен адвокат, претседател на Адвокатската комора. Јас не знам дали во живот има мотика фатено, но, министер за земјоделие е, па згора на тоа и шумарство и водостопанство итн. Ќе видиме колку ќе се докаже. Тешко на земјоделците адвокати да ги водат!

Тоа би било во однос на персоналниот состав. Спомнав само неколку имиња, но во секој случај вие си ја носите одговорноста. Времето ќе покаже, се надевам дека нема да има измени на составот дека оваа влада ќе биде 4 години токму во овој состав, да не ни се случува старата пракса итн.

Во однос на програмата...

Не е смешно господине Црвенковски, јас не се смеев кога вие зборувавте. За нас не беше смешно и кога нашите безбедносни сили ги нарековте “животинско царство”. Јас не знам што е смешно, ако е смешно да престанам, кажете. Не сум толку комичен. Не е ли факт дека господинот Славко Петров е

адвокат, тоа не го измислив, така пишува во биографијата. Јас бев адвокат, сега сум пратеник, не сум министер за земјоделство.

Добро, господине Црвенковски едно од ветувањата ви е, читаме во програмата, враќање на мирот и безбедноста во Република Македонија  и тоа на целата територија на Република Македонија, што е нагласено, и тоа е добро доколку успеете во тоа, но би ви поставил едно прашање. Вие очигледно многу ветувате, малку зборувате, но да ве потсетам само на една работа. Кога влегувавте во широката коалиција, излеговте овде на говорница и објаснувавте кои беа вашите мотиви. Кажавте јавно дека на Македонија и треба единство, треба да се сплотиме за да помогнеме да излеземе од кризата, да се формира Влада на широка коалиција во која секој субјект, секој политичар ќе даде придонес во остварувањето на оние определби и задажи кои ги презедовме со Рамковниот договор. Меѓу другото во Рамковниот договор, беше предвидено до кој рок треба да бидат вратени раселените лица, до кој рок треба да бидат обновени разурнатите имоти. И влеговте со оптимизам и ветивте дека тоа ќе се служи во широката коалиција. Но за жал ништо не се случи, ниту се вратија раселените лица, ниту безбедносната состојба се смири, ниту нешто посериозно во тој дел се направи, освен што се измени Уставот на Република Македонија  и тоа го сметавте како единствен аргумент и доволен показател за да ја напуштите Владата. Сега со оваа Влада, значи без ВМРО-ДПМНЕ, без оваа претходната ќе го остварите сето тоа, ќе го вратите мирот, безбедноста. Убаво е да се поверува, но јас лично се сомневам, затоа што така наивно не стојат работите и не се така лесни за решавање. Во секој случај, ќе ви треба многу мака и тоа ќе го видиме секојдневно.

Исто така, еден од приоритетите на вашата програма е и борбата против корупцијата и криминалот. Тука повторно се отвора прашањето кој го ветува тоа. Да го кажеше тоа човек кој што не бил на власт пред 6 години и не раководел со Република Македонија како премиер, ајде да се поверува дека овој човек сега може сериозно да се бори против корупцијата и криминалот. Или за вас појавата на корупцијата и криминалот е само во последниве 2 години што ги потенцирате. Но јас добро се сеќавам дека токму корупцијата и криминалот се јавуваат во вашето време или поточно да кажам кога дојдовте на чело на Владата односно тогашната партиска Влада, чиј што премиер бевте вие. Се случува во секое поле. Овде храбро најавивте дека ќе измените односно ќе поднесете предлози за измени на повеќе од 80 закони, кои во Собранието треба да се изменат, во кои е укажана таа постапка, што во постапките во законите е премногу централизирана и се дава премногу можност за

злоупотреби на министри итн. Да ве потсетам г. Црвенковски, токму за вашето владеење кога бевте вие премиер таквите правила беа воведени.. Добро е кога ве слушаме кога кажувате дека кај и да се појде треба да се плати, дека тоа толку влегло во свеста на граѓаните, но заборавате дека токму рекетот се појави во ваше време. Токму во ваше време требаше да се појде кај министер ако сакате да излезете во Србија па да платите ваму или таму, така што тоа не е некоја појава која се случила сега па е непозната. Не успеавте да го спречите тоа, кажавте јавно и затоа народот ве казни 1998 година. Лично и сега се сомневам дека ќе успеете да ја спречите појавата на корупцијата. Но пак ќе кажам, времето ќе каже, јас лично не верувам.

Стратегија за зголемување на невработеноста, една од мерките што ја предлагате. Тука се кажува за зголемување за штедење. Замислете, вие зборувате за штедење! Во ваше време јас не знам кој човек штедеше, мислам кога бевте премиер. па сите луѓе во Република Македонија  не знаеја каде да ги однесат парите. За нив Комерцијална банка беше мислена именка. Кој мислеше да однесе пари во банка да штеди во ваше време, кога се појави Штедилникцa ТАТ, АЛФА С, кога да се однесат пари во банка беше исто како да викнете арамија дома да ви ги земе, да не се бара апсолутно шанса дека утре ќе ви ги вратат. И тоа се случи. Сега вие зборувате за зголемување на штедењето како предуслов, како мерки за зголемување  на вработувањето итн. Да не заборавиме дека токму оваа Влада на Георгиевски која многу ја критикувате, барем во тој дел имаше резултати

Или, намалување на зафаќањето од стопанството за неколку проценти - веројатно мислите на даноците, инаку што би било друго. Колку што знам, во Република Македонија  три даноци се главни и тоа ДДВ, персоналниот и данокот од добивка. Кој од овие мислите да го намалите, господине Црвенковски? Не знам, тоа ќе треба да му го објасните на ММФ кога ќе дојде идниот месец (господинот Црвенковски од место вели “воениот данок”). Воениот данок завршува и без да го менувате од крајот на оваа година. Демагогија е да се каже дека ќе го укинете бидејќи и така му истече времето. Но не заборавајте дека она што ни го кажувавте нам овде, пред се со тоа треба да го уверите ММФ и Светската банка со кои треба да склучите аранжмани, а за кои ни ветивте бидејќи ние сме сме успеале, вие ќе успеете. Сега на нив објаснете им како вие ќе ги намалите даноците и дека благодарение на таквото намалување и зафаќање од стопанството тие ќе ви дадат аранжман. Ајде да го видиме и тоа чудо.

Или обезбедување на кредитен аранжман во висина од 100 милиони евра. Па ако некој беше најголем критичар, тоа е господинот претседател што седи зад мене како координатор на СДСМ, кој што најмногу критикуваше зошто оваа држава се задолжува. А господине Црвенковски, вас ќе ве потсетам токму на вашите митинзи во ова предизборие, кога кажувавте дека нема повеќе да се задолжуваме, дека и вака сме презадолжени. Одеднаш во програмата 100 милиони евра повторно задолжување. Добро, тоа ќе го објасните, вие сте премиер.

Никаде не е спомната онаа бројка колку ќе се вработат оваа година. Никаде тоа не го слушнавме ни од вашата предизборна кампања, освен што г. Петар Гошев кажа 20-30 илјади оваа година, или идната година, односно тој кажа една конкретна бројка како ќе оди вработувањето. Би сакал да поверувам навистина дека конечно вработувањето од онаа бројка што ја спомнувате во време на ваше владеење ќе биде намалена и тоа ќе биде спротивно на сите аргументи кои ви стојат во прилог. Обично кај вас во вашето владеење постоеше една нагорна линија, ама во обратен правец, наместо вработување невработување односно отпуштање од работа. Или господине Црвенковски, да ве потсетам дека категоријата технолошки вишок излезе баш во ваше време, да потсетам колку фирми се затворија со вашата мерка на вработување. Или овде некој спомна во Тетово колку се сега невработени, а колку беа во ваше време. Неспорно е дека изгубивме, но неспорно е и дека во ваше време со вашето шестгодишно владеење вие имавте само нагорна линија, ама во сите обратни правци од она што сега го ветувате. И сега нормално дека се поставува прашањето како сето тоа одеднаш ќе го преориентирате. Немавте решенија тогаш, сега одеднаш ги најдовте. Тоа е навистина прашање кој секој граѓанин во Република Македонија го интересира. Ќе го видиме и тоа, ќе го види народот и тоа можеби за брзо време.

Би се осврнал уште на едно кадровско решение кое заборавив да го кажам. Жал ми е што го пропуштив, но сега ќе го спомнам. Тоа е г. Петар Гошев. Човекот кој што е предложен за министер за финансии. Сите квалификации зборуваат дека одговара за тоа министерство, меѓутуа, би го запрашал г. Гошев: требаше да чека 12 години политичка кариера, шетање од една во друга партија, од една во друга коалиција за да на крајот дојде во старото јато и да го добир министерското место во Министерството за финансии. Мислам дека тоа господине Гошев можевте да го имате одамна и ми се чини дека тоа е мал залак за вас. Вашите потенцијали зборуваат можеби повеќе. Искрено, господине Гошев, се надевав дека вие ќе бидете идниот премиер. Слушајќи го г. Црвенковски кога влезе

во широката коалиција, кога кажа јас повеќе нема да бидам премиер, и кога ги видов транспарентите “Гошев за премиер”, навистина реков паметно од нив, донесоа прав човек на право место.

Но, за жал тешко, тешко суетата на господинот Црвенковски ќе може да се задоволи Гошев да биде премиер. Добро е и резервен состав, значи министер за финансии. Ќе видиме како ќе соработувате со господинот Црвенковски, кој толку упорно го критикувавте и да ја повторам дефиницијата што ја кажавте за господинот Црвенковски во она време кога коалициравте со нас. Нели дека не постои човек на простор и време и тн., добро се сеќавате на тие зборови, покорумпиран господин Црвенковски, тоа беа ваши зборови. Добро е што сега заедно ќе работите, ако ништо друго, барем ќе го контролирате со вашето знаење, со вашата способност во оној дел каде што Бранко незнаел, можеби и уште не знае. Му треба еден искусен човек и во секој случај добар ви ресорот финансии, а како ќе ги делите парите од касата тоа незнам. За жал господинот Хари Костов не ќе може да ви помогне бидејќи е министер за внатрешни работи. Толку, само на крајот да констатирам дека јас нема да ја подржувам оваа влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само момент, ќе дадам реплика на сите по редот што ја побарале.

Прво, побара реплика господинот Славко Петров.

Господине Петров имате три минути.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Благодарам.

Очигледно, станува весело, па ајде да се придружам и јас.

Прво, господине Караџоски, навистина сте во право кога тврдите дека во животот не сум фатил мотика, ама истовремено ќе ви кажам нема ни да ја фатам, по с# изгледа. Прво, затоа што Бранко Црвенковски не ме предложи за да фатам мотика и второ, затоа што ако треба да фатам мотика, треба да ја добијам од вашиот министер Ѓорчев. Но, се сомневам дека тој ќе ми ја даде. А, знаете зошто? Зашто, мотиката трга пред себе, а јас немам намера тоа да го правам.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Караџоски, реплика на реплика имате една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само во една минута, колку дозволува Деловникот.

Јас господине Петров тоа го кажав сликовито, фигуративно, за да се потврди дека немате никакво искуство во поглед на земјоделието. Еве, јас не морам да ви споменам мотика, но набројте пет врсти на грозје, сорти на грозје, со кои што утре ќе се срекавате со земјоделците, па објаснете и набројте само пет врсти на грозје, па да речеме дека имате барем некакво познавање од земјоделието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Жерновски Андреј. Генерално би ве замолил сите реплики да ги сведеме на минимум, ако навистина има потреба.

Повелете господине Жерновски и имате три минути.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Го користам правото на реплика од името на пратеничката група, бидејќи од господинот Караџоски низа клевети во однос на компетентноста на министрите кои се предложени во име на ЛДП. Колку што ме држи сеќавањето, вие сеуште сте пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, па малку околу компетентноста на вашата партија. За министер на МВР предложивте професор по марксизам и самоуправување за премиер книжевник, не мене, туку на јавноста да и објасните како за министер за одбрана предложивте ликовен критичар. Каде можете да најдете во светот таков пример. Колку аир виде државата и граѓаните од тој ликовен критичар, незнам, но неговата фамилија виде голем аир.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право на реплика господине Караџоски една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Жерновски само би ве прашал дали тоа значи дека вие како ЛДП, коалиционен партнер на СДСМ ги следите истите наши чекори? Па, еве ние изгубивме заради таквите. Значи вие ги следите истите наши чекори, што значи дека ги оправдувате тие работи кои ги кажувате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Реплика побара госпоѓа Роза Топузова.

РОЗА ТОПУЗОВА:

Со оглед на тоа дека бев спомната и бев запрашана како ќе гласам, сакам да му кажам неколку зборови на господинот Караџоски. Слушнавме говори полни со загриженост за судбината на РМ како од него, така и од неговиот лидер. Говори

полни со патриотизам. Сето ова можеби бизвучело убедливо ако го кажевте пред пет години, тогаш поголем дел од народот, а верувам и вашите членови ќе ви поверуваат. Меѓутоа, сега по четиригодишно владеење, не само што не ви верува поголемиот дел од народот, туку и дел од вашите членови, веќе не веруваат во вашите искрени намери за вашата загриженост за добробитноста на РМ. А, не веруваат поради тоа што вие господине Караџоски и сите вие од ДПМНЕ кои што ја практикувавте власта, не покажавте почит, пред се кон својот сопствен народ. Го турнавте во беда, сиромаштија. Заре, не ја гледате армијата на невработени, која секојдневно оди по нашите улици. Не покажавте почит ни кон историјата. Избришавте цели периоди од подалечната и поблиската историја на нашиот народ. А, луѓе кои беа најголеми крвници за овој народ, ги вброивте меѓу великаните кои ги дадоа своите животи за Македонија. Не покажавте почит ни кон МПЦ. Напротив, од првиот момент се мешавте и дававте инструкции во ракоположувањето на нејзините великодостоинственици. Говорите со говорот на некои цифри. Вие може само пред себе да се гордеете со цифрите на вашите банкарски сметки, а пред народот да се срамите поради тоа. Свесна сум за ситуацијата во која се наоѓа во која се наоѓа нашата земја. Свесна сум за одговорноста која треба да јапонесе оваа Влада во вака разнебитена Македонија и токму поради тоа ќе ја дадам мојата подршка. Го задржувам правото на понатамошна дискусија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Имате право на реплика една минута господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Госпоѓо Топузовска - Каревска, повторно ќе го повторам истото. Треба да бидете загрижени како ќе го дадете гласот за оваа Влада во која седат терористите на ОНА, од аспект на тоа што сте прилепчанка, од аспект на тоа што десет жртви Прилеп даде. Да поведете повеќе грижа за нив, одколку за Маркови Кули, дали е осветен или не е, затоа што навистина тоа е судбинското прашање на РМ, а не за она што водите грижа.

Второ, би му препорачал на г-динот Славко Петров, со оглед на тоа што адвокатстата функција ќе ја замени со министерска, да ве предложи вас за адвокат, барем на пратеничката група на СДСМ бидејќи навистина за кратко време изнесовте еден грст лаги.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Сасов Ѓорѓи на излагањето на Караџоски.

Господине Спасов имате три минути.

ЃОРЃИ СПАСОВ:

Говорот на господинот Караџоски не заслужи толкаво внимание колку што му обрнуваме, меѓутоа , тоа е практично само доказ дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се однесува и натаму како да не е од тука и сака на сите да им создаде некаква грижа на совест за сето она што се случува во Македонија, а тие да бидат амнестирани од сето она што се случуваше во Македонија.Во таа насока беше и говорот на премиерот, кој што меѓу другото одржа еден предизборен говор со сите дисквалификации на меѓународната заедница и ни се обраќаше постојано со "почитувани граѓани". Тоа е за амнезијата, која што е широко раширена во вашата пратеничка група.

Второ, во врска со примерите на амнезијата за која што говореше, а за тоа кој што говорел во врска со терористите, само ќе ве потсетам на едно. Во развојот на конфликтот во РМ постојат три фази.

Првата фаза во која што сите ние колку што не има говоревме дека терористичките акти треба да бидат сузбиени од државата РМ и кога господинот Мендух Тачи рече дека државата РМ има право со сите средства да се бори против сите акти на тероризам во РМ.

За жал, втората фаза и од таа фаза се еден дел од цитатите кои што вие ги спомнавте, беше кога премиерот Георгиевски, излезе и кажа, луѓе во Македонија не станува збор за некакви терористички акти, туку е ова војна, востание на албанскиот народ. Затоа предлагаше воена состојба, затоа предлагаше поделба на териториите и затоа предлагаше размена на населението. Тогаш, кога предлагаше тој бомбардирање, војна, поделба на териториите, размена на населението, настапи и третата фаза кога се создаде Владата на широка коалиција и кога сите ние со помош на Меѓународната заедница се обидовме и направивме да го спречиме најлошото за Република Македонија, постигнувајќи го и Охридскиот договор, а потоа донесувајќи и амнестија во која што сите вие учествувавте подеднакво, како и сите други политички партии.

Денеска е срамно од господинот Георгиевски да слушаме дека тој знаел дека всушност станува збор за перфектно злосторство на Меѓународната заедница извршено за Република Македонија и дека тој сега, како опозиционен лидер знае дека тоа перфектно злосторство дефинитивно ќе заврши со поделба на Република

Македонија. Ете, толку за амнезијата. Од овие периоди, различни цитати за сите вас можат многу лесно да се извадат.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Караџоски, реплика од една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро господине Спасов, самиот ваш настап на репика покажува колку сте контрадикторни и покажува колку ги извртувате работите кога зборувате. Се јавивте мене да ми реплицирате, а реплициравте на господинот Георгиевски и тоа јас би кажал не знам колку сте компетентни да му реплицирате на господинот Георгиевски. Од друга страна, да кажете дека господинот Георгиевски заговарал и јавон кажал дека бара поделба на територија или размена на население е чиста измислица и лага. Тоа не беше став на Георгиевси, сите добро го знаат, тоа го кажа МАНУ. И, сега, немојте да ги извртувате работите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ќе продолжиме со работа, репликите завршија.

МЕБДУХ ТАЧИ:

Добив прилика и јас да говорам во Парламентот. Репликата се однесува на господинот Спасов, кој што намерно се потчешува или се чеша со пратеници од Демократската партија на Албанците. Изјавата која што тој ја парафразираше не е така. Јас реков треба да се отвори дијалог со тие луѓе и доколку тие не прифаќаат дијалог за нешто политички туку имаат некои други барања, тогаш може да се разговара за други нешта.

Вие, господине Спасов и членовите на новата ваша коалиција треба да ве потсетам со изјавите на господинот Црвенковски, кој што една година зборуваше дека доколку навистина се мисли дека војната за правата на Албанците ја направи ДПА и господин Џафери, јас сум тука подготвен да прифатам пред вас и да кажам да, и дека е токму така. Ние ја направивме таа војна и ние ја помогнавме таа војна и ние ја оправдавме таа војна. Но, доколку ова не се прифати, треба да се каже кој ја направил оваа војна и реално да ги разбереме прашањата и да не ги менуваме тезите дека некој е модерен, дека е современ, а некој е постојано радикален.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Продолжуваме со пријавените дискутанти по точката на дневниот ред.

Наредден за збор е господинот Михајло Георгиевски.

Господине Михајло, пред да ви дадам збор само ве молам за едно мало внимание. Бидејќи сакам на кратко да отсуствувам од седницата, а не се избрани потпретседатели на Собранието на РМ, согласно член 66 од Деловникот на Собранието, предлагам за време на моето отсуство кратко од седницава, на оваа седница да претседава пратеникот кој ќе го избере Собранието. Само за оваа седница.

По тој повод предлагам пратеничката Лилјана Поповска да ја избереме за претседавач само на оваа седница во мое отсуство.

Согласно Деловникот, овој предлог го ставам на гласање.

Прво, ве молам, службите да ме известат дали имаме 61 пратеник во салата за одлучување. Ги молам пратениците што се во холот до салата да влезат внатре.

Констатирам дека имаме доволен број пратеници.

Предлогот на оваа седница претседавач да биде пратеничката госпоѓа Лилјана Поповска го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака. (Пратениците креваат рака)

Молам, да ги изброите гласовите.

Дали има против? (нема)

Дали има воздржани? (11 пратеници)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Му давам збор на господинот Љупче Мешков.

ЉУПЧЕ МЕШКОВ:

За кој член од Деловникот се однесува ова што претходно го кажавте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Член  67 од Деловникот.

Ако и потпретседателите се спречени или отсутни на седница на Собрание се избира пратеник кој ќе претседава на седницата. Со оглед дека потпретседателите не се избрани, Собранието избира пратеник кој ќе претседава на седницата.

Ве молам, да не правиме никакво драматизирање од потребата на претседавачот, не може 12 часа да седи во Собранието.

Му давам збор на господинот Михајло Георгиевски, а ја молам пратеничката Лилјана Поповска да претседава со седницата во мое отсуство и со тоа да биде првата жена претседавач на повеќепартискиот парламент во историјата на Македонија до сега.

Господине Михајло повелете.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа,

Ние денес овде треба да избереме или да не избереме Влада на Република Македонија т.е. да гласаме за предложената влада или против предлогот. Јас уште на почетокот ќе кажам дека ќе гласам против, а за тоа имам длабоки и суштински причини. Причините ги поделив на три групи и тоа:

Од политички аспект:

Морално етнички и

Од аспект на стручност и компетентност на кандидатите предложени за членови на Владата на Република Македонија.

Политичкиот аспект е најважен. Како прва и суштинска причина поради која нема да гласам за предлогот на направената коалиција на СДСМ со терористичката ОНА преименувана со ново име ДУИ. Правење на коалиции меѓу партии е нормална работа, но правење на коалиции со терористички организации во кои што членуваат докажани терористи и злосторници не е нормална и е со катастрофални последици за народот и државата.

Денес кога во светот се води жестока и бескомпромисна борба против тероризмот како најголемо зло на човештвото лудост е да се помисли да се поддржува партија со членови припадници на терористичка организација. А како најголема лудост и дрскост е да се прави Влада во која што ќе членуваат како министри, заменици министри и други функционери злочинци кои што директно или индиректно учествувале во терористички акции и рацете си ги окрвавеле со невина човечка крв.

Дами и господа,

Сеуште се свежи гробовите на невино загинатите македонски бранители. Лелекот на невините мајки и жени сирачиња сеуште ни ечи во нашите уши. Сеуште не им се знае трагата на киднапираните македонски несреќници, а еве се брза да се направи Влада во која спокојно ќе седат протагонистите на овие злокобни дела. Зарем толку се нема политички дослух дека правење влада со терористи ги навредува чувствата на сите мирољубиви луѓе во земјата и предизвикува невиден револт кај македонското население кое пострада и сеуште невино страда од екстремното албанско терористичко тело во Македонија чии делови се токму предложените кандидати за членови на владата на Република

Македонија. Зошто толку се брза да се внесат терористите на Али Ахмети во извршната власт во Македонија? Зарем не е поумно да се почека малку, да се види дали амнестираните албански терористи се покајале за своето злокобно дело и се за соживот со македонскиот народ, или сеуште размислуваат како поголемо зло да му нанесат на мирното македонско население. Досега албанските кандидати за членови на владата на Република Македонија имаа можност да покажат дали сакат соживот со македонците или не. Така на пример ако беа навистина за соживот кандидатот за министер за образование лично ќе појдеше во Шемшево,ќе ја тргнеше бистата на терористот Јонузи и ќе поставеше нов постамент на меѓусебно разбирање. И главната преговарачка, цивилната командантка Фортуна можеше да излезе од своето дувло во Мала Речица и да појде до стадионот во Тетово каде се пролеа невина детска крв на матурантот Ванчо Јосифовски од злокобните раце на нејзините сонародници. Барем да покажеше малку чувство на загриженост како што покажа загриженост за членот на нејзината партија поради приведување од страна на полицијата кај Сарај.

Почитувани дами и господа,

Уште еднаш сакам да ја потенцирам политичката грешка и незрелост да се избере влада во која ќе членуваат терористи па макар биле тие и амнестирани, се разбира под притисок на надворешниот фактор бидејки тоа претставува охрабрување на терористичките методи за доаѓање до некаква цел и власт. Затоа категорично го отфрлам и го осудувам од политички аспект предлогот на мандаторот за состав на нова влада. Ценам дека внесување на терористи или учесници во терористичките организации за членови на владата е избрзано, злосторно и шокантно. Оној што тоа го предлага е соучесник во злочинот.

Втората причина поради која нема да гласам за составот на новата влада е од етничко морален аспект.

Почитувани дами и господа,

Познато е дека секоја работа за да биде благородна мора да има морално етнички вредности. Лагата и измамата се главни непријатели на моралот. За човек што лаже и мами се вели дека е човек без морал. Таквите луѓе се на најниската скала од човечката лествица.

Челните луѓе на СДСМ за време на кампањата цело време велеа дека нема да прават коалиција со злосторникот Али Ахмети и неговото ДУИ. Тоа значи дека злокобно и најбезобразно го измамија македонскиот електорат. Лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски, перманентно изјавуваше дека коалиција со Ахмети не

доаѓа во предвид. А, потоа ја смени со изјави дека за него нема место во извршната власт. Но, ете најблиските луѓе на Ахмети ги внесе во предлогот за состав на новата влада на Република Македонија.

Гласноговорникот на СДСМ Владо Бучковски, инаку кандидат за министер за одбрана во новата влада во Весникот "Македонија денес" од 26 август 2002 година има изјавено: "Нема коалиција со Ахмети". Ете и тој најбезобразно го излажа македонскиот народ.

И Трифун Костовски, главниот фаворит на Коалицијата "За" сега се претствува како независен кандидат, во интервјуто за "Македонија денес" има изјавено: "Нема коалиција за оние што војуваа".

Најголемата инвестиција на СДСМ, Киро Глигоров во интервјуто за "Утрински весник" од 11 септември 2002 година покрај другото вели: "Црвенковски повеќе пати кажа дека нема да коалицира со Ахмети. Факт е дека во СДСМ нема расположение за некаков сојуз или коалиција со Ахмети. Знаат тие како народот гледа на тоа по сите убиства, грабежи и палежи. И покрај амнестијата нашите луѓе не можат да прифатат дека по седумдесетмината убиени и повеќемина киднапирани нештата треба да се одвиваат како ништо да не било". Можеби Глигоров така мислел, но неговиот Бранко и околу Бранко така не мислеле. Тие го излажаа и го измамија народот наш и го доведоа пред свршен чин. Освен лагата и измамата како најнизок морален чин и полтронството обоено со сервилност е беден неморал што е белег на челниците на СДСМ. Од каде таква понизност, сервилност и полтронство кај оние луѓе кога се знае дека македонскиот човек во текот на своето национално ослободително движење се одликува со своето достоинствено однесување, од каде сега таква понизна и полтронска реакција, релација кон меѓународната заедница ако не од преголемата желба за побрзо враќање на власт.

Тоа е суштинска причина почитувани дами и господа челниците на СДСМ на чело со Бранко Црвенковски да коалицираат со најголемиот крвник на македонскиот народ и со командантите на ОНА сега именувани во ДУИ.

Неморал е немањето на национално и државно достоинство.Како би го оцениле почитувани дами и господа однесувањето на кандидатот за министер за одбрана Владо Бучковски кој неодамна оди на разговор кај градоначалникот на Липково и разговорите ги води под знамето на туѓа држава. Каква трагична глетка-во своја држава под туѓо знаме. Знаме под кое е извршен а и сега се извршува злочин во Република Македонија. Па зарем има поголем неморал почитувани дами и господа да поставиш вице премиер во влада човек кој не го знае јазикот на таа

влада. Овде би го запрашал мандаторот Црвенковски дали некаде во светот, на пример во Америка како најголема мултиетничка земја може да влезе човек за чистач или курир во владата на Америка ако не го знае англискиот јазик. Или на пример во Владата на Албанија дали е можно да влезе некој Грк, Влав или Македонец ако не го знае албанскиот јазик. Нема таков случај во светот господине Црвенковски. Вашата влада ќе биде запаметена како уникатен случај а вие како уникатен уништувач на македонските национални интереси и како човек без елементарна национална и државна гордост и достоинство. Со еден збор без никаква етика и морал.

Третата причина поради која нема да гласам за оваа влада е аспектот на стручност и компетентност.

За да биде една влада успешна потребни се покрај политичките и стручните, компетентни личности. Во понудената предлог листа за формирање на владата има доста личности што по мое мислење можат со успех да ја обавуваат својата дејност. Но, има и такви што не се компетентни. Овде ќе ги споменам најкарактеристичните како на пример:

Ќе го изнесам случајот со кандидадот за министер за земјоделство шумарство и водостопанство Славко Петров. Господинот Петров го знам како добар адвокат и тој би бил добар министер за правда. Од биографијата се гледа дека нема никакви допирни точки ниту со земјоделието, ниту за образованието, ниту пак работно искуство. Тоа исто би значело кога некој земјоделски инжинер без никакво правно искуство би бил министер за павда. Или на пример за кандидатот за министер за образование Азис Положани.

За него имам особено многу забелешки.

Прво, не одговара според своето образование. Има завршено Медицински факултет во Приштина. Нема ниту еден работен ден во образованието. Него го знам и како пратеник во Собранието на Република Македонија во претходниот мандат. Тој е нагласен албански националист и мислам дека ќе направи голема штета во образовниот систем во Македонија.

Владо Бучковски, кандидат за министер за одбрана се покажа како неспособен министер за одбрана во широката коалиција и мислам дека ќе биде големо промашување особено по случаите со Карпалак, Радуша и други случаи.

Конечно да ја кажам и можеби најважната причина зошто ќе бидам категорично против предлогот за состав на оваа влада. Се сомневам дека со оваа влада која што е некомпетентна и неприродна ќе се надмине фактичката етничка

поделба на Македонија и дека ќе се обезбеди целосна контрола на територијата на државата како и враќањето на раселените лица во своите огништа. Уште помалку дека ќе го запре дивеењето на албанските терориости чија крајна цел е заграбување на цела македонска територија и етничко чистње а не остварување на некакви човечки права како што се обидуваат да ни го претстсват низ целото ова кризно време.

Ете почитувани дами и господа пратеници поради овие причини неможам да гласам за составот на новата влада. Ако добро и доблесно размислите и вие особено прогресивните и добронамерните, независно од која партија сте не би требало да гласате за оваа Влада.

Благодарам.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Михајловски Јордан има реплика.

**ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:**

Господинот Георгиевски, инаку го почитувам за некои историски опции, со нешто се сложувам од тоа што го работи во неговиот живот, меѓутоа, со неговата дискусија со овие три карактеристики во однос на изборот на новата влада не можам да се согласам и тоа во целост.

Прво, за првиот принцип за кој тој дискутираше политичкиот принцип не се согласувам од една страна што етикетата беше еднострана. Зборуваше за терористи во Владата, тоа е условно, меѓутоа ќе кажам дека токму преку ДПА Владата на Љупчо Георгиевски латентно ги вовлече во Владата, во институциите на системот. Тоа е првиот мој одговор на неговиот политички принцип.

На вториот принцип, морално етички заборави да надополни со две основни етички особини кои треба да ги има владата, а тоа се љубов и должност. Татковината прво се носи во срце, а со должност се остваруваат сите оние принципи кои владата треба да ги остварува.

Зборуваше за измами и лаги. Зарем ги немаше пред тоа. Сега се зборува за лаги кои можат да се случат, а ние бевме сведоци дека во времето на воената криза се случуваше најголемото воено прифитерство во Македонија. Случајот Пауновски, да не напоменувам други случаи.

За стручноста и компетентноста тоа е негово право да суди. Владата уште не седнала во своите столови. Можам да кажам дека она што тој мислеше како реперкусии што ќе произлезе од нестручноста на владата ќе била етичката поделба во Македонија и незнам што ќе се случи понатаму.

Ќе потсетам, ќе ја потсетам и целата јавност дека ние веќе потпишавме платформа во која кажуваме и ќе ги кажуваме принципите на коалицирањето. Тие принципи се мирот во државата, борба против корупцијата, борба против сиромаштијата, подобрување на меѓуетничките односи и тн.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Благодарам.

Реплика на реплика има господинот Михајло Георгиевски.

**МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Да му кажам на господинот дека денес на дневен ред е Владата на Црвенковски, не на Георгиевски да кажуваме што било како било. Денеска зборуваме за оваа Влада. За минатата минатата е, што погрешила погрешила и затоа таа изгубила.

Друго, не моралот и дека потпишале некаков договор. Дај Боже тоа да се придржува. Хартијата се трпи. Што ќе се постигне ќе видиме. Јас си го кажав своето мислење и тоа да се почитува.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Благодарам, дали господинот Мендух Тачи за реплика се јавува.

**МЕНДУХ ТАЧИ:**

Јас мислам дека пратениците на СДСМ полека го вклучуваат во игра во ДПА, особено на четири години или 10 години на дејствување на оваа политичка партија. Тие за својот неуспех, за обвинение имаат ДПА. Конкретно сакам да кажам дека се спомнува терминот тероризам, која што парламентот навистина многу лоша терминологија, бидејќи почнуваме со лоши етикетирања, но јас мислам и да констатирам дека Владата на господинот Црвенковски од 1992 до 1998 година

направи државен тероризам над албанците. Доколку вие сакате да ве потсетам, убиствата на луѓето, на цивилите со неколку години и тн. Сепак, апелираме да бидете навистина внимателни сите пратеници кои се присутни тука бидејќи недозволиво во објективна ситуација каде што постоеше меѓу албанците и македонците што беше војната пред неколку години сега да се злоупотреби за политички интереси. ДПА уште нема позиција за владеење на вашето владењее, за коалиција за која вие ја правите со ДУИ, па затоа коректноста треба да биде максимална, бидејќи секој знае, ги знае своите варијатни за конструктивноста во политиката.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Господине Михајловски имате право на реплика од една минута. Дали ќе го користите правото на реплика?

Има збор господинот Јордасн Михајловски.

**ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:**

Ако логиката ме служи, реплика на реплика трае една минута, без разлика кој ја дава репликата. Дали оној кој што држел говор пред тоа, или оној кој што немал говор, а реплицирал на реплката од претходниот говорник. Затоа мислам дека ако тоа Мендух Тачи го прекорачи, времето од една минута бидејќи даваше реплика на реплика.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Тоа е во согласнот со членот 86, затоа што прва реплика му беше на господинот Тачи, за што има право.

Тој бараше збор за реплика на исказот на господинот Јордан Михајловски така што има право на реплика од три минути.

Молам дали некој друг бара збор за реплика или да одиме со другите дискутанти?

Има збор госпоѓата Ганка Самоилова - Цветановска.

**ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, ваши екпеленции,

Пред само неколку месеци од оваа собраниска сала сегашниот, актуелниот претседател на Собранието на Република Македонија господинот

Никола Поповски изјави дека одбива да биде член на Комисијата за доделување на наградите 11 Октомври. Како образложение го наведе и учеството на господинот Родољуб Анастасов, истакнат македонски ликовен уметник и професор на Ликовната академија. Човек за кој е етикетиран, суден за идеите за самобитноста на Република Бакедонија.

Би сакала да потенцирам дека благодарение на сонот на господинот Родољуб Анастасов и илјадници други такви, денес господинот Поповски има ретка чест и привилегија да биде претседател на Собранието на самостојна и независна Република Македонија. Но, денес гледаме дека тој чин всушност го протолкував тогаш како чин на принципиелност, но гледам дека таа принципиелност паѓа во вода, затоа што денес ниту на актуелниот претседател на Собранието господинот Поповски, ниту пак на неговите партиски и коалициони партнери не им пречат да седнат не во Комисија за доделување на награди, не на преговарачка маса, туку во извршната власт, не со луѓе кои имале сон за идеите за самобитноста на Република Македонија, туку со луѓе на кои како најголем грев им се припишува и ги носат на душа.

Само накратко да повторам - етничкото чистење, убиствата на членовите на безбедносните сили, масакрите на Вејце, Карпалак, уништувањето на домовите на населението во тој дел од Македонија и чинот на најнецивилизациско однесување, а тоа е уништување на врвни споменици на културата, кои се дел од севкупното културно наследство. Мене навистина ми е малку непријатно што го посочив токму господинот Поповски, актуелен претседател денеска, На моето прво собраниско обраќање, значи во својство на пратеник, но ценам дека е тоа и сметам дека е тоа најеклатантниот пример на флагрантното недоследно спроведвување на неговата и неговата партиска ценам, принципиелност, односно и непринципиелност или спроведување и држење до принципиелноста според потребите и спроед ситуацијата.

Она што особено ме погодува како македонски граѓанин е начинот на кој не убедуваат за причините за формирањето на една ваква непринципиелна коалиција, што го слушнавме и во експозето на идниот премиер г-динот Црвенковски и тој начин можам да го оквалификувам како крајно фриволен, потценувачки и навредлив за целокупната македонска јавност и за интелигенцијата на македонската јавност и нивното гласачко тело. Но, тоа е веќе нивен проблем, нивното гласачко тело. Што се однесува до последиците ВМРО-ДПМНЕ како партија ќе биде апсолутно амнестирана. Ним, нека им служи на чест.

Би сакала, денеска бев испровоцирана, иако тоа беше еден од најголемите предизборни адути на коалицијата за Македонија, а го слушнавме и денеска од собраниската говорница, иако не е во мојот стил, бев крајно испровоцирана и би сакала конечно да преговорам за скапата гардероба и за баловите што се најголем аргумент причина за кои ги исгубивме изборите. Да, точно, почитувани колеги ние се носиме со фактот дека ги изгубивме изборите.

Што се однесува во однос на средствата што ги трошиме, конкретно ќе зборувам за мене немам намера во име на друг да се обраќам, средствата што ги трошам за скапите фустани по балови можам да си ги дозволам затоа што не консумирам големи количини виски, па затоа можам да ги пренасочам на скапа гардероба. И сите оние кои имаат намера да носат скапа гардероба во иднина им препорачувам да го следат мојот пример и да не консумираат виски во големи количини.

Што се однесува до баловите, за аверзијата на одредени пратеници од Коалицијата за Македонија заедно, можам да ја сфатам аверзијата бидејќи претпоставувам дека таа не е во нивната традиција. Но, ме изненадува односот на господинот Жерновски, бидејќи како сум упатена, а добро сум упатена, пред се заради добрите пријателски, деловни врски на нашите две семејства во минатото, затоа што семејството на г-динот Жерновски биле чести посетители на скопските балови, за што сведочат и н еколку фотографии во нашиот семеен албум. На крајот, на г-дин Жерновски му се заблагодарувам за поддршката на Владата на г-динот Георгиевски што ја искажа на оваа собраниска говорница.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И благодарам на г-ѓа Ганка Самоиловска Цветанова.

На ред е г-динот Љупчо Балковски. Повелете, имате збор.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувани гости,

Ова предлог влада што денеска парламентот треба да ја избере или можеби нема да ја избере е договорено уште пред неколку месеци, можеби и година.

Меѓутоа, има многу нелогичности и многу погрешни работи во суштината на оваа предлог влада. А, тоа се :

Договорена коалиција помеѓу СДС и ДУИ а на народот тоа не му се кажа за време на кампањата.

Договорена коалиција помеѓу СДС и ДУИ а ниту СДС, ниту ДУИ не биле за Влада.

Договорена  коалиција помеѓу СДС и политичкото крило на ОНА за траен мир во државата, а ние водевме војна против ОНА.
Договорена коалиција што ќе се залага за Охридскиот договор, а само СДС го има потпишано договорот од сите други партии што ќе учествуват во власта, во време кога се водеше војна против ОНА.
Договорена Влада, се кажува, без странски условувања, а цела Меѓународна заедница ја прокламираше новата влада, а мандаторот беше повикан на состанок уште пред да почнат и преговорите за новата влада.
Навистина, многу нелогични работи и многу погрешни работи во суштината на оваа предлог влада.
Што се однесува до самиот предлог и поделба на ресорите, не треба да се кажува и народот да се залажува дека СДС ги водеше преговорите. Одлучувачко решение имаше ДУИ, затоа што како што кажа и самиот СДС тргна од една платформа и една позиција што ВМРО имаше дадено на ДПА и кои министерства ги имаше дадено на ДПА а се стигна до таму да ДУИ самата си ги одреди министерствата што ги сака. Тоа се правда, образование, здравство и транспорт. Дури сама си ги определи и замениците министри што таа ги сака во кои министерства. Да ве потсетам, ДУИ, односно политичкото крило на ОНА ќе раководи со министерство што ги има ингеренциите во  патниот сообраќај, ингеренциите во железничкиот сообраќај, во воздушниот сообраќај во радио и телекомуникациите, во поштите, во урбанизмот, во планирањето, во проектирањето, во градежништвото и во цело градежно државно земјиште. Затоа и не ме изненадуваат овие последни кампањи против ова Министерство за транспорт и врски околу додела на становите, поделба на становите, додела на градежното земјиште, како тоа градежно земјиште се делело и на кои тоа луѓе се делело тоа градежно земјиште.

Очигледно во оваа поделба на станови и овие предлози за пониШтување на цели конкурси и цели тендери за станови и градежно земјиште е договорено помеѓу СДС и ДУИ да и дуи зњеме дел од тие станови, да и ДУИ го дели веќе гра дежното земјиште.

Аргументите се тука, многу брзо ќе бидеме свесни за сето тоа што ќе се случува во РМ, со оваа нова власт ако биде избрана.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам.

Збор има г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседавач на Собранието, почитуван колеги пратеници,

Денеска на дневен ред имаме избор на нова влада на РМ. Но, гледано вака од страна како да се работи за некоја интерепелација на Влада и тоа не само една туку две. Едната на г-динот Црвенковски од 1997 година и едната на г-динот Георгиевски од 2002 година.

Господинот Георгиевски одржа еден правдачки говор во кој што образложуваше се она што не треба да го каже денеска, бидејќи денеска имаме друга тема. Се доби впечаток или пак од друга страна дека се наоѓаме на некој филмски фестивал, па сега се дискутираше за поделбата на Европски и американски филм. А, во кој филм е г-динот Жарко Караџоски немам поима.

Сепак, заради искрениот и кконструктивен пристап, најомилените зборови што ги употребија досега колегите од ВМРО ДПМНЕ а не еднаш ги употребија, ќе кажам нешто и јас. Во овој момент клучно прашање каква Влада на Македонија и треба.

На Македонија, пред се и треба Влада со јасен концепт, јасна стратегија за следните четири години. Стратегија по некогаш може би може да биде и погрешна, но мора да ја има. Таа не смее да зависи од тоа на која нога сме станале или ако сме се исчешлале. Стратегијата не е приказна за мали деца, за 100 годишни владеења, туку јасен концедпт за тоа како и каде ја гледаме Македонија во следниве четири години. Стратегијата мора да содржи јасно дефинирани приоритети и активности за реализирање на истата. Онака како што е нагласено во експозето на г-динот Црвенковски.

На Македонија и треба влада што ќе создаде услови за интегрирање на целиот умстевен потенцијал на нашава земја, Влада што ќе создаде амбиент за обединување на мудроста и разумот, амбиент каде секој граѓанин ќе ја вложи целата енергија што ја поседува.

На Македонија и треба влада во која што ќе се распределува одговорноста а не контингентите.

Новата влада мора да понуди единствена програма и јасно дефинирани приоритети.

Влада, каде активностите на министрите не зависат од партијата од каде доаѓаат, туку активности што се дел од единствениот владин концепт и програма.

Во Македонија мора да престане поделбата на м инистерствата по партиска припадност и мора да се свати дека сите министерства работат во интерес на Македонија.

Тоа не подразбира Влада што еден ден има НАТО за пријател и го претставува како домаќин, примерот со 1999 година, а друг ден истиот тој НАТО за непријател и поткажувач. Влада која нема еден ден да биде ортак со Хашим Тачи и да го третира Косово како економски сосед а друг ден да го обвинува истиот тој како главен агресор. Влада која сорајботува со ЕУ од стратегиски цели, а не од дневно политички потреби и само како декор во изборните спотови. А денеска слушнавме дека ВМРО ДПМНЕ и Георгиевски имале потпис што има ограничен рок. Дека потписот на Охридскиот договор траел до сега. Или пак, бидејќи е тоа потпис на претседател на ВМРО ДПМНЕ, нешто друго се спрема во ВМРО - ДПМНЕ.

На Македонија и треба влада од која нема да се страмат граѓаните на РМ. Луѓето кои имаат можност за контакти со свои колеги од целиот свет, без разлика на професијата не се чувствуваат ни најмалку пријатни кога треба да објаснуваат зошто баш нивната земја е на првото место по корупција и организиран криминал. На Македонија не и требаат скриени договори, нетранспарентни договори, преговори, корумпирани министсри привилегирани партиски послушници.

На Македонија и треба Влада што нема да ја дигне главата горе 30 дена пред избори, туку влада што ќе создаде услови сите граѓани на РМ, да чекорат со дигната глава, но што е уште поважно со чист образ. Чистиот образ од секогаш бил дел на традицијата и воспитувањето на младите поколенија на овие простори, без разлика на нивната в ера.

На Македонија и треба влада што нема дам дозволи бројот на невработени за една година да порасне на 6,6% или поточно 374.113 илјади лица. Податоците се од Владината институција Завод за вработување на РМ.

На Македонија не и треба Влада која најголемите зафати во сферата на вработувањето ќе ги направи откако ќе ги изгуби изборите. Тоа е уште еден доказ дека во изминатите четири години се работело без концепт и без стратегија. Покрај тоа, овие прекумерни вработувања се и доказ дека не се води вистинска грижа за граѓаните на Република Македонија, па така се залажуваат со квази вработувања и на што сме сведоци, се сместуваат во салите на јавните претпријатија и министерствата.

На Македонија и треба влада што ја ужива довербата на граѓаните на РМ, влада што со своите концепти што ги понуди ја доби нивната поддршка, влада која победи на демократски избори и ужива поддршка на над 650 илјади граѓани на оваа држава.

На Македонија не и т реба Влада што нема да води грижа за еден од најважните сегменти а тоа е образованието. Квалитетот на образованието е еден од критичните фактори за развој на нашата држава и никој нема право да експериментира со образованието на децата и со нервите на родителите.

На Македонија не и треба влада во која со третманот на образовниот процес нема да се согласуваат основнооделенците, средношколците, студентите, учителите, професорите, директорите, деканите, ректорите и илјадници родители. На крајот, а не најмалку битно, на Македонија не и треба Влада која укинува безплатно школување за факултет или пак тепа средношколци.

На Македонија, пред се, и треба Влада што ќе го врати мирот, безбедноста, спокојот во секој дом. Влада што ќе создаде амбиенти и услови каде ќе нема место за омраза, конфликти, инциденти, убиства и војни. Влада која зборот на оружјето ќе го замени со дијалог, Влада што ќе го демилитаризира регионот, Влада што ќе се приклучи и даде свој придонес во напорите на светот во борбата против т ероризмот, шверцот на дрога, оружјето и луѓето.

На Македонија и треба влада што ќе овозможи забрзана и нтеграција во меѓународната заедница и страте гиските европски и евроатлански алијанси ЕУ и НАТО. владата мора да вложи напори да го н адокнади загубениот углед и да ги увери членките на НАТО дека како кандидат сме подготвени за реализирање на задачите од Акциониот план.

На Македонија и треба Влада што треба да го фати последниот воз на технолошкиот развој, пред се информатички и телекомуникациски. Македонија не може да биде роб на монополски интереси, на приучени партиски кадри. Македонија не може да остане слепо црево во процесот на глобализација. Новата Влада мора да ги искористи расположливите потенцијали и придонесе за зголемување на квалитетот на живеење на граѓаните на РМ. Така на пример поставување на приучени кадри на раководни места деновиве ќе доведеше на прекин на телефонскиот сообраќај или можеби тоа е последица на завршување на процесот на прислушување на Македонија, со одењето на Владата на Георгиевски.

За жал, денеска, прашањето каква Влада ни треба е во втор план. Се конструираат разноразни филмски сценарија за фрлање во сенка на реалните потреби и приоритети. Денес, така бевме враттени на реториката на предизборната кампања или, како што реков, сме на интерпелација на некоја Влада. како да се заборави дека со таа реторика се загубија изборите. тоа е реторика на меѓународни

заговори, петоколонаши, што секогаш редовно завршува со заплшување и мрачни сценарија.

А, како врв на реториката беше настапот на колегата пратеник г-динот Георгиевски. Наместо како премиер кој четири години ја водеше оваа држава да дадеше критички осврт на понуденото експзе, да даде аргументи, да размени мислења, откако даде анализа на европскиот и американскиот филм прочите едно исто сценарио што го кажваше на изборните митинзи. Сценарио што редовно завршува со мрачни заплашувања.

Повторно се обвинија сите, се злоупотребија бројки и цифри, се даде елаборација како да се работи за интерпелација на неговата Влада, па тој мора да ја брани истата. Господине Георгиевски вашите аргументи ги слушнаа граѓаните и ги слушаа во изборниот период. И тие сватија дека постигнавте одлични р езултати пред се во личното богатење и создадовте одличен голем имот. А тоа, господине Георгиевски, ќе се согласите не се приказни, тоа е реалност. И затоа ги загубивте изборите. Ниту заради меѓународната заедница, ниту заради 114-те невладини организации.

А, се согласувам дека овој ден ќе го паметат сите. Ова е денот кога Македонија ќе тргне напред, ден кога во Македонија ќе започне економскиот просперитет, ден кога Македонија ќе го започне процесот на приближување до меѓународни организации и институции, ден кога ќе започне процесот на приближување до ЕУ. А, на вас останува да продолжите да соработувате, како што рековте, со Северна Кореја, Ирак и Иран.

Денеска во Македонија мора да бидеме свесни дека промените се природна појава. Дека на демократски избори победува волјата на граѓаните и никој нема право не само да ја промени, туку и да се обиде да ја промени нивната волја.

Затоа се трагикомични обидите на поединци од ВМРО-ДПМНЕ да докажат дека изборите се фалсификувани или пак обидите да се биде мандатар на Влада со изгубена поддршка. Сите партии кои држат до тоа да бидат демократски мора да ја почитуваат изборната волја на граѓаните на нашава држава.

Затоа, негирањето на изборните резултати и повикот за етничко хомогенизирање претставува опасен преседант што го нема ништо заедничко со демократијата и заложбите за мир, стабилност интеграција и толеранција. Се чини дека јавните понуди за правење коалиција на етничка основа имаат за цел повторно да ги актуелизираат идеите за поделба по етнички линии и размена на територии и населенија по етнички клуч, со што безочното раз грабување на државната каса и

имот треба да се потисне во втор план, односно да се држи што е можно подалеку од очите на јавноста.

Подршката што коалицијата за Македонија заедно ја доби на парламентарните избори во РМ отвора добра можност, но наметнува и голема одговорност: да се застане на патот на војната, криминалот и корупцијата, кои како принцип на работа зад себе ги остава досегашна владеачка коалиција. Платформата за мир, стабилност, економски развој е основа околу која се обединуваат прогресивните сили во РМ. СДС како стсолб на оваа коалиција ќе настојува да воспостави нови политички правила, однесување, каде квалитетот чесноста и одговорноста ќе добијат врвен приоритет.

Во Македонија мора да победи квалитетот на човечкиот потенцијал, не може партиската книшка и фалсификуваните дипломи да бидат над вложениот труд, стручноста, компетентноста. Само во тој случај ќе се изградат институциите на систсемот што ќе го поттикнат развојот на демократијата, а пред се, ќе влијаат на подобрување на квалитетот на живеењето на граѓаните на Македонија.

Во Македонија мора да се врати владеењето на правото, во Македонија мора да важи принципот - исти права за сите гра ѓани на Македонија. не може дебело платени професионални кошаркари кои овде доаѓаат само да се испазарат за своето осигурување за да играат за репрезентацијата да бидат третирани различно од оние кои од параолимписките игри носат само медаљи.

Неспорен е фактот дека состојбата во која се наоѓа државата не е ниту малку розова. ќе треба многу напори и откажувања да се обезбеди минимум социјален мир и сигурност. Уверен сум дека поддршката може да се сочува само со искрен и чесен приод кон работите. А иствениот и чесен приод се методи кои граѓаните на Македонија ги заслужуваат.

Сепак, длабоко сум убеден дека новата влада е цврсто решена уште од самиот почеток да демонстрира волја и способност за фаќање во костец со напластените проблеми и веќе по истекот на првите 100 дена да ја увери јавноста дека ништо и нема да биде поважно од мирот, стабилноста и економскиот развој на Република Македонија.

Благодарам.

(со седницата продолжи да раководи г-динот Никола Поповски, претседател на Собранието на РМ).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г-динот Ѓорчев. Повелете.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, бидејќи беше изнесено одредено тврдење од пратеникот Макрадули за стратегиските определби на ВМРО ДПМНЕ, колку да го потсетам овој состав на парламентот на РМ што во 1990 година ВМРО ДПМНЕ зборуваше, тоа го направи во 2001 година. Зборуваше дека ќе бидеме од ЕЗ, од Европските интегративни процеси. Тоа се случи. Не случајно кога ВМРО - ДПМНЕ ја практикуваше власта во РМ, се случи во Светската трговска организација на 15 октомври о.г., повторно во времето на ВМРО-ДПМНЕ а се изготвија и акционите планови за пристапување кон НАТО. Тоа се факти. Пред фактите и боговите молчат. Бројките се фактографија и за тоа ќе имаме доволно време да ги проверуваме во овие четири години.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате реплика г-дине Макрадули само една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Не презентирам да бидатм поп, но ќе Ви одговорам. Сами знаете дека некои процеси не зависат само дека се случиле во времето од тие 4 години и тие процеси се процеси кои траат повеќе години и се граделе подолг период. А тоа колку што сме постигнале, ќе ги видиме резултатите. Не постојат коментари за зачленувањето под кои услови е направено, какви се аранжманите што сме ги прифатиле и ред други работи. Да имавме јасни стратегиски концепти денеска немаше телекомуникации да ни бидат во хаос, па да не знаеме дали ќе можеме да повикаме брза помош, или нешто слично.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Ѓорчев по Деловникот немаме веќе право на реплика меѓу вас и г-динот Макрадули. Мораме да го почитуваме Деловникот.

Има реплика г-динот Жарко Караџовски.

ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:

Јас би сакал да му реплицирам, или поточно да му објаснам на г-динот Макрадули, бидејки ме спомна дека не му е јасно наводно во кој филм имам улога, па затоа би сакал да му одговорам на г-динот Макрадули, односно да му појаснам дека прво, Жарко Караџовски не е во никаков филм, нема никаква улога во ниеден филм, а дека токму г-динот Јани Макрадули има улога во некаков филм чии што сценарист и режисер е токму неговиот мандатор, г-динот Бранко Црвенковски, кој

што филм премиерна изведба има вечерва, а понатаму ќе следат оние редовни прикажувања. Јас на моја среќа ја имам таа заслуга да го гледам тој филм од гледалиште, а додека г-динот Јани Макрадули сега постојат пвоеќе дилеми која улога ќе ја игра, дали ќе земе некоја главна, дали некоја споредна, или можеби статиста. Тоа се ќе зависи од него и од неговиот мандатор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-дине Макрадули имате една минута. Само да појаснам за ова со г-динот Ѓорчев. Право на реплика, на излагање има секој во траење од три минути, а на тој на кој е упатена репликата има право една минута. Тоа е по Деловникот.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Г-дине Караџовски мислам дека не можете ни статист да бидете во филмот. Изгледа погрешив.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Барам реплика да му реплицирам на г-динот Макрадули.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате три минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Чувствувам една должност да му реплицирам на г-динот Макрадули, затоа што овие денови слушаме едно плукање во континуитет на некои ситни души, новинарчиња, почнувајки од А-1 Телевизија, со она што значи легенда во макеоднската кошарка, а тоа е Пеце Наумовски.

Мислам дека треба да прекинеме со овие ниски удари и треба сите да се гордееме што имаме такви спортисти. Пеце Наумовски беше и е легенда на македонската кошарка и амбасадор на Македонија во Европа и во светот. Зошто да плукаме по тие луѓе кога ги немаме многу. Што добивате вие г-дне Макрадули. Што вие со Пеце Наумовски. Пеце Наумовски дали заработува милион долари годишно, дали два милиона, дали три. Тој чесно си ги заработува. Дали тој добил глас или не мислам дека и тоа е некоја шпекулација. Да го оставиме Пеце Наумовски, бидејки тој е легенда во Македонија за сите времиња.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има реплика г-динот Макрадули една минута.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Даневски мислев дека како поискусен пратеник добро слушате. Меѓутоа, очигледно не ме разбравте. Реков дек ане може еден дебело платен кошаркар да биде попривелегиран на пример од Бранимир Јовановски, човек од

параолимписки игри наши и медаљи. Тоа е сосема различна констатација. Зборот што го користите вие очигледно ви е некој фамилијарен и често го користите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-динот Халими Илјаз. Г-дине Халими не се однесува на Вас туку за сите пратеници генерално, со оглед на тоа што имаме уште десетина или повеќе пратеници кои се јавија за збор, без да вршам притисок, евентуално, ако имате можност да ги рационализирате минутите во своите дискусии. Тоа е како сугестија.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас со големо внимание го следев експозето на г-динот Црвенковски и имав прилика да го прочитам експозето, но и програмата на владата за периодот 2002 -2006 година и во врска со ова и за составот на новата владина коалиција сакам да дадам и свое мислење како ќе гласам.

Сигурно, многумина од граѓаните на РМ очекуваат оваа влада на коалицијата , односно на новата коалиција , да биде успешна во наредниот четиригодишен период за реализација на точките што се забележани во оваа програма, кои што мислам дека не се целосни има некои недостатоци, некои точки не се сомневам во тоа , а уште помалку се сомневам дека оваа влада ќе направи нешто пвоеќе во однос на подобрувањето на статусот на албанците во РМ се разбира. Овие сомневања се базираат токму врз минатото на СДСМ односно во периодот на ноември 1998 година кога владееше во Република Македонија во тој период донесоа многу акти за кои се регулираа голем број односи, општествени односи, кои што се однесуваат непосредно за државата , дефакто, од тие акти се гледаше дека албанците беа оставени на страна и нивното мислење не се земаше предвид, во однос на то акако треба да изгледа РМ , односно , како треба да се реши статусот на албанците во натамошниот период.

Исто така и Уставот од 1991 година , кој што албанците ги остави во нерамноправна положба во Македонија, значи тој Устав беше генератор на кризата. Оваа констатација наша излезе дека била и точна. Вие знаете дека минатата година РМ ја опфати една криза за време на владеењето на СДСМ до 1998 година се случија и голем број случаи, многу тешки случаи особено за албанците, почнувајки од Бит пазар - Мала речица , Гостивар и т.н. Со овие настани голем број албанци беа убиени, ранети и тортурирани на еден нечовечки начин. Имајки предвид едно вакво минато за време на владеењето на СДСМ, со право се сомневам дека во

иднина ќе се промени таа политика, можеби може да се промени нејзината политика, но за тоа треба да се провоцира лидерот на СДСМ најмалку за да каже , дека минатото за албанците нема да се повтори и зошто да не побараме и јавно извинување за сето она што се случи на албанците во тој период.

Мислам дека само на ваков начин може да се создаде една доза на верба , позитивна верба дека оваа влада ќе може да има успех, не само во реализацијата на точките во оваа програма, туку и за оние прашања, кои што се однесуваат непосредно вов рска со зголемувањето на нивото на рамноправноста на албанците во РМ.

Што се однесува до партнерот во коалицијата во оваа нова влада што се формира ДУИ исто така , се сомневам дека таа ќе може да ги реализира сите оние работи што им ги вети на албанскиот електорат.

Каде се состои овој сомнеж? Во Македонија постојат многу институции . Јас би ги категоризирал во неколку категории. Во првата категорија каде што се најзначајните институции, каде што е претседателто на државата, премиерот, претседателто на Собранието, во втората категорија на институции, според тежината се министерствата за надворешни и внатрешни работи и за одбрана со сите претеденти на оваа партија. Од овие шест институции, барем една институција ќе ја земе и дека нивен кадар ќе биде на чело на овие институции, значи ми создава еден сомнеж дека во иднина ќе биде успешна оваа партија во нејзините односи за оние ветувања што ги има дадено.

Во последно време често пати се зборува дека е постигната спогодба меѓу ДУИ и премиерот за претседател на државата, а за учество на двајца претставници на ДУИ во Советот за безбедност , јас тоа го сметам како успех . Јас ви велам дека Советот за безбедност не претставува никаков значаен форум во државата и за самите албанци , бидејки и јас самиот бев член во Советот за безбедност. Статутот на овој совет е регулиран со Уставот каде што се вели дека Советот се состанува и ја разгледува политичката ситуација и безбедноста и разгледув аи други значајни прашања од значење за државата, но не може да донесе одлуки кои што можат да се остварат, да се реализираат. Мислењата, ставовите на овој Совет се пренесуваат до парламентот и во владата и дека таму можат да се разгледуваат и можат да се донесат соодветни одлуки.

Вие знаете дека јас бев единствениот член на тој Совет и кога се разговараше за прашања од големо значење, односно кога требаше да се разговара за прашања од големо значење не се свикуваше тој Совет, туку се преферираше да

се одржуваат седници. Значи, истото може да се случи и во иднина и добро е уште еднаш да го разгледаме ова прашање, или оваа спогодба, овој договор заеднички и мислам дека албанците нема да постигнат ништо и нема да добијат ништо во врска со ова.

Имајки предвид ова што го кажав досега, исто сакам да кажам дека во оваа програма презентирана од страна на владата никаде не се предвидува официјализирање на Тетовскиот универзитет за кои ветија моите колеги од ДУИ пред албанскиот електорат дека ќе го официјализираат Тетовскиот универзитет. Значи во оваа програма каде што се зборува за образованието се вели дека ќе создадеме услови за акредитирање на приватни универзитети ништо повеќе, што значи дека насоката на оваа влада ќе биде доколку ги исполнат условите да го признае само како приватен универзитет. Не сакам повеќе да зборувам, сакам да кажам уште еднаш дека вие , пред се мандаторот кој што ја презентира оваа програма да ги има предвид овие сугестии и овие забелешки, значи уште еднаш да се преразгледа програмата но и да се преразгледаат поделбите на министерствата меѓу партнерите на коалицијата и доколку се направат промени во духот на ова што го кажав, тогаш ќе имате моја подршка .

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, во интерес на времето ќе се обидам да бидам што пократок во своето излагање. Главниот мотив кој што ме натера да дискутирам е да се обидам во што пократко време да побијам една теза која што од оваа говорница денеска и веќе подолг период во јавноста се шири од страна на опозиционатапартија, а таа е тезата дека лошите момци од СДСМ, заедно со своите коалициони партнери се здружија со уште полоши момци од ДУИ и ќе го разнебитуваат македонското ткиво. Тоа е многу опасна теза коај што ја пласираат постојано и можам да кажам дека мотивите за ширење на оваа теза се коментираат најразлично и предмет се на разни анализи и на обични луѓе, но јас морам да предупредам од оваа говорница дека си играте со огин, бидејки се гребе по најосетливиот дел на човечката душа. Се удира на националното достоинство на обичниот човек на Македонецот. Треба да се има превид дека се провоцира и национално обединување во тој поглед и кајспротивната страна и кај албанскиот етникум во РМ. Се случува она што во подолг временски период се случува. Се случува спиралата на меѓунационална нетрпеливост која што видовме до кои размери не доведе. Сега на оваа влада навистина претстои еден тежок период да започне да го спроведува крајто на оваа спирала.

Јас од оваа говорница бев и лично прозван по однос на оваа тематика г-дине Караџовски навистина е некоректно преку мртвите луѓе кои што достоинствено загинале на браникот на својата татковина да се прави политички маркетинг да се споменуваат . Навистина, од Прилеп загинаа 10 луѓе и јас како човек, не само како Македонец, туку како човек ги доживеав најтешките моменти. Меѓутоа, истовремено можам да ви соопштам дека вие не бевте таму да ги видите реакциите на нивните најблиски луѓе, кои што дадоа некој завет, нивните загуби да бидат последни во РМ. Сега да се навратам јас на оваа теза ве молам кога сите ја промовиравте оваа теза, да објасните кои се другите патишта, ако претпоставиме дека првата теза е точна дека ние се обидуваме да го разнебитиме макеоднскиот народ. Кои се другите патишта по кои Македонија може да продолжи. Дали тоа е со етничка поделба, територијална поделба по етнички принцип, дали е тоа повторно со земање на оружјето повторно во рака, даи е тоа повторно со нови жртви и во крајна линија повторно седнување на маса и повторно договарање, повторно ожалостени мајки и од една и од друг аи од трета страна.

Мислам дека оваа коалиција ја доби довербата кај огромниот дел на населението во РМ , бидејки и од едната и од другата и од третата страна и од сите страни јасно кажа дека им е доста.

Потребно е да се отвори нова страница на живеење во Република Македонија за постепено враќање на довербата. Никој не гаи илузија дека тоа ќе оди лесно и едноставно, дека ќе оди брзо, но на нас паѓа одговорноста дека мора да се обидеме час поскоро да го отпочнеме тој процес, бидејќи навистина Македонија нема време за губење.

Искрено мислев дека од оваа говорница ќе се критикува експозето на идниот премиер на Република Македонија, главните столбови на платформата. Но, во многу мал обем беше зафатен тој дел. Не слушнав нешто поконкретно. Искрено мислев дека од оваа говорница, овој Парламент со денешниот почеток има навистина една историска шанса, да повлечеме една линија која ќе го раздвојува минатото и иднината во Република Македонија. За жал, гледам дека во иднината сеуште ќе се занимаваме со минатото, ќе бидеме оптоварени со минатото и ми е страв дека ќе паднеме во една бездна на толкување кој бил повеќе во право а кој бил помалку, без да ги решаваме суштинските прашања, битни за опстојувањето на оваа држава.

Без некои претензии да влезам во некоја спирала на меѓусебни реплики, јас ги почитувам тие мртви луѓе од Прилеп, ви кажувам дека нивните

најблиски не сакаат нивните загуби да бидат залудно жртвувани и тие мене лично ми оставија, барем еден дел од нив во комуникациите, завет да направам се што е во моќ, како индивидуа, тој процес да запре. Јас г. Караџоски можам да ги погледнам тие луѓе во очи без да го наведнам погледот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има реплика господинот Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Би сакал да му одговорам на господинот Герамитчиоски.

Прво, г. Герамитчиоски воопштоне правам маркетинг на жртвите од Прилеп, ниту имам таква намера ниту воопшто некогаш ќе правам маркетинг на тоа. Меѓутоа, да се кажува дека јас не сум бил таму во тие денови, не е вистина затоа што рамо до рамо со тебе заедно одевме на сите тие настани. Тоа е една работо.

Второ, господине Герамитчиоски јас кога се повикав на загинатите, се повикав на нивните семејства, на нивните роднини, со оглед на фактот што тие до ова Собрание, вклучително и до нас како пратеници доставија конкретно барање. Поточно тие се обратија со писмо, со барање ДУИ да не влезе во владата. Тоа го направија токму роднините на загинатите од Прилеп, меѓу другите. Вие добро сте го запамтиле заветот кој тие го дале и овде развивате една теза дека Македонија нема друго решение, дека некој друг заговара друго решение. Затоа јас ве прашав, токму ме интересира како вие ќе гласате. Еве повторно го кажувам тоа, имајќи го предвид писменото барање на роднините на загинатите и после гласањето дали ќе имате храброст да излезете пред нив. Тоа го кажав од говорница а еве и сега ве прашувам. Значи завитот нивни сте го запамтиле, но го заборавате фактот дека писмено се обратија до нас. Од тие причини г. Герамитчиоски треба како прилепчанец да кажете каков став ќе заземето токму за гласањето на оваа влада.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Реплика за г. Герамитчиоски.

**ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:**

Да бидам прецизен. Ќе гласам за оваа влада, бидејќи оваа влада во моментов е единствената надеж за Република Македонија и за граѓаните од било која националност. А околу тие настани и случувања евидентно е дека ќе живееме во поголем дел на времето од минатото и на оваа влада останува во завет да утврди кој навистина бил одговорен и кој носи најголем дел на кривична и морална

одговорност за загубата на човечките животи во тие тешки времиња за Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Збор бара господинот Љубе Бошковски.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, екселенцио, вие кои останавте денес овде до крај достојни, да ја слушнете пораката која денес сакаме да ја испратиме до македонската и до светската јавност. Пораката е многу јасна. Македонија доживува уште еднаш еден голем преседан, преседан непознат во поновата историја, преседан кој не е познат во модерна Европа и во модерниот свет.

Денес се бира влада на рози и на пиштоли. Денес во Македонија се гази достоинството на македонскиот човек, македонскиот граѓанин, без разлика дали е тоа турчин, албанец, македонец, ром или од некоја друга верска или некоја слижна припадност, бидејќи денес овде ние бираме влада која треба да ја носи Македонија во иднина. Може ли во иднина и со љубов да зборуваат оние кои ги убија македонските синови, оние кои ги силуваа албанските мајки во липковскиот, куманоскиот регион, а еден таков силувач сега е во притвор и од селото Блаце, кој ги силуваше албанците, ги малтретираше албанците. Ние сме високо свесни дека со таквите луѓе кои одамна имаат расчистено со љубовта, пред се кон сопствениот народ, можат сега да нудат љубов и да нудат една концепција за самостојна, суверена, меѓународно призната Македонија и концепција на евроатланска ориентација.

Господо ние имаме, како што кажа потпретседателот на нашата партија јасна профилација, искажана во 1990 година, тогаш кога многумина во овој Парламент, претставници и млади надежни комунисти на Република Македонија и членови на разни комунистички организации не веруваа дека Македонија може да се осамостои. Затоа денес тие имаат најмалку крдибилитет да зборуваат за самостојна и суверена Македонија. Но, тоа е минато.

Ако нешто има интересно во експозето на г. Црвенковски, тоа е дека треба да гледаме кон иднината. Но, гледајќи кон иднината секогаш треба да се навраќаме на она што и се случи на Република Македонија, за денес да го доживееме најголемиот срам, најголемото понижување. За мене како човек и македонски бранител нема ништо потешко, без разлика како некои овде шовинисти,

како некои овде минатата година не нарекуваа со најпогрдни зборови, упатени кон македонските бранители и кон македонските херио, не нарекуваа квази патриоти. Патриотизмот во Македонија се проверуваше токму во рововите долж линијата Матејче, линијата Ваксинце, во битките кои се водеа во Арачиново, во битките кои се водеа во Радуша. И тогаш кога се покажа македонскиот непокор и на сите оние кои денес сакаат поинаку да ги наречат, но сигурно албанци кои не сакаат и кои не ја прифаќаа концепцијата на терористичката ОНА, сега трансформирана во некаква квази политичка партија која денес овде ни држи предавање за демократија и за евроатланска ориентација. Токму ние не дозволивме во тие мигови кога Питер Фејд на 5 јули, заедно со терористот број 1 и злосторникот Ахмети потпиша многу јасна платформа за повлекување на неговите терористи и на неговите команданти долж линијата Тетово-Јажинце, тогаш тие не се повлекое, но имаа намера да навлезат длабоко на територијата на селата Жилче, Ратае, преку Жеден да се префрлат во Скопје, да ја запрат водата на Рашче, да извршат исто таков геноцид каков што извршија во кумановскиот регион, геноцид кој е строго пропишан според меѓународните акти, документи и конвенции од 1949 година. Зарем можеме ние денес овде, бесрамни пратеници што вие сакате да ја убедите македонската јавност во вашата храброст и во вашата одлучност дека сакате да ја водите Македонија напред. Вие немате кредибилитет за 140 иљjади албанци за кои зборувате дека гласале за ДУИ, да ги елеминирате другите албански гласови, а најмалку имате право да ги негирате, барем моите 80 илјади гласови или 300 илјади гласови македонски кои се дадоа за нашата коалиција составена, не од 12 политички партии туку од две политички партии. Затоа ние уште еднаш апелираме, да престанете да ја понижувате Македонија. А вие господо кои македонските херои, македонските синови, македонските бранители бесрамно ги нарекувате мртви души. Тие се херои на Македонија, подеднакво важни за нејзината историја, подеднакво важни, како што тоа беа партизаните, како што тоа беа илинденците и како што тоа минатата година, во татковинската наметната војна беа бранителите на Република Македонија.

Јас немам намера денес да зборувам за криминалот на СДСМ, криминал и војна која јас ја објавив во Република Македонија, војна против мафијата. Јас немам намера денес да зборувам за ново компонираната дефиниција на г. мандатор, за некакво гонење на криминалот во Република Македонија. Јас немам такво ниско ниво на дискусија, како некои овде кои денес спомнува шапки и балови. Па тоа евроатланската ориентација на Македонија, нели, во областа на културата. Јас не можам од утре да носам други одела од оние кои ги носев 1990

година, затоа штои требало да го променам стилот и да возам фичо и на тој начин да ја потврдам ленинистичко-марксистичката идеологија, на која сите вие очигледно и припаѓате, бидејќи денес овде гледаме идеолошки не различни идеи. И едните и другите зборувате со некој јазик кој одамна е напуштен, од модерна Европа и модерниот свет.

Јас не сакам денес овде да ви објаснувам за оние кривични пријави кои ги поднесовме и благодарение на "независното судство" не добија никаков епилог до денес, или добија таков епилог кој е понижувачки за македонското независно судство. Но, се надевам дека г. Црвенковски, барем едно ветување ќе го исполни, а тоа е дека ќе почне остро во борбата односно ќе ја продолжи борбата против организираниот криминал.

Да се зборува на оваа говорница за некаков организиран криминал, за некаков софистициран криминал, за донесување на закони кои веќе ги донесе Македонскиот Парламент е несериозно, бидејќи ако некој ги донесе, тоа беше токму Владата на г. Георгиевски. Тоа беше Законот за корупција, Законот против перењето пари, Законот против сите облици на пософистициран финансиски криминал каде што колегата експерт во оваа област, идниот министер за внатрешни работи како докажан трансверџија, со помош на гувернерот во времето кога преку Англојугослав банка се переа парите во Република Македонија. Јас очекувам дека ќе се обнови постапката и сам ќе ја обнови колегата Хари Костов и дека тој ќе отпочне сериозна битка, најпрвин во сопствените редови, онака како што тоа го направи премиерот Георгиевски кој прв во овој дел на Источна Европа, имаше доблест да докаже и јасно да презентира како ќе се бори против криминалот во сопствените редови. Пет министри беа сменети од Владата на премиерот Георгиевски, токму заради корумпираност, токму заради злоупотреба. Да не зборуваме за 500-те кривични пријави кои беа поднесени во јасната битка против корупцијата, за директорите кои ги постави токму нашата Влада, Владата на премиерот Георгиевски. Ние не сакавме да шириме демагогија, сакавме да го спроведуваме правото и да покажеме како знаеме да се бориме против организираниот криминал. Но, господо, секој криминалец ќе го стигне лицето на правдата. Нема совршен злочин. Нема злочин кој досега не бил откриен. Нема криминал кој нема да излезе пред лицето на правдата. Но, едно е потешко и поболно од сите криминали. Најтешко е она што ние го минавме минатата година и наместо да добие казна, доби сосема друг призвук и доби сосема друг епилог.

Сакам да ви кажам дека организираниот криминал како феномен кој притив ние се бориме сигурно е сериозен проблем кој се надевам, вие ќе продолжите во таа борба. Но најтешко од се е велепредавството, предавството на сопствениот народ, предавството на националните интереси, предавството со кое Македонија оваа вечер, пред денот на вештерките ќе се соочува. Оваа вечер кога Македонија мора да изгласа влада, но не морала и немало притисок од Меѓуанродната заедница, слушаме денес, од таа иста заедница која ние сите правиме напори да ја амнестираме. Сите од говорницата сакаме денес да упатиме многу убави зборови кон Меѓународната заедница. Има ли, дами и господо, граѓани на Република Македонија, побрутално мешање на меѓународната заедница во внатрешните работи на една држава, отколку што тоа го правеа господата екселенција за време на сите кризи низ кои мина Република Македонија, почнувајќи од бегалската криза и она што се нарекува татковинска војна, кога мораше за секоја акција, за се што ќе направат безбедносните сили да се добие зелено светло од некакви центри на моќ и човекот кој дневно ги читаше агендите, оној исти човек кој некогаш го сметавме за претседател на државата, човекот кој строго работеше во агендите на меѓународната заедница ни ги пренесуваше сите желби кои ги имаше меѓународната заедница. Затоа ни се случи она за што сведок ни беше македонската јавност, минатата година. Затоа немаме ние што денес да критикуваме и да се запираме на експозето на г. Црвенковски. Тоа е многу јасно. Тоа е еден рецитал веќе виден. Еден рецитал кој го гледавме во предизборната кампања. Но, на нешто што мора да се запре македонската јавност, нешто што длабоко копа во душата на македонскиот човек, тоа е предавството и лагата. Не може една политичка партија и затоа е смислата на демократијата, смислата на промените, не може една политичка партија, она што го ветува во пракса да не го исполнува. Не може, оние кои цврсто гарантираа дека нема да коалицираат со терористичката ОНА или како модерно сега сакаат да ни ја наметнат, без преседан во историјата ДУИ, дека тоа денес и го чинат. Јас ги прашувам. Најпрвин ја прашувам нивната совест ако воопштоможе да зборуваме за совест. Ги прашувам, дали денес, ако имаме парламентарни избори и ако денес се анкетираат македонските гласачи, ќе се добие она мнозинство кое го има СДСМ. Но, тоа и не е толку важно. Можеби пак ќе се договорат, пак ќе се направи некое ново  сценарио и пак можеби ќе победиме.

Да, ќе победиме, но кој е губитникот? Губитникот е сигурно Република Македонија. Јас ги молам оние дипломати што вели Емануел Кант кои се запрени во

својот развој. ги молам да престанат да ме обвинуваат за некакви Раштански лозја, за некаков Љуботен, за некакви вили, за некакви куќи на Кожув планина и незнам уште што нема да се сетат само да ме девалвираат пред македонската јавност. Но, не е битно и да бидам девалвиран, поголемо понижување од ова кое господо СДСМ им го приредивте на македонската јавност и мене лично сеуште за овие 42 години немам доживеано. Сакам да ви кажам дека не можам да бидам во ист парламент со оние кои седум пати направија напори да ме ликвидираат, со оние оклештени фаци кои ги гледам овде, кои ме гледаа преку нишанот за време не кризата во РМ и тие кои командуваа убиства над македонските синови и тие кои дирекно беа инволвирани во масакрот во Вејце, дирекно беа инволвирани во масакрот на Карпалак, тие денеска овде да ни продаваат демагогија и да зборуваат за некакви демократски процеси. Затоа, ќе мораме да се замислиме сите ние, сите ние кои сакаме иднина за РМ, дека оваа влада ништо освен пропаст на РМ не може да им понуди, не затоа што со оние кои до сега се изживуваа со судбината на сопствениот народ, а оние албанци и оние гробови албански кои се прекриени со молк токму затоа што многумина од албанците освен овој господин од Блаце кој го пријави злосторството и кој кажа јасно пред претставниците на меѓународната заедница дека злосторствата над албанците на сите оние кои не сакаа да се приклучат кон злосторничката ОНА беа или малтретирани, или убивани. Времето пред нив и пред совеста на својот народ бидејќи не можеме овде да зборуваме и да ги делиме мајките кои живеат на овие простори балкански и во РМ бидејќи подеднакво плачат за своите синови, за своите дечиња, а многу јасно тоа го кажаа роднините на покојниот Јосифовски во апелот за мир. Затоа господо, вие кои не импутиравте минатата година дека господинто Џафери и Ѓорѓиевски договорија војна, многу долго ќе треба да објаснувате пред македонската и пред светската јавност, многу долго ќе треба да се потите и многу непреспиени ноќи ќе мроа да имате пред сопствената совест, пред сопственото предавство, пред сопствената лага и пред фијаското кое денеска го доживува РМ. Само во лудило македонец може да гласа за оваа предавничка влада.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Бошквоски, дозволете само да забележам дека припадност на турска, албанска, ромска нација е, а не е вера, да не остане погрешно сфатено. Ве молам, сите да го чуваме достоинството на дипломатите во нашата држава воопшто.

Господиот Ѓорѓи Спасов бара реплика.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Јас само би го замолил господинто Бошковски да ми објасни што рекол тоа Кант за странските дипломати во Македонија. Дали тој рекол дека тие се запрени во својот развој?

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Токму зборувам за феноменот на оние дипломати кои го водеа еден човек кој се нарекува претседател на држава кој исто така е запрен во својот развој. Сакам да им кажам на оние кои не ме разбраа до крај и на господинот колега Бучковски ќе му ја пратам латинската максима со која ќе се соочува во непроспиените ноќи, а таа гласи: "меа кулпа, меа кулпа, меа максима кулпа". Затоа господинот Бучковски ќе се соочува со овој христијански феномен.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Предлагам да продолжиме со работа и ве молам сепак да го чуваме достоинството на Собранието и кога не се согласуваме со носители на функции, да не ги именуваме со погрдни имиња во нашата држава.

Има збор господинот Ќенан Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Каква случајност, после овој инспиративен говор да се зборува е многу тешко. Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, драги гости,

Ќе се обидам во еден многу краток временски интервал да кажам нешто од оваа говорница. Пред с# користам прилика на сите колеги без оглед на партиската припадност да им го честитам изборот за пратеник во ова Собрание и да им пожелам успешна работа.

Второ, сакам од ова место да апелирам на колегите при своите настапи од оваа говорница како во однос на времетраењето на настапот, така и во однос на неговата содржина да го имаат во предвид следното.

Прво, дека се наоѓаат во највисокиот законодавен дом на државата, а не во кафеана.

Второ, да го имаат во предвид достоинството на останатите 119 пратеници кои не се должни да слушаат овде маратонски говори, полни со празни фрази и лични дисквалификации.

Трето, концентрацијата на човекот е ограничена и не може со иста концентрација да ги прати овие маратонски говори.

Што се однесува до настапот на поедини пратеници во ова Собрание и покрај тоа што очекував дека некои во нивните настаспи ќе изобилуваат со патриотски изливи, да не речам квази патриотски да не наметнам реплики, сепак не очекував дека во услови кога поголемиот дел од македондската јавност и меѓународните претставници се обидуваат да го вратат мирот и безбедноста во земјата, повторно да изобилуваат со воена реторика. Впрочем, само да ве потсетам дека од оваа говорница се зборуваше за агресија од меѓународен протекторат, фингирани судири, воени состојби, хипи и маршеви, терористички влади, перфектни злосторства и тн. Сакам учесниците во вакви дискусии да ги потсетам дека овој народ и те како знае да прави разлика меѓу добар и лош говор, како и меѓу добро и лошо владеење. И сакам да ги потсетам дека овој народ не наградува, ниту казнува лош, или добар говор, туку наградува, или казнува добро, или лошо владеење. Впрочем, парламентарните избори 2002 година покажаа дека одредена политичка групација ја доби својата казна. Морам да напоменам дека истото се случи во 1998 година.

Што се однесува до оваа влада, сакам во име на Демократската партија на Турците да ја подржам, не од причина што согласно изборните резултати сме дел од оваа извршна власт, туку заради тоа што длабоко верувам дека овој владин кабинет и по својот персонален состав и по својот интелектуален потенцијал е во состојба да го поврати мирот и безбедноста во земјата, да ја намали невработеностас, да ја намали бедата и сиромаштијата, да отвори широк фронт против корупцијата и организираниот криминал и да бидам краток, да го врати угледот на оваа земја во меѓународната заедница. Од оваа говорница како пратеник на Демократската партија на Турците и член на оваа коалиција, ќе се обидувам филозофијата на моите настапи да бидат во правец сите граѓани на оваа земја да се чувствуваат подеднакво граѓани на оваа земја, да бидат рамноправни, во корпусот на правата на помалите етнички заеници вклучително и турската национална заедница да се инкорпорираат највисоките меѓународни стандарди вклучително со употреба на јазикот и писмото на националнит заедници кои што во одредени заедници традиционално биле во употреба и биле практикувани 50-тина години

наназад. Длабоко сум уверен дека членовите на оваа влада во идниот период ќе можат чесно, стручно, компетентно и професионално да ги извршуваат своите обврски, а истото важи и за заменциите министри и пониските ешалони. Јас им пожелувам плодна и успешна работа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинто Слободан Чашуле.

**СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:**

Сакам да излезам од маѓепсаниот круг на обвинувања, или потрага по тоа во вината кој бил прв, кој бил втор? Тоа е залудно губење на време. Добивме мандат за да гледаме напред и дас видиме од тоа што стои пред нас и што можеме да направиме. Не сакам да зборувам за предавство, бидејќи тоа е очигледно, тоа е тука, тоа од сите страни не опкружува. Затоа ќе сакам да зборувам за последиците. Премиерот ни даде т.е. мандатарот, но тој со оглед на бројката која е аритметички прецизна ќе го добие мандатот од вас, ни даде експозе во кое вели дека ќе се залага за стабилност, за соживот, за интегрираност и за заедничка иднина. Меѓутоа, остана должен како? Ќе имаме четири години, или до наредните избори од него да бараме како опозиција која ќе се труди да биде максимално конструктивна не само да одговара како, туку и да ги влече потезите кои би требало да стојат зад сите овие амбициозни цели. Меѓутоа, искрено сум загрижен, бидејќи ниту една од нив не можам да ја видам надвор од опасниот преседан, или два што ги правиме токму на денешнава седница. Сите знаете, а ме чуди зошто никој не го спомна тоа дека денеска врз Собранието беше фрленас бомба. Некои ја нарекуваат кашикара, граната на македонски. Не сакам да се претворам во иследник од овде да барам, или да се трудам да откријам кој беше тој, туку би сакал да кажам дека идејата, или можноста да се постигнуваат цели со насилство очигледно ни талка по улиците и се доближува до оваа куќа каде што со мандат сме сите, разликите да ги мириме со расправа, со гласање и со надгласување. Загрижен сум дека сеуште во нашава држава има луѓе кои мислат дека со насилство можат да се добијат избори, можат да се остварат амбиции, може да се дојде до власт. Денешнава седница наспроти демократската аритметика покажува дека една одредена групација присутни колеги овде наиде покус пат, или странпатица да ги заобиколи веќе 12 години присутните легитимни и на избори верифицирани албански политичари и со 140 иљjади гласа зад себе да влезе во овој наш пратенички дом. Тие тоа го сторија на избори што ги

организиравме кои се демократски, кои беа фер и со исклучок на неколку безначајни инциденти поминаа мирно. Така што гледајќи од денеска нанапред нивниот мандат не е спорен. Меѓутоа, спорно е тоа што тоа е круна на една ситуација која сите ние минатата година, нема човек овде кој е присутен па дури и еминентни претставници на албанците во нашата држава кои не ја осудија. Значи, може ако се биде доволно упорен, ако се биде во пропагандата доволно вешт, ако се биде доволно близок до одредени центри каде што постои одреден изразен интерес кој и треба на Балканот, било да се работи за стабилност, или да се работи за малку постари амбиции, ако се биде близок до еден таков извор и да се успее во тој потфат по цена на заедничко страдање, уназадување на економијата која сите заедно ќе мора да ја унапредуваме од овде, ние како конструктивна опозиција, вие господа од власта како влада да мораме одново безмалку од нула да го почнуваме нашито пат на себе докажување за интегрирање во единствениот дом на овој континент, каде што ние по своите вредности, по својата традиција и по раѓање и припаѓаме на Европа, да мора да се вратиме назад и да почнуваме наново да ја осмислуваме сопствената безбедност како оваа кревка политичка стабилност што ја создадовме да ја заштитиме од не дај Боже повторно прелевања слични на оние кои не втурнаа во безумието со чии што последици денеска треба да се расправаме и 4 години да ги лечиме. Но, мене ако ме прашате во сето ова еден крупен проблем ме загрижува навистина многу. Точно е пред ценетиот претседател на СДСМ, неговата партија, неговите партнери во таа коалиција има право да си избере уште некој содружник за да може да оствари дали еден, два, или 16 дополнителни мандата за да може да ја чувствува цврстината на таа групација во Парламентот за да се зафати со потфатите што му стојат, а некои од нив ќе бидат и погорчливи од кризата минатата година и Рамковниот договор, но мандатот го имате и со него и со одговорноста што произлегува од него ќе треба да се соочувате, а ние сме тука да ве потсетуваме имено на тој мандат и да бидеме коректив колку што е тоа можно со 33 пратеници да не западнеме во една друга за мене страшно опасна ситуација, а тоа е не федерализација на државата, туку кон федерализација на власта. Во демократиите е важно и затоа ова го правам како многу прецизен осврт на експозето на идниот премиер, не на која религија, не на која нација и припаѓаш, туку дали соодветствуваш во размислувањето како проблемите за кои е добиен мандатот треба најефикансо да се решат. Ако така и се приоѓа на демократијата како отворено општество каде што вредностите се примарни, а не етничката припадност, тогаш навистина доаѓа до израз демократската аритметика. Ние за жал бидејќи имавме

прелевање на криза во која во нејзината претходна фаза имавме извонредно конструктивна улога кога помогнавме да се совлада еден диктаторијален режим и кога последиците на таа интервенција во вид на бегалци ги примивме и ги решивме, ги трпевме последиците на таа ситуација, на таа криза, на тоа прелевање и нашето отворено, едно од најотворените општества во пост комунизмот го затворивме во заедници. И денеска разговараме не за тоа дали една, друга, трета од десете групации во коалицијата заедно, или демократската унија за интеграција на која од овие 4 точки соодветствуваат и на каков начин тоа ќе го спроведат. Ние зборуваме за тоа дека од една заедница која е голема кај нас и со пристоен процент кој е респектабилен и на која одсекогаш, јас барем паметам долго, присутен сум во нашата јавност онолку колку што знаете сите, никогаш не и биле негирани облиците и темелните човекови и граѓански права, се работело само за нивно унапредување и за нијансите.

Денеска разговараме за тоа дека таа заедница треба да има мнозинство и оваа и многу тешко ми паѓа овој збор иако не се ценам себе за шовинист и оваа друга заеница со своето мнозинство треба да направи свој кој ќе даде единствено можна функционална влада. Аритметиката на демократијата и на отвореното општество сме ја оставиле назад.

За мене, ако оваа коминација која е легитимна, мандатот го имаат и тие го имате и вие продолжи и по завршувањето на оние крупни задачи што преостануваат од Рамковниот договор и се инаугурира како единствено можен принцип за градење стабилна влада, тогаш ние сме извршиле нешто што агресијата, што луѓето кои користеа насилство за политички цели меѓу нив терористи и бандити не успеаа да го направат тоа, а тоа сме ја федерализирале државата во нејзиниот политички систем, во нејзината власт би рекол во нејзиниот суверенитет иако тој го начнавме со конфликтот, со Рамковниот договор, бидејќи имајќи погрешен концепт за заложба за одбрана на територии ние го ставивме на маса на преговори и на кроење на изразот на нашиот суверенитет и сега ги трпиме последиците од тоа. Значи конфедерализација на власта.

Оттука господа до давањето на онаа концесија заради која и го направивме Рамковниот договор не само војната, туку да ја сочуваме државата унитарна таква каква што е - е само еден чекор. Ние веќе имаме заедници, овде се појавуваат и припадници на други заедници кои се веќе заедници, јас не сакам на граѓаните на Македонија да гледам така, но очигледно е така и полека полека создаваме една ситуација во која нешто што е природна работа го произведуваме

сега во институционална конституционална потреба, неопходност, неизбежност на оваа држава-јазикот. Кога сега ќе седнеме и видиме дека во власта сме направиле систем кој е единствно можен да функционира само меѓу двете најголеми заедници оттука до лингвистичките региони, до нивното групирање и негрупирање е многу мал чекор. Ќе се знае од каде се зборува албански од каде се зборува македонски. Сега доаѓаме до кашикарата и до идејата дека сеуште во Македонија ако си сеуште доволно упорен и убедителен и ако успеваш да се додвориш со својата аргументација на тие што треба да те поддржат можеш да ги изведеш политичките цели кој ќе спречи утре да се појави сега нов ентитет каков што албанската заедница на Балканот очекува очигледно во својата пролиферација е многу плодна ги произведува постојано и кој нема повторно со инцидент, со криза да побара веќе поделената држава во нејзиниот елемент на власта да се подели и по лингвистичките граници и да имаме конфедерална држава во која ќе имаме две заедници кои ќе можат да функционираат и во извршната власт, а нашиот Устав е таков, господинот Љубисав Иванов рече да, најсилниот центар на власта е сепак Владата и дека кога една таква ситуација ќе ни се случи, тогаш во тој сегмент кога ќе мораме да работиме по принципите на консоцијалност, тогаш веќе ние не сме унитарна држава.

Господа, јас би сакал ова да не се случи. Би сакал тоа што го кажуваше ценетиот претседател на СДСМ да се оствари во смисла на враќање на владеењето на правото во создавање на еден политички амбиент каде ќе градиме други, а не етнички стандарди и се надевам дека нема да има потреба понатаму да се уверуваме дека за да има стабилност во Македонија албанецот треба да има одговорност и во Македонска Каменица, а македонецот во Тетово.Не. Тоа треба да биде лојалниот, способниот граѓанин на Република Македонија кој според моето поимање на демократијата е основната клетка-чинител, вредност на демократијата се поаѓа од него и завршува во него и ако успееме овој чекор што го направивме назад во колективизација на нашето отворено општество во овие четири години да го вратиме назад и повторно да и приоѓаме на работата според способностите, а не според родот и вероисповеста, тогаш навистина ќе направиме цивилизациски исчекор, но јас верувајте ми во тоа искрено се сомневам и се плашам дека колата на Република Македонија е тргната низ брдо и дека кога ќе почне да се надодаваат опциите за стабилизација на Балканот искажани како што се нашите заложби преку отворени општества и мултиетнички заедници наспроти етнички чисти ентитети што претпочита корекции кои веќе јавно се заговараат од заговорниците на оваа идеа

за етничка чиста стсбилност кога ќе дојдеме во таква ситуација, кога ќе почне да се размислува што со Босна, што со заедницата на држави Србија, Црна Гора како со Косово во неа, ние веќе ќе ја имаме нашата држава ставена во ситуација да мора и да може единствено да функционира преку консоцијално одлучување.

Јас господине Црвенковски ви пожелувам да не биде така, а четири години ќе бидеме овде заедно, па ќе си ги мериме перформансите и ќе разговараме и ќе се трудиме заеднички да спречиме да дојде до тоа да ни остане само коридорот од нашата граница на југ до нашата граница на север. Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинот Чашуле.

За реплика се јави господинот Агрон Буџаку. Повелете имате три минути.

**АГРОН БУЏАКУ:**

Денеска попладне и за време на вечерните часови како што продолживме со работата слушнавме многу нешта осврти што се случило во последно време во РМ, но сакам да се запише во записникот и мислам дека ќе се запише дека господинот Чашуле да побара извинување на албанската заедница во Македонија за едно расистичко и шовинистичко однесување до крај говори за профилирање на албанците за наталитетот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на репликата.

Со оглед дека господинот Чашуле не е тука, нема очигледно негова реплика, продолжуваме со дискусија.

За збор се јави координаторот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитуван претседателе на Парламентот на РМ, почитувани дами и господа пратеници, почитуван кандидат за премиер и министри во идната Влада на РМ.

Констелацијата на политичките сили во Парламентот на Република Македонија, а воопшто и во парламентарната демократија се одредува со резултатот на изборите во конкретниот случај парламентарните избори одржани

оваа година на кои на фер и демократски амбиент со речиси референдумско произнесување на граѓаните на РМ, државјани на РМ од сите етнички заедници на начин кој значеше победа на Коалицијата СДСМ, ЛДП и политичките партии кои се определија за таа коалиција е легитимна работа и значи многу за надградување на демократијата во РМ и до тука е се во ред.

Што е една од основните причини за огромното изјаснување на граѓаните на РМ за поддршка на Коалицијата СДСМ и нивните коалициони партнери? Еден од клучните фактори е предизборната кампања и истражувањата кои сите ги правевме и знаеме какви беа укажувањата дека 40% од граѓаните на РМ беа неопределени,а тие во најголем дел и број се определија како што се определија и определените граѓани кои однапред беа дефинирани за кого ќе гласаат.

Понудата на мандатарот на новата влада на РМ, составот на новата влада не содветствува со политичката доктрина и платформата која СДСМ, ЛДП и нивните коалициони партнери ја профилираа во текот на претходниот период. Што значи тоа? Тоа значи дека граѓаните на РМ за ваков состав на идната влада на РМ не дале доверба, а тоа е многу сериозна ситуација затоа што во прашање го доведува идниот легитимитет на новата влада на РМ во делот на оние граѓани од РМ кои гласаа за СДСМ, а на кои императивно им беше кажано дека коалиција со ОНА, политичкото крило на ДУИ нема да се прави, на таков начин сигурно е дека се доведени во заблуда, тоа е многу сериозна ситуација, ситуација која може да доведе и резултантно доведува до губење на легитимитет, за создавање на кризна ситуација а тоа значи иако тој легитимитет формално постои во Парламентот на РМ со бројот на пратеници во суштина изборната заблуда или изборната измама или неисполнување на изборното ветување, како сакаме да го подведеме тоа на крајот на краиштата сите нас ќе не соочи со одредена кризна ситуација која никој од нас не ја посакува во РМ.

Од самиот почеток на постоење на независна, суверена и самостојна македонска држава во содејство со многубројни фактори внатрешни и надворешни демографски културно-историски наследни фактори се формираше сопствен афтентичен македонски вредносен систем. Вредносен систем кој во модерен политички концепт го градевме како граѓанска и унитарна држава под името Република Македонија. Тој наш вредносен концепт на државата Македонија, на конститутивен македонски народ и делови од албанскиот народ, турскиот народ, српскиот народ и други кои живат во РМ издржа два големи теста, две големи проби

и тој беше верифициран и од Меѓународната заедница. Првиот тест беше големата бегалска криза кога над 360.000 бегалци дојдоа од Косово беа згрижени, им се даде мирно небо и сигурна земја, целиот македонски ресурс економски, општествен им беше на располагање, здравствен и тн., албанците домаќини македонски државјани со албанско етничко потекло, македонците, изградбата на камповите со тоа покажа дека ние имаме хармоничен граѓански концеп во кој мултиетничкото живеење, мултиконфесионалното живеење и мултикултурното живеење е можно иако сме мала земја иако сме сиромашна земја иако сме неразвиена земја тоа му го покажавме на целиот свет сите ние како граѓани на РМ.

Понатаму, втората проверка беше агресијата врз РМ во 2001 година. Тоа беше судир на два концепта на концепт на одбрана на граѓанската држава и унитарната македонска држава за која четирите најголеми политички партии ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ПДП претставници на најголем број на електроратот во РМ во тој момент го избраа јазикот на парламентарната демократија во времето кога еден друг концепт чисто етнички концепт на револуционизирање на албанската млада популација која требаше да отвори еден нов процес, а тој процес сигурно не беше борба за човекови права и граѓански слободи, туку процес за многу повисоки цели за кои иднината може ќе покаже што е тоа, во секој случај тоа беше судир на два концепта во кој јазикот на парламентарната демократија што го избравме би рекол партиите кои беа во Охрид и кои го потпишаа Рамковниот договор е единствен јазик на разбирање.

Од тие причини концептуалната разлика помеѓу јазикот на војната кој во тој момент го избра ОНА, сегашното политичко крило на ОНА, ДУИ, е неспоив со јазикот на парламентарната демократија кој го имплементиравме во пракса заедно во претходниот парламентарен состав политички партии и на граѓани македонци и на граѓани македонци со албанско етничко потекло и на сите оние што веруваа дека парламентарната демократија е единствен концепт, единствен излез кој води кон прогрес и на РМ и на сите граѓани кои живеат во неа.

Оттука нашата понуда на ВМРО и ЛП за малцинска влада на господинот Црвенковски беше сериозна понуда искажана со јазикот на парламентарна демократија на луѓе кои бевме заедно во Охрид на луѓе кои заедно учествувавме во сите тие премрежија низ кои помина Македонија и на луѓе кои се свесни дека треба да дадеме поддршка на тој концепт независно колку години тој ќе трае важно е да донесе бериќет и добробит на сите граѓани на РМ.

Загрижен сум, а сосема сум сигурен дека сето она што ние го понудивме сега веќе како опозиција е изнуден логичен ред на потези затоа што неспоивоста, концептуалната разлика помеѓу јазикот на војната без разлика како тој ќе се трансформира јазикот на парламентарната демократија на крајот на краиштата ќе доведе до кризна состојба и ќе ја оневозможи новата влада на мандаторот господинот Бранко Црвенковски да биде ефикасна и корисна за македонските граѓани. Тоа е концептуалната разлика,а има и една друга разлика која произлегува од ресорската поделба на министерствата. Независно од разликите во концептот ресорската поделба, согласно Деловникот за работа на Влдата на РМ дава одредени законски ингеренции на соодветниот ресорен министер кои со своето работење имплицитно подоцна ќе се појави и експлицитно ќе покаже и материјален расчекор и материјален конфликт кој веќе ќе биде начнат со таа концептуална разлика. Тој материјален конфликт ќе биде изразен преку промена на имиња на училишта, преку промена на имиња на улици, тој материјален конфликт ќе биде изразен кога она градежно земјиште кое е узурпирано сега во северозападните делови на РМ државно градежно земјиште ќе биде легализирано, тој материјален конфликт ќе биде изразен во моментот кога граѓани на РМ кои претстојуваат во овој момент во РМ ќе бидат и легитимни жители на РМ и на таков начин ќе дојде на ред и прашањето на државна поддршка на тетовскиот универзитет, ќе дојде на ред прашањето на употребата на македонското знаме и химна во децентрализираните делови на РМ по разни основи и тоа се прашања кои во тој концептуален и материјален расчекор ќе бидат генератор на идната криза на РМ и резултатно ќе доведат до нова концентрациона или концентрациони облици на државно устројство на РМ како што го имавме во 2001 година и за среќа се надевам и тогаш и во иднина ќе ги избегнеме најлошите опции, но во секој случај морам да укажам денеска кога се формира новата влада дека такви сценарија се можни и за подготовка и на мандатарот на Владата идниот премиер и за министрите да најдат современ начин како тоа да го избенгат.

Тоа што се случи во 2001 година мора сите да признаеме дефинитивно сруши еден вековен македонски концепт на македонска почва на микро ниво како емпириско сознание, како искуство предадено од генерација на генерација како може да се живее меѓуетнички помеѓу еден конститутивен народ едно огромно етничко малцинство или дел од друг народ на територијата на РМ и тој концепт на хармонично заедничко живеење или како популарно се нарекуваше во едно друго време соживот тоа е неповратно прекинато и мораме со отворени очи да погледаме

кон иднината. Иднинта на глобалниот свет, иднината на глобалните процеси на воените алијанси во современиот општествено економски поглед преферираат регионално, односно протежирање на регионите, географски концепти кои овозможуваат брзи комуникации по сите линии, транспортни коридори, информатички и други среддства кои им стојат на располагање и елиминирањето на границите преку афирмацијата на тезата за човекови права и граѓански слободи кој беше хит во 60-тите години и сруши еден друг голем концепт општествено економски во овој момент ја руши сувереноста на малите држави од една едноставна причина затоа што глобалниот свет е свет на капиталот, капиталот не признава граници, а во сплет сме на информатичка технологија и нов кибернетски модел на живеење.

Ако сакаме да живееме и понатаму во држава која што има перспектива во држава која што може да обезбеди среќа, која што може да обезбеди благосостојба на македонските граѓани, независно од кое етнижко потекло се, треба да ги заборавиме минатите времиња на етнички разврски, треба да се свртиме кон напред, а да се свртиме кон напред овој пат ќе кажам свет на модерна информатичка технологија нам ни стои на располагање сасмо 27 илјади години култура, традиција, историско наследство кое што можеме ние да го искористиме и тоа да претставува наш код, наш чип за приклучување кон тој нов модерен свет, кон таа нова модерна технологија.

На потег ќе биде новата Влада, колку побрзо ќе ги воспримеми тие н ови начини на размислување толку побрзо ќе можеме оваа наша македонска држава, оваа наша Македонија да ја предадеме на поколенијата онаква каква што сме ја наследиле од нашите предци.

И на крајот нешто околу економскиот концепт кој што беше изнесен во експозето на мандатарот за новата Влада, а кој што беше спомнат во програмата за време на предизборниот период, која ни беше достапна и на дофат.

Во експозето на мандатарот на новата влада се споменуваат две контрадикторни работи кои не се доволно објаснети и бегло се споменати а тоа се: продолжување на макроекономската стабилност во Република Македонија, а веднаш потоа еден ред подолу антиципација на економскиот развој, буџетска поддршка за економскиот развој. Јас можам повторно врз база на емпириското искуство да се вратам назад, почнувајќи од 1994 година, кога првите претставници на ММФ доаѓаат во Македонија, господинот Томсон од Светската банка кога почна преговорите за сидрата кои треба да бидат макроекономски сидра за новата

макроекономска проекција на економскиот развој на РМ, фиксен курс на денарот, брзата приватизација и рестрикцијата во јавната потрошувачка на сите вработени кои се во јавниот отсек. Тоа трае веќе 9-та година и ниту Владата на господинот Црвенковски во тој мандат, ниту Владата во која јас учествував не успеа да го разреши тој проблем на економска стагнација на опаѓање на економското производство, затоа што моделот на ММФ е таков. Тоа е модел кој што по мое длабоко убедување не е прифатлив за РМ, исто такаа како што не е прифатлив за Р. Словенија, и за Република Унгарија, како држави кои исто така по мое длабоко убедување треба да изодат свој автентичен сопствен пат со разговори со ММФ како инспектор и чувар на парите на Светската банка, со користење на Светската банка, но повторно за свој автентичен курс во економскиот развој. Нам ММФ ни е потребен за водење разговори и преговори, но не ни е потребно да имаме аранжмани, затоа што тие аранжмани нема да овозможат фиксниот преценет курс на денарот да не продолжи да не создава голем трговски дефицит, да не продолжи да создава нова невработеност, да не продолжи да создава нов стечај и ликвидација, туку напротив нам ни треба автентичен македонски концепт во услови кога имаме големи девизни резерви, во услови кога имаме развојни моменти со средствата од Телеком, во услови кога ни претстои приватизацијата на Електростопанството на Република Македонија, еден концепт кој што се надевам дека ние сите заедно тука во парламентот, на предлози од новата Влада на Република Македонија ќе можеме да го креираме во законски норми и во одредени натамошни правилници и уредби кои ќе бидат донесувани преку Владата на РМ.

Тоа беше моето произнесување во врска со поднесеното експозе на мандатарот на новата Влада г-динот Бранко Црвенковски. Заради тие причини, уште еднаш ќе повторам заради концептуалните и материјалните расчекори кои ќе бидат во самата Влада и кризата која од тоа ќе биде произлезена, се произнесувам и се определувам да гласам против предлогот на мандатарот на новата Влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-днот Ѓорчев.

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

во услови на парламентарна демократија и плурализам на парламентарни избори се кандидираат политичките партии, односно коалиции на овие партии. По изборите на секаде во светот, а така е и кај нас, оние политички партии кои што ги

добиле изборите формираат Влада, односно оние што победиле на изборите.
По ова Владата ја презема, согласно Уставот и останатите норми, одговорноста за севкупната општествено-економска и политичка состојба во државата. Нашата коалиција “За Македонија заедно”, а во рамките на неа и ЛДП, во својата платформа и во своите програми понуди опција која значеше враќање на мир, наместо судирите, интеграција наместо поделбите и уставна држава и гарантирање на унитарниот карактер на државата. Ова е, почитувани пратеници, предуслов за мир и стабилност и ова е содржано и во програмата на Владата.

Во нашите предизборни ветувања ветивме дека ќе понудиме одговорна, стручна и компетентна Влада и верувајте тоа е случајот со оваа Влада.

Што се однесува до нашата економска и политичка иднина освен патот кон Евроатлантските интеграции односно патот кон интеграција во ЕУ и НАТО, друг пат почитувани пратеници не само што не можеме да избереме, туку едноставно немаме. Се друго е веќе видена приказна, изолација и стагнација. Оваа влада нуди пат кон овие евроатлантски интеграции и соработката со меѓународната заедница не значи губење на суверенитетот на државата. Напротив, тоа е подобар живот, подобра интеграција и подобрување на животните услови на сите граѓани.

Почитувани пратеници, без оглед на можни интимни незадоволства, не само политичките партии кои го потпишаа односно го поддржаа Рамковниот договор, мнозинството од граѓаните на РМ, се изјасни за него. На овие избори излегоа бројка 1220000 гласачи, од кои помалку од 100 илјади гласаа за политичките опции кои не го поддржуваат договорот. Од тоа дел од овие партии само делумно не го поддржуваат. Ова јасно покажува дека граѓаните јасно ја сватија пораката дека се за мир, стабилност и безбедност. Притоа, некои политички субјекти, и покрај тоа што го потпишаа договорот веројатно од маркетиншки причини го оспоруваат, така слушам и денес, меѓутоа, јас сум длабоко уверен дека Владата и ова парламентарно мнозинство ќе го врати толку посакуваниот мир и наместо раселување, ќе имаме повторно враќање на раселените лица и мирот и стабилноста ќе бидат предуслов за економскиот просперитет. Затоа треба да дадеме шанса на мирот, шанса на прогресот и шанса на подобар живот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓата Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Денес сме овде за да избереме нова Влада на РМ, да избереме од овие политичкии партии, затоа што така одлучи народот. Да ја избереме според одредена процедура затоа што, фала му на господа, сеуште сме парламентарна демократија, демократска држава со парламентарна демокраатија. За да го сопреме безвласатието што пустсоши по институциите, безвластието што се тркала по улиците и убива, тепа и малтретира кого ќе стигне. За да го сопреме лудилото на омразата што се стреми да не голтне и да не претворти во зомби, без надеж и без иднина.

Денес не сме овде за да анализираме кој прв почнал. Сите поминавме низ пекол. Сега сме на неговиот раб. Многумина останаа трајно со дел од пеколот во душите, за што ги изгубија најмилите. Не смееме да ги злоупотребуваме нивните чувства, не смееме да жаркаме по свежите рани. Не смееме ни да им се препуштаме на емоциите, зашто дурии тоа би било капитулација и дигање раце од Македонија. Напротив, сметам дека треба да ја зачуваме присебноста и разумот, зашто само така ќе бидеме способни да одработиме за својата земја и за себе, за својата сегашност и иднина.

Сега е време кога на Македонија и е неопходно спотување на сите околу една реалистичка програма што ќе не поведе по патот на мирот и економскиот развој. На Македонија и е потребен сиот ум, сето знаење и добра волја на сите добронамерници внатре во државата или надвор од неа, за да ги надмудриме злите сили што сакаат да ни ја разнебитат земјата. За да обработиме толку добро и ефикасно што ќе ја неутрализираме и штетата што не ќе може да се обиде да ни ја направи. А можеме ли? Јас верувам во тоа. Република Македонија не е голема држава по територија, но таа е голема поради духот на нејзиниот народ. Овој напатен и мудар народ го одбрана патот на мирот како единствена алтернатива. Ние како политичари треба да го трасираме тој пат, имајќи на ум дека политиката е умешност на можноста. Давајќи му шанса на мирот, и даваме шанса и на Македонија.

Но, почитувани колеги, мир со сево ова оружје не бидува. Затоа, да му кажеме сите заедно збогум на оружјето. Збогум на сето нелегално оружје натрупано по домовите, по дворовите, по планините. Тоа ќе биде збогум на насилството, на немирот, на неспокојот, на смртта. Тоа ќе биде прва голема победа на принципот на доброто над злото. Тоа е дел од програмата на оваа Влада и јас силно ја поддржувам во тоа.

Почитувани колеги, јас ќе гласам за оваа Влада и заради другите точки во нејзината програма. Програмата што ја нуди ја сметам за реалистичка рамка за излез од хаосот и за трасирање на патот на Македонија како економски просперитетна, унитарна, и суверена држава, како земја на добри луѓе и како земја на сонцето. Верувам дека токму таква Македонија е во интерес на сите нас како и во интерес на мирот и стабилноста на Европа како наш иден заеднички дом.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нареден за дискусија е г-динот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господине претседателе, драги пратеници, дами и господа, сакам да ве поздравам и пред се од ова место да и посакам среќа и успех на коалицијата на СДСМ на добиените парламентарни избори. Се надевам ќе конституирате Влада, ќе владеете, ќе работите онака како што деклариравте во текот на изборната кампања.

Би сакал од оваа говорница да ги поздравам Турците во Република Македонија и тоа на турски јазик, без да ми замерувате, иако знам по тој рамковен договор немам право на тоа, а на тоа ќе се навратам и токму и за тоа сакав да зборувам како и за деловите од експозето, што директно ги тангираат Турците. Јас сум припадник на таа национална заедница и ќе се извинам што ќе се обратам само да поздравам на турски јазик.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Би ве замолил ако го направите тоа само со некој пригоден збор, да не биде обраќање.

АДНАН ЌАХИЛ:

Не, не обраќање, сосема сигурно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И да не се претвори во пракса.

АДНАН ЌАХИЛ:

Верувајте не е пракса. После подолго време имаме повеќе турци во парламентот, условно кажано во позиција и опозиција. Тквата можност не беше пракса, а праксата треба со текот на време да се менува.

(Се обраќа на турски јазик).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ќахил, ако ве прекинам, верувајте немам зла намера и немојте да правите и себе и мене да не доведувате во непријатна ситуација. Реков имате право да кажете некој збор, не и да се обратите.

АДНАН ЌАХИЛ:

Толку беше.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Зашто создаваме непријатна пракса за сите кои се припадници на другите заедници кои не можат на мајчиниот јазик да зборуваат.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господине претседателе, јас однапред се извинив и ме прекинавте само кога завршував. Немав намера никого да навредам од другите заедници и токму тоа мислам дека не е право бидејќи јас сум претставник на една национална заедница, турската национална заедница, блиска со десната опција, што партијата Движење на турците за Македонија даде поддршка на изборите, мислев дека имав есанцијално право како граѓанин на РМ, како припадник на националностите да кажам и два збора или две реченици. Очигледно ми скративте токму кога требаше да завршам но сепак благодарам.

Она што сакам да го искажам е во врска со екзпозето на г-динот мандатар. Не би навлегувал во другите детали кои се во врска со економскиот дел, во врска со организацијата и другите планови и програми кои ќе дојдат на дневен ред и за сето тоа тогаш ќе дискутираме, бидејќи сметам дека ова е општ документ и треба да се прифати или да не се прифати кандидатурата на министсритеј предложени од страна на мандатарот. Но она што мене ми падна во очи, и навистина не би можел да преминам преку тоа, сега би го прочитал:

“За иднината на Македонија клучно прашање е дали нашите сограѓани Албанци ќе бидат со нас во единствен фронт во таа битка за одбрана на заедничките вредности на заедничката држава или ќе бидат од другата страна солидарни со таквите радикални структури, како што се случи минатата година”.

Апсолутно немам намера да дискутирам во име на албанците кои имаат свои легитимни претставници, немам намера да дискутирам во името на другите национални заедници, но имам право и обврска да дискутирам за дел од турците, за турската заедница, кои дадоа глас и со помош на тие луѓе сум парламентарец во овој законодавен дом.

Ми паѓа в очи што и тука во ниеден момент не се споменуваат турците и останатите заедници како можни фактори за решавање на проблемите. Турците не само тука и во минатото, почнувајќи од ослободувањето, се повеќе и повеќе се маргинализираат на начин кој мене и ден денес не ми е јасен. Мислам дека беше во

ред, со оглед на тоа што имате турци меѓу вас, Демократската партија ги поддржува, да ги споменете турците како можни составни елементи, сограѓани во Република Македонија. Но тоа, не се случува. Се сеќавате, Рамковниот договор предвидува застапеност на турците во сите јавни институции, во сите делови што значат власт. Ако се однесува тоа на македонците и албанците, веројатно, така јас го интерпретирам, се однесува и на другите заедници, вклучително и на турците. Мислам дека беше во ред тоа да се спомене. Ако е тоа пропуст или нешто што пост фестум ќе дојде, би сакал да му обрнам внимание на г-динот мандатар дека во иднина би требало да се занимава со овие проблеми, односно со проблемите на турците во Македонија, бидејќи очиглендо ги има многу.

Во текот на преговорите на четирите партии за Охридскиот договор, нашата партија даде свое мислење дека не го поддржува Охридскиот договор. Не е тоа што договорот не е добар, може да е одличен. Кажавме дека го поддржуваме тој дел што значи мир во РМ, но при креирањето на тој договор турците никогаш не биле консултирани. Или барем не во онаа мера да кажат, да испратат своја мисла, да внесат еден дух, еден член што ќе ги тангира и нив. Очигледно во рамките на тој Охридски договор се случуваат некои работи што навистина не ми се допаѓаат и ќе ве молам како идна Влада да ги преземете тие чекори тие да се отстранат. А тоа значи јас во Државната пописна комисија реагирав зошто при пописот има три вида пописници, едни за Македонски јазик, други на албански и македонски и третиот на македонски и на сите останати јазици. Очигледна е делбата на три категории на луѓе. Во една демократска цивилизирана земја тоа не смее да се дозволи, а сето објаснение на правните експерти е дека тоа произлегува од Охридскиот договор.

Јас нема да бидам против Охридскиот договор бидејќи тој е потпишан од голем број претставници и тука присутни пратеници, но ве молам, во иднина внимавајте, и турците се дел од тоа во РМ, и турците се граѓани на РМ, и тоа што ги тангира треба да биде на дневен ред на било која Влада, вклучително и на вашата, бидјеќи проблемите се натрупувале со години. Во еден период од 1998 до 2002 година во таа Влада во која учествував и јас како министер се обидовме да ги решаваме проблемите на турците. Иако беа натрупани, неуспеавме до крај и мислам дека останува одговорноста и потребата Вие да продолжите по тој пат и да ги решавата проблемите, без да ги маргинализирате останатите заедници во Република Македонија.

Само така ќе градиме заедничка држава и ве молам, да не се повтори она што се повтори пред 1998 година, а тоа се настаните во Жупа, настаните во

Гостивар, Бит Пазар и така натаму, каде заради проблемите на една друга националност беа зацарани Турци ни должни за таа работа, ама беа зацарани во тој период. Ве молам, како власт навистина да не се повтори ова. Да не се повтори за да Турците се чувствуваат како граѓани на Република Македонија, бидејќи очигледно во текот на времето тоа не е така.

Истото се случуваше и во текот на владеењето од 1998 година на ВМРО-ДПМНЕ и другите коалициони партнери. Кога дојдовме до Уставен суд, за еден ист проблем, Уставен суд си имаше два аршина. За поединечен акт Уставниот суд, за истата проблематика од една страна рече дека не е надлежен да решава таков проблем, за да кога дојде од страна на Турците решаваше и донесе одлука да се поништи на Владата за дозволување на учење на турски јазик во Центар Жупа, иако претходно на тие голораки дечиња им се испраќаа тенкови, им се испраќаа борни коли, полициски сили многу јаки.

Ве молам, тоа во иднина да не се повторува. Многу лоша гледна слика создава. Везрувајте, јас ќе бидам конструктивен, сето она што е добро во однос на турците, бидејќи имам мандат да зборувам за Турците и она што е во глобала за добро на Република Македонија, ако тоа биде во тој правец, сигурно ќе бидам тој што ќе ги поддржи сите тие конструктивни предлози. Но, исто така ќе бидам критизер на сите тие негативни појави кои се однесуваат и ќе се однесуваат на Турците, затоа што до сега беше пракса, без разлика за која влада се зборува, а во минатото, ви говорам за голем дел од 1945 година, Турците се декларирани на начин што не доликува.Тоа значи дека Турците поради помалата бројност едноставно се ставени во трета категорија. Во трета категорија не само во социјален дел, во образовен сегмент, туку трета категорија и во економскиот сегмент. Денеска верувајте тоа се манифестира на начин што иако околу 5% има Турци во Република Македонија, учеството во власта, иако тоа се подобри во теккот на овие последни четири години, еминорно се брои не со проценти, туку со промили. Ако вие како власт, власта на СДСМ и на коалицијата успеете учеството на Турците во јавните установи, јавната администрација и сето она што значи власт да ги инкорпорирате во врска со нивните вредности и образование, јас ќе ви бидам благодарен. Но, исто така, ќе бидам голем критизер акок во тоа не успеете, бидејќи во предизборието цело време тоа го везтувавте и на сите заедници и на сите граѓани на Република Македонија.

Во тој контекст би рекол и следно дека работата на Парламентот не треба да се сведува на концептот кој што направил, како направил, туку на концептот што може да се понуди во иднина, што може да се понуди, за да можат

сите граѓани да се чувствуваат еднакви? Никој не може да ме убеди дека за едни треба да важат од типот пазарна економија, а дека за други ќе важат закони од типот на партискас припадност, од типот на коалициска распределба на местата, бидејќи такво нешто постои, го има и ќе го има. Затоа, во тие рамки најдете место, најдете концепт да ги инкорпорирате и Турците во Република Македонија. Ако тоа го направите, пак повторувам, вие ќе бидете влада што едноставно, она што го прокламирала ќе се добие и ќе можете да излезете пред јавноста, зборувам пред турската јавност дека на тој начин, она што сте го ветиле во предизборието, тоа сте го оствариле. Во спротивно, ќе се случи она што ни се случи сега, на ВМРО-ДПМНЕ и останатите, изгубивме, затоа што во некои сегменти не успеавме токму во овој дел да го инкорпорираме.

И она што би го кажал за крај, дека во Република Македонија живеат и други заедници со други карактеристики, со свои национални обележја, со лојалност кон Република Македонија. Но, лојалноста не очекувајте секогаш да бидре претворена во послушност. Немојте тоа да го сметате како синоними, едноставно сметајте ги Турците како граѓани на РМ, затоа што ние не сме виновни што во Македонија се разви концептот на национални партии, а не се разви концепт на идеолошки партии. Ако е тоа така, тогаш Турците сакале или нејќеле ќе мораат да се инкорпорираат во другите национални партии, за да можат да ги остваруваат прават што произлегуваат од Уставот, од законите и од Рамковниот договор што се зборува на голема уста и се рекламира. Рамковниот договор треба да биде појдовна сила, појдовна точка како може да се креира и концепира граѓанско општество, но не граѓанско општество од биполарен карактер, туку граѓанско општество од олиполарен карактер, каде што и Турците и Албанците и Македонците ќе ја чувствуваат Македонија како своја земја во сите аспекти и во сите параметри и сите димензии.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам и јас. Благодарам за разбирањето и се надевам дека нема да имаме проблем.

Господин Стоилковиќ бара збор. Само, ве молам да кажете што барате?

(Пратениот бара збор процедурално)

Немате можност за процедурално. Имате можност да барате реплика на изнесен став или имате можност да зборувате за повреда или неправилна примена на Деловникот. По двата основи јас веднаш ќе ви дадам збор, но не можете процедурално. Тоа не постои во Деловникот. Препоставувам дека барате збор да говорите за повреда на Деловник.

Тогаш, имате три минути да говорите за повреда на Деловник.

**ИВАН СТОИЛКОВИЌ:**

Господине претседателе,

Јас го разбирам господинот Аднан Ќахил. Меѓутоа, мислам дека неговото однесување неговиот, условно кажано, испад нас пратениците од другите национални заедници може да н# доведе во мошне незавидна состојба од проста причина што, ако го прифатиме таквото однесување како модел, тогаш се малку овие преведувачи овде позади. Затоа, ве молам во иднина да не дозволите вакви испади од многу проста причина што, барем нас, другите пратеници од припадниците на националните заедници не н# ставајте во вакква незавидна ситуација.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на господинто Стоилковиќ.

Како претседател на Собранието забелешката ја прифаќам за повреда на Деловникот, се надевам исто така, инаку дозволив само за тоа што сметам дека тоа е негово прво обраќање пред Парламентот и дека е тоа по тој повод.

(Пратеникот Аднан Ќахил бара збор)

Господине Ќахил момент, пред да земете збор, немате право на реплика бидејќи ова не беше реплика на вашето изјаснување што барате? Не беше реплика за да ви дадам збор за контрареплика. Пратеникот Стоилковиќ говореше за повреда на Деловникот.

(Реакции од страна на пратеникот Аднан Ќахил)

Немам никаква волја да ви го ускратам зборот. Никаква волја затоа што не ми е тоа целта. Меѓутоа, сакам да се држиме до Деловникот. Господинот Стоилковиќ говореше според членот 85, приговори за повреда или неправилна повреда на Деловникот. По тоа, јас треба да дадам објаснување. Јас го дадов, што значи не беше на вашиот говор.

(Пратеникот Аднан Ќахил упорно бара збор)

Сепак, јас одлучувам и ова беше расправа, повреда на Деловник. Ако сакате да дообјасните нешто, според Деловникот имате право да се јавите уште еднаш за збор, кога ќе ви дојде редот повторно можете да го кажете тоа.

Нареден за збор се јави господинот Невзат Бејта.

(За реплика се јави господинот Кенан Хасипи)

**КЕНАН ХАИСИПИ:**

Прво, му заблагодарувам на господинот Аднан Ќахил кој покажа подготвеност како член на овој Парламент да се залага за проблемите на турската националност и во тој поглед ја има мојата сесрдна поддршка.

Неговиот настап на турски јазик, без оглед што беше вон нормативните утврдени со Рамковниот договор, беше малку пообилен. Инаку, му беше дозволено со неколку зборови да се обрати од оваа говорница. Меѓутоа, за волја на вистината сакам да напомнам дека Демократската партија на Турците на Македонија го подржа Рамковниот договор и дека во своите политички активности ќе се обидува да дојде до целосна имплементација на тој договор.

Меѓутоа,  доколку бев добро разбран, јас од ова место реков дека во моите настапи ќе се обидам во иднина да влијаам на тоа да во одредени средини каде турскиот јазик бил во службена употреба 50-тина години station наназад повторно да се воведе од едноставна причина што се повикувам на одредена одредба од Конвенцијата на националните малцинства, каде што буквално стои во еден член дека во средини каде што припадниците на националните заедници се во мнозинство и во значителен број и каде по традиција бил во употреба јазикот на таа националност, дека имаат право да го употребуваат.

Ние, во нашиот правен поредок заборавивме освен мнозинство и значителен број да го инкорпорираме и ова “по традиција”, а сами сме свесни дека по традиција турскиот јазик бил на ниво на локана самоуправа во многу средини во употреба. Од тој аспект сакав малку да го дообјаснам мојот истап. Инаку, не се случи ништо трагично од оваа говорница, само што се пречекори со неколку збора изјаснувањето на турски јазик.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Барате реплика на излагањето на господинот Хасипи, имате една минута, ете ви ја шансата од преескa.

**АДНАН ЌАХИЛ:**

Му благодарам на господинот Хасипи за добрите зборови. Сакам да искажам следно дека иако делувам во рамките на ВМРО-ДПМНЕ, како турчин, реков дека Партијата за движење на Турците на Македонија ја поддржа оваа коалиција, на некој начин условно кажано опозиција, дека сето она што е конструктивно, сето она што е добро за турските граѓани во РМ, вклучително и јас и ВМРО-ДПМНЕ ќе ги поддржувам сите тие предлози од мандатарот и од СДСМ и од коалицијата.

Што се однесува до она што говорев на турски, претходно се извинив, реков дека едноставно, знам дека не е уставна категорија, дека треба, но мислам дека многу работи што не се уставни, не се законски а се прават, па едноставно се замижува. Мислам дека требаше и на овој начин и треба тоа да се гледа на позитивен начин обраќањето на еден Турчин обраќањето во Парламентот, да ги поздрави, бидејќи е прво обраќање.

Затоа, од тоа не треба да се први баук. А, што се однесува до користењето на јазикот на националностите, што се однесува до турскиот јазик, тоа треба да биде секаде онаму каде има можност со закон тоа да се направи и во текот на времето ќе видиме. Онаму каде има можност со закон да се направи да се направи.

На крајот што би сакал да кажам, дека секогаш зборувам и ќе зборувам во името на турците, овој дел што го поддржуваше ВМРО-ДПМНЕ и проектите што потекнуваат од ВМРО-ДПМНЕ. Никако не сакам да се мешам во правата и обврските што ги имаат другите заедници, а за другите заедници тие се одговорни......

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Ќахил, ве молам џзавршувасјте.

**АДНАН ЌАХИЛ:**

Јас толку, благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор господинто Невзат Бејта.

**НЕВЗАТ БЕЈТА:**

Ве поздравувам сите, го поздравувам претседателот,

Барам извинување што ќе излезам од дневниот ред, но принуден сум, без основа обвинувањата што се прават од страна на албанската опозиција врз албанската позиција без никаков аргумент дека станува збор за народ со стара традиција, културна и цивилизациска и затоа не дозволуваме некој да зборува како ќе му падне на памет, бидејќи ова е највисок законодавен дом.

Првата војна не започнала во Македонија. Оваа влада што треба дас го олесни не е прва влада. Имало многу, многу влади. Значи, почнуваме уште во времето на Римското царство, додека не се појави еден многу паметен во борбата меѓу патрицијте и племињата. Тој дојде во ситуација да ги смири и Рим дојде во ситуација да постигне благодет. Истото тоа се случи и во Атина.

Поради дискриминацијата имаше војни со деценија. Дојдоа разни реформатори: Дракон, кој донесе закони, беа против интересите на народот. И ден денес сите закони што се против интересите на народот се неуспешни. Економијата, општеството и до најдобриот, најпаметниот човек Перикле. Тој ги зближи сите народи, доби поддршка од сите луѓе, од сите граѓани.

Ќе го оставиме времето на антика, ќе поминеме во Амрика. Колонистите, американците беа дискриминирани од англичаните. Имаа војна меѓу себе. Се формираа, се создадоа САД, го донесоа првиот Устав, Устав што ги стави да бидат граѓаните рамноправни. Ја имаме и Франција. Имаме проблеми што се создадоа во тоа време. Значи, дискриминацијата се случи во Франција, бидејќи таму се случи и револуција, со што падна апсолутизмот. Првиот устав во Европа се случи таму. За прв пат во Франција се донесе, се усвои Декларација за заштита на правата на луѓето. Тоа е во времето на 1871 година.

Првата Декларација за правата на човекот во Македонија е донесена со Охридскиот Рамковен договор во 2001 година. Навистина е многу жално и срасмно да се говори против албанскиот народ. Ниту еден народ не ја сака војната. Ниту албанскиот народ. Борците на УЧК не се бореа против македонскито народ, туку се бореа против властодрмщците кои вршеа дискриминација на албанскиот народ. Затоа албанците не можеме да ги наречеме вооружени групации. Албанците не можеме да ги наречеме терористи.

Истата болка сте ја поминале и вие, на иста територија кгоа Балканот и нашите земјишта беа под окупација на Отоманската империја. Сите оние кои се

кренале во војна во национално ослободително движење, теи биле нарекувасни ајдуци, а нивните челници биле нарекувани арамбаши. Тоа била војна за добивање на нивните права. Тука нема никаква основа албанците кои ја водеа нивната правична борба во текот на минатата година да се нарекуваат терористи.

Не би говорел повеќе за војната што беше минатата година, бидејќи таа заврши со Охридскиот Рамковен договор што го прифати и позицијата и опозицијата, како и меѓународниот фактор. Ќе се навратам на точката од дневниот ред.

Денеска е денот од кој што зависи иднината на РМ. Денеска ќе се реши каков ден ќе биде. Доколку владата, ако се избере, ќе биде во полза на граѓаните и во служба на граѓаните, тогаш нашите граѓани ќе го запаметат овој ден како добар ден. Ако избереме влада што ќе биде во интерес на индивидуалните интереси и во служба на партиските интереси, овој ден ќе биде запамтен како ден на македонските граѓани, како еден црн ден.

Народ во Македонија, а особено албанскиот народ, се израдува многу со започнувањето на плурализмот во Република Македонија бидејќи овој народ беше најтортуриран народ од првите плуралистички избори, каде што излегоа масовно сите луѓе, сите граѓани, а посебно албанците беа радосни дека ќе ги добијата своите права, произлезе првата влада од плуралистички парламент на чело со премиерот Никола Кљусев. Никола Кљусев не се стави во служба на сите граѓани туку ги бранеше интересите на граѓаните македонци. Незадоволството на албанскиот народ постојано се зголемуваше, така што го игнорираше мнозинството на албанскиот народ. Оваа влада беше позната по две нешта, за мене неприфатливи но во практиката прифатливи.

Беше донесена првата валута и Устав кој што им ги одзеде природните права кои што им припаѓаа на албанците. Оттогаш почна времето на плуралистичка дискриминација на албанците во Македонија. Започнува нов период. Период на 1992 - 1998 година. Период во кој што владееше Бранко Црвенковски.

Оваа Влада во тоа време воопшто не беше абгажирана во тој шесгодишен период за подобрување или за решавање на албанското прашање кое што беше нерешено. Почна со зголемување на криминалитетот, корупцијата со одредени цели. За да се збогатат неколку индивидуи а да биде тоа на штета на Македонија. За да се покријат сите овие лоши работи пред граѓаните на Република Македонија, за решавањето на социјалистичкото прашање Владата водена од Црвенковски ги прогласуваше албанците и почна со нивно тортурирање, апсење и најлошото, со нивното убивање. Овие работи ги правеше за да се маскира

криминалноста, криминалитетот. Оваа измама на народот продолжи до 1998 година кога народот разбра дека албанците не се виновници и дека народот е навистина на едно високо ниво. На изборите во 1998 година победи македонската опозиција. Позицијата и опозицијата на албанците. Од таа Влада произлезе една нова Влада со апсолутистот Љубчо Георгиевски и со апсолутистите. Народот ја прифати новата Влада со новите луѓе, особено албанскиот со една единствена цел дека оваа Влада ќе ги поправи оние нешта што беа на крив пат. Но оваа влада направи нешто уште полошо. Значи таа ги постави индивидуалните интереси врз општествените интереси. Започна експлоатацијата на општествениот капитал и индивидуален и почна со апсолутистичка диктатура. Ја зголеми криминалноста на високо ниво. За да се покријат овие работи виновниците ги прогласи како обично и албанците. Почна со нивно апсење и нивна тортура и нивно убивање без никаква причина, со една единствена цел за да ги покријат нивните лоши работи. Албанците увидоа и разбраа дека ниту една влада не ги почитува, не ја почитува волјата на албанците и беа принудени да војуваат на организиран начин, прику УЧК. Јас пак ќе речам не против македонскиот народ, туку против дискриминација, против апсењата. Оваа војна заврши со Охридскиот Рамковен договор.

Со Охридскиот Рамковен договор се стави крајот на албанската дискриминација. Што направија албанците од позицијата? Тие продолжија без да го разберат населението на својата држава да ги дискриминира албанците, да ги апси, да ги тортурира, да ги убива. И потоа за да ги обвини, како што го направи претходниот говорник од опозицијата дека албанците за време на минатогодишната војна направиле насилие, насилство. Албанската историја не познава, а не војникот на УЧК на почетокот на 21-век бидејќи албанците имаат една навистина висока култура, сите ова го знаат кои што се занимаваат со студии, на албанецот не му паѓа на памет да прави масакр, ниту насилство, насилие. Она што го рече за заробениот војник со цел да се направат безредија во Македонија на границата, на граничниот дел кај Блаце, воопшто не е точно сето тоа. Со тоа сакаат да ја излажат македонската јавност дека наводно албанците направиле силувања, албанците направиле масакри. Вакво нешто не е точно. Ова продолжува со одредени цели дека за да го прифатат, да го придобијат народот и со него да манипулираат. Но, оваа манипулација на досегашните властодршци заврши со 15 септември 2002 година. На 15 септември 2002 година прозборе народот на Република Македонија со својот глас. Тој не држеше лекција туку заминаа, гласаа, гласаа за ДУИ и за Коалицијата заедно за Македонија. Сега се раѓа нова Влада на Бранко Црвенковски.

На оваа влада и останува да стапи во служба на граѓаните и да не прави разлики меѓу граѓаните дали се тие албанци, дали македонци, туку сите да се третираат истоветно и да се врати вербата бидејќи секоја влада не се однесуваше добро. Јас особено мислам дека министерот за внатрешни работи ќе биде најдобриот министер кој што ќе има еден навистина рамноправен однос во однос на сите граѓани без да прави разлики на национална или на религиозна основа.

Оваа Влада се надеваме дека ги познава своите интелектуални сили и го добива политичкиот кредибилитет од народот на Република Македонија на изборите на 15 септември и ќе ги реши малите нешта, прашањето на албанците во Македонија.

Јас во моите контакти со моите колеги македонци, тие не се против Тетовскиот универзитет. Тие се за што побрзо на Универзитетот и македонскиот народ да живее во мир, хармонија и да има еден соживот во својата земја.

На крајот да кажам, најдобар тест за секоја влада е успехот, сите влади кои што биле досега од плурализмот, врз основа на тестот добиле негативна оценка единица. Јас се надевам дека оваа влада со министрите што ги избрале се искусни, способни луѓе, ќе бидат во служба на граѓаните и за време на нивното владеење кога ќе биде направен тестот, јас верувам дека ќе бидат оценети со највисока универзитетска оценка, со 10.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Мендух Тачи има реплика од 3 мин.

**МЕНДУХ ТАЧИ:**

Мислам дека почитуваниот колега, господинот Невзет Бејта, јас можам да објаснам контрадикторно да одговорам. Недозволено е да ги стави на едно исто ниво Владата на г. Црвенковски и Владата на г. Георгиевски, што се однесува до убиствата и апсењата на албанците.

Господинот Невзат вие лично и вашето семејство тебе те уапсија и вашето семејство, знаете вие сите и целиот Гостивар, да не ги рамните ситуациите.

Како второ, кога зборувате за прашањето на личните интереси кои се ставаат над општите интереси да ве потсетам вашето богатство и нашето семејство кое што навистина вреди со милиони можеби сега евра и не марки, навистина мислам дека тоа не е обезбедено од едно чисто ниво.

Трето, недозволиво е вие лично ги апстрахирате и настојувате да ги делегитимирате политичките сили на албанците, зборувам за ДПА, зборувајќи дека

дејствуваат против интересите на албанците, зборувајќи дека нивните групни и лични интереси ги ставија над интересите на народот, зборувајќи дека тоа се отстрани од вистинскиот пат.

Јас сакам да ве потсетам на еден факт. Преговорите за Охридскиот договор да ги раководат политичките партии. Тоа се подразбира дека е една голема доверба кон ДПА за да ги однесе до крај нивните албански барања.

Уште еднаш повторувам дека војната во Македонија беше објективна ситуација од акумулација на незадоволствата од повеќе години на албанците. Македонија е создадена 1945 година меѓутоа албанците навистина доживеаа масакрирања, убиства, насилства уште порано отколку 1943 година каде што е создадена Македонија. Ова акумулација на незадоволства избувна независно од тоа кој беше во Владата на Македонија, ДПА или некој друг.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За реплика се јави Невзат Бејта.

**НЕВЗАТ БЕЈТА:**

Исто така јас го поздравувам г. Тачи. Навистина тоа што се случи во гостивар, но не тортура само на моето семејство. Исто така и јас сум еден од нив што сум тортуриран. Истражувањата ќе продолжуваат. Кој беше крив за туртурите над гостиварското население. Во текот на војната паднаа и жртви од страна на ОНА, за што имаме и херои и воени инвалиди. Ние работиме за една добра иднина на младата генерација. Тоа е една најдобра иднина за нашата држава.

Што се однесува за богатството, за чистотата на моето богатство има компетентни органи. Ниеден член од моето семејство не беше во владеење во мојот период каде што е создадено тоа богатство. Целото богатство навистина е со една голема чесност добивавме и продолжуваме да работиме во интерес на граѓаните од Гостивар.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

За реплика се јави госпоѓата Поповска на господинот Бејта.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Јас сакам да му се обратам на колегата од ДУИ. Морам да кажам дека не можам да прифатам никако дискусии во кои се оправдува војната. Војната за мене е неприфатлива како категорија и вакви дискусии лично ме навредуваат.

Мислам дека треба да имаме на ум дека сите ние како членови од Коалицијата за Македонија заедно сме спремни да гледаме напред кон иднината. Вакви реминисценци се крајно лични. Сметам дека се штетни за нашата идна соработка и за процесите за интеграција во Македонија. Затоа јас би молела да имаме сите почит кон нашите различни светогледи и кон нашите различни спомени во крајна линија и различниот начин на доживување на нештата во минатото и сега.

Јас би апелирала да го надминеме минатото, да гледаме во иднината и навистина да бидеме многу внимателни во нашите дискусии затоа што една дискусија може многу да помогне, но исто така и многу да наштети за сето она што сакаме да го градиме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со расправа.

Има збор г. Ружди Матоши.

**РУЖДИ МАТОШИ:**

Почитувани дами и господа, почитувани пратеници, почитувани присутни,

Како претставник од овој Парламент сакам да искажам некои аномалии. Оваа коалиција или овие партии кои навистина сочинуваат една коалиција не се толку демократи колку што викаат  и велат, не се тие што ја елаборираат демократијата.

Што се однесува до последните парламентарни избори ние многу негативни аномалии, кражби на гласови, насилства на гласови. Имаме ситуации, навистина тешки ситуации каде што навистина е создадена конфузија меѓу населението дека доколку добива оваа партија може да се случува ова, доколку не добива нема да се случи ништо итн. Како аргумент ги имаме резултатите нула, имаме просек од 100% излегување за да гласаат граѓаните за тоа што се убедени сами. На пример имаме такви аномалии во разновидни кругови во Македонија, во Кичево, во Гостивар и други средини, во Тетово итн. Но после сите овие феномени Демократската партија на албанци ги прифати резултатите. Не даде никаква жалба

кај ДИК со единствена цел да се создаде простор на албанските партиципиенти тие да немаат аномалии или да немаат страв од Демократската партија на албанците или да не стравуваат дека ние правиме некоја опструкција така што сакавме ние да имаат една чист простор, да бидат резистентни, да бидат појаки во создавање на ова, новата влада.

Се разбира придонесовме во едукација на нервозата во албанскиот блок, но албанските партиципиенти сакам да ги потсетам дека албанскиот народ знае добро, знае кој е мандаторот на оваа влада, господинот Бранко Црвенковски.

Во албанското сеќавање се свежи теророт, насилставата кои произлегуваат токму од него, мандаторот што денеска се јавува како толерантен демократ, пријател на албанците. Овој пријател на албанците кој апсеше и ги тортурираше албанците. Со еден збор албанците ги оддалечи подалеку од системот и создаваше механизми за да не можат да се приближат во системот и да се вклучат во системот. Ги третираше како граѓани на третиот и четвртиот ред. Навистина се чудам со албанските партиципиенти имајќи еден факт, еден свеж факт на едно навистина догледно време, скорешно време дека прифаќа со овој мандатор да состават влада без да го обврзат него прво да побара извинување од албанскиот народ. Вообичаено рековме да беше еден друг мандатор. Го велам ова за причина Бит Пазар, Радолишта, аферата на оружјето, Гостивар кој навистина триумфално го крена, ја крева раката, Тетовскиот универзитет, процесот на бомбаши, убиства на албанците на граници, на границата со Косово и Албанија. Ниеден процес го почнува овој човек за една добра меѓу албанците и македонците. Секогаш тој создаваше терор и насилство. Токму војната од минатата година беше резултат на горкото владеење на овој човек. Овие и многу други работи албанците ги чуваат во нивното сеќавање.

Имајќи ги предвид овие елементи, начинот како се формираше оваа влада, се сомневам дека ќе имате успех, но ДПА посакува са имате успех. Со почетокот на формирањето на оваа влада се прават разлики дека луѓето од бившата ОНА. УЧК, не можат да учествуваат во раговори па потоа, исто така и во Кабинетот на господинот Црвенковски. Но, од друга страна имаме министри кои ги бомбардираат македонските села оставајќи мртви многу цивили, како во Склупчане, Порој, Слатина и многу други места. Тоа е Владо Бучковски кој, навистина ги спроведуваше наредбите на Врховниот командант на државата на господинот Трајковски.

Од страна на албанските партиципиенти, ниту еден збор не беше речен за овој феномен, ниту една забелешка, па затоа јас се сомневам дека можеме да имаме регрес во понатамошниот процес во оваа влада. Па вие, албанските партиципиенти, навистина паднавте под нивото, паднавте под минимумот и не го подстигнавте паксимумот на ДПА па затоа сте уште подалеку од умот на ДПА, па затоа сте уште подалеку од неа. Транспарентноста навистина е важен елемент на демократијата. Кај вас доминира нетранспарентноста, со измама на јавноста. На понпезен начин најавивте за местото претседател на Парламентот, што не беше направено. Не беше постигнато, а требаше да се направи. Доколку сакаме доверба меѓу граѓаните, во хиерархијата на државата треба да имаме и албанци.

Измамата продолжи уште со најавувањето за земање две најважни министерства во владата, за одбрана и за внатрешни работи. И ова не беше направено, не беше постигнато. Потоа продолживте со други измани, со МНР импровизирајќи криза во разговорите. Но, сето тоа беше камуфлажа пред народот. Сега сте сконцентирани во стилот на измама за наводни програми, принципи, консензуси и што уште не друго.

Доколку навистина пропаднете во овие работи, што понатаму? Ние ќе ве оставиме да работите 100 дена. Значи, 100 идни денови нема да ве критикуваме, но не треба да продолжувате со лаги и измами, бидејќи албанскиот народ не прави многу што вие да бидете поупорно и подобро.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот Даневски Слободан.

Момент, за реплика се јави господинот Талат Џафезри. Имате три минути.

**ТАЛАТ ЏАФЕРИ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници,

Емоциите, бездруго, треба да работат во еден ваков состав. На мојот почитуван Ружди сакам да му реплицирам само за делот во Гостивар, во однос на измамата со албанскиот глас и за лошото однесување кон албанците од 1997 година од страна на Владата на господинот Црвенковски. Исто така му реплицирам и за делот за разурнувањата за време на минатогодишната војна.

Што се однесува до албанскиот глас не треба да се заборави дека заменикот министер Рефет Елмази беше тој кој што со закана, јавна закана, дури и кон кандидатите за пратеници се обидуваше да создаде или да внесе страв кај населението во општина Чегране. Истиот заменик министер, во истата партија беше во една проширена или голема влада и јас сум убеден, да беше некоја друга влада, тие нешта не би се случиле.

Што се однесува до настанот, до Гостивар, Ружди треба да знае дека во 1997 година освен другото, беше убиен и д-р Шпенди Саили, но за улогата на партијата на која тој денеска припаѓа, ќе покажат анализите од тоа време колку вина за тие жртви има таа партија од тоа време.

Ова не го кажувам за да се конфронтирам со себе, со субјектие албанци во Парламентот, едната позиција другата опозиција, туку како јавна забелешка еднаш за секогаш да престанат тие конфронтации меѓу албанците во Парламентот и каде и да е на друго место. Доколку има место оваа соработка и овие сугестии, колку и да се добронамерни, да бидат во друг сфера, во друга област и да го направат тоа. Го има координативното тело што го оневозможија да работи, да функционира. Затоа, замолувам за местата и функциите да ги анализира претседателот на ДУИ Али Ахмети со потесното раководство во рамките на партијата, а не тоа да го прави ДПА како што спомна Ружди.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Ружди Матоши имате реплика, во овој случај имате една минута.

**РУЖДИ МАТОШИ:**

Што се однесува до кражбите, тоа го покажуваат резултатите. Голем број на избирачки места, таму има ливчиња каде ДПА добиле нула гласови. На неколку места забележуваме 96 до 100% излезени албански гласачи и истовремено во избирачките совети, на големиот дел што го имала ДПА, една вечер пред изборите тие претставници на нашата партија морале да ги напуштат своите работни места, условно речено, поради такви и слични притисоци.

Што се однесува до Гостивар, јас во тоа време бев претставник на Младината на мојата партија. Многу добро знам, паметам како се движеа тие работи. Јас бев тој кој сакав да одам во Гостивар за да им се придружам на

протестантите. Но, улогата на претседателот на Партијата Арбен Џафери, за да се спречи, да се намали таа еуфорија, тој тогашен процес, се разбира, сигурно се сеќавате кога тој дојдер во дуел со бившиот министер Фрчковски, кому му рече дека - можеш ти да играш како што сакаш како ова во Гостивар, с# додека не се крене на востание албанецот. Значи, она што можеше да го направи ДПА во тоа време го направи ......

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Матоши приврșувајте, веќе 100% го пробивте времето.

**РУЖДИ МАТОШИ:**

Ви благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Господинот Зејди Џеили се јавува за реплика или бара збор?

**ЗЕЈДИ ЏЕИЛИ:**

Барам збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

На ред е сега господинот Слободан Даневски.

Го молам господинот Зејди Џеили повторно да се пријави за да му се сочува редот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Ја имам таа чест многу години да сум во Парламентот и сум учествувал на многу влади. Така што и ова е сигурно, како и секоја влада, избор на влада со процедура, постапката оваа вечер мора да се заврши. Таква е ургенцијата и на господинот претседател, дека оваа вечер мора по секоја цена да се избре влада. Го прифаќам и тоа. Но, ние сме сега во еден нов амбиент. За прв пат имаме нов амбиент со слушалки на уши. Некому се ушите големи, некому е главата мала, но го доживеавме и тоа во овој Парламент. Имаше многу  борци, првоборци кои лажеа

дека нема да се зборува во Парламентот на албански. И тогаш уште 1994 година им кажував - лажете, се колнете. Немојте. Тој момезнт си дојде. Си зборуваат албански. Така е. Си зборуваат албански. Процедурата е таква. Ќе си дојде по ред она што е зацртано.

Во однос на она што сакам оваа вечер да го зборувам, оваа говорница издржала многу тешки зборови, па и глупости.

(Дофрлања од место)

Јас би ве замолил да не дофрлувате. Дама сте, не сакам да ви реплицирам. Дама сте. Бидете културна. Бидете културна, би ве замолил. Господине претседателе ......

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве замолувам сите да не комуницирате еден со друг. Да не се предизвикувате еден со друг.

Продолжете ве молам.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дама си. Те почитувам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Сега и вие истото го правите. Ве молам продолжете.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Инаку, можам да ве навредам.

Да зборуваме принципите и принципиелностас. Да зборуваме за правдата и неправдата. Да зборуваме за стручност и компетентност, да зборуваме за хуманоста и за човековите права. Да зборуваме за патриотизмот и предавството. Да зборуваме за кодошите и новинарите, да зборуваме за политичарите и судиите, да зборуваме и чесните и корумпираните. Да зборуваме за стечајците, за технолошкито фишок, за невработените, за сиромаштијата, за бедата. За Синдикатот што е политизиран. За терористите и убијците и патриотите. За граѓаните од втор ред, кои се тие? За опасностите на РМ. За реформите. Но, никогаш во овој Парламент, бегавме или не сакавме да проговориме за клучните работи. Не проговоривме никогаш за она што значи национална стратегија.

Поминаа многу влади. Сигурно и оваа влада како и секоја влада ќе се избере. Ќе им дадеме 100 дена, ќе ги ослободиме 100 дена да се подготват, џентлменски потег, да не кажат дека за 100 дена не им дадовме да се подготват да можат да настапат стручно, компетентно.

Но, каде она што значи национална стратегија? Тоа фали на македонското ткиво, затоа што националната стратегија ја нема и никогаш нема да ја има. На таа карта Македонија ќе губи.

Она што стои како друго, што стои со години, се провлекува, тоа е каде е македонското национално единство? Сигурно и тоа го нема.

Кога зборуваме за национална стратегија, зборуваме за тоа било која влада да дојде, било кој да биде премиер, дали ќе биде стар - нов премиер или стара - нова година, како да кажеме или незнам каеко да кажеме, националната стратегија требаше да се знае, Македонија оди во тој правезц. Надворешната политика е таква, внатрешната политика е таква. И било кој да биде на таа позиција, треба да ги брани интересите на Македонија, да ја брани националната стратегија.

Што ни се случува? Ни се случува било која влада да доаѓа со нови концепти, со нови стратегии. Се испомешуваат работите и правиме еден хаос. Еден калабалак. Со години се зборува за некое македонско национално помирување, да се помират - кои? Да се помират македонците. Затоа што видовме дека на овие простори, знаеме што се случува и ќе ни се случува. Влегуваме во опасни времиња, влегуваме во време на урбан тероризам. Влегуваме во време каде ќе пукаат македонци на македонци, албанци на албанци и албанци на македонци. Ова е неизбежен период и од ова не може а се избега. Тоа е нашата вистина и тоа судбината што н# чека. Тоа е нашата судбина.

Тоа што стои како трето, најтешко прашање во овој период, тоа е државностас. Никој не сака да проговрои за државноста. Никој не сака да каже што ќе се случи со Македонија. Државата е во голема опасност. Не сум кажал некоја голема работа. Не етоа да се каже еве, Слободан Даневски, големиот ум измислил нешто. Можете вие да се смеете, можеби е и смешно, но тоа е вистина. Влегуваме во еден период каде државноста е загрозена, Македонија уште ја нема заокружено државностас и влегуваме во некои најавени благи форми дека во Македонија ќе има нови прекројувања на границите. И ова ќе каже дека не стои како такво. Влегуваме во опасен период. Лаги, има навестувања дека ова и ова ќе се случи. Некој сака да ја стави главата во песок.

Но, ако дојде до нова балканска поделба, Македонија е неминовно, затоа што остаљнуваат големи прашања недоречени.

Влегуваме во период каде што Косово но ќе треба да се признае како независна држава, каде што ќе влезе во големи конфликти, односно Резолуцијата 1244, која ја донесе ОН, ќе треба да се менува, но дали тоа ќе падне на товар на Република Македонија ќе видиме, ќе каже времето. Остануваат некои прашања кои се отворени тука во Македонија, кои треба да ги затвориме. Дали ние вечерва, или во идниот период сме да ја повлечеме црвената линија, преку која немомже да помине, незнам но треба да ги отвориме прашањата и да ги затвориме прашања, што стојат со години. Едно од тие прашања е дека, што десет години ги слушаме во Парламентот, ако дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт, таа партија е пробугарска, тоа се бугарофили, Македонија ќе ја однесат за Бугарија. До ден денеска, Македонија си е во рамките како што е зацртана. Во Македонија се зборува македонски, Македонија не отиде во Бугарија. Значи ова е ноторна лага за десет години што евтини новинарчиња купени за станче или незнам што, ја ширеа со години, како таква теорија падна. Значи ова прашање го затвораме, ова не постои повеќе.Ја нема таа хипотека дека ВМРО-ДПМНЕ кога ќе дојде на власт. Еве поминаа и четири години како што дојде славно, славно си замина и ВМРО-ДПМНЕ, не се измени ништо. Значи ова прашање го затвораме. ВМРО никогаш не било бугарско, пробугарско или за бугарштината.

Второто прашање кое стои и на ова прашање треба тука да се даде одговор дали Македонија е поделена од Групчин и дали Македонија до Групчин ќе се дели. Можеби во овој момент вака навидум изгледа прашањето лесно, но било кого да прашате од тука колегите албанци на тоа прашање ќе ви одговорат исто. Нема разлика меѓу едните и другите, затоа што денеска една третина од територијата на Македонија се контролира. Денеска е страшно да се оди према Тетово и Гостивар. Се наметна таков амбиент. Тие што заговараа и што пишуваа дека ВМРО-ДПМНЕ за време на неговото владеење ќе ја подели Македонија дека границата ќе се стави на Групчин, до ден денеска не се случи. И ова прашање останува отворено. Ќе видиме во наредниот период што ќе се случи. Една хипотека што стои на оваа влада дека таа е виновна и таа ја направи војната во Македонија, на ова прашање само историчарите треба да дадат одговор, треба да дадат политичарите, но граѓаните кажуваат дека оваа војна и оние што пукаат кои признаваат, тоа се ДУИ. Војната ја направи ДУИ. Али Ахмети. Ќе најде форма, ќе најде начин, како да влезе во власта. Мислам дека е паметен потег. Ахмети најде начин како да се влезе во власта. Значи

на овие простори почуствува дека само со сила, поддржуван од разно разни структури надвор од државата, може по пат на сила да се влезе во Република Македонија. Тука се колегите пратеници, кои легитимно се избрани. Никаква забелешка затоа што доби 140.000 гласови, дали се тоа легитимни или не, тие се избрани, мандатот им е верифициран, тие се тука, тоа е реалноста, присутни се во Парламентот. И сега, дали ние ќе пишуваме приказни, дали ние ќе се повикуваме на великаните на македонската историја, дали ќе читаме од делата на Крсте Петков Мисирков, дал ќе се повикуваме за правата на македонците и македонските права. Она што се случи на 15 септември оваа власт мора да си замине, народот ќе ја превземе и тоа се случи. Така е, добивте легитимитет, огромен легитимитет. Оние што имаат апсолутна власт, имаат и апсолутна одговорност. Што се зборуваше во предизборието преку разни најавени текстови, договорени, тука, најголем виновник беше министерот, бившиот министер за внатрешни работи, дека со Лавовите нема да ја даде власта, ќе има немири, ќе има убиства, ќе пукаат во Тетово, не се случи. Најдемократски избори во историјата на Балканот. Власта си заминува, доаѓа друга, најдемократски избори, најмирни, како што доликува на една модерна држава. И она што ќе го потпишете и она што ќе го договорите суфистицирано ќе падне на тие што договараат.Никогаш тие што доаѓаат, разно разни светски патници, никогаш нема да кажат дека одговорноста ја земаат во нивни раце. Тие ќе кажат вие се договоривте во Македонија, вие потпишавте ова, ваша е одговорноста. Вие во тој момент можете да реагирате вака или така, но одговорноста паѓа на вас.

Она што стои како отворено прашање, тоа се албанците. Албанците се реално за Македонија. Албанците присутни, дали се 20, 21, 22, еве сега некој најавува преку весниците дека треба да бидат 34, или се 19%, ова ќе го покаже претстојниот попис. Не може никој да ги заобиколува дека не се реалност, никој не може да каже дека овие луѓе се фантоми, тие се граѓани на оваа држава и тие живеат и се борат за нивните права. Нивните права од ден на ден си ги остваруваат. Се знае, нивната бројка е зацртана, дали ќе биде една проекција, друга проекција, трета проекција. Она што е зацртано на долга патека, верувајте тоа ќе се исполни. Јас незнам која влада да дојде на Георгиевски или на Црвенковски, албанците ќе си ги добијат своите права. Имаат најдено начин, имаат најдено метод, имаат лоби друштво, имаат филозофија, имаат стратегија. Знаат што треба да постигнат. За жал, македонците го немаат тоа. Македонците имаат држава која треба да ја изгубат. Нема обединување, нема помирување.Можеби смешно, но тоа е жалосно и вистинито. Ќе каже времето. Во игра се што така се забрзуваат нештата на Балканот

што просторот и времето се стеснува. Се намалуваат импулсите. Се намалува времето. Ќе се забрѕаат некои процеси, многу, многу брзо ќе се забрзаат.

Во експозето на господинот премиер, кое со внимание го слушав мислам дека е стара нова приказна веќе видено ме потсетува на многу експозеа на господинот Црвенковски, сум ја имал таа чест да слушам премиери за избор на повеќе влад на пет-шест, иста е приказната, мислам дека е мајстор на убавиот збор, со секоја чест и почит и она што стои внатре тоа е дека безкомпромисна борба со криминалот, со корупцијата, со митото. Сигурно дека и ова прашање треба да го затвориме. Да е тука господинот Ѕинго  ќе каже кој прв почна,не би рекол социјалистите и ја имав таа чест да учествувам во Комисијата за јавни набавки. Формирањето една Комисија за јавни набавки, формиравме и друга комисија. Да не зборувавме како се работеше и што најдовме и како најдовме. Би било добро да се отвори прашањето и да се затвори. Во делот на јавните набавки, да се затвори прашањето со “ТАТ”, да се ѕатворат црните вреќи во Гевгелија со парите, да се затворат уште отворените прашања со три пати санација на Стопанска банка, со можниот октопод, ембаргата, воениот проток на нафта, на пари, на луѓе на дрога, на оружје. Нека се отвори. Нека одговараат сите, нека биде ова правна држава. Мислам тоа го бараат граѓаните.

Сигурно,  во овој четиригодишен период, додека СДСМ беше опозиција две работи стоеја што секогаш се наметнуваа. ВМРО-ДПМНЕ дава стручни, нестручни и партиски луѓе. Најголем адут за луѓето е партиската книшка. Ќе видиме, не е тука премиерот, иако е избран, на секој 15-ти ќе го потсетувам дека стазите уште сега се направени и стручни и нестручни луѓе и дека чуварот ќе биде сменет и служителката ќе биде сменета, што значи повторно нова партизација на државата. Тоа го ветуваа во предизборјето, да видиме можеи нешто ќе се смени во оваа држава. Нешто што ми  смета, мислам дека лично како македонец е тоа што  неоправдано некој медиуми, наши колеги, без чувство на одговорност ги напаѓал лавовите. Мислам дека таа единица е  формирана каква таква. Можеби таму има секакви, како што има секакви тука и во Парламентот, како што има секакви и во полицијата и во војската и во образованието. Ние сме сите различни, не сме исти. Дежурни виновници за се беа лавовите. Се опил еден тоа беше на вестите. Дајте да ја погледнеме и другата работа. Тие луѓе какви такви знаеме што се случи. Тие фатија оружје и тие беа во рововите. Тие беа три месеци. Оние мамини мази, таткови синови заминаа во тоа време во Грција, заминаа на одмор, заминаа незнам каде, се правеа луди, вадеа лекарски уверенија, заминаа, јанапуштија Македонија. И сега тие имаат право да кажуваат за патриотизмот. Тие имаат право да плукаат по овие. Ова е правдата. Тоа

е големата неправда. Сигурно е дека има грешки во лавовите. Замислете, претседателот на државата, наводно му порачал некој од странство ќе ја расформира единицата. Единицата треба да се трансформира како што сите држави направија. Ние границата уште не ја обезбедуваме. Македонската граница е како швајцарско сирее. И ден денеска кој како сака може да поминува и ден денеска им одговара да се трансформираат лавовите, како што направија други држави како Србија и други да има една елитна бригада, а целиот друг кадар да биде на обезбедувањето на границата со тоа што војската би ги повлекла граничарите како секаде во светот да ги чува границите. Така е секаде. Така и кај карабињерите, така и во Америка, така е во цел свет. Така треба да биде и во Македонија. Така треба да се рансформира. И ако некој сака да се шегува, отсвете ги тие луѓе што го положија животот, дел што се легализирани, дел и денеска што ја чуваат Македонија. Она што останува отворено прашањето тоа е најголемата парадигма, незнам како да ја искоментирам. За собирањето на оружјеето. Македонија врие од оружје. Во Македонија е собрано 2% од оружјето. Дали оваа Влада ќе донесе нов ѕакон, дали правилник или незнам што,додека не се собере оружјето во Македонија, нема да има мир. Секој што нема мир има оружје. Има во куќи со по два калашникови, бомби и незнам што. Оружјето мора да се собере. Тоа мора да биде приоритет на новата влада. Мора да се донесе одлука и тоа да биде еден од предусловите да се направи мир и стабилност. Она што станува друго прашање дали ќе треба да се продаваат авионите, хелихоптерите и да се растурат тие единици може само голема будала така да одлучи. Само голема будала може да направи такво нешто. А има такви. Во Македонија такви има. Може да ги продаваме, да ги извезуваме. Она што стои, што е реално на ред доаѓа промената, доаѓа Шемшево, ресори, имиња, филозофии. За сето она што се јави како револт, не го оправдувам насилството, не го оправдувам недолжниот граѓанин кој бешре масакриран од една толпа на средношколци. Но тие млади луѓе почуствуваа опасност дека нешто се случува, дека нешто ќе се случи во Македонија. Тие реагираа. Дали е оправдан револтот или не, но реагираа. Сигурно не е оправдано она што го направија. Не можат младите луѓе да ја земат правдата во свои раце. Тоа е анархија. Треба постарите. Ако татковците не сакат да кажат што се случува во Тетово, тоа го кажаа учениците. Тоа го кажаа и младите албанци и младите албанци реагираа. Нешто ни се случува неприродно. Сведоци бевме, не е тука еден од доаените на Форум 2001, тие што заговараа дека ќе најдат некоја формула не го признаваат Рамковниот договор,па немљa шанса да се направи влада ако победи СДСМ со ДУИ, нема шанса терористите да влезат во власта. За

жал, не е тука човекот е во години, секоја почит. Но ги нема повеќе написите на Форум 2001, нема тоа што не го признаваат Охридскиот договор. Незнам дали господинот Костовски, не е тука, ќе каже дали го признава, го почитува или ќе гласа за Охридскиот договор. Јас сум еден од пратениците кој не гласа за Охридскиот договор. Не верував во него и денеска не верувам. Ништо не е сменето со Охридскиот договор. Во него се договараше дали некој ќе ја добие власта или ќе ја испазари власта. Се случија најголемите убиства. Во време на Охридскиот договор ништо не се случи во Македонија. Од она што се случи војната. Во дадениот момент ние имаме само слушалки на уши. Ништо не е сменето од она што значи право од она што значи човекови права. Човековите права не се добиваат со оружје. Може би е сега моментот сега друга група на албанци кои ќе земаат оружје, ќе бараат други човекови права. Значи, формулата е оставена и во Македонија секој кој ќе стане наутро, тој командува. Секој кој ќе го земе оружјето тој може да биде и пратеник и министер. Така работите не одат. Она што стои како отворено прашање, дали ние во оваа татковинска војна како што би рекол министерот Љубе Бошковски победивме или сме победници. Нема одговор на ова прашање. Дали ни дадоа да се бориме, или не се бориме. ДУИ се вели дека е победник. И во право е. Тие се победници. Тие победија. Тие влегоа со оружје на мала врата влегоа во историјата. И нема тука кој да каже. Дали тука седеле 10 команданти. За мене се сите команданти. Тоа не е проблем. Тие влегоа. Затоа имаат и чинови ѕа генерали. Тоа е нивната стратегија. Тоа е нивната филозофија. Таа ја нема нашата македонска и нем да ја има. Како што почнуваат, почнуваат со одмаздите помеѓу македонците. Нешто во Македонија се нарекува новинари. Завршија работите. Ја завршија работата на многу перфиден начин не прашуваат многу граѓани која е улогата во Македонија на новинарите. Дали да информираат, дали да коментираат или што. Тие се да критикуваат. Претседателот на Собранието сега ги става во подрум. Тие се опасност, тие се затоа платени да критикуваат. Дајте им на новинарите слобода. Пуштете ги по ходниците. Нема што вие сега да не браните нас. Новинарите ќе не нападнале. Нема потреба од такво бранење. Влегуваме во немирно време, влегуваме во еден период каде што и Македонија не може да биде мимо идена, влегуваме во време каде што ќе има големи потреси, влегуваме во време каде што ќе има борба и војна помеѓу религиите и ние сме во тој амбиент вклучени. Она што големите сили го имаат зацртано влегуваме во време каде што се отвора фронт на тероризмот, на светскиот тероризам. Влегуваме во време каде што целиот свет се обединува, донесува резолуција, добиваме информации, разноразни притисоци дека и ние

треба да се вклопиме во борба со тероризмот. Некој ги нарекува терористи, некој борци за прво,некој борци за ова за она. За обичните граѓани на Македонија тоа се терористи. Знаете ли што е примерот. Кога го фатија убиецот во Америка Џорџ Буш сега да го стви конгресмен. Веднаш става конгресмен и ја завршува работата. Тоа така не се случува во Баскија, она што ќе биде Иран, она што ќе биде во Газа. Влегуваме во таков период.

Ова е загревање. Не може од ова да се избегне. Случаите што ни се случуваат во Чаир. Ќе се чисти Скопје. Ќе се чисти Тетово. Ќе се прават чистси територии. Тоа што некој се смее, не е за смеење. Можеби еден ден ќе барате да биде поделена Македонија. Ќе бараат македонците да биде поделена Македонија. Запамтете го ова. Ќе бараат македонците да бидат чисти територии. Тука колегата пратеник од Тетово станал, го обвинува Ѓеоргиевски. Може да го обвинува. Има право. Зошто тој не ги праша тука му се колегите, коалициониот партнер од ДУИ, каде се киднапираните. Каде се тие заложници. Вие од Тетово прашајте ги. Тука се они. Сега требаше да станете вие и да ги прашате, колеги, дајте кажете каде се овие киднапирани луѓе, ги нема веќе година и повеќе.

И за крај, почитувани колеги од СДСМ, има да дувате на ДУИ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Јас ќе бидам многу краток.

Очигледно колегата Даневски ја нема доволно прочитано програмата за работа на Владата во наредниот период.

На страна 8, јасно стои прашањето на киднапираните што е една од главните приоритети.

Еве директно ќе му одговорам на Даневски, нема да помине седница додека не го покренам и додека конечно не се случи она што мора да се случи, а тоа е вистината за киднапираните лица. Истото тоа се однесува и за раселените лица.

Сметам дека сите вие, бидејќи материјалот навреме ни беше доставен ја имате прочитано оваа програма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика бара г-динот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитуван колега од Тетово. Нема потреба Слободан Даневски да чита програнми. Од тие програми ништо. Сто програми се читани во овој парламент. Јас вас ќе ве потсетувам, вие да не заборавите за Тетово, Вие да не заборавите за киднапираните. Тоа ќе биде моја задача.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега има збор пратеникот Исмет Рамадани, а потоа, г-динот Тачи, затоа што бара во име на пратеничката група.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, дами и господа пратеници

Речиси цел ден денес размислував. Овие од ВМРО-ДПМНЕ, заминуваат.

Албанскиот јазик е многу убав. Не сте го научиле. Добро. ќе го научите, полека.

Значи, цел ден размислував дали да излезам на говорница да говорам или не и на крајот тој доби заклучок дека треба да се охрабрам самиот себе си но, и да го охрабрам мојот електорат, мојата партија, да ги охрабрам и оние кои денес се кандидати за министри и други членови на Владата и на еден начин да ги охрабрам политичките партии кои ја сочинуваат оваа Влада.

Реченицата која најмногу ми се допадна од кандидатот за премиер, г-динот Црвенковски, беше - ние не можеме да го промениме минатото, Не можеме да го промениме она што е изминато. Што значи ние денес сме овде, на еден начин да направиме една линија со минатото. Доколку се занимаваме со минатото, јас како парламентарец со четврти мандат би зборувал овде ден и ноќ, но имам своја сватисвакција. Јас и моите колеги со години, може би требаше да согорат како свеќа за да се разбере сето она и да разберат сите оние кои не сакаат да не разберат дека еднаш засекогаш треба да се соочиме со една реалност која што ја имаме овде во РМ.

Јас знам дека голем број на колеги, денес кои зборуваа, имаа и свои фулстрации, без оглед дали од позицијата на позоција во опозоција, значи и натаму треба да се држи нивниот електорат, нивното гласачко тело со зборови, кои предизвикуваат, кои создаваат ситуации кои и натаму создаваат или пак држат една тензија овде во Македонија. Но, треба да знаеме една работа. Јас ги почитувам многу паметните луѓе, бидејќи паметните се и храбри и итие искажале многу големи зборови.

Овде беа прочитани голем број имиња кои беа убиени за време на воениот конфликт, од страна на еден претставник на ВМРО-ДПМНЕ. Јас не го би го почитувал многу меѓу тие имиња би прочитал и име на еден млад албанец кој бил убиен. Јас знам дека неговиот одговор би бил дека тој бил терорист. Не, во воен конфликт нема терористи. Доколку тие беа терористи, сите коалиции на најголемите, најсилните, земји во светот би дошле тука и би не убиле нас. Сега има една голема коалиција коалиција против тероризмот. И цивилизираниот свет дефинирал могу добро што значи тероризмот. Значи на оваа работа треба да се стави точка.
Ме радува фактот, се сеќавам на едно кажување на еден стар турски дипломат. Некогаш треба да станеш жртва и како политичка партија и како политичар, доколку, дефинитивно се дојде до заклучок дека нешто правиш големо и добро за својот народ.
Тука сакам да ја поздравам храброста на СДСМ но и храброста на ДУИ што на еден нажин решиле да направат, всушност да дојде до помирување на албанско-македонско, што на еден модерен јазик се нарекува полиција. Доколку ова стане реалност, дали треба да биде вистина дека во иднина, доколку гледаме со дилеми, со страв и со недоверба меѓусебе, тогаш ни тежи минатото, ни тежи и н икогаш не можеме да станеме од земја. Овие моменти треба да ги имаме предвид. Вистина е дека во минатото биле направени голем број на грешки. Се случиле и трагедии кои денес, некој со солзи во очи и натаму ги оплакува. Но, треба да си има предвид дека животот е таков и некогаш имаме навистина таков живот. Тежок живот.
Ќе го спомнам името на Бајрон кој шетал низ Европа барал земја, барал место каде што нема гробници. Еднаш слушајќи некоја добра музика од Шпанија, тој сметал дека во Шпанија нема гробници. Но, и таму има гробници.
Некој вели дека Исмет Рамадани сака нешто идеално да се случи. Не, напротив го кажувам тоа дека ние треба да гледаме кон својата иднина, за да ни биде полесно.

Имаме Охридскиот договор. Ние сме потписници на таа спогодба, каде што и на таксативен но и на друг начин, сите работи се ставени на хартија. Она што е добро може би е и тоа што потписник на овој договор е и меѓународниот фактор. И кога зборуваме за нив и за нивната помош, треба да бидеме внимателни, бидејќи денес имаше многу лоши говори кои на нивна адреса, но убеден сум дека тие кои зборуваа вака, на софистициран начин ќе добијат удар во глава.

Она што исто така треба да се поздрави, г-динот Црвенковски многу силно денес рече - Македонија не е земја само на македонците. Значи се трга рака од

ексклузивност, се трга рака од она што значи дека оваа земја не им припаѓа на другите. Им припаѓа и на другите.

Се бара лојалност од албанците. Ние често пати сме рекле албанците ќе бидат толку лојални, колку што ќе бидат рамноправни. Денес албанците се моногу по лојални само затоа што зборуваат на својот мајчин јазик. Утре албанците ќе бидат уште полојално затоа што ќе имаат универзитети на својот мајчин јазик. Само затоа што ќе имаат поголеми права. Земете ја оваа страна на логиката што е треба да се разбере добро. Дали е лојалност кога албанците со своите политички партии секогаш велат, дозволете ни да се интегрираме во оваа земја. дозволете ми со процентот што го имаме да бидеме во војската, дозволете ни да бидеме во полицијата, дозволете ни да бидеме во администрацијата. Дозволете ни да преземеме одговорност да градиме демократија на активен начин и демократски институции. Зарем тоа не е лојалност. Зарем тоа не е одговорност. Затоа мислам дека вака треба да се гледа на работите.

Сериозно ви велам со најдобра цел дека народот се определи за коалицијата “за” и за ДУИ. За коалицијата за, “за” да дојде целиот оној потенцијал на знаење, на храброст на ум, да се извлече земјата од кризата и за ДУИ што прават трансформација, радикална, во нивното размислување, да се систематизираат институциите и да ја дадат можноста, да дадат се од себе за да можат да градат заедничка држава со демократски институции. Да се остави пушката и да станеш парламентарец, да излезеш од конфликтот и да станеш парламентарец и министер, и оваа работа не е толку лесна. Јас знам дека некој ќе рече каде ти е твојата ПДП. Мојата ПДП е тука. Гласот на ПДП ќе биде одглас и натаму за изградба на демократија, рамнјоправност и за реализирање на она што значи и стабилност и мир. ПДП ќе биде со оние кои и натаму ќе продолжат, значи на еден достоинствен начин оваа земја да се извлече од економска криза. Вистина е дека 500 илјади луѓе во македонија се на самиот праг на опстојување. Ние и натаму сме за изградба на делови од оваа земја, бомбардирана, земја со сиромаштија. Значи оваа влада зема обврска и одговорност.

Јас знам дека ПДП не е дел од владиниот кабинет и свесен сум кога говорам, но јас знам дека ПДП ќе ја пддржи оваа Влада, вечерва ќе ја поддржи со еден глас но и со зборови. Но, утре, претставникот на ПДП овде или претставниците на конкретните проекти кои ќе бидат тука поставени и ќе бидат против интересот на граѓаните и против интересите на албанците, верувајте дека ќе речат не, дека без оглед дали ќе биде и дел од кабинетот. Секогаш тоа го кажувала партијата и секогаш тоа го вели.

Јас мислам дека најсериозно е она што го рече кандидатот за премиер. Да бидеш или да станеш министер е привилегија навистина е добро. Но да се оди од функцијата застрамен министер, корумпиран и компромипиран тогаш нека го мислат тие кои што денес се кандидати за тие места, за местата министри и во Владиниот кабинет. Значи дајте заедно да градиме клима која ни дава можности, бидејќи треба да учиме од она што е минато.

Многу добро се сеќавам во 1998 година кога излегов со една дискусија, јас бев опозиционер и бев многу остар против тогашната владина коалиција и програмата која беше искажана. Неколку колеги ни забележаа дека не требало така, на самиот почеток на реагираме. Верувајте дека таа забелешка ја прифатив и научив од неа. Добив добра лекција дека треба некому или на оние кои го заслужуваат овој случај, без друго дека го имаат гласот, им се дава шанса. Ние денес им даваме шанса. бидејќи им даваме шанса, тогаш времето треба да каже како ќе работи оваа владина коалиција.

И на крајот во името на партијата ја поддржувам оваа Владина коалиција и се надевам дека опозоцијата ќе биде конструктивна и натаму додека тие кои што мислат или имаат некој лош проект, проект кој што ќе го расипе се она што е и Владина програма и како ветување денес само заради спречување на тоа што денес се ветува, но не на конструктивен начин.

Верувајте дека проблемите се рециклираат и продолжуваат. Денешната бомба фрлена во близина на Парламентот, значи фрлена врз една институција, разните бомби кои што се фрлаат таму, кои што се секој ден опасност за граѓаните е добро да се запрат за да се даде можност дефинитивно со една влада, компетентна влада, со една силна меѓународна поддршка да тргнеме кон патот за излез од кризата на оваа земја и да направиме нешто повеќе за нашите граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Мендух Тачи.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници, долго време се занимавам со политика како активист. Но, денеска кога ни се јавува програмата и платформата на новата влада, се сеќавам кога не се занимавав со политиката, меѓутоа ме интересираше политиката.

Господинот Петар Гошев и г-динот Бранко Црвенковски, ако некој заборавил јас сакам да ги потсетам дека направиле пуч во рамките на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Макеоднија во 1989 година кога власта падна , а г-динот

Јаков Лазаревски и г-динот Михаил Данев. Зошто ги спомнувам овие прашања. Сакам да го објаснам изборот и технологијата на оваа влада што доаѓа, програмата и платформата, нејзината програма и платформа и сакам да ја потсетам јавноста дека оваа програма и платформа е слична на злосторствата на создавање на поранешните влади на бившите републики како што е слична на конференцијата на АВНОЈ од 1943 година. Ова аплатформа и оваа програма е слична на манифестот на тогашната Комунистичка партија каде што сите народности на Југославија ќе ги уживаат сите права. Еден дел од албанците кои учествуваа во војната рамноправно со другите народи во таканаречената антифашистичка војна им веруваа на овие формулации и влегоа во политичките игри. Но, ситуацијата преку ноќ се променила и дојде времето на историскиот мрак, 50 годишен за албанците, Програмата што ни ја ветува г-динот без злоупотреба буквално ми личи уште послаба од експозето на новинарот Латас на Сител телевизија. Платформата на договорот за коалиција меѓу СДСМ и ДУИ ми се чини дека е под интелктуално потценување, зборувам во името на албанците и настојување за измама на албанската јавност. Навистина вие почитувани господа немате право да ги потценувате интелектуалниот и колективниот развој на албанците. Во рамките на излагањето на платформата ме загрижува навистина и лесноумието, ме загрижува навистина несериозноста за концептирање на реалноста во Македонија. Навистина ме загрижува, никаде не се објаснува начинот, никаде не се конкретизира како ќе бидат решени проблемите. Платформата и излагањето на мандатарот има еден смешен неразбирлив и нелогичен стил, убавото е убаво, доброто е добро, државата е држава, правото и т.н. Има формулации добри, убави според погледот но според содржината се многу слаби, мирот и стабилноста. Сакам да ве потсетам дека мир и стабилност нема да има без правда, не се решени проблемите на албанците бидејки некој добил 140.000 гласови, некој помалку, не се решени проблемите на албанците дека некој обезбедил функции како пратеник и некоја функција во владата како министер, не е обезбедена благосостојбата на албанците со војната, бидејки некој рече дека другите народи војуваа и се рамноправни , да ве потсетам, ние не сме равноправни. Ми се чини дека многу интересни се настојувањата за манипулација на јавноста од страна на мандатарот. Тој вели дека го почитувавме гласот од 140.000 , можевме да направиме коалиција со другите партии, тоа не го направивме, тоа не е вистина, позиционирања на ДПА како опозиција и ни овозможи системот на маневрирање на г-динот Црвенковски со ДПА. Додека на ДУИ навистина со голема свест им порасна рејтингот пред владата. Овие маневрирања на ДПА имајки го во предвид искуството

што го има како партија, но целото ова настојување со подигнување на рејтингот би рекол до Хималаи, ми се чини дека резултира со недостатокот на оксиген за претставниците на ДУИ. Почнаа да се појавуваат формулации и оправдувања многу смешни. Платформата навистина е јака. Во платформата се спомнува унитарниот карактер на Македонија, незнам од кои причини. Нема никакви причини да се спомнува унитарниот карактер. Унот значи е еден, унитарниот карактер се спомнува дека и понатаму се настојува Македонија да се концептира како држава на македонците. Мандатарот рече дека Македонија не е само држава на македонскиот народ, и албанците се тука нужно зло, или елементарна непогода. Но, рече и нешто друго: македонските национални интереси. Јас немам намера до крај да го потценувам мандатарот и тие што се заедно со него. Имам една друга цел, ја изразувам и ја искажувам мојата загриженост и на мојата партија за ова лесноумие, за ова олеснување за измама на јавноста и манипулација со правата на албанците и т.н. Почитувани господа, недоразбирањата , меѓуетничките недоразбирања се толку тврдоглави што не зависат од разновидни политички коњјуктури, тие треба да се решаваат навистина со една голема сериозност. Но, навистина можеме да заклучиме дека некој можеби добил 140.000 гласови. Јас сакам да ве потсетам, јас пред две години добив 160.000 гласови, но ми остана работата во мојата рака, затоа што неспремноста на нашиот коалиционен партнер да го забрза процесот на реализација на правата на албанците донесе до една ситуација на ескалација на кризата. Лесноумието, значи однесувањето со толку лесноумие, бидејки не се спомнуваат проблемите. Излагањето и платформата се надвор од времето и просторот каде што се наоѓа Македонија. Се зборува дека се' што е цвеќе, се' што е рај и со доаѓањето на новата влада значи ќе завршат сите проблеми. Премиерот рече дека, уште два часа ќе биде премиер, дека ние ќе го вратиме ММФ и ќе соработуваме со него. Го потсетувам и него и неговите коалициони партнери дека ММФ едно од главните круцијални барања што ги има над Македонија е да се намали администрацијата на 3, 4, или 5 илјади раотници кои сакаме, или не сакаме треба да прифатиме ексклузивно да се македонци од над 97%. Инаку Охридскиот договор со едно адекватно претставување предвидува вработување на 18.000 албанци почнувајки од администрацијата на државата и т.н. Како ќе ги направите овие работи, во петти и шести месец, на крајот на годината и т.н.? Формулацијата коај се внесе во Програмата или експозето на мандатарот компетентност претставува негативна и дисквалификувана формулација за албанците. Ние не живееме во Англија, во Америка каде што државните институции се дефинитивни,

деполитзирани, ние живееме во Македонија, на Балканот каде што државните институции не само што се политизирани, туку за жал екстремизмот и национализмот, македонскиот екстремизам и национализам е внесен токму во државните институции. Охридскиот договор не го предвидува зборот компетентност и би замолил овој збор да го отстраните од вашата Програма и платформа , или проект.

Сега малку би сакал да зборувам приближно во стилот на полемиката што беше постигнато во текот со сите овие навистина разговори кои траеја месеципол дена меѓу претставниците на СДСМ и на ДУИ. Навистина беа добиени некои министри, заменици министри употребувајки реченици, термини дека стартот е како од ДПА. Стартот не  е  како од ДПА и со броеви сакам да ви кажам дека ДПА имаше пет минути и пет заменици министри. Вие имате 4. ДПА имаше 10 пратеници, а вие имате 16 пратеници. Што беше онаа рашомонијада на земање на министерот за надворешни работи и се отстапи од тоа. И одеше толку и подалеку дека и еден амбасадор на многу важни западни држави . Не е коректно да се бара  министерот за надворешни работи со 16 пратеници. Јошка Фишер министерот за надворешни работи во Германија со колку пратеници е избран? Наводно дека сте побарале претседател на Парламентот. Има и разновидни полемики дека ние не го изгласавме кандидатот албанец за претседател на Парламентот, тоа е вистина дека тој кандидат го предложила една макеоднска партија, па затоа ние не го изгласавме.

Што се однесува до кражбите и манипулациите на гласовите, гласовите што ни ги украдоа, ние се договоривме да не правиме манипулации  во изборите. Времето е кратко. Доколку нашата работа остане во нашата рака, ми се чини дека со вас ќе биде што поскоро и побрзо  доколку одите вие  во оваа форма како што вели народот, работата се гледа уште од раните зори, ќе пропаднете. Немојте да мислите дека албанскиот  народ во Македонија, албанците во Македонија имаат навистина еден јак субјект како што е ДПА која секогаш во најтешките моменти беше до народот и со народот и ја има и подршката и со бројот на гласовите на ДПА, условно да речам 70 илјади од денеска веќе е дупло, без да ги гледам овие настојувања за измама што ги направи новата Влада. Легитимноста е добиена во изборите, не е еден процес и бескраен феномен , легитимитетот, легитимноста се пополека и постепено се  изгубува доколку не се заврши работата така како што треба според добиениот легитимитет , односно гласови.

Почитувана власт, вие не треба да се лутите на нашите критики , ние немаме непријателски позиции кон вас, на чесно, искрено ви велам дека удрете и чукајте

повеќе на вашата маса, бидејки грбот ќе ви биде уште позачуван од нашата страна. Лично имам желба вие да имате успех, бидејки се разговара за мојата перспектива на моето семејство, на моите деца и на мојот народ, но се сомневам дека ќе имате успех. Треба да бидете внимателни од измами во закупот на времето. Јас би сакал да ве потсетам на една слабост и меѓу оние многу слабости како од владина партија , само да ве потсетам и да ве доведам во ситуација вие да бидете повнимателни. Г-динот Борис Трајковски сега го направи како мода СДСМ , Меѓународната заедница го нарекува како толерантна личност кој е спремен да прави кооперации со албанците. Врз основа на поделбата на институциите г-динот Трајковски ја има во контрола разузнавачката служба Агенцијата. Ние имаме договори, нормално имавме се разбира, заменик директорот на контраразузнавачката служба да биде албанец и ден денес г-динот Трајковски му избега на овој договор, заменик директор да биде албанец.

Проблемот на интеграцијата на албанците треба да се разбере сериозно не интеграција на албанците само нивната интеграција во владата и парламентот. Немојте тоа да го сфатите како провокација чесно и искрено ве прашувам кога се договаравте кој ви е тајмингот државната безбедност и контраразузнавачката служба тоа да го направите на 23% колку време ви треба. За колку време ќе го направите тоа контраразузнавачката служба на 23% и на колку време ќе ја направите полицијата со 23%, па затоа вашата платформа што се ветува како договор меѓу коалиционите партнери ја подразбира како навреда на колективниот разум на албанците, ние како партија ќе гласаме против оваа влада од причини што јас настојував да ги објаснам. Сто дена ви даваме простор на дејствување, 100 дена ќе ве оставиме на мир доколку имате потреба ќе би помагаме, но по 100 дена се очекува лентата на стартот да се сече и доколку немате успех и доколку на едната страна не излезете сигурни едната страна нема да доаѓа тука.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Господинот Хисни Шаќири се јави за реплика. Имате 3 мин.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Се јавив за збор, а не за реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

За збор ќе почекате.

За збор е господинот Љупчо Мешков.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани гости, почитувани пратеници. Како што е вообичаено секогаш во почетокот на парламентарната работа на новиот состав на парламентот се соочуваме со едно сериозно прашање како што е прашањето за избор за нова влада и токму затоа скоро сите претставници на опозицијата со свои аргументи настапија и ги искажаа своите видувања односно своите стравувања или оптимизам во тоа како ново избраната влада ќе делува и ќе раководи во периодот што претстои пред нас.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска).

Се разбира од тој аспект јас не можам до крај да ја разберам нервозната реакција на одделни членови на СДСМ кои со вакви конструктивни настапи на опозицијата ги протолкуваа не како нивен конструктивен придонес кон оценката за делувањето на владата во наредниот период, туку како лутење од изборниот пораз што го доживеаа. Сигурно ќе ми беше драго како припадник на либералната опција на изборите да победеше таа опција, меѓутоа и сега можам да кажам дека не настапувам со лутина, а не сум лут не заради друго туку заради тоа што со оглед на проблемите и тешкотиите кои вака составената влада ќе ги има во наредниот период, мојата позиција како опозиција нема да биде така лоша позиција. Тоа го велам затоа што новата влада која денеска треба да биде избрана, затоа беа нашите дискусии во таа насока, нема да биде само влада на позицијата, туку таа ќе биде влада и на опозицијата и се разбира од нејзиното успешно раководење со државата ќе биде зависна и судбината на сите нас што живееме во Република Македонија. јас не сакам да кажам и не велам дека новата коалиција ќе го разнебити македонското ткиво и како што еден од колегите напомна дека е тоа една опасна теза, бидејќи не можам да го кажам тоа затоа што иднината ќе го покаже дали е така или не, но јас во оваа прилика само би кажал дека можеби, по мое мислење, би била уште поопасна една анти теза на ваквата теза дека денеска токму од првиот ден треба да заборавиме на се, кај нас да настапи тотална амнезија и промоторите на заборавот треба да ја добијат наградата со директно атерирање во Владата односно на така високи позиции како што се министерските позиции.

Би сакал да кажам неколку збора за одредени изјави од поедини луѓе кои беа давани пред изборите, а кои недоследно се држеа до нивните изјави заради тоа што особено во демократските земји начинот на ваквото однесување зборува за кредибилитетот на одредени личности да носат така високи функции како што се министри и членови на влада.

Јас лично ги слушав изјавите дека одделни луѓе ќе нема воопшто да учествуваат во влада во која ќе биде присутна ДУИ. Тоа беа нивни лични изјави, меѓутоа, сега гледаме дека тие луѓе прифатија такви функции во Владата и не само што прифатија една, туку и две функции. Исто така некои луѓе не убедуваа тогаш и сега дека г. Трифун Костовски е самостоен пратеник иако беше носител на листа на една политичка партија. Ако беше самостоен пратеник, јас на телевизија видов дека тој по изборите се бацуваше само со претставниците на победничката коалиција, а не видов да се баци со некој од опозицијата. Јас не зборувам од аспект дека тој е во владата односно кандидат за владата, туку зборувам за луѓето од кандидати за владата кои не убедуваа и сега не убедуваат дека тој е независен пратеник. Повторувам тоа го зборувам од аспект заради тоа што учеството во владата е навистина сериозна работа и мора луѓето кои даваат изјави особено непосредно пред изборите и сега требале да водат сметка за своите изјави и на крајот на краиштата го покажуваат својот кредибилитет не само пред нас, туку и пред целата македонска јавност.

Втората работа за која сакам да се држам стрикно за темата на предлогот на мандаторот за составот на новата влада е дека луѓето од владата треба меѓусебно да ја имаат меѓусебната доверба да можат да функционираат како целина како тим, меѓутоа се поставува прашањето дали навистина ќе ја имат меѓусебната доверба да можат успешно да делуваат.

Мислам дека партијата ДУИ можеби заради се она што се случуваше во изминатиот период во кој не можеме брзо да ги заборавиме тие работи, можеби ќе беше добро еден период да поминеше како опозиција во овој Парламент за да ја стекне довербата на нас како пратеници, да ја стекне довербата на македонскиот народ дека тие се навистина конструктивен и ќе бидат конструктивни во нивното делување за да може да им веруваме на она што денеска го слушаме од нив и од мандаторот дека тоа ќе биде сепак една сложна влада и дека таа ќе делува со една меѓусебна доверба и спрема тоа ќе жнее успеси во наредниот период. Ако таквата доверба е присутна во нивтото работење, само сакам во оваа прилика да ја искажам својата загриженост дека во таквата ситуација на политичкото делување може да се јави една опасна тезе дека постојат и други патишта освен демократското делување и конструктивност во делувањето друг пат како да се влезе во власта и да се искористи војната и ненасилничките средства за да се биде и да се дојде најбрзо во власта затоа што тие луѓе не веруваа дека постојат други патишта и други начини за да се дојде до власта што мислам дека е многу опасно и погрешна теза оти во тој

случај секој оној кој ќе се фати за оружје можеме веднаш да му кажеме немојте да пукате, немојте невини жртви да паѓаат еве ви место во владата и ќе мора да го поминуваме и вие и ние тој трнлив пат во кој навистина се покажа дека на тој пат паднаа многу жртви веројатно и на едната и на другата страна и затоа сакав да апострофирам дека треба да ја осудиме војната и да ги осудиме сите такви методи и обиди да се докопаме или да се дојде до власта на таков начин.

Притоа не сакам воопшто да развивам теза дека имам нешто или ние имаме против албанците во целина, но во секој случај имам против било кој дали албанците или други кои не изразија во целост верба кон државните симболи, кои не се појавија пред македонската химна, кои не го истакнуваат македонското знаме, некој што нема почит кон она што значи симбол на една држава со што ќе ја докажат својата лојалност и конструктивност во нивното делување односно својата приврзаност кон Македонската држава.

Се разбира дека во наредниот период ќе уследат одредени потези на власта кои помалку или повеќе за нас веќе станаа нормални, а тоа е дека ќе настанат, се разбира, смена на одредени раководни лица од партиите кои ги изгубија изборите, образложението би било дека партиите кои победија не можат и немаат верба да ја спроведат својата политичка ориентација преку луѓе кои не припаѓаат на нивната политичка провиниенција, па еве можевме иако под наводници велам почнавме да го сфаќаме нормално, но веднаш се поставува прашањето како истите тие луѓе ќе имаат верба и доверба со другите со кои коалицираат во власта, а некои од нив направија големо зло во овој изминат период.

Мислам дека прво се гради доверба, па потоа се добива власт, а несериозно е таа доверба да се гради за време на една таква сериозна работа каква што е водењето на државата.

Што се однесува до гласачите апсолутно мислам не сите, но еден дел остануваат излажани заради ова и мислам дека не се големи оптимисти дека вака составената влада со неа работите ќе тргнат напред.

Би сакал во оваа прилика да негирам односно да искажам несогласност со две тези кои се присутни, се знае од која страна доаѓаат, сакаат да се протежираат кај македонците, првата теза е дека ваквата коалиција и вака составената влада морало така да биде затоа што друг излез освен овој нема. Така може да се сфати само ако коалицијата е математичка формула да се одржи власта, но на сите нас ни е познато, а и на македонците им е јасно дека постоеја многу други

начини освен овој, значи други излези има секако не мислам на радикални, но секако има и други излези освен овој што сега се направи за составувањето на оваа влада.

Втората теза е ако така не се направеше ќе настанеше целосна радикалицација на состојбите во Република Македонија и дека повторно можеа да се изродат одредени појави кои беа присутни во минатиот период, а за кои сум сигурен дека никој во Република Македонија не ги сака ниту македонците ниту албанците ниту другите кои живеат во Република Македонија.

Од коминикето на мандаторот можеше да се добие впечаток дека во изминатиот период во владеењето на претходната власт сите негативни појави се појавиле и биле присутни само во тој изминат период и дека се што лошо се случувало е аманат токму на делувањето на старата влада односно на периодот во кој таа владееше еве до пред извесно време.

Се разбира дека такви нуз појави како што се корупцијата, митото и други се присутни во многу земји особено во земји во транзиција па беа присутни и сега, но и овој пат мандаторот немаше малку доблест да каже дека освен таквите лоши работи кои се случуваа во овој период имаше и добри работи за кои требаше исто така да се каже оти и претходната влада и луѓето кои беа избрани од таа влада работеа во овој период, многу од нив во своите области постигнаа резултати дури одредени луѓе од владата добија и меѓународни признанија за својата работа и за работењето и делувањето во областите. Но, тоа е наша практика постојано секогаш да се зборува дека до сега до изборот на новата влада апсолутно ништо не чинело дека се што било убаво и што ќе чини ќе се случува од сега натаму откако ќе биде избрана новата влада.

За компетентноста на поединците во оваа ситуација беше нешто речено, не сакам сега да зборувам иако во принцип сакам дека одделни луѓе подобри резултати ќе дадеа на други места, а не на тие на кои се предложени, то тоа го оставам на одговорноста на мандаторот односно на тој што ги предлага таквите луѓе.

Токму поради тоа, поради сите мои искажани согледувања мислам на ваквиот состав на владата јас не сум голем оптимист дека ќе може оваа влада да постигне поголем успех затоа што мислам дека постоеја и други опции од тие причини нема да гласам за оваа влада.

Благодарам.

**ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:**

Благодарам.

Збор има пратеникот Хисни Шаќири:

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Почитувани пратеници, почитувана претседавач на сеансата, на седницата, имам чест на самиот почеток на сите пратеници да им го честитам мандатот што го добиле од слободните гласови на граѓаните на Република Македонија и им посакувам на сите успех во нивната работа пред се на Коалицијата која ќе стартира за неколку часа, бидејќи чекаме новата влада да го земе мандатот. Исто така им посакувам здравје и успех во работата. Јас мислам дека резултатите кои треба да се очекуваат од оваа влада нема да бидат партиски резултати, туку ќе бидат резултати кои се во интерес на сите граѓани, резултати кои ќе бидат во служба на интересите на оваа држава затоа, доколку сме во состојба сите како избрани од народот да ги разбереме работите вака на ваков начин, јас мислам дека многу малку ќе имаме спротивставени мислења, многу малку недоразбирања и дека сите ќе се усретсредиме на проблемите што ги тангираат интересите на сите граѓани на оваа земја.

Јас го слушав експозето на мандатарот, со целосна искреност беше за едно експозе кое соодветствува со реалноста на Македонија. Во програмата се опфатени најзначајните прашања, допрени се сите оние точки за кои и на самите слободни избори на 15 септември гласаа граѓаните на Република Македонија. Но, за жал, зошто да не го кажеме гледам се уште се допираат некои прашања што ми оставаат впечаток дека многу малку учиме од минатото. Сега можеби е наша несреќа, но еднаш засекогаш да ставиме точка и да се усретсредиме на она каде е нашиот заеднички интерес. Многу малку се дискутираше од опозицијата за експозето, за главните столбови опфатени во експозето. Она што е допрено, што е набележано во програмата која ја предвидува владата која треба да се изгласа вечерва за сите граѓани на Република Македонија. Кога велам за сите граѓани на Македоинија пред се мислам и на гласовите што им се дадени на партиите кои денеска не се опфатени во оваа коалиција. Општите интереси, доколку ги земеме како општи интереси на државата и на сите граѓани значи не треба да се гледаат низ партиска основа.

Тие треба да се гледаат врз една генерална основа. Се поставува прашањето колку сме ние способни да го разбереме што е тоа, тоа е друго прашање. Може би некој го разбира и сосема му е јасно експозето. Но, да се искористи приликата со

демагогија и да се избега од реалноста со која што се соочува Македонија и тука пред нас пред сите пратеници, може би пред јавноста бидејќи мисли дека ќе биде прифатен како човек кој ја говори вистината, кој и мисли добро на оваа држава. Јас кога велам дека многу малку научивме од минатото и доколку не учиме, барем треба да го познаваме минатото. Драго ми е за една реплика што ја имаше претседавачот кој сега ја води седницата дека треба да гледаме напред. Значи на секој граѓанин на Македонија, без оглед на партиските определби, треба да биде да одиме напред и да гледаме напред, да се занимаваме со нашата иднина. Само тоа е гаранција што може да изгради една навистина многу силна основа за оваа држава и може да отвори многу нешта за перспективата на новите генерации.

Уште еднаш ви велам дека некој сеуште продолжува со стариот политички жаргон, заборавајќи го сето она што беше во 2001 година. Треба да учиме. Јас доаѓам токму од зоната на војната. Некој зборува за војната, сега го слушнавме ова и ова што го направиле. Постојат луѓе - дозволете ми, извинете, може би ќе бидат многу остар - постојат безкруполозни луѓе, луѓе без совест, луѓе кои и во овие моменти се обидуваат да изнајдат патичта, доколку не најдат патишта тогаш мали патишта кои ќе бидат само за нивни интереси, со еден единствен начин по тие мали патишта да чекорат тие.

Беа допрени неколку прашања што направила ДУИ во оваа коалиција. Јас ќе кажам со име и презиме на г-динот Мендух Тачи. ПДП - ДПА, каде што беа и јас член, стапив во коалиција 1998 година со ВМРО-ДПМНЕ. На почетокот при изборот на Владата кога стартуваа, кога ззпочнаа, ДПА имаше тројца министри и тоа г-дин Бедредин Ибраими, како министер за труд и социјална политика, министер без ресор Ернад Фејзулаху и министер од редовите на ДАП Митрије Рушани, како министер за наука. Двајцата министри кои требаше да ја заземат функцијата да ги водат тие министерства, сеуште тогашната Влада на чело со премиерот Георгиевски немаше закон за проширување на министерствата. Потоа беше донесен закон за проширување на министерствата, ПДП-ДПА доби министерство за информации, како министер за информации беше Реџеп Златку и министервтото за локална самоуправа го водеше г-динот Џевдет Насуфи. Доколку е поинаку, сакам некој да ме демантира, но не и да зборува невистинитеи работи.

Се сеќавам добро на еден збор од времето дека не е битно што ќе добиеме и какви министерства, туку значајно е што ќе реализираме. Тоа беше многу значајно и мислам дека и сега е многу значајно.Без оглед какво министерство да имаме во оваа состојба, нема да биде голема тежина за нас, значајно е колку ние ќе работиме во

тој правец, во секој момент, секој од нас прво што ќе го каже ќе биде мир и стабилност, што мислам дека е неопходен услов за стартување, за почеток во однос на другите прашања кои се исто така проблематични и постојат како проблеми наследени со деценииии наназад. Без решавање на овој проблем, ние не можеме да ги решаваме другите прашања.

Економската состојба е катастрофална, социјалните проблеми го достигнаа својот врв. Невратоеноста исто така. Сега од оваа коалиција граѓаните на Македонија очекуваат многу. Кога велам граѓаните ги имам предвид сите, албанците, македонците и фруги, сите оние кои живеат во Македонија. Доколку во оваа насока постигнеме резултати, јас мислам дека тие резултати ќе бидат за сите. Но, многу малку се зборуваше од страна на луѓето кои требаше да зборуваат на ова прашање.

Јас сум уверен дека ДПА во своето време имаше власт. Но таа власт беше во служба на групи или одредени индивидуи, не беше во служба на општите интереси на албанците, туку токму таа власт ја употребија, ја искористија индивидуи, личности и групи во рамките на ДПА. Ова не го велам за да критикувам некого, туку некој си дава за право и денес и сеуште мислат дека има место за демагогија, за празни фрази, за да се измами ова население, кое мисли дека треба да бидеме внимателни. Имено, погрешна политика која може да биде водена од личности може скапо да ги чини граѓаните на Македонија. Токму ова се случи. Некој излегува и вели ја помогна војната. Тоа не е во ред. Некој вели дека ние ја водевме војната, тоа не е во ред. Тоа заврши, тоа е една глава која завршила. Ние треба да се зафатиме со проблемите со кои се соочува ова население, граѓаните на Македонија. Мислам дека тие проблеми се големи и со заеднички сили, со рационален однос во врска со истите овие проблеми ние ќе имаме заеднички резултати. Јас сум за тоа опозицијата да се занимава со критика кон позицијата, но таа критика да го има своето место, заслужено место. Не е она што го имамкажано или сум го измислил дека излегло од мојата уста, дека корупцијата, шверцот, криминалот го достигнаа врвот на пирамидата.

Вие добро знаете, господа пратеници, дека овој синдром разби, растури цели царства кои имаа таква сила, воена и друга, ова е една рак рана. Некој од пратениците мислам дека рече дека секое општество го растура, го урнува, го разурнува, а токму за ова прашање многу малку стана збор од страна на пратениците. Не се определи ниту еден од пратениците за некој од параметрите и дури да бидам дел од експозето на мандатарот, во иднина за што повеќе да се

занимава со економските проблеми во оваа држава. Но секој си зема за право и вели ние сме направиле за време на нашиот мандат тоа и тоа. Ние знаеме што е направено. Доколку некој мисли дека ДУИ имала една птчинувачка улога, тука се 16 пратеници, тогаш се тие оние што треба тод да го кажат. Нема потреба некој да отвора или да шири пропаганда од ваков тип, кој што може да предизвика една конфузија дека со 15 септември имаме толку гласови, а сега имаме толку. Да знаете дека ДУИ со ова не се занимава. ДУИ ги доби изборите со ниеден член во избирачките совети на избирачките места. Како може на пример ДУИ да биде обвинета од Мендух Тачи дека ги украла гласовите, кога се знае дека таа шанса ДУИ ја немаше. Тоа нема никаква врска со реалноста.

Затоа, ги замолувам господата да не ја заборават 2001 година, кога е многу жешко, а тие под сенка си живеат на тие места, а кога е ладно тие истите се обидуваат да најдат едно потопло место, иако добро знаат кој што направил за албанците, кој што направил за граѓаните на Македонија. Не треба да си кажуваме, бидејќи ние добро се знаеме меѓу себе, но треба да бидеме одговрни и морални пред себе. Ако одговарам пред себе си, тогаш одговарам и пред сите граѓани на Македонија. Нам во овие моменти ни требаат навистина луѓе со чиста совест кои имаат одговорност, кои ќе се зафатат, кои во својот речник имаат зборови, кои расчистуваат со некои недоразбирања. Јас со ова целосно завршувам.

Го подржувам експозето на мандатарот. Мислам дека се опфатени сите точки кои се потребни за граѓаните на Македонија, оваа Влада да се занимава со тие работи и очекуваме подршка од сите најпрогресивни сили кои ја познаваат проблематиката како на економски, социјален и друг план, да се придружат и да помогнат и себе се.

Инаку, сите оние кои што мислат дека направиле повеќе од некој друг, ние сме во состојба на една друга средба да бараме - постоја информативни куќи, може да постојат дебати - да ги отвориме сите теми, а не денес да се дискутира за нив. Мислам дека за такво нешто на ова место нема. Треба да гласаме да и дадеме подршка на Владата и таа да се зафати со сите тие можни работи во интерес на граѓаните на РМ. Мислам дека оние кои говорат дека навистина работеле и направиле нешто повеќе, зборува минатото, зборуваат документите, фактите, тие треба да се страмат дека кога се тука пред овој аудиториум, пред оваа македонска јавност, бидејќи искрено ви велам дека не заслужуваат да им се обратат на граѓаните на Македонија.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Има збор г-дин Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дами и господа, го слушнавме експозето на мандаторот на новата Владата г-динот Бранко Црвенковски за составот на новата Влада. Нормално, со сите персонални решенија, како и програмата и програмсите определби за работата на Владата на СДСМ и неговите приклучоци за периодот 2002 -2006 година. Затоа и мојата дискусија денес ќе биде фокусирана токму во овој правец, односно насочена токму во врска со Владата и нејзиниот состав, како и за цитираната програма за периодот 2002 - 2006 година на таканаречената омнибус влада.

Би почнал прво од составот на Владата и нејзините персонални решенија како и со кадровските односон со стручните капацитети, на истата, со неколку основни прашања кои се поставуваат од сите кај нас, веројатно не само кај нас, туку и пошироко кај македонскиот електорат. Кога велам неколку прашања тоа е на пример дали е тоа Влада која е компетна, дали е тоа стручна влада, дали е таа нужна во овој состав каков што е предложен од новиот мандатор г-динот Бранко Црвенковски. Потоа, едно многу логично прашање е дали е таа природна, бидејќи сите ние знаеме, дека внатре во оваа Влада е уфрлено едно туморозно ткиво кое веројатно ќе предизвика многу ерозија во составот на оваа Влада. На крајот на краиштата многу е битно дали ние ќе гласаме, дали конкретно ќе гласаме со оваа нова Влада.

Ова се како што кажав многу прашања меѓутоа, тоа не се само мои прашања. Тоа се прашања кои ќе мораме да одговориме бидејќи за нив се интересираат и граѓаните на РМ, од причини што во самата коалиција, во самиот состав на новата Влада влегоа луѓе кои, мораме да признаеме, беа наречени терористи. Нормално, не се само терористи, тоа се убијци, луѓе кои се против територијалниот интегритет и суверенитет на РМ, едноставно луѓе кои се заговорници на големо албанската идеја, односон луѓе кои ги програмираат идеите на Призренската лига, и со тоа нормално во името на некакви човечки права.

Меѓутоа, морам да кажам дека едно од најглавните прашања на кое веројатно ќе треба да одговори СДСМ, г-дин Бранко Црвенковски, е прашањето дали Македонскиот народ, македонскиот електорат едноставно е излажан, односно дали ги дадоа гласовите во погрешен правец, затоа што СДСМ како што знаеме - сите ние ги следевме сите настапи во предизборната кампања - на сите тие настапи тврдеше

дека тие нема никогаш и под никакви услови едноставно да стапат во коалиција со терористичката ДУИ односно со т.н. политичко крило на таканаречената ОНА.

Значи во овој момент се поставуваат многу прашања на кои што г-динот Бранко Црвенковски, мандаторот на новата Влада ќе треба да даде веројатно одговор, кој што едноставно е интересен не само за нас, како што реков и за целокупната македонска јавност. Морам да спомнам во оваа ситуација односно да потсетам на една ситуација кога претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, г-динот Љубчо Георгиевски повика на составување на коалиција со СДСМ. Во првиот момент, во составот на широката коалиција тоа беше прифатено, меѓутоа, во вторито наврат кога беше навистина повикано во интерес на интегритетот, во интерес на зачувувањето на суверенитетот на РМ, повторувам, беше повикано да се направи едноставно помирување односно да се направи коалиција меѓу макеоднските партии. Меѓутоа на сите нас ни е познато дека одговорот на г-динот Бранко Црвенковски беше многу јасен дека попрво би направил коалиција со Црниот ѓавол отколку коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. И, навистина г-динот Бранко Црвенковски остана доследен и направи таква коалиција каква што бараше односно направи коалиција со црниот ѓавол.

Затоа, мислам дека ќе треба г-динот Црвенковски заедно со вас , со сите одговорни структури во СДСМ, би требало сега да тргнете во внатрешноста на нашата држава и да проверите, да прашате и да се убедите дека вашата партија повеЌе не се вика, не се декларира како СДСМ, меѓутоа, таа сега е наречена сатанско-демонски сојуз на Македонија. Се поставува прашање зошто е тоа сатанско-демонски сојуз на Македонија. Многу едноставен и многу краток одговор, затоа што во вашата коалиција на г-динот Црвенковски влегоа луѓе убијци, терористи кои што рушеа, кои палеа луѓе кои едноставно во своите погледи, во своите очи гледедаат крв чии Што раце се навистина се извакани со крв до крај.

Второ прашање на кое што веројатно мислам дека треба да се даде навистина дециден одговор, г-динот Црвенковски тврдеше дека демократската унија на Албанците иа добиено 140.000 гласови и дека тие се легитимни претставници на албанскиот електорат. Се поставува прашањето како е тоа можно една партија од типот на ДУИ со реалтивно краток политички рок, релативно краток рок на живеење како политичка партија, едноставно за неа да гласаат и да обезбедат 140.000 гласови. Едноставно тоа е нелогична работа и мислам дека тоа е постигнато или по пат на уцена, што е најверојатно, или пак ги имаше предвид идеите и тезите и на крајот на краиштата крајните цели на ДУИ за интеграција , имајки предвид дека

нивните крајни цели се територијално цепење на Македонија и цепењето на териториите или на деловите на РМ. Или пак, доколку тие имаат гласано тие 140.000 гласачи од албанскито електорат за ДУИ, веројатно и во тој случај ДУИ не би можел да биде легитимен претставник во РМ односно во Парламентот на РМ. Значи и во едниот и во другито случај сметам дека тие не можат да бидат легитимни претставници на албанскито електорат, меѓутоа, ја сне сметам дека тие имаат подршка од 70 или 80% од албанскиот електорат, заради тоа што ние сите знаеме дека тоа се на крајот на криштата и лојални граѓани на РМ и затоа верувам дека сето тоа е псотиогнато по пат на уцени и убеден сум и тврдам дека тие не се односно едноставно не можат да бидат легитимни претставници на албанскиот електорат во Парламентот на РМ. Кај нас, едноставно минатата година започна една многу крвава војна и сето тоа на крајто на криаштата едноставно беше завршено со некаков Охридски договор. Тој Охридски договор едноставно се правда како тој договор е наметнат, како тој договор е предизвикан односно наметнат од страна на европските и на американските претставници овде. меѓутоа, јас еве пред сите поставувам едно прашање, како е возможно, дали ние личиме или веќе сме во улог ана протекторат да можат странските посматрачи , странски елементи едноставно да даваат сугестии и да ја водат политиката во насока кон која што тие инсистираат.

Јас би поставил едно прашање, како Америка се справува со тероризмот и со терористичките акции? Имајки предвид она што се случи во Америка, со рушењето на двете згради, ако американците беа спремни да се справат со тероризмот на тој начин што патуваат неколку десетици илјади километри и да ги уништуваат терористичките гнезда, тука е прашањето на Авганистан, потоа прашањто на Советскиот Сојуз односно денешна Руска федерација, справувањето со чечењнските бунтовници потоа Израел и т.н. Значи, сметам дека сето тоа е само изговор во името на некакви човечки права, кои едноставно албанците во РМ наводно не ги уживаат. Морам да поставам прашање, кои се тие права, кои се тие човечки права доколку тие не се исполнети сметам дека тоа може да се реши на еден многу прост и едноставен начин, едноставно да се седне на маса и само така можеме да ги решаваме неразрешените прашања, а најмалку со убиства, палежи, рушења и т.н.

Понатаму, се поставува прашање, дали воопшто потпишувањето на Охридскито договор со ставањето на потписите на сите тогаш релевантни политички субјекти во РМ, дали со тоа всушност се става крај на албанските барања. Мислам

дека тоа не е така односно нема крај на тие албански права, заради тоа што на крајот на криштата во позадината на сето тоа  и не се човечките права, туку е сосема нешто друго. Ако се во прашање човечки права, ао со тој Рамковен договор кој беше потпишан во Охрид едноставно се постигнати целите на тој договор, ако на едне начин и е задоволен албанскито политички субјект, се поставува прашање, зошто и покрај потпишувањето на тој договор и ден денес сеуште се пука. До ден денес една третина од , како што е веќе речено, територијата на РМ  повторно не е под наша власт односно безбедносните сили на Македонија едноставно не можат да реагираат за било какви дејствија криминални или билокакви, кои се присутни на тој терен.

Она што посебно загрижува во денешните услови, реков, и покрај потпишувањето на Рамковниот договор, тоа е албанизацијата на тој простор односно на просторот каде што албанското население е во одредено мнозинство и то апо пат на прекрстување на улици , по пат на прекстрување на училишта, случајот со Шемшево. Потоа прекстувањето на плоштади, веење на албански знамиња, ставање на бисти на балисти и т.н.

Понатаму, уцени се вршат и тоа разно разни уцени на власта за сите работи и едноставно, доколку ние дозволиме на овој начин сите неразрешени работи ги разреуваме по пат на сила, мислам дека на таквата работа веќе има крај.

араат повлекување на безбедносните сили наводно заради создавање на некаква меѓуетничка или меЃунационална доверба. Јас мислам дека тоа е голем знак на прашалник. Ако веќе сакаат да имамеѓу нас доверба, мислам дека треба обратно, безбедносните сили на РМ, напротив треба да бидат апсолутно присутни на тие простори, а не како што тие денеска бараат. И денеска сме присутни, секојдневно тоа го гледаме и на ТВ програмите и во средствата за јавни гласила, дека во сето ова едноставно денеска правдата ја делат албанците , а македонци има се помалку на земјата, меѓутоа, под земја ги има веројатно многу пвоеќе, имајќи предвид колку погинаа наши млади луѓе, кои беа ангажирани во делот на армијата и во делот на полициските сили.

Сметам дека основна задача, доколку биде изгласана новата влада, основна задача би требало да биде уништувањето на тероризмот, како што реков со случајот на Америка и Авганистан, Чеченија и Русија и т.н. Меѓутоа, за жал, кај нас едноставно праксата е присутна, што значи денес е можно било која политичка групација да земе оружје во рака и врз база на тоа да може да се поставуваат одредени барања, меѓу кои и влегувањето во Парламентот. Имајки ја предвид

таквата пракса, денес ние овозможивме во Парламентот да имаме присутни некои терористи и како што бидува да овозможиме на терористите да делуваат паралелно од две страни. Значи и од теренот каде што се пука и на теренот во Парламентот или поинаку кажано, дење министри, а ноќе терористи.

Затоа , почитувани пратеници, пред мене се поставува едно големо прашање дали ваквиот состав, дали ваквата влада нуди мир, дали нуди безбедност, дали нуди враќање на раселените лица, дали нуди економски прогрес. Веднаш ќе кажам дека самиот одговор е познат односно не нуди, заради тоа што, имајќи предвид каков е предложениот состав на Владата, на носителит еи на персоналните решенија на Владата, сметам дека тоа е невозможно. Еве, накратко ќе обрнам внимание на персоналните решенија.

Како прво, д-р. Владо Бучковски експерт по рисмко право, денеска под наводници експерт по народна одбрана , министер кој што беше разоружан при влегувањето во тетовските села, во едно тетовско село и човек кој беше на некој начин веројатно и горд, ког аотиде во Липково во простории каде што се вееШе исклучиво албанското знаме. Една работа која што за мене е несватлива, а идниот министер доколку биде изгласан, не реагираше апсолутно на такво нешто.

Хари Костов, можеби, ете експерт по финансии и банкарство, сега министер за внатрешни работи, за мене уште една непознаница, заради тоа што СДСМ од самиот почеток се декларираше дека на сите овие позиции ќе стават експерти од соодветните области. Меѓутоа, изгледа дека такво нешто не е направено и како што некој рече, веројатно , кадрите се решавани по пат на бинго, кој што би добил.

Исмаил Дардишта, еден од министрите од албанските претставници, веројатно СДСМ се погрижи во својот состав од делот на министрите албанци, кои што треба да покриваат одредени ресори, се погрижија да донесат експерти од тој тип и тоа сите со странски дипломи. Веројатно , експерти, веројатно дипломи кои што ќе треба да побараме накнадно нострификација дали се тие соодветни и дали ќе можат да ги покриваат соодветните ресори.

Понатаму, д-р. Илинка Митрева, што да кажам професор по француска книжевност треба денес да управвуа со една сложена материја, како што се тоа надворешните работи и дипломатија, иако јас сум убеден дека од нејзиното кратко раководење со тој ресор покажа дека едноставно е лаик од таа област.

Господин Петар Гошев, човек кој што веројатно промени повеќе од 10 коалиции. Петре од Пирава кој што никогаш нема работеново делот на финансиите како што читаме од неговата биографија, човек кој што има работено самов о делот

на комерцијата, а денес треба да биде експерт по финансии. Човек, кој постојаноб еше вклучен во политиката, човек на кој што може да му препишеме пропаѓањето тогаш на Фени од Кавадарци, човек едноставно со чисти раце кој што тврдеше дека ако дојде на власт во еден претходен период кога го кршеше лебот велеше кога ќе дојде тој на власт г-динот Бранко Црвенковски е првиот кој што ќе треба да го затворат. Меѓутоа, сега се здружи со г-динот Бранко Црвенковски.

Славко Петров, убаво беше прашан од нашиот колега, еден добар адвокат, експерт по право, човек кој што беше и претседател на Адвокатска комора, меѓутоа денеска министер за земјоделие. Јас веднаш ќе прашам, дали покрај прашањето познава пет сорти на грозје, дали ќе може да направи 5 сорти на разно разни алкохолни пијалоци. Верувам дека тука е експерт. Доколку тоа го каже, ќе гласам за него.

Реџеп Селмаи, министер за здравство со скоро никаква биографија, повторно експерт со странска диплома, без досие и анонимен. Дали ќе може да одговори ан своит еобврски, тоа ќе го видиме во иднина.

Азис Положани, министер за образование, по едукација медицински факултет. Веројатно г-динот Црвенковски смета дека образованието ни е прилчно болно, ако веќе е медицинар става на овој многу значаен и многу витален ресор, имајки го предвид значењето на образованието, имајки го предвид сето она што се прави во делот на Западна Македнија, ќе бидеме сведоци на многу брза албанизација и промена на имињата. Покрај, како што кажав, на плоштадите и на улиците, но ќе бидат променети и имињата на сите школи.

Многу не би се задржувал на кадровските решенија, за кои што г-динот Бранко Црвенковски е убеден дека едноставно тоа се вистинските решенија, кои на РМ ќе и донесат мир, спокојство, економски прогрес и просперитет и т..

За програмата на г-динот Црвенковски, исто така, не би сакал многу да зборувам, бидејки беше доста елабурирано односно тоа е сето ставено во експозето, кое што исто така е нешто како јајце на јајце. Мислам дека сето тоа е голема демагогија, бидејки истиот беше од 1992 до 1998 година на чело на една влада, која што имаше голем период од шест години да го каже и едноставно сето тоа што го има набележано во својата програма и во своите програмкси определби, сето тоа да го реализира.

Од сите овие причини , почитувани пратеници, ќе кажам дека јас нема да гласам за оваа влада. Меѓутоа, би сакал да видам како ќе гласа мојата сограѓанка Андова од СДСМ, бидејки ние двајца бевме, како што кажа пред малку рамо до рамо

во Кавадарци погина еден припадник на безбедносните сили на кого му беше покрената биста. На отворањето на таа биста бевме и двајцата, да видиме дали истата ќе гласа односно дали ќе го даде својот глас за луѓето од чисти раце тој припадник погина. Ете, од сите овие образложенија кои што ги кажав, јас нема да гласам за оваа влада. Се надевам дека нема да бидам, дај Боже да не бидам во право, меѓутоа сум сигурен дека ниту може, ниту има капацитет до горе за своите обврски, ниту пак ќе биде во состојба во наредниот мандатен период од 4 години да го донесе тој економски прогрес, кој што беше потенциран и набележан во програмата и во експозето на г-динот Бранко Црвенковски. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам  на господинот Орданчо Тасев. Господине Тасев  дозволете да укажам на нешто што претпоставувам дека и вие го знаете дека кога политичките партии на кој припаѓаат ваши колеги во Парламентот  ги нарекувате со  погрдни имиња, го нарушувате принципот на добро однесување во Собранието на Република Македонија.

Сега за збор се јави господинот Зоран Крстевски процедурално.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Цело  време овде расправаме за избор на Влада а претседателот е отсутен.Дали се работи за некој проблем, бидејќи вие фактички  одредбата што ја донесовме на Собранието со мнозинство да работиме до 17,00  часот ја прескокнавме, а пет-шест часа го нема мандаторот. Ве молам, вие да водите сметка за тоа. Бидејќи цело време што разговара се однесува за него.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на колегата Крстески. Барањето се уважува. Ве молам да го повиката господинот Црвенковски да присуствува на седницата.

За збор се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, дами и господа,

Ќе кажам неколку збора како координатор на Пратеничката група. Веќе е доцна , премногу работи се ксжаа, затоа, нема многу да ви одземам време.

Ние со внимание го следевме целиот процес на создавање на оваа влада. Се разбира тоа е инаку, вообичаен процес, сега овој пат е невообичаен. Инаку секогаш е така, по изборите се очекуваат некои новитети и сигурно една неизежна радозналост и обичните луѓе кои не се пратеници, без таа одговорност и тие овластувања како пратениците, сепак ги следат тие состојби. Инаку, мошне интересен е тој процес да заврши со тоа што денес го разгледуваме. Двете патии од нашата коалиција дадовме некои сугестии. Тие не беа нуту добронамерно примени, ниту добронамерно коментирани. Се поакажа една неверојатна одбојност, некоја налутеност, некоја ароганција према тие предлози со кој однос ни се кажа дека тоа е од порано завршена работа и дека ние не треба да им го комплицираме животот, но сепак, посакувавме барем да !чуеме да видиме, како сето тоа ќе го образложи мандатарот овде и денеска го исслушавме, внимателно го прочитавме неговото излагање и морам да признам дека се разочаравме од тоа што го соопшти тој. Тој фактички цело време дава некое оправдување зошто вака изгледа владата, од аритметика, не е од ова, не е од она, не е од Меѓународната заедница, меѓутоа, морам да ви кажам дека немаме разбирање за неговите аргументи. Мислиме дека тој добро не се задлабочил во суштината на она што се случуваше во Македонија последните две години, не се задлабочил добро во тоа што донесе оваа војна, како таа настана, што мислиме дека е отворено, кои прашања ги реши. Јас морам да ви кажам, мислам сите тоа го знаете дека оваа војна Македонија ја врати десетина години station наназад. Отвори многу тешки рани во меѓуетничките односи, многу ја зголеми недовербата меѓу луѓето. Таа војна никој во Македонија неможе да ја разбере. Мислам дека длабоко ги погоди и македонците и албанците. Обичните албанци, луѓето што живеат по градовите и селата, освен прегреаните глави, пропатија од таа војна. Мислам дека таа војна фактички ја намали надежта кај луѓето дека ќе можат овде, во оваа држава пристојно да живеат, со сигурност да живеат, да не им се загрозени домовите, животите и тн. Не треба сега да се правиме како да сме од друга планета,а па да не знаеме како дојде војната. Убаво знаеме дека единици нумерирани во формациската структура на ОВК од Косово, формирани, увежбани и командувани, ја нападнаа оваа држава. Ја нападнаа границата на оваа држава, ги нападнаа населбите на оваа држава, нападнаа на безбедносните сили, но напаѓаа исто така на градовите, сакаа Куманово да го фрлат на колена и сите зла кои ги направија. Тоа не е туку така. Тоа се резултатите од таа војна. Таа војна фактички си имаше свои органи, единици кои војуваа овде, командни структури, штабови и сега штабовите се претворија во раководство на политичка партија и таа политичка

партија победи меѓу албанскиот електорат и сега СДСМ, идниот премиер постигна согласност таа структура моше да се вика штабска структура, се вика стртуктура на партиското раководство, треба да влезе во  Владата  на голема вратаи треба да води  државни работи, да и бидат на располагање државните институции, средствата на државата и тн.

Овде се спомнува и во овој и во оној контекст и амнестија и така натаму. Точно е тоа дека со Рамковниот договор и со почетокот на постапката на усвојувањето на амандманите на Уставот минатата година, почна постапката на собирање на оружјето од ОНА, видовме колку е собрано и дека ОНА е формално распуштена. Точно е дека штом е формално распуштена терористичката организација секаде во светот, освен оние како што и во законот стои, кои се огрешиле  против законите за војувањето, против хуманоста и тн., сите други се амнестирани.

Јас морам да ви кажам дека јас го сметав тој закон и сеуште го сметам дека е оправдано да го донесеме. Мислам дека со донесувањето на законот не погрешивме. Но тоа воопшто не значи како ги помилувавме од кривична одговорност, ако ги добиваат политичките права да можат да се кандидираат, да бидат и политичари и членови на Парламентот и тие дека треба во Владата да влезат. Тие не се случајно најдени и собрани, да бидат командна структура на една терористичка организација. Тие сите имаат свое политичко минато. Најголем дел од нив, како што знаете, се членови на НДК. Тие од таму се дојдени. Од таму се воспитани, таму им е училиштето и од таму се формирани како политички личности. Јас сакам да верувам. Секој човек е подлежен на промени. Треба да се прилагодува на промените. Тоа е човечка особина. Но да им дадеме да се прилагодат. Сега се во нова функција. Пратеници. Нека седат како пратеници. Нека бидат во опоозиција. Зошто им ја давате државната апаратура на располагање. Многу несериозно е за било кој одговорен човек така да постапи. Со што ве убедија дека ја променија својата филозофија. Своите мотиви зошто направија таква организација и таков препад во државата. Слушам од граѓани, тие велат знаете, ги убедија така што ако не влезат во Владата, ако не ги примат, тогаш можат пак да отпочнат војна. Ако така мислите само ќе почнат со располагање на државниот имот и државни институции. Демократијата е зрелост, зреење. Дајте да ги оставиме нека  си бидат опозиција. Тоа ви го нудевме. За мене е загрижувачка ароганција  со која се одби тоа. Но нека го тоа. Штом го одбивте тоа гледам сакате целата таа работа да се покрие со кампања, хајка, која се води  ЦРЦ за јавно информирање, против десетиот и петнаесетиот

ешалон како корупција, мито, оганизиран криминал и тн. Па да се забавува народот. Меѓутоа, морам да ви кажам секое општество, што се обидело со хајки, со кампањи, да го спречи организираниот криминал, да се пресмета со корупцијата, имало обратен ефект. Со корупцијата може да се справи само општество што развива законодавство, кое тоа го овозможува, гради механизми кои тоа го овозможуваат и гради институции, ефикасни институции кои можат тоа да го направат. Инаку, знаете ли како кампањите зврвшуваат и кон што водат. Ќе ве потсетам само на два случаја: кампањата за корупцијата на Ева Перон некогаш, некој од вас можеби уште не биле родени, заврши со десетина хунти потоа и со едно 200, 300 или 500 илјади мртви. Но, не само што не се реши проблемот на корупцијата во Аргентина туку се зајакна. Тоа всушност беше кампањата против корупцијата во Етиопија кога рекоа дека 40 милијарди долари украл покојниот цар Хаиле Селасие, а целата хајка беше што побрзо да се тргне од политичката сцена за да дојдат луѓе со "чисти раце" полковникот Хаиле Милијам Селасие, изгледа од исти сој се и заврши приказната со 4 милиони мртви во Етиопија. Затоа, откажете се од оваа кампања и хајка која ја наметнувате и го судите народот секоја вечер како ВМРО-ДПМНЕ и незнам кој се "најцрниот ѓавол" на овој свет. Тоа ќе ве покрие за месец-два. Не ве покрива ова што го правите кое неможете да го промените после со децении.

Ете заради тоа, драги мој пријатели, Пратеничката група на Либералната партија ќе гласа против оваа влада. Нема да ја поддржи заради тоа што не е заснована на правилни и темелни согледувања на состојбата и нема развиено во себе механизми, да го гради мирот, да го чува мирот, да ја јакне државата, безбедноста на државата и да разива економија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со тоа, листата на говорници е исцрпена.

Со оглед дека веќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по втората точка.

Преминуваме на избор на Влада на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Само момент ние сега ќе гласаме по оваа точка, ќе гласаме, како што реков против и веднаш ќе ја напуштиме седницата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ова го толкувам како довршување на дискусијата.

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Пред да преминеме кон процедурата на избор на Влада на Република Македонија, господинот Ѓорчев бара процедурален збор. Имате три минут по Деловникот.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ , исто така по гласањето ќе ја напушти салата, со тоа што сакаме да ве информираме со оглед на тоа дека нашиот став е дека во Владата има вклучено луѓе кои го имаат избрано теророт, насилието, јазикот на оружјето, ние во знак на протест како Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, во договор со Либералната партија, ќе отсуствуваме од седницата на Собранието до крајот на годината, зашто сметаме дека со овој чин е понижена парламентарната македонска демократија на македонскиот народ и потценета е македонската држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас се извинувам, до крајот на годината рековте?(Да)

Преминуваме на процедурата за избор на Владата на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дозволете да Ве потсетам.

Согласно Уставот, Собранието ја избира владата со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници и тоа со јавно гласање.

Гласањето за избор на Влдата се врши по предложениот состав на владата во целина.

Предложениот состав на владата го ставам на гласање.

Ве молам кој е за Предлогот на г-динот Црвенковски за состав на владата, да крене рака?

72 пратеници

Дали има некој против?

28 против.

Далинекој се воздржува од гласање?

(Никој)

Објавувам дека за Владата гласаа 72 пратеници, против гласаа 28 пратеници, а од гласањето не се воздржа никој.

Констатирам дека Собранието ја избра Владата на Република Македонија.

(Аплауз).

За пртседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски. (Аплауз)

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

д-р Владо Бучковски - министер за одбрана

Хари Костов - министер за внатрешни работи

Исмаил Дарлишта - министер за правда

д-р Илинка Митрева - министер за надворешни работи

м-р Петар Гошев - министер за финансии

Илија Филиповски - министер за економија

Славко Петров - министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

Реџеп Селмани - министер за здравство

Азиз Положани - министер за образование и наука

Јован Манасиевски - министер за труд и социјална политика

Александар Гештаковски - министер за локална самоупрва

Благоја Стефановски - министер за култура

Милаим Ајдини - министер за транспорт и врски

Љубомир Јанев - министер за животна средина и просторно планирање

За министри без ресори:

Радмила Шеќеринска

Муса Џафери

Владо Поповски

Го молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве молам сите да станете.

Го молам претседателот и министрите да повторуваат заедно со мене.

- **Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уствот и законите на Република Македонија.**

Го молам претседателот на Владата и членовите на Владата на Република Македонија да ги потпишат свечените изјави.

(Претседателот на Владата на Република Македонија и членовите на Владата ги потпишуваат свечените изјави).

Во името на сите пратеници и од мое лично име им го честитам изборот на претседателот на Владата и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено дозволете ми да им се заблагодарам на досегашниот претседател на Владата г-динот Љубчо Георгиевски и на досегашните министри за нивните залагања и да им посакам успех во нивната натамошна активност.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија со изборот на Бранко Црвенковски за претседател на Владата на Република Македонија и на д-р Владо Бучковски, д-р Илинка Митрева, м-р Петар Гошев, Илија филиповски, Славко Петров, Азиз Положани, Јован Манасиевски и Радмила Шекеринска за министри, констатирам дека им престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи овие пратеници се избрани од листата на кандидати потребно е ДИК да го извести Собранието за кандидатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеници, согласно член 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Согласно член 89 став 5 од уставот на Република Македонија, констатирам дека на Исмаил Дарлишта, Благоја Стефановски, Љубомир Јанев и Владо Поповски, со изборот на министри во Владата на Република Македонија, им престанаа функциите кои досега ги вршеле.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам втората седница на Собранието на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, почитуван господин Трајковски, после традиционалното сликање на Владата на скалите пред скалите на Собранието на Република Македонија, Ве повикувам заедно со господинот Црвенковски, претседател на Владата на Република Македонија, на скромен коктел во свечената сала на Собранието на Република Македонија кој ќе започне во 00,30 часот.

Седницата заврши во 00,10 часот.